**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јули 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Илјаз Халими, потпретседател на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитуван премиер, почитувани министри, дами и господа пратеници.

Ја отворам Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов и Звонко Мирчевски, ме известија дека од оправдани причини ќе се во можност да присуствуваат на седница та.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 68 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија господинот Борис Трајковски и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Со оглед на карактерот на прашањето што се предлага да се разгледува на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки и да не се поставуваат пратенички прашања.

Предлогот го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласаа 64 пратеници и 64 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За седницата го предлагам следниот дневен ред.

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Прашање за доверба на Владата на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласаа 71 пратеник, од кои 66 пратеници за, 2 воздржани и 3 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на дневниот ред.

- Прашање за доверба на Владата на Република Македонија.

Согласно член 92 став 3 од Уставот на Република Македонија, прашање за доверба на Владата на Република Македонија поставија 25 пратеници од пратеничката група на СДСМ, кое ви е доставено.

Одлуката за изгласување недоверба на Владата се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно член 92 став 4 од Уставот на Република Македонија, гласањето за доверба на Владата се врши по истекот на три дена од поставувањето на прашање на доверба. Пред гласањето во 23,30 часот на Собранието ќе му се обрати претседателот на Владата за да го изнесе својот став по прашањето на доверба.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Амди Бајрам, но се извинувам господине Амди, ред е предлагачите на оваа точка да ја образложат.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Процедурално се јавувам.

Почитуван потпретседател, почитуван премиер, потпретседател на Влада, почитувани министри, почитувани господа пратеници и господа од медиумите, сакам да се обратам пред овој законодавен дом, да искористам прилика и да закажам итна прес конференција со сите новинари, сега за 5 минути ќе излезам надвор од салата, околу манипулацијата на мојот пратенички имунитет што некои пуштаат во некои приватни весници или сакаат да си направат промоција на весниците или продажба на весниците, еве сега пред оваа интерпелација на Владата што се бара и некои работи, некои интриги. Напишале таму наводно некои мои работи. Јас тоа ќе го кажам на прес конференцијата и поставете слободно прашања дали тоа е точно или не е точно. Ги повикувам сите новинари на прес конференција.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Амди Бајрам.

Дали некој од пратеничката група на СДСМ како предлагачи на ова барање сака да го образложи барањето?

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски. Пред тоа процедурално бара збор Чедомир Крањевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги, денес се држи основачко собрание, годишно собрание на Унијата на жените на ВМРО-ДПМНЕ па во таа смисла би побарал Парламентот да одобри една пауза меѓу 17,00 и 18,00 часот, за одржуваше на тоа годишно собрание, бидејќи многу од членовите на Пратеничката група ќе присуствуваат на тоа Годишно Собрание. Би молел да го имате тоа предвид и да ни излезете во пресрет на ова барање.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ќе го имаме предвид ова ваше барање.

Сега има збор господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, господа членови на Владата и господа пратеници, пратеничката група на СДСМ предложи гласање на доверба на Владата за денешната седница, имајќи предвид дека Македонија во последната година се соочува со повеќе своја криза, која е криза на безбедноста, криза на економскиот развој, криза на социјалната издржливост, криза на политичкиот легитимитет на власта, криминализација на структурите и заради тоа сметаме дека Парламентот треба да расправа за довербата на Владата на Република Македонија.

Чувството на загрозеност за сопствената лична безбедност и за безбедноста на државата кај граѓаните од ден на ден се повеќе се зголемува. Одговорноста за тоа ја сноси бездруго Владата. Безбедносните структури и министерствата кои би требало да се столбови на секоја демократска држава во борбата против криминалот, тероризмот и сите други појави што претставуваат закана за демократијата во една земја се можеби во нашиот конкретен случај најслабата карика во функционирањето на актуелната власт на господинот Георгиевски.

Просто е неверојатно како сме соочени со огромен број на скандали, промашувања, неизвршување на законските обврски, преварени со неспособноста на органите кои се во надлежност на Владата да се соочат со своите законски обврски. Само да се потсетиме дека ни се случи киднапирање на четири граничари, припадници на АРМ, потоа нивна размена со лице кое е осомничено за тешко кривично дело обид за убиство, за кое е распишана или беше распишана меѓународна потерница. Да се потсетиме дека на нашиот дел од границата е убиен припадник на АРМ и ранети се двајца припадници на граничната бригада. Извршен е терористички напад врз наши караули. Дека во Македонија се појавуваат паравоени формации, нивни штабови, кои најчесто се блиску поврзани со таканаречената УЧК од Косово. Групи на овие паравоени формации практично упаѓаат на територијата на РМ по нивна желба, извршуваат вежбовни активности во близината на Тетово, во пределот на Шар Планина и итн.

Се уште не се откриени виновниците на тројцата убиени полицајци во с. Арачиново. Ни се случи ракетирање на полициски станици во Осломеј и Тетово, подметнување на бомба пред судот и пред Полициската станица во Куманово. Ни се случи да се откриваат штабови на таканаречената ОВК и нејзини складишта со оружје на територијата на нашата држава, но за сите овие случаи досега од страна на државните органи нема никакви резултати за откривањето на сторителите. Тие најчесто свесно се затскриваат на Македонско - Југословенската граница беше, се сеќаваме пред повеќе од една година, запленет камион со барут и според изјавите на самите функционери на МВР во нив биле вмешани припадници од неколку министерства на Владата на РМ. Пред очите на нашата јавност високи функционери на МВР меѓусебно се обвинуваа за криминални дејствија, кој повеќе од тоа го приграбил за себе. Ни се случуваа кражби на избирачки легитимации од страна на лица вработени во Министерството за правда, кои и се познати на јавноста, познати се и на најголем дел од присутните во оваа сала, меѓутоа, се добива впечаток тие не се познати само во официјална смисла на органите кои треба тоа да го извршат, од Јавниот обвинител и МВР. Ни се случи тежок изборен фалсификат на претседателските избори, кој се потврдува сега веќе и од страна на меѓународните набљудувачи, но одговорноста за тоа никој не ја презема. Напротив, образложението на Владата изречено од страна на премиерот беше дека тоа во Македонија е нормална појава и дека

со закон тоа не може да се спречи. Интересна изјава на еден премиер кој треба пред се да го спроведува законот. Ни се случија физички напади со тешки телесни и загрозување на животот на контролорите, пред се од СДСМ, дури и физички напади врз пратеници на Собранието на РМ, во текот на изборната постапка, кој за јавниот обвинител и Владата на РМ тие не треба по службена должност тоа да го констатираат и гонат, туку треба по приватна основа оние кои биле нападнати да поведуваат постапка, а се разбира дека и за тоа немаат доволно аргументи.

Сите овие случаи немаат истражна завршница. Заклучокот од ова може да биде прилично едноставен: во некои случаи се работи за неспособност на органите на Владата, но во најголем број од овие дејствија Владата претставува директен учесник, директно или индиректно, посредно или непосредно.

Посебна приказна се состојбите со порастот на шверцот на наркотици и акцизи стоки во Република Македонија. Сведоци сме дека од страна на МВР се прават помпезни најави за борба за откривање на овие дејствија, но се завршува со режирани спектакуларни изјави пред ТВ камерите, без потоа да се откријат организаторите или учесниците на таквите криминални дејствија.

Заради сето ова, криминалот во Република Македонија е во постојан пораст. Владата наместо да се справи со таквите зла, што е всушност и нејзина уставна обврска и должност по законите, се покажа дека во најголем број случаи таа самата е генератор на ваквите дејствија. Креаторите на криминалот и корупцијата денес не се во структурите против кои власта се бори, напротив, тие се во самиот нејзин врв и работат апсолутно транспарентно. Уште еден доказ за ова е изјавата на премиерот дека тие примаат огромни спонзорства, за што ние веќе можеме и материјални докази да презентираме во јавноста, со кои ја финансираат сопствената политичка партија. Тоа со други зборови кажано, значи дека денес секој кој треба по пат на корупција го присилувате да ви достави пари, можете да кажете дека ве спонзорира и со тоа да не сноси никој никакви последици. Значи, зборот корупција се претвора во спонзорство. Нивниот однос кон продажбата на националните витални објекти е најдобар доказ за тоа. На пример целиот нафтен бизнис во Македонија е продаден практично без пари, Шеќераната во Битола се продаде на начин кој не одговара на законот, по принципот на оној кој нуди помалку, со тоа што Владата притисната од јавноста и од своите изборни причини за оваа есен мораше да го повлече. Тоа е случај со Скијачкиот центар во Маврово и итн.

Еве на пример какви се некои од оценките на западните земји за качакот кој се владее во Република Македонија. Во таа смисла, индикативна е изјавата на потсекретарот за политички прашања во Стејтдепартментот на САД господинот Томас Пикеринг, кој за време на посетата на нашата земја неодамна, на средбата со господинот премиер Георгиевски, јавно ја изрази загриженоста на САД од фактот дека криминални елементи во регионот ја преземаат контролата од локалните влади при што не ја исклучи Македонија, со што отворено се алудираше на корумпираноста на актуелната власт во Македонија. Исти оценки дека нарко мафијата и тероризмот владеат во овој регион беа дадени и во извештајот на Американскиот институт за мир, кој беше посветен на неодамнешните настани во нашата Република, а со цел да се препознаат пречките и можностите за натамошно демократизација на Република Македонија. Според извештајот на Меѓународната кризна група, масовни размери на шверц со дрога кој оди и преку Република Македонија е апсолутно нов феномен. Имено, во нивниот извештај дециден се наведува,ќе дозволите да го цитирам тоа: "Шверцот со дрога на Косово е нов феномен организациите за трговија со дрога составени се од етнички Албанци од српската провинција Косово. Овие групи беа особено активни во Бугарија, во Македонија и во Србија. Косовските Албанци шверцери беа познати по нивната употреба на сила во замешаност во меѓународниот шверц со оружје", што значи дека Македонија е влезена исто така во синџирот на ова.

Примери. за тоа има доста, од оние платеници кои за време на претседателските избори 1999 година, дури и на претседателите на избирачките одбори им се закануваа и ги држеа како заложници на местат кои државата ги определила за изведување на изборните дејствија, насилно уфрлуваа ливчиња во избирачките кутии, па преку врвни функционери од Министерството за одбрана кои беа инволвирани во шверцот со барут за СР Југославија, а кои после откривањето на нивниот идентитет, наместо да се најдат пред лицето на правдата, се разбира беа наградувани во натамошната владика постапка.

Инволвираното на власта во криминалот може да се аргументира и од изјавите и меѓусебните обвинувања на министрите и високите функционери на актуелната влада или на една од претходните влади на господинот Георгиевски во овие 20-тина месеци. Така на пример екс министерот за внатрешни работи г. Павле Трајанов, јавно кажа и неколку пати повтори дека криминалот во РМ допира до врвовите на владејачките партии. Само да потсетам дека тие врвови во моментот се и врвови на Владата на РМ. Меѓусебните обвинувања на поранешниот министер за финансии господинот Борис Стојменов и директорот на Управата за јавни приходи Станинов беа исто така примери без преседан. Дури, и актуелниот министер за финансии јавно изјави дека ММФ и Светската банка во Владата на Република Македонија веќе немаат доверба заради многу од овие причини.

И последниот извештај на ЕУ, за кој во јавноста се создаде голема дебата, дефинитивно го потврди она што во основа сите во Републиката го знаат, а тоа е дека постои организиран шверц на цигари и инволвираното на властите во него.

Меѓутоа,кои се клучните точки на безбедносната аномија која директно се одразува, заради сето ова, врз стабилноста на Република Македонија кои се причините за ваквата ситуација во државата.

1. Партизација на безбедносните структури во Македонија бе преседан. Со самото доаѓање на власт коалицијата одлучи да ги отстрани врвните професионалци од Министерствата за одбрана и за внатрешни работи и разузнавачките служби за да отвори простор пред се за партиските поверители и аматери за прашањата на безбедноста, со оглед на нивната професионална кариера досега. Како услов за напредување, како и поставување на одговорни места пред се е потребна партиска книшка на една од партиите на власт. Почетниците во службата најчесто се ставаат на раководни места и со тоа се разбива структурата на службите. Се нарушуваат критериумите на компетентноста, стручноста и хиерархијата. Партиските кадри по својот капацитет на недоволно покажани, неспособни и неефикасни да се справат со проблемите на службите напредуваат во таква ситуација. Со ваквата политика се создава и сериозен проблем на идентификација на припадниците на службите како мотив но и законска обврска за нивната поставеност. Припадниците на безбедносните структури по дефиниција треба да се идентификуваат со државата и со државниот интерес, а не со партиите и партиските интереси на партиите на власт. Само на тој начин тие најдобро можат да ги спроведуваат законите и да имаат јасно поставени цели и задачи во државата. Наспроти тоа, идентификацијата на припадниците на службите со партискиот интерес кај нив создава чувство дека се слуги и дека се предмет на манипулации. Само да се потсетиме на изјавите, од кои целата јавност беше шокирана, дека врвните припадници на МВР себе се сметаат за војници на партијата, наместо на државата.

2. Партиските отстапки на коалиционите партнери Македонија. во овој случај е поделена и на безбедносен план. Многу незаконски активности на поединци со политичко криминални елементи не се гонат или нивното гонење се запира за да не би се вовеле проблеми во функционирањето на коалиционата власт. Во службите на раководни места се поставуваат поединци за кои по силата на законот службите досега имаат сознанија за нивното криминално однесување. Таквата политика на Владата депримирајќи делува на сите оние кои се уште се преостанати и како професионалци работат и заради тоа мора да ги намалуваат своите активности, за да не им се случи нивниот професионален ангажман да ги доведе во ситуација да откријат активности кои не се по волја на сегашната власт и со тоа да бидат обвинети дека работат против сегашната власт сфатена како партиска, а не како државна.

3. Исто така, соочени сме со неодговорна и конфузна безбедносна политика на извршната власт, која крајно неодговорно се однесува према овие прашања. Има толку значајни и многубројни безбедносни инциденти што се случуваат во РМ, првиот одговор е дека не знаат ништо или дека она што се случило не е точно. На такви расправи во нашиот Парламент бевме сведоци неколку пати, за подоцна да се констатира спротивното.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Подоцна откако опозицијата или независни новинари ќе обелоденат факти за некои од настаните, поднесен од нивните органи или меѓународни институции, настанува процес, најчесто на извлекување и вистинска конфузија и загрижувачка неусогласеност помеѓу одделни носите на извршната власт, во нивните изјави за тоа што навистина се случило, а најчесто завршува и со презентирање на докази

спротивни од нивните изјави. Очигледно е дека од јавноста се кријат фактите за реалните безбедносни опасности. Втората можност е дека постои ривалитет помеѓу одделни носители на власта. И во двата случаи не може да се оправда нивната неодговорност. Затоа ни се случува да се тврди дека безбедносната ситуација е стабилна, истовремено да се бара седница на Советот за безбедност на ООН по тој повод, да се вели дека медиумите ги преувеличуваат настанати, или опозицијата истото тоа го прави, а истовремено да се бара помош од Мисијата на ООН на Косово и од КФОР, за истата ситуација, да се обвинува опозицијата дека ги драматизира настаните со барањето да се расправа за безбедноста во Собранието на РМ и тоа да не се прифати, а во исто време да се свикува седница на Советот за безбедност и да се дебатира на таа тема, што јасно укажува дека имало потреба од расправа.

Од сето ова во овој период, од дејствувањето на оваа Влада, може слободно да се констатира дека вкупната состојба на безбедносен план се влошува и се зголемува несигурноста на граѓаните по сите основи.

МВР, како надлежен орган по Уставот и по законите, кои треба да ја следи, проценува и гарантира безбедноста на државата и на секој граѓанин поединечно и да ги штити основните човекови права во овој период, по наша оцена не ја врши својата основна задача и обврска. Напротив, сведоци сме на негова сестрана демонтажа.

Покрај тоа што се прави партизација на органот, неговата де професионализација со прием, како што кажавме, на нестручни лица или лица со недоволно полициско искуство и понатаму останува критериумот за вработување и унапредување на припадниците по принципот на лојалност кон партиите кои се на власт и кои по тој основ во бескрупулозни меѓусебни договори ги дела дури и местата кои се професионални во овие институции. Се прави мешање на кадровските предлози кои доаѓаат од коалиционите партнери и дури за особено високи полициски функции кои се стручни, кои не се политички, за што имаше и се уште има за последица напуштање на принципот на координацијата на раководење со органот и не постапување и не преземање на акции по нарачка или во дослух со високи државни или партиски лидери и функционери. Во такви услови сосема природно е дека во Македонија се трупа, а и понатаму ќе се трупа оружје во Северо - Западниот дел на Македонија, примерите во Кичевско, Тетовско и Кумановски, ќе се ракетираат полициските станици, како што кажавме во Осломеј - Куманово и Тетово, ќе се убиваат полицајци, ќе се шверцува и продава дрога на големо, ќе се тргува со таканаречено бело робје и на крајот ќе се фалсификуваат избори и ќе се вршат тортури врз учесниците на изборните процеси.

Денес да не заборавяме дека софистицираните форми на организиран криминал како што се перење на пари и финансирање на политички партии и купување на партиски имоти под сомнителни околности, постојат и се натрапуваат Според ова станува јасно дека со бездејствувањето на овој орган и со неговата политичка неспремност за откривањето и гонењето на овие афери нивните носите и сторители и со избегнување на отворањето на табу темата како што се "ОВК во Македонија", со смислени сценарија за уривање на акционерски мешани приватни компании кои условно биле поврзани наводно со опозиционерите, Владата и Министерството полека но сигурно станува заложник на политичко - криминални структури од една страна и промотор на најтесните политичко - партиски и материјални интереси на врхушките од тројната коалиција, пред се од ВМРО-ДПМНЕ и ДПА.

Слично се случува и со нашата надворешна политика. Отворено е прашањето дали Македонија во овој момент поседува една конзистентна аналитичка двосмислена и краткорочна, среднорочна и долгорочна надворешна политика. Одговорот на овие прашања е пред се негативен за од причини кои би можеле да ; издвоиме повеќе критериуми, како што се односот на внатрешната и надворешната политика на Македонија, позициите на државата во однос на двете стратешки цели кои се консензуални во Македонија, пристапувањето кон НАТО и ЕУ, актуелната меѓународна позиција на Македонија во современата меѓународна заедница, Балканот, Европа па дури и пошироко.

Нема ниту најмало сомневање дека внатрешната и надворешната политика се наоѓаат во своевидна директна врска, меѓу зависност и условеност. Често по пат на манипулација внатрешната политика и состојбите можат да бидат изговор за најразновидни потези на надворешен план на државата, но и спротивно, надворешната политика да се користи за внатрешни цели. Таквата пракса присутна во нестабилните и тоталитарни режими е присутна, со цел

полесно да се завладува политичкиот простор. Токму овој модел се среќава во нашата држава. На пример за каква надворешна политика може да се залага една држава која покажува катастрофални економски резултати, држава во која за само неколку месеци невработеноста се зголемува за осум процентни поени, или за 25%, така што денес изнесува по статистичките мерења близу 40%, држава на организиран криминал, корупција, која достигнува се до владините врвови, држава на голема распродажба на економски важните капацитети, дражва чија Влада својата стратешка зависност ја продава на фирми без претходно распишани меѓународни и домашни тендери, држава на голема економска и социјална нестабилност во која граѓаните и сите други кои организирано се занимаваат со сопствениот живот во деловни организации, невладини асоцијации, вработени, невработени и други, можат да бидат апсени без претходни судски решенија.

Каква би била надворешната политика која направи партиска телевизија со директор кој е член на најтесното раководство на владеачката партија која има нелегално избран претседател на држава, заради грубо фалсификување на изборите и конечно држава неспособна да ја добие довербата на Светската банка и на ММФ, во изминатите 20 месеци.

Македонија станува држава која веќе не ја респектираат ни оние кои она ги респектираше, им даде засолништа, на пример, за време на Косовската криза, вклучувајќи ги и припадниците на таканаречената ОВК, кои ги киднапираат војниците и се однесуваат терористички шверцувајќи и ликвидирајќи луѓе од македонските официјални служби. Македонија станува држава на шверц, проституција, дрога, оружје и нелегална трговија со стока, од која најголема корист имаат луѓето од најблиското опкружување на Владата и партиите кои ја сочинуваат.

Конечно и непромислените кадровски промени во клучните ресори ја чинеа мошне скапо во очите на нејзините најблиски сојузници и во очите на меѓународната заедница. Не беше изнајден и промовиран соодветен правен модел за присуство на странските трупи во Македонија, НАТО, а подоцна и КФОР; што доведе до потценувајќи и навредливо однесување на дел на војниците на КФОР, кон македонските граници и македонските граѓани, што дегенерираше и со парадоксална и необична несреќа во која животот го загуби и министер на Владата, заедно *со* целото свое семејство. Вакви кадровски промени, особено придонесоа за негативниот рејтинг на нашата држава, и по изгорувањето на Американската амбасада за време на протестите против бомбардирањето на Косово. Само незнаењето и не професионализмот на полициските главешини доведоа да се случи овој настан, единствен во поновата историја. Кон овие гафови, треба да се додадат и оние сврзани со косовската криза, односно неподготвеноста за бенгалската криза, недостаток на соодветната концепција за соочување со истата и немоќ да се соочиме со неа. Во такви услови беше разбирливо што Македонија како еден од големите и главни заложници на кризата, како држава чии народ врз сопствени преѓи ги почувствува косовскиот егзодус и економските и социјалните консеквенции на косовските настани, не успеа да ги надохнади штетите од кризата, обременета тековно со махинации, неспособности, скандали, не знаеше и други наивни потези во Македонија и не можеше да се очекува ништо повеќе. Практично Македонија во ваков случај се појавува како еден од најголемите губитници по интервенцијата на НАТО врз СРЈ и врз Косово.

Македонската дипломатија во овие 20-тина месеци ја испушти шансата да го поттикне рејтингот на државата, економски и социјално да ја стабилизира и со крупни чекори да ја доближува Македонија кон Унијата и НАТО.

Заради импровизациите и не професионализмот Македонија не успеа да ја искористи Косовската криза и посериозно да им се приближи на НАТО и на ЕУ. Заради овие причини, па и други домени кои влијаат на надворешната политика, како што се човековите права, меѓунационалните односи, за кои исто така директен кривец е Владата, Македонија наместо да се приближи почна да се оддалечува од овие институции.

Со конституирањето на таканаречената конструкција Западен Балкан, практично беше создадена уште една дополнителна бариера за Македонија кон нејзиното приближување кон Унијата. Беше воведен статусот за"асоцијација и стабилизација", нов инструмент кој во суштина почна да претставува еден вид на персонификација за земјите од таканаречената четврта Европа, после, прва, втора и трета ние влегуваме во овој Пакт, односно земји кои се економски, социјално и политички нестабилни, земји

кои се постојано под мониторинг, земји на постојана криза и на перманентна опасност од војна. Најблиските сојузници на концепцијата Западен Балкан, таканаречена, со кои Македонија е упатена да преговара и да соработува најмногу се: Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Хрватска. Но, Хрватска од времето на Туџман, која веројатно, исто така многу брзо ќе има подобри позиции отколку нашата држава.

Да се потсетиме дека одамна помина времето кога нашите политичари и новинари едноставно не дозволуваа да се споредуваме со држави како што се Романија или Бугарија, бидејќи наш ориентир беше Словенија. Денес двете споменати држави засилено грабат кон Унијата и кон НАТО, а заради специфичните позиции на нашата држава во однос на Унијата, граѓаните на Македонија веќе живеат во еден вид на колективна затвореност, заради неможноста да се патува без виза во останатите држави, освен во оние кои се слични на нас.

Дозволете во оваа пригода да го кажам моето лично искуство, се сеќавам на предизборните дебати на телевизија кога сегашни високи функционери и тогашни и на ВМРО-ДПМНЕ и на ДА кои сега се наоѓаат на највисоки места во Владата, на моето упатување Македонија да се споредува со Романија, Бугарија, цинично се потсмеваа на телевизиските дебати со мене, споредувајќи ја со Унгарија, Чешка, Полска и Словенија и исмејувајќи го обидот ние да се споредуваме со наведените две држави. Сега тие исти министри редовно ги слушам како упорно и многу упорно се споредуваат со Албанија и Босна и по однос на тоа му доставуваат на премиерот извештаи дека сме лидери на овие држави од регионот.

Впрочем ваквата надворешна политика која започна со откажувањето на нашите добри пријателски односи со НР Кина, пред се заради лични интереси на лидерите кои го прогласуваа Тајван за суштинска определба на нашата дипломатија и не можевме да очекуваме ништо повеќе. Само да се потсетиме дека од оваа иста говорница при една расправа, тогашниот и сегашен министер за надворешни работи изрече дека нашата концепција на надворешната политика е развој и развој и само развој, што сега, 20 месеци после таа изјава можеме да оцениме дека нашата надворешна политика има концепција ништо, ништо и само ништо. Конечно нашата држава која гради законодавство спротивно на она што го препорачува Унијата, ниту во следните десеттина години не може да го подобри својот статус во однос на Унијата. Само да потсетиме дека во Владата тоа веќе го имаме и документирано. Се случуваат два паралелни сосема спротивни процеси. Едниот процес е донесување на закони во Собранието на РМ кои апсолутно отстапуваат од Европското законодавство. Другиот процес е водење на преговори со ЕУ, дека ние ќе го усогласуваме нашето законодавство со нив.

Треба да се потсетиме на тоа, кога требаше да и се помогне на Македонија по кризата во Косово, иако оправдување за нашите побарувања беа навистина аргументирани, тогаш треба да бидат оние за кои сега зборуваме и дека Македонија како позначајна геостратешка и геополитичка во однос на актуелните безбедносни настани на Балканот, секогаш ќе остане таква , отколку економска вредност што ќе рече дека ние од тој аспект мораме да бидеме поинтересни и за НАТО и за ЕУ. Меѓутоа, нашата предност беше искористена само моментално, од страна на НАТО, додека некои ветувања од среднорочен и долгорочен термин воопшто не се споменуваа. Од друга страна сомнителни дејствија на Министерството за одбрана и на екипата која со него раководи, во поглед на адаптација на нашите воени сили кон критериумите на НАТО, создаваат една несериозна и карикатурана импресија за евентуалните можности Македонија да се приближи кон НАТО. Кон таквата индиферентност на НАТО мошне успешно се толкува инфериорниот понижувачки и сервилен став кон нас.

Во тој правец , каква е вистинската меѓународна позиција на Македонија, каква е позицијата на Балканот, позицијата во поширокото меѓународно опкружување, вклучувајќи ги земјите на ЕУ и останатите европски земји и конечно земјите од 00Н, во преден план со САД.

Да се потсетиме дека во предизборната кампања, сегашната Влада ветуваше значително подобрување на меѓународната позиција на нашата држава и во поширок меѓународен контекст и на Балканот. Меѓутоа, никој не се осмелуваше да ја каже цената која подоцна се постави за подобрувањето, наводно на таквите позиции. Можеме да констатираме дека односите навистина се подобруваат со Бугарија, но со големи политички и стратешки отстапки на македонската дипломатија. Кога тие не би постоеле ние би биле изложени кон уште посвирепа не соработка на Бугарската држава, затоа што

според Бугарската страна"Македонскиот јазик бил и индиректно признат со чинот на признавањето на РМ под уставно име", без директно да се истакне дека македонскиот јазик е една историска традиција и реалност. За сметка на тоа и натаму останува дискутабилна позицијата на македонското малцинство во Бугарија.

Исто така, треба да се потсетиме дека со Грција, еден од клучните проблеми и натаму останува отворен. Состојбата со преговорите согласно времената Спогодба и понатаму е во мирување. Но, да потсетиме дека имаме еден нов случај сега, дека тој проблем треба да се реши во рамки на Советот за безбедност каде што со признавањето на Тајван, кога и Грците би се согласиле за Република Македонија, можеме најнормално да очекуваме дека Кина може да стави вето на новата резолуција, заради нашите крајно влошени односи и раскинување на дипломатските односи со Кина.

Дури и со Албанија нема некои поспектакуларни настани. Додека неизбежен е фактот дека целокупната акција на нашата дипломатија се трошок околу кадровските решенија и еден вид на дискусија за распределба на амбасадорските места која се претвора во топ тема на нашата дипломатија.

Друг важен аспект на дипломатската активност на нашата дражва е случајот со Косово, еден вид на импулс дипломатија која повеќе инплитивна и со краткорочни цели, отколку долгорочни, и осмислена концепција без вистински цели и влогови. Едноставно Македонија на Балканот води една прилично застарена инстант дипломатија, често не респектирајќи го пред се сопствените субјекти и достоинство.

Во однос на поширокото опкружување Македонската дипломатија не успеа, тоа е веќе сосема очигледно, да го потполни авторитетот на претходниот претседател г-динот Глигоров. Нашата дипломатија станува се повеќе безлична, без концепциска, хаотична и инфериорна, без аналитички и сопствен став, туку со грст отстапки и со кредо "како ќе кажат другите".

Само да потсетиме дека нашиот министер за надворешни работи наместо најчесто да ги посетува нашите соседи, државите од ЕУ или државите од Северно Американскиот Континент, тој како и денес најчесто се наоѓа по патиштата на неврзаните земји, од третите светови, со кои Македонија економската соработка ја има на минимално ниво, а политичката соработка се разбира не може да донесе многу корист. Од тој аспект да не се чудиме што по некое негово враќање, како од денешната посета на Тихо океанските азиски држави може да предизвика уште еден случај на некој си Тајван.

Во однос на ЕУ владее принцип дека во однос на останатите држави кои не се членки на ЕУ, нашата дипломатија речиси и да не постои.

САД како едни од дипломатските приоритети на сите држави на светот треба да заземаат посебно место во надворешната политика на Македонија, се разбира од воспоставувањето на независноста до денес. САД до сега ја респектираа и помагаа независноста на РМ и ја ценеа мудроста и решителноста на нашите органи. Довербата беше и целосна. Но, денес со покажаното однесување на Владата на г-динот Георгиевски, таквиот однос како да исчезнува, иако на формално ниво може да изгледа дека е обратно. Дури можеме и да потврдиме дека во дипломатскиот естаблишмент во Скопје неофицијално, меѓутоа, се повеќе се искажува оценката дека актуелната власт во Македонија е недоволно способна и лесно поткуплива за остварување на интересите на државите кои тие амбасади овде ги претставуваат.

Се разбира кога веќе Македонија влезе во кругот на оние неколку држави во светот кои дел од своите стратешки интереси ги остваруваат преку соработката со Тајван, треба да се погледне и на таа билатерална соработка, чие воспоставување, од наша страна признавање на суверенитетот на оваа не постоечка држава беше условено со фантомската милијарда долари инвестиции во 'Република Македонија.

Дваесеттина месеци подоцна можеме да констатирам дека Тајванските пари никако не се слеваат во Македонија, инвестициите од овој нов сојузник од далечниот Исток беа само промовирани но никако и ефектуирани и ние секојдневно вклучувајќи го и вчерашниот и денешниот ден сме соочени со оние кои го промовираа Тајван како наша стратешка, економска и надворешно -политичка цел, дека ние набрзо ќе бидеме шокирани од бумот кој ќе ни го обезбеди Тајван. Се разбира дека ние сме шокирани, меѓутоа, сме шокирани од шокираното на оние кои тоа го зборуваат. За сметка на тоа Македонија загуби еден значаен сојузник што ја призна нашата држава под уставно име уште во 1993 година, со нашиот прием во ОН. Овој губиток на нашата дипломатија е лош,

долгорочно на економски план , а и краткорочно и долгорочно лош на политичко - безбедносен план и меѓународно надворешно - политички план, потез кој значително ја девалвира нашата дипломатија и угледот на нашата држава во Светот и не стави во редот на симпатични карикатурана егзотични држави кои можат да повлекуваат вакви потези.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Така основното обележје на надворешната политика на Владата на Георгиевски и креаторите на таа политика околу него е отсуство на стратегија по клучните прашања во оваа сфера, неспособноста на владеачката структура да се постави како партнер и релевантен собеседник во меѓународниот дијалог и најпосле што не е и најмалку значајно видлива кадровска партизација на најсуптилните позиции, што согласно Уставот на Република Македонија имаат надлежност во реализирање на надворешно - политичките активности.

Затоа не сме премногу зачудени после сите овие потези што меѓународната позиција на Република Македонија постојано и упорно се влошува.

Само да потсетиме дека на патот кон Европската Унија и кон евроатланските интеграции во Македонија се промовира јасна консензуална цел на сите, пред се, релевантни политички субјекти во нашата држава за интеграција кон овие институции. Меѓутоа, Македонија доживеа една деградирајќи класификација во една регионална групација на Западен Балкан, а нејзиното прогресивно и природно напредување кон европското членство во вид на асоцијативен договор беше компензирано со еден нов договор, досега не постоечки, пред се за стабилизација и асоцијација. Од друга страна Вашингтонскиот самит, зборувајќи за втората консензуална цел на надворешната политика, Вашингтонскиот самит на НАТО покажа дека Македонија во овој момент е многу подалеку од колку порано од полноправното членство во НАТО, а повеќекратните и суштински ревизии на Акциониот план на нашата држава од страна на НАТО во Брисел, укажуваат на проблемите со кои оваа Влада се соочува раководејќи со овој многу одговорен процес.

Напуштањето на концептот на еднаква предиспозиција за соработка со соседите, за сметка на принципот таканаречен "позитивна енергија" кој полека, но сигурно, се руинира во нашата држава, кој подразбира некритичко фаворизирање на некој од соседите доведе до дебаланс на Република Македонија и во регионалната соработка. Потпишувањето на Декларацијата за соработка и пријателство со Бугарија од страна на двајцата премиери кои се актуелни во двете држави, како што кажавме, го сведе македонскиот јазик на уставна категорија, меѓутоа, и фрли сериозна дамка врз грижата за македонското малцинство во соседната држава.

На ова се надоврза забраната за постоењето на "ОМО -Илинден" од страна на Уставниот суд на Бугарија, се разбира што не е вина на нашата Влада, меѓутоа, таа некако како да го аминува овој потег. Врз основа на една парламентарна иницијатива и декларација што ја усвои овој Парламент до ден денеска не видовме дека Владата која беше обврзана по тоа предизвика било какви активности во врска со овој, со Декларацијата на Собранието, утврден став во надворешната политика на Република Македонија, во смисла на поддршка на правата на Македонците во Бугарија со обврски Владата во таа насока да преземе активности и чекори.

Само да потсетиме дека буквално заради преговори околу тоа кој ќе ја напушти Владата, кој ќе добие амбасадорско место, Република Македонија се уште не акредитирала амбасадори во некоја од клучните држави САД, Руската федерација, Франција, Турција и т.н. Не допустливо долгиот период на исчекувања на партиските договарања во владината коалиција за поделба на дипломатските позиции се дополнителен елемент за лошата перцепција на оваа Влада за меѓународната политика на Република Македонија. Само да потсетиме дека само до пред еден месец министерот за надворешни работи упорно тврдеше 20-тина месеци дека дипломатските претставништва ќе се потполнат со дипломати од кариера и со луѓе кои се стручни професионални во таа работа за да тој во последните два месеци се заќути, а на негово место портпаролите на партиите и на Владата, на коалиционите партии и Владата секојдневно не бомбардираат со сопствени изјави кои од министрите кои вршат политички функции ќе врши дипломатски функции и итн.

Но, и покрај сето ова можеби една од најлошите политики што ја води актуелната власт е политиката во доменот на економската политика и развојот на Република Македонија. Наспроти сите

ветувања и наспроти најавите за брз развој, нови вработувања, инвестиции денес Македонија е соочена со проблеми на својот економски развој. Во претходните две години Македонија има проблеми со остварувањето на брзиот раст на бруто домашниот производ, во тие рамки има проблеми со развојот на индустриското производство, градежништвото, растот на услугите и сите други дејности. Тоа придонесе бројот на невработените повторно да почне, кажувам повторно, затоа што тој процес од 1998 година почна да покажува процеси на стагнираше, бројот на невработените повторно да почне енормно да се зголемува со што бројката денеска се движи до фантастичното ниво од 370 илјади и веројатно ако продолжи овој тренд само е прашање на време кога ќе го допреме бројот од 400 илјади невработени, односно денес веќе можеме да констатираме со сигурност дека за само година и пол бројот на невработените е зголемен за повеќе од 10 0 илјади лица за време на владеење на оваа власт и да не заборавиме дека во програмата со која се излезе на изборите се наведе дека стапката на раст на бруто националниот производ ќе биде 8% годишно и дека врз основа на тоа порастот на вработените ќе биде, замислете, во 1999 година 26%, во 2000 година 20%. Не се осмелувам да ги читам бројките за 20 01 и 20 02 година затоа што сите овие во основа се остваруваат со тоа што тоа не е процент на раст на вработеноста во Република Македонија, туку почнуваат да стануваат проценти на раст на невработеноста во Република Македонија.

Новите невработени произлегуваат од неможноста да се остварат инвестиции за нови работни места наспроти силните ветувања, распределба на милијардата во индустрија, земјоделие, градежништво, полиња со памук, полиња за земјоделски производи да се претвораат во тајвански слободни зони. Се зголемува невработеноста заради се уште големото отпуштање на работници, праќање на принудни одмори или во статус на технолошки вишок. Единствените инвестиции во Македонија се уште се остваруваат по пат на меѓународно задолжување на Република Македонија со што нашата надворешна задолженост и понатаму расте наспроти тврдењата на премиерот дека не е така, а домашните средства и понатаму упорно се трошат во сферата на личната и општата потрошувачка со цел да се одржи било какво ниво на стандардот на населението што, се разбира, покрај сегашните негативни последици по неколку години ќе предизвикаат дополнителни повратни ефекти.

Процесот на приватизација кој беше започнат и кој во овој период требаше да заврши денеска се претвора во процес кој служи, пред се, за богатење на поединци на грбот на државата, а по пат на приватизација без лицитации, за што Владата дури ги менуваше и законите на Република Македонија. Во такви околности за Владата не е никаква олеснителна околност дека после една година ги уочува наводно своите грешки, а по наше видување ги завршува своите нечесни работи и повторно ги враќа законите во првобитна ситуација затоа што штетите веќе се направени, зборувам за законите за приватизација, корупцијата во Македонија уште повеќе се зголеми со донесувањето на законите и особено во фазата на нивното спроведување.

Лошата економска политика покрај штетните приватизации и зголемувањето на невработеноста во граници кои веќе сите нас не тревожат се огледа и во фактот дека во нашето стопанство согласно податоците од Заводот за платен промет загубите постојано растат, а со нив и вкупната неликвидност на стопанството која е скоро двојно зголемена во однос на наследената ситуација на Владата во услови кога инфлацијата не е превисока. Како резултат на тоа огромен е бројот на вработените кои не земаат плати, кои нередовно земаат плати или истите ги земаат со 2, 3 или повеќе месеци задоцнување.

Многу карактеристично за оваа Влада е што иако ветуваше за намалување на цените на даноците, таа во изминатите 20 месеци го направи токму спротивното. Да не потсетуваме дека една од одмениците на изборите беше дека за 10% во првите 100 дена ќе се намалат даноците и оптоварувањата на платите на сите вработени во Република Македонија. Денешната ситуација, жалосно е дека во Македонија даноците агрегатно земено се зголемија и имено заради некоординираното донесување на Законот за додадена вредност со останатите закони од сферата на даночната политика и заради зголемување на други даноци во државата пред донесување на ДДВ се случи и ефектот

да се зголемуваат цените. На оваа појава дополнително кумуваше и самата Влада со постојаното зголемување на цените на некои основни стоки и услуги кои таа согласно Законот има шанса да ги контролира. Такви примери се покачувањето на струјата за цели 60%, зголемување на цената на нафтата и нафтените деривати за скоро 50% и врз основа на тоа зголемување на сите стоки и услуги. Резултат на тоа е што по повеќе години Македонија повторно се соочува со двоцифрена инфлација и сега иако Владата тврди дека е тоа еднократен ефект, и дека тој ефект брзо ќе исчезне што може да се случи дека ќе биде точно, останува фактот дека платите еднократно не се зголемија, дека таа дупка од 10% помеѓу инфлацијата еднократна и платите ќе остане на грбот на стандардот на населението.

Наспроти вака влошената економска состојба и на стопанството и на населението Владата постојано се фали со зголеменото ниво на полнење на буџетот на државата што наместо предност во овој случај станува хендикеп на креаторите на економската политика и се претвора во бумеранг кон неликвидното стопанство и осиромашеното население затоа што ефектите од тоа никој не ги чувствува.

Во сферата на економијата и понатаму остануваат отворени бројни прашања за завршување на реформите во сферата на банкарството, даночниот систем, имотните права и сл. Некои од мерките кои се преземаат наспроти заложбите за демонополизација и либерализација на економијата придонесоа за се поголемо монополизирање на одделни стопански гранки во Република Македонија и се поголема државна регулација. Ваквата политика придонесува за ширењето на корупцијата, на привилегиите во економијата што сето тоа лошо се одразува и на правниот систем и на правната држава, но и на стекнувањето на се повеќе незаконски права од страна на оние поединци и фирми кои добиваат повластена ситуација. Само да се потсетиме на законите за приватизација, измените на Законот за царините и итн.

Република Македонија во времето на оваа Влада западна во тешка економска, финансиска и социјална криза која доведе до енормно зголемување на невработеноста, како што кажавме и пад на реалните примања на населението и вработените и пензионерите и невработените кои добиваат разни буџетски дотации и други слоеви на осиромашените домаќинства. Ова е резултат и на водењето на несоодветна и погрешна социјална политика, недостаток на целосна, квалитетна регулатива за прашањата од оваа област и постоење на организациони аномалии, финансиски недостатоци во сферата на социјалната заштита.

Невработеноста која покрај нејзиното зголемување од 100 илјади се јавува и како тежок економски проблем почнува да станува опасност од било какви реформи, кои и понатаму мора да се спроведуваат не како определба на една, друга или трета Влада, туку како начин на опстојување на Република Македонија. Во овој домен наспроти вербалните определби на Владата не се создадени предуслови за ублажување на невработеноста преку создавање на пазар на работната сила, преку отворање на нови работни места, ефективна заштита на невработеноста и итн. Напротив, се донесе Закон со кој престана да важи Законот за поттикнување на вработеноста, Закон кој даде свои ефекти, колку и да го негира тоа министерот за труд и социјална политика и Владата на Република Македонија.

Само да потсетиме дека за време на примената на овој закон, согласно податоците од Заводот за вработување на државата како вработени само по основ на овој закон беа евидентирани нови 33 илјади лица што како податок не е така занемарлив, а значи ако за една година беше толку голем прирастот на вработените по тој основ, доколку тој закон останеше, ефектите за две, три и четири години ќе можеше да бидат многу поблагопријатни. Ова е во контекст и на уставната определба на нашата држава дека во градењето на социјалната политика државата создава услови за стимулирање на вработувањето од страна на работодавците. Наспроти ова веќе станува мачно да се соопшти дека најавената политика за 10 илјади нови вработувања во првите 100 дена која се претвори во 10 илјади нови невработени во првите 100 дена, веќе никој не ја споменува, затоа што изминаа многу пати по 100 дена.

Измените во доменот на работното законодавство пред се Законот за работни односи, за вработување, осигурување во случај на невработеност и заштита при работа во основа се движеше по грбот на

вработените и оние кои добиваа осигурување се рестриктивни и значат намалување на правата по основ на работните односи, што посебно ги погодува лицата на кои им престанал работниот однос поради економски, технолошки, структурни или слични промени, а чиј број, за жал и понатаму рапидно се зголемува.

Со ова се зголемува социјалната несигурност кај населението и ваквите парцијални решенија не се во функција на обезбедување ефикасен и стабилен систем на социјално осигурување, нешто што со работата на оваа Влада станува се попотребно во нашата држава. Не се понудени реформски активности од страна на власта во системот на социјална заштита кој е особено значаен за пошироката популација во смисла на можности за нивен подостоинствен живот.

Значаен сегмент и дел од социјалната политика е прашањето на детската заштита, за која исто така се нема јасна визија и концепција за остварување на истата, така што е потребно сосема нова регулатива во оваа област.

Да кажеме и за доменот на пензиското и инвалидското осигурување. Владата најави дека ќе спроведува интензивни реформи во оваа област. Со донесувањето на Законот за измена и дополна на Законот за пензиско инвалидско осигурување, само се започна со реформа во оваа област. Понудениот модел за реформата не дава целосна слика за сигурноста и гаранцијата во овој систем во смисла на оствaруваше на подобри и поголеми права во оваа област. Се даде една рамковна можност за поставување на повеќе слоен пензиски систем во вид на задолжително пензиско осигурување, задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и доброволно капитално пензиско осигурување, а притоа не се регулира прашањето за вториот и третиот столб за да се согледа и оцени како целина што новиот пакет на реформи во пензискиот систем ќе значи.

Само да потсетиме дека некои од роковите за овие закони веќе сериозно се доближуваат, со оглед дека ни претстојат уште месец дена летни одмори и овој пакет на закони ќе мора да се реформира од како веќе еднаш се реформирал заради неговото не спроведување како впрочем и многу други закони. Притоа не се создадени социо - економски услови за реформа на пензискиот систем во оваа смисла. Неповолните состојби во стопанството како што се зголемување на бројот на неликвидните претпријатија, паѓањето на производството, намалувањето на бројот на осигурениците во Република Македонија, зборуваме за пензиски осигуреници, не исплатата на платите на оние кои се осигурени и со тоа и нередовните придонеси врз основа на не исплаќање на плати кои претставуваат основен извор на пензиското и инвалидското осигурување влијаат на социјалната сфера што треба да ја плати поединецот во случај на ваквите реформи.

Исто така и Законот за остварување на предвремената пензија како дел од стратегијата за јавната администрација Владата го понуди сегментирано, не е во целина со пакетот закони кои се однесуваат на реформата во оваа област без соодветен аналитичен пристап со елементарни податоци за бројот на оние кои се вкупно вработени во државната администрација, како се очекува таа да се рационализира како и потребата од нови вработувања. Сега сме соочени со негодување од страна на Синдикатот како социјален партнер на Владата, а освен тоа одделни решенија од Законот спротивно на уставните определби даваат можност за нееднакво остварување на правото на пензија меѓу маж и жена под исти услови за вработување на сметка на мажот.

Да потсетиме дека и ваквите избрзани решенија само пред четири дена во овој Парламент мораа да се менуваат и кој знае уште колку пати ќе се менуваат додека Владата не сфати дека кога еднаш се носат закони тие треба да бидат промислени, да се носат во фази кои одговараат на еден парламент и за нив да се дава аналитички материјал, за да не се случи да пензионираме луѓе, а веќе утредента да мора на истите работни места да вработуваме нови само заради тоа што сега се оценува дека тие биле потребни во органите каде работат.

Во целина досегашната регулатива на Владата за овој период во областа за која зборуваме се карактеризира со мали измени и дополнувања на одделни закони или сепаратно разгледување и донесување на определени решенија заради што се цени дека реформите или промените не се реализираат во целина и не се даваат ефекти во функција на целите на

структурните реформи во државата. Сето ова придонесе да се создадат неповолни состојби во социјалната сфера,- а социјалната издржливост на населението се влоши со што и животот на граѓаните станува секојдневно потежок.

Да потсетиме дека во изборната кампања на изборите во 1999 година актуелната коалициона власт најави дека државата ќе има грижа да инвестира и во изградбата на станови и тоа за социјално загрозените и хендикепирани лица, за млади брачни парови, самохрани мајки,деца без родители и лица кои до сега не можеле да купат стан. Се најавуваше инвестиционен циклус од по 8 илјади станови годишно со цена од 800 германски марки во денарска противвредност по м2, па потоа се дојде до една бројка австралиска помош од 10 илјади станови, потоа се наведуваше дека ќе дојде помош од Канада, па потоа тајвански кредит за уште нови 8 илјади станови и се до 100 милиони долари кои наводно треба да ги дадат институциите на 00Н. Што се случи со сето ова што Владата го вети, го предвиде и на големо го промовираше и секојдневно наново го промовира со нови спектакуларни милијарди долари, стотици милиони долари или проекти кои нив треба да ги спроведат.

Пред извесно време имавме прилика да видиме дека Владата објави конкурс за 369 станови по цена од 1.450 до 1.600 ДМ по м2 од својата програма. Нема ни трага од бомбашите најави за зголемена станбена изградба, а уште помалку трага од евтините станови, ни трага од поволните кредити за оваа област. Владата на овој начин си поигра со една од најзагрозените општествени групи на граѓани, а повеќе од сигурно е дека и она што се гради сигурно ќе се доделува по некои непишани критериуми, како што се прави со социјалните бараки во овој момент во многу градови. И не само тоа, од секојдневен страв живеат и семејствата кои се вселени во државни станови со нерешен статус, со неопределено станарско право или семејства кои по досегашните критериуми не можеле да ги откупат становите. За оваа категорија на граѓани Владата ги стопира сите активности за регулирање на нивниот статус, па така нивната судбина станува неизвесна и само е прашање на време кога ќе стануваат бездомници.

Од друга страна, манипулацијата што Владата ја направи со пропаѓањето на АЛМАКО банката ја осиромаши државата за 6,5 милиони ДМ од претпријатието кое треба да води грижа за станбената изградба и кои беа вложени од ова јавно претпријатие, Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор во банката која пропадна, а со одлука на оваа Влада, тоа се повеќе од 10 0 стана кои сега едноставно се изгубија или кажано попрактично се прелеваа во џебовите на сопствениците на пропаднатата АЛМАКО банка.

Меѓутоа, за тоа на никого, како што народски се вели, не му фали ниту влакно на главата и прашање е на време кога Владата со вакви чекори од јавни претпријатија кои стопанисуваат успешно заради својата монополска позиција и понатаму ќе прелева пари во џебовите на поединци кои се блиски на Владата.

Владата најави и финансираа инјекција за градежништвото, со што ќе ги засилеше градежните фирми, дека со интензивна изградба на огромен број на станови ќе има вработувања дури за над 40 илјади работници, потоа дека Владата има стратегија за организиран настап во обновата на Косово каде наводно имала работа за седум до осум милијарди долари, а нашето градежништво ќе можело да реализира една милијарда од овие.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

На градежништвото му се ветуваа 60 милиони долари односно 60 милиони германски марки, што ќе се добијат од алијансата за реконструкција на патиштата и мостовите, што таа ги оштети. Потоа, 30 мили они долари од Светската банка за пруга кон Бугарија, па понатаму 100 милиони долари од ООН за изградба на станови, средства за автопат од грчки фирми, транс балканскиот нафтовод АМБО и т.н. Од сето тоа нема ни трага ни глас.

Очигледно, Владата само го држи во неизвесност градежништвото, со тоа и државата, ја усложнува нивната исклучително тешка и сложена ситуација во која се наоѓаат и се обидува на кратки патеки ден за ден, како што впрочем и вчера можевме да видиме или во денешниов печат, најавува дека еве сега ќе започнат 16 фабрики. Дури, се прашувам, дали актуелните луѓе во Владата кога кажуваат во септември, веќе се спремни да кажат и која година. Затоа што, септември може да има и по 100 години и пак ќе има некој септември, како што имаше септември во 1998, 1999 и еве го 2000 - та година. Како резултат на повеќе месечното возеше на тешките транспортни возила на КВОР и НАТО алијансата, а поради големите оптоварувања на оските на возилата, што превезуваа по 6о тонски оклопни возила, предизвикани се и деформации на патната мрежа и мостовите во Македонија. Од

направените анализи утврдени се голем број на оштетувања на 700 километри патишта, на многу мостови, па дури и на локалната патна мрежа. Вредностите на штетите се оценува околу 60 милиони германски марки. Кога за овие состојби се реагираше, Владата најави дека жестоко ќе се заложи кај алијансата да ги добие тие средства и да се изврши реконструкција на патиштата и на мостовите. Но, Македонија, се разбира, такви средства не доби.

Ветено е некакво крпеше на патиштата, а главната реконструкција треба да падне на товар на нашата држава. Сето тоа се должи, поради тоа што пред да се даде нашата територија на користење на силите на НАТО и КФОР, оваа Влада не го заклучи потребниот договор со сите потребни клаузули, кои ќе предизвикаат дејствија од договорот.

Почитувани пратеници и министри, во сите држави во светот, особено во нашата во која дел од земјоделското население и учеството на земјоделството во бруто домашниот производ е двоцифрен, тоа важи за еден од стратешките важни стопански ресурси и дејности. Кај нас со однесувањето на Владата токму тоа така не е. Декларативно таа секогаш и секаде, а најмногу во предизборните кампањи, земјоделството, веројатно, заради причини што со него се врзани голем број на гласачи, го претставува како стремеше околу кој ќе се вршат, вртат нејзините визии за стопанскиот и економскиот просперитет на државата. Но, за разлика од политичките програми во реалниот живот и во земјоделието, работите се сосема поинакви. Земјоделството кое мака мачи, не толку со средствата за квалитетно објавување на својата работа, отколку за насоченост во работата втемелена врз научни, стручни и маркетиншки анализи, која државната администрација треба нужно да им ја даде како ориентација за структурирање на власта оваа дејност, се уште ги чека упатствата од разните агенти за развој кои никнаа, практично, насекаде низ Македонија. Но, излезе дека агенциите не биле за развој, туку биле пунктови за вработување на партиски активисти, кои за време на предизборните кампањи се соочуваа со изборните активности на сега владејачките партии.

Евтините и многу поволни кредити од Тајван или од други пријатели на Македонија кои требаше да го поддржат тандемот на млади, модерни и многу перспективни политичари, изостана. Изостанат и многуте фарми кои требаше да ја изменат претставата за Македонија како земја со многу неискористени природни ресурси, кои некои други, наводно струи оставиле да бидат неискористени.

Последниве месеци сме сведоци на разни преснимувања на фотокопии, на формулари за ИФАТ или други кредити кои ги дели Владата Нормално, во тоа предничат симпатизерите и членовите на владејачките партии, бидејќи кредитите се делат според партиска припадност и одлучувачко за доделување на кредитот не е зборот на стручните луѓе, туку мислењето на регионалните партиски координатори. Резултатите од овие кредити ќе дојдат по пет години. На тој рок се даваат кредитите во износ од 10 илјади долари со грејс период од 6 месеци и со камата од 6 или околу три и пол проценти односно со 6 и плус околу три и пол проценти учество во осигурување на кредитот. Кога ќе се направи елементарната пресметка на 10 илјади долари кредит, излегува дека секој корисник годишно ќе треба да обезбеди по околу 2 илјади долари за враќање на главицата и по околу 1000 долари за камата на овој кредит. Доскоро тие 3 илјади долари изнесуваа околу 6 илјади марки, а сега и повеќе со тренд на растење на вредноста на доларот. По 5 години единствениот резултат на оваа активност на Владата ќе бидат претпоставуваме, банкротирани граѓани, бидејќи секој кој само еден ден во животот се бавел со земјоделска активност знае дека ниту една земјоделска дејност не може да обезбеди добивка, а од неа треба да се враќаат кредитите од 30% на годишно ниво на вкупно инвестираните средства во таа активност.

За да може државата да се потпре на земјоделството како врз важна стопанска гранка, земјоделците мора да располагаат и со механизација. Присутната механизација, која ги задоволува потребите е многу застарена. Снабдувањето со гориво е на задоволувачко ниво, меѓутоа, нашиот земјоделец во овој момент за еден литар гориво за својата механизација треба да плаќа, тоа што никогаш не се случувало по 4 килограми пченица Благодарноста за тоа Македонија ја должи на, карикирам, на многу поволно продадената "Окта" и многу добрите услови под кој таа тоа го прави. Бидејќи, не ќе можат многу да обезбедат нафта по цена од 4 килограми пченица аза секој литар земјоделците, се разбира, дека ќе ги намалуваат работните операции, од што пак ќе се произведуваат помалку приноси и полош квалитет на производите.

Владата се соочува и со тужбено барање пред меѓународните судови за да се испита монополската поставеност на стратешкиот странски инвеститор во "Окта". И, ако тоа се одвива како тогаш, како што треба тогаш на "Хеленик Петролеум" ќе му се ограничат правата, кои Владата од договорот самата му ги даде, а нејзиното парламентарно мнозинство во Парламентот му даде сила на тој договор, по кој еден килограм мазут чини 12 денари, двојно повеќе отколку што чинеше во сезоната 98/99. Се разбира, дека и заради тоа и оранжериското производство ќе бележи загуби, кои ќе бидат огромни. Во врска со цената на горивата, Владата се обиде да ги амортизира серијата на удари што се случуваа на тој план, таканаречени дневни и неделни интервенции во делот на акцизите, но во тоа се замеша и Уставниот суд на иницијатива на опозицијата и сега е отворено прашањето како натаму ќе се остваруваат работите.

Инаку, да кажеме, Владата упорно ги менуваше законите со кои обезбедуваше поволна позиција на пазарот на "Окта", а сега кога се соочи со решението на Уставниот суд, наместо да ги предвиди настаните и наместо на тие настани да кумува позитивно со менување на законите и со донесување на други одлуки, таа практично кажано, релаксирано се однесува во услови кога цената е 57 денари по литар бензин или 12 по литар гориво за земјоделието, со што и понатаму се однесува комотно на штета на граѓаните. Се случува и процес во кој можеме да бидеме сведоци секојдневно, како Владата за сметка на коалиционите интереси на трите партии, буквално од земјоделските комбинати ги брка луѓето кои знаат и можат да се носат со тешкотиите што му се закануваат на земјоделството и на нивно место поставува свои партиски луѓе. Стратегијата, пак на овие партиски луѓе, кадри, за пласман на производството од земјоделството се простира некаде до Кванташкиот пазар, од каде понатаму грижата за производството ја презема таканаречената зелена мафија, која е резултат на односите кои ги креира оваа Влада. Така, пропаѓаат многу земјоделски комбинати, кои само пред една до две години скоро 95% од своите производи и своето производство го пласираа во Европската унија или во Европа. На пример, уште минатогодишното производство на продаденото грозје, не им е платено на лозарите, а еве веќе сме на прагот на новата реколта. Сосема е јасно дека се поставува прашањето што ќе се случи со ова ново производство.

Исто така, и продажбата на тутунот е завршена. Таа е завршена со откажување на тутунарите и од нај тутунските краишта да садат тутун за цена од една до две марки за килограм, кој што и не им е платен, а почна со говорењето на г-динот премиер пред збунетите директори на претпријатијата за откуп и преработка на тутун, пред непосредно постапувањето на должност, со закани дека од тој миг натаму се ќе биде поинаку и тие ако не го платат тутунот така како што тој пред изборието вети на тутунарите, можат да си ги пакуваат работите и да ги напуштат директорските места.

Во овој контекст треба да се спомене и реалноста во"Македонија табак" и нејзиниот банкрот за сметка на, во овој случај, семејно новосоздаденото друштво "Македонија табак-2000", кој немаат никаква врска со земјоделието во Македонија. Земјоделството, сепак кај нас останува една од стратешките стопански дејности, како и во сите земји кои имаат услови или се на нивото на развојот, за да се потпрат на него. Македонија има и среќа да биде една од земјите на кои природата и определила одредени поволни услови за оваа дејност. Но, земјоделието и неговиот развој е процес кој трае долго и непрекинато. Во него има место само за настојчиви луѓе и професионалци. За случајни намерници, чие работење се граничи со дилетантизам, не би требало да има никакво место, па тоа нека бидат и нај докажаните војници на партиите кои ги именував. Грешките во земјоделието и во активностите сврзани со него, едноставно преку ноќ нема да можат да се исправат. За тоа ќе биде потребно повеќе време.

Да го илустрираме тоа со тутунската индустрија и тутуно - производството, во кои во последниве две години владее, во најблага мера кажано хаос. Владата нема стратегија, а тоа е сосема очигледно за поттикнување и развој на тутуно - производството, што според Законот за тутун преставува и нејзина обврска. откупот на тутун секогаш започнува и завршува прилично неславно. Тутунопроизводителите не се задоволни од цените на тутунот и тоа незадоволство го искажуваат со протести, практично во сите тутунски центри. Цената на тутунот од година во година опаѓа. Само да потсетиме во 1997 година 138 денари за килограм, во 1998 година 115 денари за килограм, во 1999 година 98 денари за килограм, а од оние 7 до 9 германски марки

по килограм тутун што ги вети коалицијата за промени уште на изборите во 1998 година, едноставно не остана ништо. За годинашното производство на тутун, Владата најави редуцирање на површините на тутун за 25 до 30%. Тутунските комбинати во овој момент склучуваат помалку договори,отколку во минатата година, иако интересот за производство на тутун е далеку поголем. Многу тутунопроизводители работат без склучени договори. Многумина од нив ќе немаат ни сигурност дека со склучениот договор тутунот ќе го продадат. Од друга страна тие се оптоварени постојано со давање на надомест и рекет за да му се откупи тутунот, а сега мораат да плаќаат дури и рекет со исклучувањето на договорите. Што се може да се очекува во оваа насока од Владата за околу 50 илјади семејства кои живеат и егзистираат од тутунот односно околу 200 илјади жители, што претставува 10% од Македонската популација.

Власта , кога веќе сме тука, да кажеме дека сосема ја загуби и контролата врз прометот со цигари, дури и со производството на цигари, но добро ја следеше состојбата кога се работи аз нејзини индивидуални интереси во овој бизнис. Камионите со цигари упатувани кон Косово во добар дел не ја напуштаат Македонија и без данок и без акциза завршуваат на зелените пазари во нашата држава. Маржата на една штека цигари што изнесуваше од 2 до 5 германски марки, а тарифата која мораше да се плати за настап на косовскиот пазар, беше 10 до 14 марки по килограм. Секако, со еден камион со носивост од околу 8 илјади килограми, заработувачката се искачуваше и до 300 илјади германски марки. Цигари за Косово можеа да купуваат само двајца до тројца повластени од оваа Влада. Директни извозници не беа тутунските комбинати, туку компании, кои доаѓаа од Косово со многу сомнителен кредибилитет. Тој извоз на цигари се плаќаше најчесто во кеш, парите се носеа во готово и тие беа се поголеми и поголеми, а корисата на државата од ова се помала и помала, за што Владата е совршено свесна.

На почетокот на мандатот оваа Влада по пат но сега можеме слободно да кажеме, класични измами ветуваше многу поволни услови за користењето на средствата од Буџетот и фондовите, а во корист на граѓаните. Само да се потсетиме, на пример, што се вети пред изборите и непосредно после изборите во владината програма, која ја презентираше премиерот, на пример во сферата на здравството. Прво, дека тоа ќе се трансформира во нов национален систем, кој ќе обезбедува висококвалитетна здравствена заштита. Дека нивото на бесплатна заштита за сите граѓани ќе се проширува. Дека ќе се обезбеди или ќе се поврати достоинството на оние кои се вработени во здравството, како и поголема доверба на осигурениците во здравствениот фонд. Дека ќе се создаде здравствен систем кој максимално ќе им помага и на болните, независност од нивната платежна моќ. Но, што од ова досега се направи. Ако можеме вака како што го сумиравме говорот на премиерот и политичките ветувања на коалицијата на власт, што се треба да се направи, тогаш можеме на сличен начин да сумираме што се случува во здравството. Хаотична состојба и агонија. Наместо висок квалитет, опаѓање на квалитетот на здравствена заштита, што може да се илустрира со цитостатици од непознат производител со непроверен квалитет. Вакцини кои прават тешки последици на децата, кои Министерството за здравство, очигледно, не можело да ги контролира. Наместо максимална помош за болните, тие се оставени сами да купуваат најчесто многу скапи лекови и други медицински помагала, од веледрогерии, па дури и од странство. Се поништуваа тендери во здравството, се распишуваат нови, се додека не се случи на нив да се појават оние фирми, кои плаќаа рекет за партијата на власт односно поновиот жаргон даваат спонзорство на партијата на власт или на крај да се добие во време, додека не се организира партиска веледрогерија со доверливи партиски луѓе, што не ја ќе ја раководат и на тој начин ќе ги пренасочат средствата од фондот во партиските каси. Мислам дека човекот кого Владата го именувала на чело на тој фон, совршено добро ја познава техниката на прелевањето на овие средства.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

На место објавените фиктивни заштеди од 40 милиони Германски марки во Фондот за здравство, неговиот директор, во име на својата хартија, најчесто во готово, купува ресторани, куќи продавници, фирми и печатници низ Македонија.

Поминаа скоро две години од новата власт, а ние секојдневно гледаме како министерот за здравство ги посетува институциите за здравство, сече ленти и присуствува на некакви свечености. Додека на раководни функции во истите најчесто ги поставува партиските директори кои се

поднесуваат од списокот на неговите партиски претпоставени.

Така, денеска ни се случува во здравството да имаме 100% партиски директори, 100% -но партиски вработувања, па дури и партиски отпуштања од работа а во последно време и предвремени административни пензионирања, иако Законот го иззема Здравството од таквите најавени потези.

Не може да се прескокне ниту молчењето на надлежниот министер кога за директор на една клиника на медицинскиот факултет се донесува партиски доктор, со многу м ал стаж на специјализирање, на доктор специјалист, покрај други присутни кадри во оваа област.

Врз основа на ова можеме да констатираме дека во здравството се прават такви наводни реформи што обезбедуваат присуство на некомпетентни кадровски раководители. Здравството длабоко пропаѓа во кадровската агонија, од лекари до одговорни медицински сестри, а на штета на болните и осигурениците. Тотално се изместува системот на вредностите во здравството, што станува еден од непростливите гревови на оваа актуелна власт.

Се донесе Закон за здравствено осигурување со доза на не-каков оптимизам само во почетниот пристап. Од конкретни решенија и операционализација на законот, преку правилници и подзаконски акти, со што требаше да се олесни позицијата на осигурениците, нема ништо. Со тоа и законот се уште не постои, иако ова Собрание го усвои. На-место подобра, состојбата со здравството станува секојдневно полоша. Наместо Фондот за здравство да се осамостојува, како реформски чин се донесе Закон, со што Фондот за здравство влезе под контрола н а Министерството за финансии.

Можеме да констатираме дека уште Законот за здравствено осигурување не почнува да се спроведува, а тој веќе треба повторно да се менува, како и многу други закони. Сега, здравството веќе во целост влегува во Буџетот на Република Македонија и прашање на време е кога и тој ќе почне да дејствува под диктатот на Законот, со што треба административно и предвремено да се пензионираат луѓе за да се обезбеди простор за вработување на партиски кадри.

Исто така, после скоро две години не знаеме што се случува со текстот на законот за здравствена заштита, со што одамна требаше да се соочи овој парламент. Немаме никаква транспарентност во понудените решенија, и очигледно дека со овој закон, како и со сите други, овој парламент ќе се соочи на префати, во стилот Владата го доставува денеска, ние утре да го гледаме по итна процедура.

Исто така, не гледаме никакви поволности од спроведувањето на Законот за лекови. Ниту гледаме дека во здравството е изработена најавената национална стратегија. Наместо тоа, ни се повторуваат разните државни аптеки, а полни амбуланти и болници со пациенти, каде се нуди болнички кревет, а терапијата единствено може да се купи приватно, со средства од приватните аптеки.

Не доведувајќи ги во прашање веќе остварениот напредок во кардиохирургијата во Воената болница во Скопје, должни сме да го поставиме следното прашање - дали се направи преседнат и упад во здравствениот систем на финансирање, со паушално договорени цени во кардиохирургијата.? Со кого Фондот и министерот за здравство, ова го договараше? Дали Воената болница е единствениот правен субјект со кој треба да се договара и се договараат здравствените услуги? Ќе продолжи ли да се преговара на ист начин и со останатите проблеми што се појавуваат во неврохирургијата, абдоминалната хирургија, трауматологијата, трансплатологијата и другите дејности во Клиничкиот центар при Медицинскиот факултет во Скопје и до каде тоа може се да не доведе? Каде е ветеното достоинство и материјалната сигурност на здравствените работници?

Може ме да констатираме дека личните доходи на здравствените работници и понатаму опаѓаат со цели 40-тина проценти во реална вредност, со натамошна тенденција на топење, под дејство на инфлаторните движења, со што веќе се регрутираат и случаи кои потпаѓаат во доменот на социјалата, а се од вработените во здравствената дејност.

Се на се, дојдено е до степен на прилично голем хаос и недоверба во здравствената дејност од страна на граѓаните.

Промените, што толку помпезно се најавуваа во дејностите слични на здравството и во текот на предизборната кампања и во овој дом од страна на Програмата на Премиерот, а мора да потврдиме, со секој избор на нова од

четирите досега нови влади станува се потенка и потенка. Само да потсетиме дека од последната Влада парламентот се соочи со програма што беше ниту повеќе, ниту помалку на 7 страници изречена од устата на премиерот.

Ваквите промени се најавуваат и во сферата на образованието. дури дел од нив и со познатиот договор со народот, што сега веќе можеме да видиме дека оваа коалиција на власт не ќе може да се спроведе ниту за 100 години, затоа што едноставно беше потпрена на нереалност.

Не само што тоа не се реализира во сферата на образованието како што се на пример некои од ветувањата за изградба на 85 спортски сали во средните и основните училишта, за првите 100 дена, не се остварува ниту ветувањето за платите на наставниците кои сега веќе драматично можат да звучат ако се слушнат дека ќе стигнат и до 1000 германски марки, за добиваше по 5000 германски марки на неприватизираните јавни претпријатија за целосната компјутеризација на образованието за три месеци до 2000 година. Сите овие ветувања се распрснаа како меур од сапуница и за прв пат на дело се промовираа повеќето нови принципи, што не беа наведени, на владеењето и раководењето на државата од страна на трите коалициони партнери.

Од првиот ден на преземањето на власта се легализира праксата за непочитување на процедурата, законите, Уставот на РМ, и врз основ на тоа без процедура беа решени од тогашниот и сегашен министер во Владата на Република Македонија сите раководни лица во Министерството за образование, Заводот за унапредување на образованието, студентските домови и други образовни институции.

Во вториот бран што уследи за неколку дена беа разрешени практично сите началници на подрачните единици на Министерството, со мали исклучоци во оние единици на локалната самоуправа каде таа функција ја извршуваа началници од албанско етничко потекло.

Без било какво образложение, причини или анализа на функционалноста, практично се развластија сите институции од сферата на образованието и се дезавуираа нивните функции. Не почитувајќи ја експертизата на Заводот за унапредување на образованието и експерименталната програма ПЕКСНАС, таа беше укината без било какво образложение и решение за учесниците кои ја посетуваа повеќе од две години Дури, по реакциите на учениците и родителите, но пред се по наредба на некои претставници од американската амбасада, програмата ПЕКСНАС продолжи со работа. Со тоа, и во сферата на образованието се воведе праксата, во отсуство на сопствена стратегија и полити ка а се постапува по препораките и спрема потребите на другите држави, а не спрема сопствените. Таквиот пристап стана заштитен знак во практикувањето на власта од страна на новоформираната влада и нејзиното однесување како марионетска.

Не почитувајќи го законот и неговите пропишани процедури , работата на наставниците и раководниот кадар во предучилишно, основното, средното образование да ја преоценува и оценува Заводот за унапредување на образованието, што пред се поаѓа од анализата на исполнителноста, стручноста и компетентноста на овие кадри и на овие лица, во третиот бран беа разрешени сите директори на установите од предучилишното, основното, средното образование. И во овој случај основниот критериум според кој се изврши оваа, така наречена чистка се партискиот критериум, припадност односно неприпадност на овие раководители кон партијата на тогашниот и сегашен министер во Владата на Република Македонија.

Имено, во образованието, каде најмалку треба да се политизираат работите, почнаа да се провлекуваат политичките партии, јавно и без било какво чувство за одговорност за тешките последици, почна да се промовира принципот на партизација на образованието. Со таа акција на владеачката гарнитура беа зафатени не само раководниот кадар, туку и воспитачите, наставниците, работниот персонал, па дури и другите вработени, со познати случаи на преселување луѓе од средното образование за директори во основното образование и обратно, само за да се обезбеди критериумот на партиската припадност.

Критериумот за партиска припадност и лојалност кон новата влада стана не само доминантен, туку стана единствен критериум и за сите нови вработувања што се реализираа експресно и масовно и за изменувањето на новите раководители на установите. Така, една од најпознатите и најквалитетни државни гимназии во општествените области, за директор ќе добие член на ВМРО-ДПМНЕ

кој, замислете, дипломирал по 12 години студирање на шумарскиот факултет, во насока дрвна индустрија. А, едно од најпознатите државни средни училишта хемија, за директор ќе добие член на ВМРО-ДПМНЕ кој дипломирал на Факултетот за физичка култура. По истиот принцип на еден новоформиран факултет на Универзитетот во Република Македонија, иако во статутите на масите факултети стои дека деканите се бираат од редот на вонредните и редовните професори, за декан ќе биде избран член на партијата на власт со научно звање магистер, што се разбира не е доволно да се стекне со звање наставник, врз основа на што да може да стане декан во срединиете, во кои воопшто недостасуваат кадри со високо образование, од позиција на сила се изврши притисок на повеќе факултети во државата за неколку недели да се фабрикуваат соодветни дипломи за некои од вечните студенти кои одамна го имале изгубено и статусот на студенти на тие факултети. Тоа се злоупотреби за кои порано или подоцна на и нарушителите и извршителите ќе мора да ги понесат своите законски консеквенции.

Во сферата на образованието, уште од првата година на владеењето на оваа Влада, се изврши удар врз секуларниот концепт на уставот на државата и на самата структура на државата. Се дозволи разни хуманитарни организации да делат на учениците дела со религиозна содржина и се донесе против уставна одлука школската година да почне со благослов на претставниците на МПЦ и претставниците на Исламската верска заедница во Република Македонија. Со тоа, се повреди едно од основните човекови права, правото на религиозна припадност, на верување или неверување во верата и се воведе пракса на присила. Првите негативни резултати од овој непромислен потез се манифестира наскоро преку појава на повеќе масовни тепачки помеѓу поголеми групи ученици од албанска и македонска национална припадност и се заврши со одлуката на Уставниот суд како и со многу други.

Исто така, во првата година од владеењето се донесе противуставна одлука, децата на припадници на Македонци со исламска вероисповед и македонски мајчин јазик во Жупа да се образуваат на турски јазик што воопшто не го познаваат. Тоа претставува еден флагрантен политички потез што ги повредува чувствата на сите. По укинувањето на оваа одлука од страна на уставниот суд се уште никој не е повикан на одговорност за штетите што ги презел со ваквите дејствија. Се разбира, сите оние кои на тоа работеле и понатаму напредуваат. Евентуално, ако бидат по најновата логика на Владата реконструирани, ќе добијат амбасадорско место.

Од ваквите упади не беше заштитено и не е заштитено ниту високото образование каде и со Уставот и со постојниот закон е гарантирана целосна автономија. Така, од групи на активисти на партиите на власт, предводени од видни функционери на партијата, повеќе пати го повредуваат просторот на универзитетот и вршат притисок за да се изврши избор на нов претседател на Сојузот на студентите, затоа што се воведе праксата дека кандидатите промовирани од нив немаат реална поддршка освен поддршката со присилни активности. Се повреди и автономијата на Универзитетот со преземањето на правото тие да ја определуваат висината на партиципацијата за студирање на студентите запишани надвор од утврдените квоти, со злоупотребите во студентските домови и преземањето на дискреционото право на делот на креветите надвор од процедурата за членови на блиските до власт студенти.

Се уназади квалитетот на наставата и на научно истражувачката дејност, со тоа што за прв пат од формирањето на универзитетот во 1999 година, минатата година, се укинаа средствата за набавка на часописи, за презентација или печатење на научните трудови и македонската научна јавност на тој начин почна а се изолира од свето

За прв пат се предложи судство и буџет во кој се забрани образовните институции да можат да користат дел од средствата што самит ги остваруваат. За помалку од месец дена мораше тоа да се исправува со усвојување на закон за измена и дополнување на Законот за буџет, но сепак, последната верзија за образованието се усвои рестриктивната клаузула. Тоа предизвика понатамошен застој во унапредувањето на наставата научната дејност и реален пад на личните доходи на вработените во образованието. Со последниот голем потфат за административни пензии на образованието му се нанесе уште еден удар. Пред време, независно од резултатите од работата и спротивно на законите за пензионирање во Република Македонија, во пензија заменуваат голем број искусни, стручни и компетентни наставници од средното и

основното образование. Со тоа не се прави никаква реформа затоа што никаде и никогаш образованието не претставувало администрација, туку тоа создава простор за вработување, во овој случај на таканаречените партиски војници, категорија промовирана од оваа власт.

Само да потсетиме дека во предизборните ветувања на оваа област, на еден од партнерите на коалиционата власт, запиша дека Владата ќе ги зголеми средствата што се издвојуваат во оваа област на образованието за 50% најмалку. Од тие 50% најмалку, не видовме ништо, а гаранцијата дека, ако тоа не се спроведе во рокот од две години сами ќе понудат оставка, ја очекуваме на 19 септември кога е потпишан од сите функционери на оваа партија.

Во оваа насока, со дејностите како здравството, образованието и други, што се финансираат од буџет или од фондовите, се продолжува и во исклучително значајната сфера на културата, преку која се изразува пред се, националниот идентитет и творештво на еден народ, во која оваа влада презеде чекори со кои што нанесува штета токму на она што влегува во сферата на наведените цели.

Преку поставување на чело на значајни национални институции на личности со сомнителен, па дури и негаторски став кон автентичноста на македонските корени, македонскиот јазик и нација, со задача да ги минимизираат или проблематизираат основите на македонскиот јазик, како и врвните постигнувања на македонските творци, не само денес, туку и низ вековите, беа удрени темелите на една политика што во континуитет и се уште транспарентно се залага за постигнување за сите оние достигања со кои, една мала држава, како што е Македонија, со гордост може да се рангира и меѓу големите нации на културата во светот.

Намалувањата на Буџетот, со кој се соочи оваа Влада, во реализацијата на традиционалните и меѓународно реномирани манифестации, како:

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Семинарот за македонски јазик, литература и култура Охридско лето, Скопскиот џез фестивал, отсуство на нашиот претставник на Венецијанското биенале, односот кон изложбата на ликовните трезори на Македонија, поточно кон необезбедениот соодветен транспорт, се сеќавате на аферата меѓу транспортот меѓу Париз и Рим, укажуваат на една стратегија на смислено стигнување на одгласот на сето она што Македонија го произведува како културен квалитет за со тоа да се соочиме во светот.

Навредливиот третман на најстарата претседателска асоцијација, Друштвото на писатели на Македонија и спречувањето на нејзините активности, партиски составените издавачки програми, како и дестимулирање на редовните појавувања во периодиката се уште еден прилог за карактерот на културната политика со која се соочува Македонија раководена од актуелната власт.

Да кажеме дека и Законот за култура кој беше донесен 1998 година не заживеа само заради фактот што оваа влада и Министерството за култура со доаѓањето на власт не ја изготви националната програма за култура со што створи дупка од две години во Република Македонија, која треба да содејствува со Законот и која треба да ги дава основните насоки за развојот на културата, како и за реализација на националните институции. Националната програма исто така го одредува и обемот и структурата на буџетот за културата во Македонија.

Исто така е занемарена и потребата од донесување на оддел ни закони, како што се оние за библиотечна дејност, музичка дејност, кино течна дејност, законот за заштита на спомениците на културата и други кои требаше да следуваат по Законот за култура. Слични вакви проблеми, како и во другите дејности се множат и се остваруваат во сферата на правата на граѓаните од локалната самоуправа.

Со Законот за локална самоуправа многу јасно се уредени односите на соработка помеѓу органите на локалната самоуправа и подрачните единици на министерствата, како и другите државни органи.

Поконкретно во членовите 78 и 79 од овој закон е уреден начинот и постапката на соработка која вклучува во себе давање податок за изготвување разни документи, акти, информирање за одредени состојби за кои се надлежни органите на локалната самоуправа, вклучување на одредени прашања, подготвување на прописи, давање на мислења, предлози и друго.

Локалните проблеми до таа мера денес се игнорираат што во општините како на пример Делчево во однос на соработката на органите на локалната самоуправа со

подрачните единици на министерствата карактеристично е одбележувањето што нема никаква соработка во ниту една област од страна на Владата, како што впрочем е и во сите други општини каде што локалната власт ја имаат партиите од опозицијата.

На крајот од 1998 година, кога власта во државата ја превзема коалиционата влада на трите коалициони партнери оттогаш наваму позицијата на општините во Република Македонија каде е на власт опозицијата и нивната положба како единици на локалната самоуправа се вкупните односи на локално ниво, како и односите со државните органи е изменета и тоа во најголем дел во негативна смисла. Непобитен е фактот дека спротивно на законските прописи за деполитизација државната управа е стопроцентно политизирана и претставува партиски ешалон на партиите на власт и тоа најчесто на владеачката коалиција. На сите раководни места и во државната управа и во општините во Република Македонија се поставуваат лица во подрачните министерства лојални на врхушките на Владата кои ја претставуваат владеачката коалиција.

Најеклатантни примери за политизација на државата се кога на пример началникот на одделението за внатрешни работи во една општина истовремено е и претседател на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во истата општина.

Под ваква партиска директива на коалицијата на власт раководителите на подрачните единици на Министерствата и другите установи и претпријатија не соработуваат со органите на општините како што се Советот и градоначалникот, каде што мнозинството го има опозицијата. Дури располагаме и со писмени докази со кои се забранува давање на информација за состојби со бесправна сеча на шуми, со нивна заштита и слично. Кога на пример на бараше на Советот се одвива да се даде информација за малолетничка елоквенција, употреба на дрога, алкохол и други наркотични средства, кога не се даваат информации за состојби од областа на културата, здравството, образованието и спортот и кога не се знае дека граѓаните се заинтересирани, а кога се знае дека граѓаните се заинтересирани за овие слични прашања тогаш не е потребен никаков коментар затоа што со тоа Владата го. прекршува и законот.

Посебна сторија претставуваат состојбите во односите со информативните средства каде основачките права ги има превземено Владата на Република Македонија а тоа се случува онаму каде што две-три или повеќе општини не утврдиле спогодба за преземање на основачки права врз локалните радија, а се разбира од разната политичка припадност на власта во тие општини. Дури им е советувано ако една од општините кои треба да потпишат спогодба произлегува од партиите на власт, спогодбата да не се потпишува се со цел да се создадат услови основачките права да ги превземе Владата на Република Македонија, која како што кажавме на почетокот наместо со оваа работа да ги намалува своите ингеренции се повеќе ги зголемува ингеренциите во сферата на информирањето.

Се разбира дека сето тоа што се прикажува на телевизиските екрани и радио станиците во однос на обичниот граѓанин кој тоа го гледа делува многу лошо.

Државните органи вршат и невидена репресија врз локалните власти, пред се на оние од опозицијата со цел да ги прикажат како немоќ ни, неспособни, да ги исполнат своите основни и примерни функции и со тоа да се девалвираат партиите од опозицијата таму каде што имаат мнозинство во Советот или градоначалник. Неколку примери за тоа можеме да посочиме. На пример, целосната блокада од Министерството за финансии Во општините каде што опозицијата е на власт не се одобрува никаква позајмница за сметка на оние општини каде што коалиционите партнери имаат градоначалник или мнозинство во Советот, каде што тие позајмици се земаат многу често и со многу високи износи.

Министерството за локална самоуправа, кое по наше видување и немаше потреба да постои, но кога постои треба да покаже некоја активност во смисла да ги координира барањата на општините пред државните органи и институции. За тоа министерство во општините не се зборува и не се знае ништо, ниту нешто се работи со него. Со тоа воедно се потврдува фактот дека министерството е непотребно и дека нема потреба од негово постоење особено ако единствената цел е да претставува некаков полигон за партиски преговарања со еден од коалиционите партнери.

Министерството за урбанизам и градежништво протежира политика на повластување на членови и симпатизери на владејачките партии. Како никогаш досега се доделува градежно земјиште за деловни и индивидуални станбени објекти најчесто во четири очи, без никаква јавност. Сега

како може да се почитуваат законите од граѓаните кога тие не се почитуваат од оние кои се со устав овластени нив да ги почитуваат.

Само да го кажеме примерот каде што во Делчево Министерството за урбанизам и градежништво распишува конкурс за доделување на градежно земјиште објавен во дневен весник, на кој се јавува само една фирма, чиј сопственик е владеачката партија и локацијата за изградба на деловен простор од 300 метри квадратни се доделува на таа партиска фирма.

Не соработката во овој поглед со локалната самоуправа се гледа и со другите министерства, Министерството за култура, екологија развој и итн.

Нема помош, нема финансирање на проекти и програми од општините каде што на власт е опозицијата. Тоа се ноторни промашена политика од однесувањето на власта. Таквото делење на општините од страна на Владата, на оние во кои на власт е опозицијата и на оние во кои на власт е позицијата предизвикува поделби на самите граѓани. Оваа поделба и нетрпеливост е резултат на однесувањето на партиите кои во овој момент ја раководат Владата на Република Македонија.

Во таа насока државните интереси ги заменија, или се заменети со задоволување на апетитите на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Власта создаде круг во кој што се затвара самата себеси,а она што останува празно, тоа се ветувањата кои после се стануваат лага и дека нема ништо од она што се вети ниту во здравството, ниту во пензискиот систем, ниту во развојот на малото стопанство, ниту за даноците, ниту зголемениот број на работници освен оние кои што со својата партиска книшка наоѓаат работа во државните органи, ниту во штитењето на националниот интерес, се зголемува безработицата, животот поскапува. Се намалува можноста за задржување на работното место врз основа на стручноста, се зголемува, можноста за одржување врз основа на партиска послушност и итн.

Во овие рамки Агенцијата за развој на Македонија се сведе исто така на политичка, а не на државна институција, Од неа се финансира изградба на објекти во селата во Македонија, заобиколувајќи ги органите на општините каде власта е на опозиционите партии. Или, да бидеме поконкретни, под формата за градење на објекти во која и да било месна заедница се одобруваат средства за изградба на селски водоводи за кои нема проекти, за патишта, за кои не се категоризирани и за кои не постои никаква документација. Дури и за старечки домови по села и здравствени станици и итн. Најчесто средствата од оваа агенција се пуштаат на жиро сметка на физички лица, работите се доведуваат во работа без никаков тендер и јавност, објектите понатаму не се градат, а оние што се градат се градат како диви градби затоа што не се координирани со останатите министерства. Во таа насока месните заедници се про форма за подигањето на парите, или тие ако се правни лица според Законот за локална самоуправа немаат жиро сметка, ниту пак можат стручно и квалитетно да учествуваат во спроведувањето на постапката - тендер, надзор и слично. Во оваа ситуација, во која се наоѓа целата држава е основна причина за да се заклучи дека се прави и со овој вид на државни пари криминал, а кои се, се разбира, од даночните обврзници.

Почитувани пратеници, почитувани десеткувани членови на Владата од сето погоре изнесено можеме да заклучиме дека актуелната Влада на Република Македонија не е во состојба да се грижи за вкупниот развој, за безбедноста и стабилноста на Република Македонија и од тие причини предлагачите на гласањето за доверба на Владата предлагаат Собранието да изгласа недоверба на Владата на Република Македонија. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на координаторот на пратеничката група на СДСМ за ова образложение на барањето за доверба на Владата.

Процедурално за збор се јави господинот пратеник Билал Лутвиу.

**БИЛАЛ ЛУТВИУ:**

Почитуван потпретседател, претставници на Владата, дами и господа колеги пратеници, не сакајќи да го злоупотребувам времето, така да барам стенограм од образложениeто по интерпелацијата од страна на господинот Поповски, а имајќи го во предвид фактот што на многу места образложуваното внесе нови моменти и коментари на поделениот пишан текст на интерпелацијата, кои промени јас ги нотирав во вид на фусноти, па поради тоа во име на пратеничката група на ДПА барам пауза од 45 минути за да нотираните коментари ги претресеме во пратеничката група и да заземеме став по нив.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Давам пауза од 45 минути.

Молам, службите да ги умножат стенографските белешки и да ги поделат.

(Пауза од 13,25 часот.).

(По паузата седницата продолжи во 14,50 часот).

Со седницата продолжи да раководи Илјаз Халими потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани министри, почитувани колеги продолжуваме со работа.

Има збор г-динот пратеник Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, колеги пратеници пред малку колегата од СДСМ Никола Поповски даде излагање околу довербата на Владата на РМ. Имено, во 30 страни на овој документ г-дата од СДСМ немаат доблест да кажат ниту еден добар збор за актуелната власт. Типично македонски. Значи верувам дека навистина се Македонци. А најголема е хипокризијата, односно начинот на поднесување на оваа интерпелација на Владата. Што се случува? На добра волја, на желба партијата на власт ги повлече претходните четири, пет документи, односно закони со единствена цел да се даде можност како што велиме да не донесува, одлуки владеачката партија, односно мнозинството, да им се даде рамноправно да учествуваат и СДСМ како рамноправна партија во донесувањето на законите. И на се тоа тие поднесуваат интерпелација.

Да почнеме по ред. Образложение чувството на загрозеност за сопствената лична безбедност и безбедноста на државата кај граѓаните од ден на ден се повеќе се зголемува. Одговорноста за тоа ја сноси Владата, безбедносните структури и министерствата кои се столбови на секоја демократска држава во борбата против криминалот, тероризмот и сите појави што претставуваат закана за демократијата во една земја, можеби се најслабата карика во функционирањето на актуелната власт. Најголемиот аргумент значи тие се загрижени за нивната лична безбедност и едноставно преку медиумската војна која се води против владеачката партија сакаат да му наметнат на македонскиот народ дека во Македонија не се живее безбедно и дека граѓаните од ден на ден се повеќе се загрижени за својата безбедност. Ни се случи киднапирање на четворица граничари припадници на АРМ, нивни размени со лица осомничени за тешки кривични дела за кои е распишана меѓународна потерница, ранет припадник на АРМ, снајперски напад врз нашите караули, ракетирање на полициска станица во Осломеј и Тетово, подметнување на бомба во Куманово, Значи ова е од делот на безбедноста.

Г-да малку ќе се вратиме station наназад. Една мала ретроспектива на збиднувањата. Само за ваша информација, на 4.1.1998 година, е поставена експлозивна направа во зградата на УВР во Куманово, поставена е експлозивна направа во зградата на УВР-Прилеп, поставена од лицето Фатмир Лимани . Сигурно се сеќавате на тие аргументи. На 13.IV. 199 8 год, поставени се експлозивни направи пред зградата на УВР Кичево од истото лице. Во полициската станица Бит пазар експлодирала експлозивна направа и т.н., сторители непознати. Значи, тогаш се живеело многу безбедно. Ранет и загинато лице припадник на АРМ. 30.VIII.1997 год., во 05 часот го загуби животот Стојковски Јордан командир на полициска станица, а потоа биле повредени двајца полицајци Маневски Перо и Абдул Африми. Сигурно ви се познати овие податоци? На 7.IX.1997 год., 06,30 часот убиен е Дане Петревски раководител на Отсекот за криминалистичка техника и Жути Имет инспектор за класичен криминалитет. 1.9.1998 год., во 20,50 часот убиен е Митревски Лазо, полицаец во УВР - Гевгелија. 5.IX.1998 год., во 02,30 часот во трговскиот центар Беверли Хилс извршено е убиство на Љупчо Милчовски. На 11.1.2000 год., во 22,00 часот се случи во скопското село Арачиново тројно убиство на нашите ценети претставници на Министерството за внатрешни работи. Значи сега се живеело небезбедно. А вие мислите дека сите овие години многу безбедно живеевме? Тоа се само дел од примерите кои се наведени. Тој е и еден од аргументите со кои вие настапивте. Тоа се наши лица припадници на МВР кои се убиени за време на вашето владеење со нерасветлени случаи. На 6.IV.1993 год., убиена е Евдокија Цветановска без откривање на сторителите. На 27.IV.1993 год., убиени се Вукосава Десковска и Сотир Михајлов. Ноќта меѓу 9 и 10.9.1993 година, извршено е убиство на Трајче Тодоровски 24 годишен, не е расветлен случајот. На 22.IX.1993 година, убиен е сопственикот на кафеаната Селими Ештреф. На 16.X.1992 година исчезнал Муневер Емрулаи. На 14.XI.1993 год., пронајдени се мртви лицата Томе, Ѓорѓи и Соња Мудинов и уште цела листа, во 1994

год., во 1995 год., и во 1996 год., дали треба да читам. Овие податоци сигурно многу добро ви се познати., Значи тоа е вашиот голем аргумент. На 31.V.1994 год., починал Соколов Ефрем од село Цера - Кочанско. 1.VIII.1994 год., е убиен со секира Исмаил Дервиши. Нема откриено кој го убил . За овие случаи знаеме,а за уште колку случаи не знаеме. Такви случаи има во Кочани и во кочанско. Тоа беше дел од ова мирно живеење во претходните години додека вие бевте на власт а сега ја напаѓате новата власт.

Втор аргумент против оваа Влада, се вели: ни се случи тежок изборен фалсификат на претседателските избори кој е потврден од страна на меѓународните набљудувачи, а никој за тоа не поднесе одговорност и се случија физички напади со тешки телесни последици и загрозување на животот на пратеници на Собранието на РМ. Исто така се вели: ни се случи рекетирање на некои полициски станици. Г-да, дали ви значи нешто името Фернандо Хиерера, претставник до Шпанија од набљудувачите од ОБСЕ. Тој беше рекетиран од вашите рекетари на парламентарните избори во 1998 год, во Кочани. И кога требаше записникот од многу добро изведените парламентарни избори да се достави до Републичката изборна комисија, едноставно записникот исчезна. Фернандо Хиерера е Шпанец претставник на ОБСЕ одговорен за источна Македонија вршеше надзор на изборите кои беа многу фер и демократски. Дали нешто ви значи името Тодор Александров (багабонт). Тој е ваш активист поранешен директор на ПИОМ. Тој раководеше една група од 20-тина рекетари ваши . Па на вториот круг на 1.XI.1998 год., на истите парламентарни избори, го нема г-динот Бузлевски кој на претходната седница ќе не расплачеше како бил тепан. Лицето Стојменов Васе и Благоја Шумански беа тепани од 20 рекетари. Па не знам како ќе се почувствувате меѓу 20 ваши рекетари, како се чувствувале тие луѓе дали чувствувале болка, или им било тешко на срцето. Еве ја пресудата , осудени се за виновни. Тодор Александров, СДСМ, срам за Македонија. А ова е пресудата, осудени се за виновни. Во 1996 година, локални
Кочани зборувавте за фалсификат.
ова ако не е фалсификат, или нешто
е во ред. Скршена камера, претепан
Донев. Координаторот и секрета
Општинскиот комитет од Мак
Каменица кои беа присутни за да г
теророт кој се вршеше над претстав
односно членовите на партијата

ДПМНЕ во Кочани. Низ призмата на она што се случуваше во Кочани ќе го видиме сето она што се случувало низ цела Македонија. Значи овој координатор и секретарот на Општинскиот комитет од Македонска Каменица со палки беа претепани. Произведени се преку 120 палки за некој да се спротивстави на ВМРО-ДПМНЕ. 80 до заби вооружени претставници на МВР во зградата на Внатрешни работи во Кочани. Против кого ќе се борат тие 80? Тоа мора да го знаете вие и вашиот министер во тоа време за внатрешни работи. Тие имаа задача да го бранат бастионот на СДСМ. Најголема срамота, изборен фалсификат. Методија е претепан со држач од секира, а можеби и секира и епилогот е шок соба е три дена. На овие избори беа утврдени повеќе од 2000 ливчиња кои ги имаа во изобилство . Во првиот круг имаше само 94 неважечки ливчиња, да во вториот круг имаше 970 од кои 937 за ВМРО-ДПМНЕ. Еве ви уште еден фалсификат. Во 1994 год, парламентарни избори, зборувам само за Кочани, три пати ги поништувавте изборите каде што победи Арсо се додека не победи вашиот кандидат од СДСМ. Еве ви уште еден фалсификат. Се направија специјални списоци во кои само на една улица и на еден број имаше 127 гласачи. Зборувам за индивидуална куќа. Па имаше друга куќа која имаше 93 гласачи, па друга куќа со 57 гласачи и итн. Значи, немате никакво право да зборувате за фалсификат. Ретроспектива 1994 год., 1996, 1998 год. Беше запленет камион со барут. Кога сме кај камионот со барут па некогаш владеачката партија на СДСМ вршеше голем шверц со нафта со СФРЈ. Каде се тешките милиони на име акцизи кои барем вашите извршители кои ја носеа и ја шверцуваа нафтата немаат внесено во касата на нашата сакана Македонија.

Шверц со дрога 1993 год., значи од како дојдовте на власт почнавте со дрогата. Хероин 78 кг, марихуана 10 кг, опиум 1 кг.

1994 год, 104 кг. хероин, 18 кг. марихуана, суров опиум, 20 кг.

1995 Год., 110 кг. хероин, 10 кг. марихуана, суров опиум 9 кг.

1996 год., 20 кг. хероин, марихуана 131 кг. и т.н. 1997 год., 15 кг. хероин, 57 кг. марихуана. 1998 год., значи, со доаѓањето на власт на СДСМ почна интензивно тргување и пропуштање на дрога низ патиштата низ Македонија. Штета многу од овие канали, односно од оваа дрога остана на територијата на Македонија и денес ни се случува

она што се случува. Денеска сме сведоци за откривање на големи количини на дрога кои одат по истите овие патишта. Но, за прв пат во Македонија се врши јавно уништување на оваа дрога, додека за вашето владеење никогаш не видовме јавно уништување. Дури се случи од МВР да исчезне една поголема количина, сигурно била наменета за ваша лична употреба . Овде се спомнува за некаква партизација на органот, сигурно се мисли на Министерството за внатрешни работи, па дека како луѓето кои веќе работат во МВР, односно по полициските станици низ градовите немаат желба да работат. Па ако тие имале желба да работат сите овие години овие неоткриени дела имале можност да ги откријат, туку ова е атак врз Македонија кој го предводи СДСМ со нивното неработење. А од кога почна една ластовица да ја прави пролета? Дали од кога дојде ВМРО-ДПМНЕ на власт, еден човек поставен на една установа да раководи сонеа и тој да одлучува, односно тој да ги презема сите работи. Една ластовица не може да ја направи пролетта. Еден наш назначен во органот не може да наштети на работата. Таму нема ниеден променет сите се исти луѓе. Значи едноставно вие му апелирате на македонскиот народ, односно на овие вашите истомисленици да не работат, односно да работат против Македонија. Не можам да се сложам со тоа. За судбината на Македонија сме сите овде бирани од народот и сме должни како позиција и опозиција да дадеме се од себе во донесување и давање на допринесе на добри закони кои ќе ни служат нам и на македонскиот народ, а со вакво одење со контра аргументи и работење против државата, не знам како ќе се справуваме понатаму.

Во овој документ има многу тези, многу хипотези, многу големи неосновани критики.

Пред малку спомнавте: социјалците се застрашувани, малтретира! апсени без претходни судски решенија. Само во Кочани ќе го земам како пример инаку како центар на Балканот 2.500 судски решенија со кои СДСМ во Кочани ги доби изборите 1996 год., 1998 год, и на претседателските 1999 година, 2.500 судски решенија кои се злоупотребуваат да истите овие луѓе бидат по 100-ти пат уценети да гласаат на едно ливче што е можно поголем број на луѓе кои ќе гласаат за СДСМ.

**КРАЛЕ СПАНЧЕСКИ**: (Продолжение)

Социјалците биле застрашувани! Можете да проверите директорот во Кочани, кога ги делеа социјалните пензии односно еднократната помош, ги делеа рекетарите на СДСМ. Нормално, прво ќе донесат список на што може поголем број луѓе кои ќе гласаат за СДСМ. Тоа не е предизборен фалсификат, ниту е пак некаква уцена. А, за ова проверете, 2.500 судски решенија се уште стојат во фиоките на извршните судии, на судиите и на претседателот на судот во Кочани. Затоа, барам од оваа говорница под итно да настапат коренити промени во Кочани и во цела Македонија, се разбира.

Граѓаните во Македонија живеат во еден вид колективен затвор заради неможност да се патува без виза во странските држави на Европа, освен во оние во кои владееше хаосот и војната! Сега сум напишал господине Бранко за вас, ама тоа се однесува за сите. Се освестувате односно почнувате да се приземјувате. Тоа се случи уште вие кога бевте на власт. Што направивте вие во овие шест години во вашето владеење? Во која земја направивте да одиме без визи?

Со Грција состојбата околу името е во длабоко мирување, но грчките компании заради огромниот финансиски профит од Македонија со многу голема решителност инвестираа во Македонија! Што сакал. писателот да каже? Многу конфузно. Сега сакаме да работиме со Грција, да имаме некакви односи или не сакаме? Не ја разбирам поентата на напишаното.

"Декларација за соработка и пријателство со Бугарија, го сведе македонскиот јазик на уставна категорија и ја фрли во заборав грижата на македонското малцинство во оваа соседна земја". Не давам коментар на сето ова.

Невработени 370 илјади лица! Е, се нашол некој да кажува за невработени 370.000 лица. Не знам од каде ви е податокот. "Новите невработени произлегуваат од неможноста да се остварат инвестиции во нови работни места наспроти се поголемото отпуштање на работници, или праќање на принудни одмори или во статус на технолошки вишок". Јас не знам кои се тие фирми барем овие две години кои отидоа како технолошки вишок. Со една мала ретроспектива ќе се вратиме назад, што значеше луѓе без работа. Силоси - хартија - Кочани, не знам дали ви е познато, на некои им е многу добро познато, затворена, 750 луѓе без работа, а едно лице доби можност како единствен увозник на хартија во корелација со г-динот Бранко

Црвенковски. Сигурно добро ја знае работата, тој беше единствен увозник за хартија со единствена цел единствената фабрика во Македонија да биде затворена и 750 луѓе да останат на улица. Тоа е епилогот од вашето владеење. 350 луѓе беа прогласени за технолошки вишок во "Атом", 300 во ИФВ, извршивте стечај на веќе извршена приватизација, 200 луѓе во "Шампион", 700 во "Прима", ја затворивте, 300 во "Кочанско поле" и да не кажувам понатаму. Во тие мигови на вашето владеење, на армијата невработени во Кочани се приклучија уште 4000 луѓе со ваше аминување. Во Кочани моментално има 12.000 невработени ако ве интересира, пред вие да го сторите ова што го сторивте имаше само 7.000 невработени. На сето ова давате објаснување дека не вработувањето моментално во Македонија е поради тоа што не го спроведовме многу добриот закон за брзо вработување на г-динот Црвенковски. Јас би рекол нешто друго. Токму од ова забрзано вработување, ако оние што останале без работа се дел, резултат на она забрзано вработување, дека веќе почнаа да пристигнуваат обврските на работодавците, инаку тешко им паѓа, ги отпуштаат луѓето, за сега со можноста за нови вработувања повторно да дојдат да чепнат некоја пара од Бирото за вработување и од Агенцијата за приватизација. Тоа се тие не вработувања, ако има такви, а тоа е ваше дело и во позитивна и во негативна, но повеќе во негативна конотација.

"Во сите сериозни земји во светот земјоделството е сместено во корпусот на стратешки важните ресори". Добро, имам едно прашање до вашето 6-годишно владеење вие му помогнавте на нашиот земјоделец? Тоа е едно прашање, кога ќе имате време ќе ми одговорите. Тука беше даден еден убав пример, господинот Никола Поповски го образложи, но нешто математиката не им беше најдобра околу земање кредити, како бил со враќање на 3.000 долари годишно и итн., но веројатно нешто не им оди математиката најдобро. Тоа се кредити кои се обезбедени од ИФАТ, со една година грејс период и 5 години на отплаќање, јас знам дека се од 10.000 до 100.000 долари. Овие кредити се дотолку поволни, ама ова што е кажано тука дека ратата изнесува 6.000 ДЕМ не е точно и не толку важно да се каже, но сепак оваа Влада обезбедила и кредити и за прв пат организирала откуп на оризот, организиран беше и откупот на тутунот, ако некој има кратко паметење, а јас не знам каде не е откупено виното. Можеби Кочани не е винарски крај, ама знам пред да почне сезоната во Кочани, Кочанско и околината виното е откупено. Трагично е што кромидот на земјоделците им се откупува по 7 Денари за килограм, а мирисот од изгниените непродадени зелки се уште се шири по полињата. Па ништо, јас ќе ви препорачам да јадете повеќе Зелка, за да не скапува Зелката на полињата. Тоа не е никаков аргумент, ова овде што го наведувате во овој документ.

"Земјоделството кај нас е една од стратешките стопански дејности, како и во сите Земји кои имаат услови да се потпрат врз него. Македонија ја има и среќата да биде една од земјите на кои природат не била скржава кога и ги определувала условите, но земјоделството и неговиот развој се процес кој трае долго и непрекинато. Во него има место само за настојчиви професионалци." Значи, вие сите сте биле професионалци? Што направивте во делот на земјоделството, јас не знам. Кои беа вашите програми и што му помогнавте на македонското земјоделство и на македонскиот Земјоделец? "За случајни намерници чиј аматеризам во работењето се граничи со дилетантизам не би требало да има место во земјоделството, па нека се тие и нај докажаните и најверни војници на исправаат преку ноќ. Вели, за тоа ќе ви биде потребно време." Можеби ќе ни биде потребно време. Вие имавте 6 години, а ништо не направивте во делот на земјоделието. ВМРО во овие 18-19 месеци на власт ви реков организира откуп на тутунот, на грозјето, на оризот, за прв пат во Македонија од 1990 година наваму.

Зборувавте за шверц со цигари и колку убаво ги опишувате овде сите можни начини, трансакции, како еден шлепер носел 8.000 кг. заработувачката е 300.000 кг. Дали сакате да ви кажам некои од вашите поданици кои за неколку месеци печалеа добри пари по 300.000-400.000 марки? Дали се сеќавате на шверцот со чоколади? Тоа беше најинтересен шверц, никаде не е излезен, мислам добро беше прикриено од сите ваши министерства. Шверц со чоколади, а заработката е во милионски износи германски марки. Зад тие чоколади се криеше шверцот неоткриен со дрога. Значи, благи чоколади со дрога.

Се вршат напади на сите можни министерства, на сите можни установи, на сите можни претпријатија. Се напаѓа Владата дека продава наши индустриски капацитети без никакви тендери и итн. Па не знам што остана за оваа Влада, кога сами сте свесни дека повеќе од 75% од

претпријатијата вие прво ги клекнавте на коленици, ги девалвиравте вредностите на нашите претпријатија, за да можете да ги си приватизирате. Тоа и го сторивте. На ВМРО-ДПМНЕ му остана уште малку, точно е, да се докрајчи до приватизацијата, односно останаа уште само 25% од фирмите кои се веќе приватизирани целосно, зборувам за Кочани, од можни 12 оставивте 9 кои се веќе 4-5 години во стечај. Зборувате за задруга, еве ви пример: Кочанско поле е во загуба, комбинат со 27 милиони ДЕМ загуба. Тоа е еден од најголемите загубари, задруга, која поседува најголем капацитет на оранжериско производство каде имаме топла вода 87 степени и на крајот работиме со загуба. Господа, се тоа ова е направено за време на вашето владеење и сите овие дубиозни што Кочани не знам уште колку години нема да ја напаѓате оваа Влада. Пред се, оваа Влада добила доверба и ќе ја добие и денес и мислам дека најпаметно е да бидете конструктивна опозиција, да си помогнеме како народ велам, а ќе имате време да учите од оваа Влада. Вие можете да давате било какви аргументи, но јас би ве посоветувал да бидете малку повоздржани и да оставите простор оваа Влада да си ја заврши својата програмска зацртана определба, па верувам дека ќе имате можности нешто повеќе да научите од неа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Крале Спанчески за учество во дискусијата.

Процедурално, за збор се јави господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господин потпретседателе, со оглед на тоа што очекувам лека и другите пратеници од парламентарното мнозинство ќе говорат на сличен начин како што говореше говорникот, ве молам да ги информирате за следното: денес на дневен ред е расправата за одговорноста на Владата на господинот Љубчо Георгиевски, а не е на дневен ред расправа за одговорноста на Владата Г-динот Бранко Црвенковски. Тоа што г-динот Бранко Црвенковски седи овде меѓу пратениците, а г-динот Љубчо Георгиевски не е присутен и не го интересира што се зборува за одговорноста на таа Влада, тоа е друго прашање и не треба да ги буни пратениците од опозицијата.

Втората работа е, ако тие навистина сметаат дека ние немаме никакво право да го поставуваме прашањето за одговорноста на оваа Влада, тогаш тие се во голема заблуда и ги молам ако сакаат навистина некаква лојална опозиција како што тие замислуваат, нека си изберат опозиција како што сметаат дека одговара на нивните интереси и нивниот менталитет.

На крајот, што се однесува до нашата доблест дали сме кажале нешто добро за оваа Влада, тоа го има кажано македонскиот народ. Тој вели: најдоброто што го прави оваа Влада во Македонија тоа е што не работи и во недела.

**ИЛЈАЗ АЛИМИ:**

Процедурално, има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, сакам да знаеме како ќе работиме денес, затоа што треба да знаеме колку има пријавени за дискусија, да определиме време како ќе биде и што ќе биде, затоа што ако секој дискутира и ако секој излезе на говорница со реплика и други работи, јас мислам дека Собранието треба да се определи кој по колку минути ќе дискутира и како ќе биде. Инаку, вака не ќе можеме 66 дена да гласаме во врска со Владата. Најправилно би било да видиме колку има пријавени за дискусија и да се договориме по колку минути, односно дали ќе одлучиме во Собранието да има реплики или не.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Амди Бајрам.

Процедурално за збор се јави г-ѓата пратеник Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, уважени колеги пратеници, навистина ми беше жал што некако ќе се дрзнеме да ја промениме тактиката на денешното концептирано договарање околу тоа како ќе се гласа за доверба на Владата или не. Според Уставот треба да изгласаме точно до приложено на 33 страници до нас, во иста мерка би можеле да ја промениме тезата, да значи дека вашата рехабилитација од година и пол кој ви ја дал, дали самите сте рехабилитирале и дали ви е повторно вратен кредибилитетот кон тоа што го имате. Значи, таа паралела на вашето 7-годишно владеење мора да постои за да се направи паралела до сега што е направено во оваа Влада.

И за работењето во неделата, Македонија никогаш немала недостаток на "песи од Месија". Јас имам тука случајно

едно писмо кое е упатено до вас, 3.09.1998 година, до министерот за правда, лично до г. Ѓорѓи Спасов, во кое е потпишан сегашниот премиер Љубчо Георгиевски, во кое замолува дека треба да ги добиеме дополнувањата и измените на списокот од април по член 21 и член 22 кои граѓани во критичниот момент се наоѓаат на службениот рок, на воена вежба, кои се лицата кои се отселиле од своето место на постојаниот и се преселиле на друго место, кои лица се наоѓаат на привремена лица и кои лица се умрени од април до заклучувањето на избирачкиот список 1998 година. Не е во недела, меѓутоа, вие не сте одговориле. Според тоа, дозволете го правото на поднесување на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Валентина Божиновска за учество во дискусијата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Процедурално за г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине потпретседателе, воопшто не сакам да бидат тенденциозен, меѓутоа на секој му е јасен начинот како ние тука се пријавувам за дискусија. Се прави узурпација на правото на пратениците од опозицијата за изјаснување по ова прашање. Затоа мислам дека ќе беше се во ред да се договориме барем најмалку по двајца од сите пратенички групи да се пријават, а потоа да се почитува овој список. Очигледно се сака ова да се спречи, вистината да дојде до граѓаните кои се многу заинтересирани за она што е позитивно и она што е негативно во однос на функционирање на оваа власт. Вака нема шанси, барем од нашата пратеничка група, да дојде некој и да каже нешто.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Биљали.

Процедурално се јавува г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Околу самата узурпација да кажам, доколку г-динот смета дека само опозицијата треба да говори, во тој случај имам еден предлог, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата, да излеземе,па вие господа дебатирајте. Да не очекувате да бидеме само декор во ова Собрание и да ги слушаме вашите инсинуации овде? Дајте, имаме право ние да кажеме нешто, да направиме и кратка паралела на она што значеше работење на СДСМ. Друга владејачка гарнитура немаа, па сега ние мораме да се споредуваме со нив. Така да оставете право и на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ да се пријават за дискусија. Јас сум 35 по ред пријавен па не се бунам, и не знам дали ќе дојдам на ред да дискутирам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Деловничка интервенција за г-динот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе да кажам нешто за текот на седницата.

Првата деловничка реакција беше од г-динот Спасов. Меѓутоа, според привремениот Деловник кој се уште важи, а во кој децидни пишува доколку некој од пратениците реагира деловнички треба да наведе по однос на која точка, по однос на кој тек, не од излагањето, туку како е нарушен текот на седницата. Она излагање што беше пред малку беше реплика. Така да ако некој веќе го узурпира правото деловнички да реагира, треба да каже реагирам на тој и тој челен од Деловникот затоа што беше нарушен текот. Треба да го држиме текот на оваа седница и да продолжиме со расправата без такви трикови, ќе се јави некој за деловничка интервенција, а заправо тоа ќе биде реплика.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Реплика за г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Бидејќи беше поставено прашањето дали ние се чувствуваме амнестирани од одговорноста, мислам дека пратениците од овој парламент треба да знаат барем толку дека одговорноста на СДСМ беше измерена на редовните парламентарни избори на кои ние ја изгубивме власта.

Ако денешната седница се претвори во расправа за тоа дека оваа Влада треба да биде амнестирана затоа што, наводно, такви грешки и слични на нив правела и претходната Влада, мислам дека таа ќе ја изгуби потполна смислата на расправата. Тоа беше мојата поента во која што сметам дека не треба сега да заборавиме за што всушност денеска разговараме. Ако тоа биде основната поента и целокупната дискусија се сведе на тоа дека се треба да и биде опростено на оваа Влада затоа што постоеле грешки во минатото, тогаш сме на многу лош пат да расправаме за она што претставува иднина на демократијата во Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Процедурално за г-ѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници. Уште во старт ќе кажам дека во забуна го притиснав копчето за пријава, така да сметам дека се почитува' редоследот, бидејќи сакав процедурално да реагирам.

Во врска со изјавата на г-динот Мерсел Биљали, да кажам дека списокот на говорниците беше познат уште пред почетокот на дебатата. Доколку претставниците на опозицијата согласно Деловникот, сакаат да воспостават некаков ред во смисла на говорење и определување на минутажата, истото требаше да се направи пред почетокот на самата седница. Сметам дека е девалвирано за тоа да се говори, а од друга страна може и погрешно да се сфати дека на претставниците на опозицијата кои имаат право на слободен говор, во зависност од тоа колку сметаат дека треба да говорат за работата односно не работата на оваа Влада, ќе им биде скратено времето тоа да го сторат. Од таа причина ниту времето не ораторите од страна на опозицијата, ниту пак на претставниците на позицијата не треба да биде веќе регулирано.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на г-ѓа пратеник Ѓулистана Марковска.

Јас мислам да прекинеме со репликите.

Точен е фактот дека многу пратеници се пријавени за дискусии. Тоа се околу 40 пратеници, што значи дека ние можеме овде џентлменски да се договориме, сите тие кои бараат збор да бидат пократки во излагањето, во интерес на времето и во интерес на другите колеги кои се пријавени и сакаат да земат збор. Инаку јас немам право на ниеден пратеник да му го скратам правото за дискусија. Сите пратеници се пријавени овде слободно и тие се евидентирани, а ние одиме по тој список.

За збор се јави пратеникот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници.

Прво сакам да кажам некој збор за ТВ дуелот на господата лидери на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, се во смисла да ги поврзам работите и да објаснам уште една причина зошто нема да гласам за недоверба на Владата, а потоа ќе кажам некој збор за откупот на тутунот и во каква состој ба ја остави од СДСМ оваа индустриска гранка, и за состојбите во образованието, таму каде 28 години го заработував лебот и нешто за администрацијата и нејзиниот однос кон актуелната власт.

Го гледав дуелот меѓу лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, г-динот Љубчо Георгиевски, како актуелен премиер и на СДСМ г-динот Бранко Црвенковски.

Го анализирав настапот и на едниот и на другиот лидер и го заклучив следното, дека нашиот лидер г-динот Георгиевски импонираше со својата смиреност и убеденост во настапот, давајќи впечаток дека станува збор за човек кој израснал во сериозен политичар.

Г-динот Бранко Црвенковски, човек кој од секогаш сакал да го сметаат за мангуп, израснат на скопскиот асфалт, не можеше да се ослободи од заробеното на својата арогантност и цинизам, како спрема г-динот Љубчо Георгиевски така и спрема гледачите, не бирајќи зборови со кои бесрамно навреди еден дел од македонскиот народ, гласачите на ВМРО-ДПМНЕ. Но, знаејќи дека тоа се зборови изречени од него и не е за чудење.

На крајот г-динот Црвенковски рече, ако тие би дошле повторно на власт би биле подобри од она време кога беа на власт, а тој самиот ќе биде подобар од самиот себе. Не можам да сфатам како може некој да биде подобар од самиот себе. Зарем образот и карактерот на еден човек се палто па со него може да се прави соблечи облечи. Не г-дине Црвенковски. Вие не можете да бидете подобар од себе. Вие сте тоа и тоа ќе си останете, а тоа го покажавте и на дуелот. Само ќе кажам, среќа е за ВМРО-ДПМНЕ што останавте и понатаму лидер на СДСМ, иако неколку избори по ред ги губите, што локални, што парламентарни, што претседателски.

Потекнувам од земјоделско семејство и по завршувањето на математичкиот факултет материјално се обезбедував исклучиво од земјоделие, од тутунот, заедно со моите родители, моите браќа и сестри, работејќи секое лето за време на распустот. да може нешто да се обезбеди, како би можеле да се школуваме во што со многу работа и успевавме како семејство. Ова кажувам затоа што, особено производството и преработката на тутун и неговиот откуп ми се одлично познати, за подолг период, почнувајќи некаде од 1955 година па се до денешни денови. Затоа

сакам да кажам нешто околу ситуацијата која сега ја имаме.

Познато ни е дека сите претпријатија за откуп и преработка на тутун, така наречени монополи, нашите претходници успеаја да ги приватизираат, а во државната благајна од таа приватизација да не влезе ниту денар и да донесат таков закон за тутунот со кој овие претпријатија се ставија во повластен положба, посебно околу приграбувањето на профитот исклучувајќи ги непосредните индивидуални производители на тутун од можноста да учествуваат и во делбата на профитот, а не само во можност да се загуби, бидејќи тие имаат можност, со сегашниот закон, само да загубат.

Нашата Влада ја затекна "Македонија табак" заглавена со 200 милиони долари кои ако не беа опљачкани од нашите претходници ќе беа доволни оваа агро - индустриска гранка да живее на висока нога, за што јас веќе поставив и пратеничко прашаше, за овие 200 милиони долари каде се отидени и барам сегашната Влада да ми одговори кој се офсајди, а потоа ќе барам таквите да бидат ставени на столбот на срамот и да им се суди и да го вратат опљачканото. Јасно, сега оваа агро - индустриски гранка кубури чекајќи на приватните монополи чии сопственици се луѓе од СДСМ, а ги приватизираа за без пари, од Буџетот да им се дадат средства за да можат да го откупат тутунот од актуелната реколта. Јасно е дека така речи сите тие претпријатија кој ги присвои. А кога се определуваат цените, кога се откупува тутунот, се гледаа дали производителот од ВМРО-ДПМНЕ, барем таква е ситуацијата во Радовиш или е од СДСМ. На членовите и симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ, буквално им се вели - гласавте за ВМРО-ДПМНЕ, тие нека ви го откупат тутунот. Цените кои им ги даваат се на половина што буквално членовите на СДСМ, производителите на тутун ги добиваат дупло поголеми.

За да биде иронијата поголема, таквите претпријатија делат дивиденда на вработените и до 100 илјади марки годишно, а замислете немаат пари да го откупат тутунот, бараат кредит. Таков е случајот со "Јака Табак" од Радовиш. Таму беа подделни дивиденди по над 30 илјади марки обработен, а за откупот се немаше пари.

Сакам да кажам, една гранка која со години е уништувана, преку уништувањето на директниот производител, не знаејќи дека толкави средства се одлевани на лични конта надвор од земјата, купувајќи цели ранчови, знаат на кој се тоа однесува по белиот свет, во САД, тешко на македонскиот граѓанин ако со таквите не расчисти еднаш за секогаш.

Имајќи го предвид сето горе споменато, како вие се однесувате со тие луѓе и кој е Вашиот придонес сега за подобрување на ситуацијата во оваа гранка, не можам да Ви се начудам. Ги лажете, ги подбуцнувате тутунопроизводителите, божем сегашната власт е виновна за грабежот кој го направивте, место да ги притиснете Вашите газди во фирмите за откуп па и оние ваши луѓе кои го запустија тутуно производството и си заминаа, да го вратат опљачканото, Вие се ситите, не барем станува збор за граѓанин на земја со која сме закрвавени, а власта на Камачи да обезбеди што буџетски средства, што кредити, само да се смири состојбата и откупот на тутунот да се изврши. Често пати на улица ќе ме сретнат граѓани и ми ставаат забелешка аи воопшто на власта и ставаат забелешка, велејќи зашто за ваквите недела никој не е осуден, бидејќи народот ги знае неделата кои ги направивте за време на вашето владеење. Јас им велам, како може тоа да се изведе кога сите судии се должници, имаат хипотека над претходната власт и нај дирекон учествуваа во деловите кои тогаш се правеа. Така во Битола немаше дезинфициран судија од вирусот ТАТ, па мораше да се бара друг суд да им суди на криминалците вмешани во таа афера.

Овие две години откако дојде ВМРО-ДПМНЕ, проневери од типот на ТАТ нема, бидејќи сите овие дупки направени од Владата на СДСМ мора да ги пополни, што и го чини. Ова е уште една причина заради што и ќе ја подржам оваа Влада, но со арамиите, од која сака нека се сорта, мора да се расчисти.

Што се случува со судовите сега, најактуелно, деновиве.

Судовите многу нерешени дела, околу каматите на претпријатијата кои вршеле набавки за министерствата , сега ги решаваат, па тешки суми од контата на министерствата се одлеваат уште еднаш во приватните џебови на луѓето кои ги имаат фирмите кои ги вршеа набавките за времето на СДСМ. Во 1994 година, да речеме, направена камата за некоја зделка, кој знае и дали било тоа, можеби е и фиктивно, сега стигнуваа во министерствата, на контата, по девет, десет па и повеќе милиони денари, за што судовите пресудиле и се симнуваат средствата од сметките на одредени министерства. Тоа треба да го знае

сегашната Влада, бидејќи тоа се случува, а веројатно и го знаат и треба да се преземаа мерки да се види дали е тоа така.

Еве уште еден начин како они ќе се обидат да ја рушат оваа власт.

Колеги пратеници. Јас сум во образованието од 1971 година кога за прв пат се вработив како професор по математика, во Радовишката Гимназија и од тогаш преку глава ми поминаа 5, 6 што реформи, што трансформации на образованието, која од која. Во образованието, демек, преку ноќ биле променети многу директори, многу началници на подрачни единици, па се спомнува фамозниот ПЕКСНАС кој за навек осакати стотина млади луѓе, оневозможувајќи нормално да се школуваат како и сите нивни врсници, за да можат рамноправно да се носат на пријавните испити а не да бараат посебен статус при уписот. Тие тоа веќе го бараат, а наредната година ќе завршат.

Прашувате зошто се променети толку директори и началници во образованието. Искрено да ви кажам добар дел од нив, освен директори и началници друго никогаш и не работеле и имаат по 20 и повеќе години поминато како директори и началници поставени од СДСМ веќе им се провлечеше да не е нивни член, ама близок до нив мораше да е, или барем да е затечен од поранешниот СДСМ, кој исклучиво ги регрутираше директорите. Според мене директорите на училиштата треба почесто да се менуваат, да доаѓаат нови луѓе со нови идеи, бидејќи во училишта та има доволно кадар и штом едно лице е два мандати, се истрошува и добро би било барем еден мандат да се врати на дневникот, мислам да го земе дневникот врака. Истото важи и за началниците. Не знам дали знаете дека директорите, во времето на СДСМ беа основале и свој еснаф директорите на училиштата и тој дел од вработените во образованието стана недопирлив, со што се поделеа на обични професори и наставници во средното и основното образование склапана директори кои, за жал, се уште по тој терк и функционира, па се среќаваат во Охрид, во Маврово во Молика.

Зошто барате Вашите директори да бидат заштитени. Зарем тие се незаменливи и од Бога испратени. Многу училишта, ученички домов и студентски домови од нашите претходници се доведени во катастрофална состојба.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ**: (продолжение)

Училиштата во источна Македонија се за жалење, да не речам оти и врати и прозорци немаат одредени селски училишта каде селата бројат и до 1000 жители. Иако се потрошени огромни средства ѓоа за санација и изградба, но од санациите и градбите нема ништо, само ситни интервенции, да речеме стаклото го смениле, шрафовите на покривот, ако е со салонити, сменети, другото е се исто, а наплатени стотици илјади ДМ. Апашите кои го направиле тој злостор се уште се шетаат на слобода, прогласувани се за менаџери на годината и се уште го вртат тој бизнис, бидејќи истата администрација само на нив им ги доделува зделките.

Македонската држава на секој мора да му даде шанса, а особено оваа власт ако заложбите и определбите на единката се совпаѓаат со програмските определби на актуелната власт. Велат во не знам кое училиште директор бил поставен професор по физичко воспитување. Јасно ли ви е дека сите професори кои имаат 5 години работно искуство се рамноправни на конкурсите за директори. Што има тука чудно дали е професор по физичко воспитување или има завршено друг Педагошки факултет или Технички факултет со положени педагошки додатни 2-3 предмети.

Декан на некој факултет бил поставен, а декан на факултетот во Штип е човек кој има само високо образование поставен од вас во неколку мандати, не е ни магистер, а не доктор на науки. Знаете ли за тоа?

Некој збор ќе кажам и за администрацијата. Зарем не гледате какви сопки се поставуваат дури и од обични административни службеници, па и обични работници курири поставени од вас дури и тука во Собранието тоа го чувствуваме. Гледајќи како се бават со "висока политика" со цел да се направи што поголема штета на сопствената држава, на сопствениот народ често пати еден документ од една до друга канцеларија патува со недели, па се подметнуваат за потпис кај раководителите дури имаше таков случај и кај министерот, па се направи паника во образованието. Затоа треба да се расчисти, да се формира екипа со која ќе работи. По шалтерите намерно се предизвикуваат колони, шалтерските работници поставени и инструирани од вас неделично се однесуваат со странките, ги провоцираат, само работата за која се поставени не ја извршуваат. Затоа за еден министер да биде успешен мора да формира тим со кој ќе работи, а добар дел од нашите министри тоа

не го направиле, туку најголем дел од кадрите ги задржаа дури и ги унапредија, па еве се случува често пати информацијата прво вие да ја имате, па дури потоа министерот. Огромниот дел на големите приватни фирми се ваши, бидејќи тогаш строго водевте сметка кога 80% од општествениот капитал го приватизиравте односно си го препишавте на вас, строго водевте сметка на кој ќе ја дадете фирмата, а сега тие директори ви се оддолжуваат намерно отпуштајќи работници по ваша партиска препорака за да се покаже дека не се работи макар тоа било на штета на профитот на приватниот бизнис. Но, на директорот му е гајле, да не ја платил фирмата со свои пари, па ќе му ја мисли.

Евреите како трговци кога купувале прашувале дали тоа што се продава е од татко му на продавачот или на некој начин наследено, или е со сопствен пот стекнато. Ако е стекнато со сопствен пот не ни се пазареле веднаш си заминувале, знаеле дека продавачот ќе бара висока цена за тоа што го направил, произвел. Ако е подарок од родителите или како вие што го стекнавте, оделе докрај и правеле добар пазар.

На крајот ќе кажам тешко на овој народ ако уште еднаш се вратите на власт. Бог да ја благослови Македонија и оваа власт. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илија Лазаров.

Процедурално господинот пратеник Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги, ние денеска на дневен ред имаме гласање на доверба на актуелната Влада. Тоа е политичка активност и политички чин. Опозицијата бара отчетноста за тоа што актуелната Влада го направила од нејзиното прво формирање на крајот од 1998 година до денеска.

Опозицијата која беше носечка во претходната Влада даде отчетноста за тоа што го направила или не го направила на изборите во 1998 година. Меѓутоа, независно од тоа го почитувам правото на секој од нас да врши споредби иако е навистина доверба на Владата и се бара отчет за тоа што го направила актуелната Влада за последните 17-18 месеци колку што е на власт. Кога се користат сите средства во дискусиите на говорницата дури не замерувам да се изнесуваат невистини, да се гледа од сосема поинаков агол заради тоа што сите ние за кои се зборува сме присутни овде, па ако нешто не е така имаме право на реплика, може аргументирано да го побиеме итн. Меѓутоа, зедов збор процедурално да ве замолам навистина секогаш во дискусиите кога се споменуваат институциите или лица кои не се тука и кои ја немаат можноста како што ние ја имаме, можност да одговориме, да интервенираат. Во овој случај колегата Илија Лазаров директно даде исказ дека спрема него судиите во Република Македонија во претходниот период биле инволвирани во повеќе инкриминирани дејства. Исто така даде исказ дека судиите во овој период намерно пресудуваат по делата кои се воделе во претходниот период, досудуваат високи камати и со тоа учествуваат во рушење на власта.

Ве молам, кога не е присутен претседателот на Судскиот совет, кога не е присутен претседателот на Врховниот суд, на Уставниот суд, да не дозволиме да зборуваме за институции чии претставници ги немаме и чии претставници не можат да дадат одговор на вака отворените прашања. Да продолжиме директно на темата доверба на актуелната Влада на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Мислам дека пратениците ќе го имаат ова предвид, уште еднаш да спомнам да бидете пократки, во интерес на времето.

Координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара процедурално.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги, би ги замолил претставниците на опозицијата односно пратениците од СДСМ да не ни кажуваат како да настапуваме на говорница и за доверба на чија Влада станува збор овде, затоа што основната анализа кога се прави се тргнува по методот на компарација. Со кога да ја компарираме работата на оваа Влада, ако не со Владата на СДСМ, бидејќи таа беше претходно на власт. Спрема тоа, ги молам пратениците од СДСМ да пуштат на слобода на сите пратеници самите да го изберат начинот како ќе ја анализираат и елаборираат работата на оваа власт.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Реплика за господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Најкратко што можам, дискусијата на колегата Краљевски очигледно се однесува на моето претходно јавување. Ни во еден момент не го оспорив правото за

кое тврди колегата Краљевски дека го оспорувам, ниту можеме да влијаеме ниту сакаме да влијаеме на тоа како ќе се настапува на денешната седница.

Јас зедов збор и побарав од вас да не се споменуваат институции и личности кои немаат врска со точката и кои не се присутни. Спрема тоа, не станувaше збор за никакво советување кој како да настапи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Тоа што процедурално интервенираше г. Краљевски беше за претходните дискутанти, а вашата забелешка е на место.

Реплика за господинот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Не можам да ја прифатам забелешката на г. Ханџиски, а пред тоа барав реплика на г. Ѓорѓи Спасов од следната причина.

Господинот Бранко Црвенковски сега да не е претседател на СДСМ и да не се нуди како алтернатива за нов премиер можеби ќе ги прифатам забелешките дека навистина е така, тоа што го зборуваат тие завршило 1998 година, тоа била некоја лоша епизода за СДСМ и со сето тоа тие сега запливале во нови води, имаат нов претседател, сосема кадровски се инаку екипирани, тогаш можеби ќе имаат морално право ова сега што ни го кажуваат да е така. Но, ако г. Бранко Црвенковски и понатаму е претседател на СДСМ, ако г. Лазар Китановски е човек кој како минат министер за одбрана сега постојано ги отвора токму тие прашања за одбраната на Република Македонија, логично ме наведува да мислам дека е тој алтернатива на господинот Кљусев. Ако половина од пратениците се бивши министри, тие луѓе за кои моите колеги од ВМРО-ДПМНЕ и од позицијата кажуваат што направија и каква алтернатива сега ни се нуди, кога споредуваме што направиле тие, а што направила оваа власт, јас велам моите колеги укажуваат дека има голем исчекор напред, и дека е позитивно. Не може вие да барате тоа да не ви биде спомнато. Ако вие не седите во тие клупи и ако вие не зборувате повеќе за одбраната, ако повеќе не зборувате за образованието и други сектори, еве г. Ѓорѓи Спасов да не е генерален секретар на СДСМ, тогаш да, ќе биде во ред. Вака забелешките апсолутно не ви држат. Нека зборуваат новите пратеници, ќе го имаме во предвид тоа што го кажувате, а вака не, немојте затоа што вие сте тие кои ја доведовте до ова дереџе Република Македонија и велиме од таму застанавме на тоа ниво, сега каде оди Владата на г. Љубчо Георгиевски, каде ја води Македонија напред. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Господинот Мерсел Биљали процедурално.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине потпретседателе, бидејќи не добив одговор во однос на тоа што го посватив како прашање, јас повторно предлагам во име на подобриот тек на оваа седница, дискусијата да трае најмногу 5 мин. за секој кој сака да говори условно да бидеме прецизни во тој аспект, така ќе овозможиме секој да дискутира и секој да биде во тема односно да расправа по тоа што претставува главен дел односно најважна цел. Поинаку не гледам ефект од оваа седница ако се продолжи вака, бидејќи ниту позицијата ќе ја постигне целта за узурпација на можноста да се расправа, ниту опозицијата ќе ја постигне својата цел. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам. Мислам дека требаше на почетокот пред да почнеме со седницата да се договориме околу времето на дискусиите. Јас мислам дека сите пратеници немаат долги дискусии, другите сигурно ќе имаат пократки дискусии, така што верувам ќе можеме да завршиме односно ќе можат сите пратеници да земат збор и да го кажат тоа што мислат по ова.

Да продолжиме, да не губиме време.

На ред е г. пратеник Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, Денеска кога се поставува прашање за доверба на Владата на Република Македонија чувствувам потреба, а и должност пред македонската јавност да изнесам неколку аргументирани состојби на кои оваа влада во изминатите скоро две години не обрна доволно внимание и не ги исполни изборните ветувања.

Би сакал да бидам негирам во ова што ќе го искажам, но Владата на Република Македонија верувајте Владата ќе нема никакви аргументи за тоа. Ќе почнам со една дејност која е застапена во мојот крај Прилеп, за што моментално постои голема загриженост меѓу граѓаните.

На овие македонски простори стотици години наназад тутуно

производството било можеби едно од поголемите земјоделски гранки од која егзистирале најголем број жители од Македонија. Македонија била отсекогаш горда и позната надалеку и надвор од македонските граници по тутунот. Денеска во Македонија со тутуно производство се занимаваат и од него егзистираат околу 50 илјади семејства односно околу 200 илјади жители или 10% од населението. Оттука со право може да се каже дека тутунот е богатство во Република Македонија. Но, тутунопроизводителите се исплашени за иднината на оваа земјоделска гранка која во многу простори во Македонија значи живот. Актуелната власт е на најдобар пат да го упропасти ова богатство, на тутунот црно му се пишува. За годинешново производство на тутун државата најави драстично намалување на количините што ќе се откупуваат. Планирате редуцирање на површините под тутун за 25-30%. Несфатливо е Владата да ги тера тутунопроизводителите дури и да ги стимулира да го намалат производството на тутун, па да се преориентираат на други земјоделски култури. Притоа Владата не им кажува на земјоделците дека со ваква политика која ја води нема иднина за ниту една земјоделска гранка.

Уште за време на последните парламентарни избори во 1998 година коалицијата "за промени" знаејќи дека тутуно производството ангажира поголем број граѓани во Македонија нашироко и секаде низ Македонија промовираше дека е заинтересирана за тутуно производството и таа нивна мака ќе биде исплатлива, па рековте дека цената на тутунот ќе биде од 7-9 ДМ за еден килограм. Но, како што испадна работата тоа беа само изборни ветувања. Демагогијата за високи цени на тутунот што оваа Влада ги ветуваше и со која ги доби изборите, се виде дека има ограничен век на траење, затоа што како и обично на крајот некој ќе требаше да го плати цехот. Овој пат цехот го платија тутунарите. Владата не само што не ги исполни предизборните ветувања, туку овие два години цената на тутунот драстично од година во година опаѓа и ни од далеку не може да ја постигне онаа просечна цена од реколтата 1997 година 138 денари по килограм.

Откупот на тутунот во овие две години започнува и завршува неславно. Тутунопроизводителите незадоволни од проценителите кои им го рангираат тутунот по пониски класи и со пониски цени своето незадоволство тутунопроизводителите го искажуваат со низа протести во сите тутунски центри, но кој да ги слуша нив и кој ги разбира нивните тутунски маки. Што им вреди дека Владата определува заштитна цена на тутунот кога откупната цена е за 30% пониска од заштитната. Оваа година просечната цена беше 98 денари килограм односно 3 ДМ. Оние 7-9 ДМ по килограм што ги вети оваа Влада останаа само неостварен сон. Затоа сега Владата на тутунопроизводителите им нуди милост за да повторно ги купи пред локалните избори наводно ќе им дава разлика по 10 денари од килограм за откупениот тутун од оваа година. Дали Владата мисли дека со тоа ќе ги купи овие измачени души, толку ли вреди нивното достоинство, за трудот и да не прашуваме. Сето тоа е под достоинството на тутуно производителите.

Минатата година ги лажевте тутунопроизводителите дека продажбата на македонскиот тутун еднаш за секогаш е решено прашање. Големи американски производители на цигари ќе го откупувале целиот тутун. Оваа година Владата решението го најави преку замена на македонскиот тутун за украинска пченка. Се изнаслушавме дека за македонскиот тутун и цигарите спас е Тајван. Владините министри со дисонансон информации ветуваа пари за тутунот, истите пари се ветуваа за лозарите и на крајот се изостави дека нема никакви пари.

Очигледно Владата нема стратегија за поттикнување на тутуно производството, што е обврска, според Законот за тутун. Напротив, според последните најави што ги дава Владата се вршат подготовки тутунот да се исклучи од стратешка култура да се намали производството на тутун и најавувате дека тутунот слободно ќе се продава по пазарите како и кромидот.

Откупот на тутунот од година во година е се посложен, тутуно производителите во изминатите две години за да го продадат тутунот мораат да плаќаат рекет. Оваа година тутунските комбината најавуваат дека ќе се откажат од откупот на планираните количини тутун и наместо домашен ќе преработуваат тутун од увоз. Тутунските комбинати оваа година склучуваат помалку договори отколку минатата година иако интересот е поголем отколку минатата година. Иако се издадени далеку повеќе жолти картони. Склучувањето на договорите се врши селективно, се разбира, по избор. Многу тутунопроизводители ќе работат без склучен договор, многу од нив ќе немаат сигурност дека тутунот ќе го продадат.

Треба јасно да се каже дека оваа Влада тоа им го приредува на тутунопроизводителите, веќе сега на тутунопроизводителите им е јасно дека до година откупот на тутунот ќе се врши по партиски клуч принцип што се применува во сите сфери на животот. На сите им е јасно дека тутуно производството го оптоваривте со нови цени на репроматеријали поради ДДВ, а наместо со тоа да расте цената на тутунот таа драстично опаѓа. Реколтата 1997 година се откупи по 138 денари, 1998 година по 115 денари, 1999 година по 98 денари по килограм. Што уште оваа Влада ќе им приреди на тутунопроизводителите? Што ли уште ќе ги снајде оние 50 илјади семејства односно 200 илјади жители или 10% од населението на Македонија кое живее и егзистира од тутунот.

Еве веќе 2 години повеќе пратеници бараат оваа Влада да подготви информација за состојбите во тутуно производството што ќе се разгледува и по која ќе се расправа овде во Собранието на Република Македонија. Многу пратеници имаат што да кажат за тутуно производството, имаат што да пренесат од сопствените средини, имаат што да пренесат од самите тутунопроизводители, но овде што добиваме? На Владата и требаа 2-3 месеци да подготви информација, би се рекло стандардни показатели, а ни трага од состојбите, проблемите, стратегијата во тутуно производството. Се тоа само за запознавање на пратеникот што го поставил тоа прашање, а расправа во овој Парламент по овие прашања не се дозволува.

Овој Парламент исто така, му е должен со една ваква информација на преку 200 илјади тутунопроизводители во државата кои заедно со останатите земјоделци можеби се единствените и последните стопанисуваните после катастрофалната ерозија на останатите стопански гранки во Република Македонија. Но, за жал, сето тоа на многу перфиден начин го блокира оваа Влада, таа се плаши да се соочи со проблемите, нејзините интереси се на друга страна.

Нешто во врска со тутунот. Бизнисот со цигари е посебна приказна, сама за себе приказна. Косовската криза како на многумина да им донесе среќа за разлика на оние кои настрадаа во таа криза власта ја загуби контролата врз бизнисот со цигари особено кон Косово, но добро ја следеше состојбата кога се работеше за нејзините индивидуални интереси во овој бизнис. Шлепери со цигари беа упатувани на Косово, но познавачите велат дека најголем дел од нив не ја напуштија Македонија, туку без данок и акциза завршија на нашите зелени пазари.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ**: (Продолжение)

Тој извоз на цигари се плаќаше во кеш на каса прими со торби и со вреќи германски марки, купот со пари е секогаш голем, а како, колку и на кого му се дели огромниот ќар, само актерите знаат. Почнаа да течат многу дебели профити. Извозот на цигарите беше добро организиран и контролиран, но исто така беше добро организирано и контролирано враќањето на испраните, не царинети и неоданочени шлепери на домашниот пазар. Фаќани беа цигари за извоз без бандероли. Маржата од 2-5 германски марки по штека ги натера моќниците во овој црн бизнис, да водат и меѓусебна битка. Тарифата, која мораше да се плати за настап на косовскиот пазар беше од 10-40 германски марки по килограм цигари и нормално од еден шлепер дури и до 300.000 германски марки заработувачка. Со самото тоа гледајќи ја огромната корист од продажбата, извозот односно шверцот со цигарите што го овозможува оваа Влада,- битката во шверцот со цигарите стануваше се поголема, се јавуваат моќници кои се борат кој да го контролира бизнисот на цигарите, очигледно е еден од најдоходовните бизниси во земјата.

Познавачите оценуваат дека само 40-50% од шверцуваните цигари одат надвор. Останатиот дел завршува во племените и визбите односно во шверц центрите. Се фалсификуваат бандероли и се враќаат цигарите на домашниот пазар. Меѓувремено локалните моќници, кои на големо се инволвирани со бизнисот со цигари, се возат во мерцедеси врвна класа, а градовите и понатаму се полнат со стечајци и невработени. За да се потврди наводната грижа на Владата за тутуно производството и цигарите, се укинува производството на успешни марки на цигари, кои што одеа на пазарот, а се промовираат нови марки на цигари. Кога ќе се вршеше контрола на работењето на тутунските комбинати, тоа се споредуваше како закана за измачените тутунопроизводители, финансиски донесени до питачки стап. Кога со контроли ќе се направеа напори за спречување на шверцот со цигари одеднаш тоа се заташкуваше. Цигари за Косово можеа да купат само 2 до 3 дилери. Директни извозници не беа тутунските комбинати, туку компании од Косово со сомнителен кредибилитет. Наместо цигарите да ги извезува евидентирана фирма во царинскиот

регистер, тоа го прават фирми од Косово. Тоа не дава гаранција цигарите не завршуваат на Бит Пазар. Значи, не постоеше контрола на извозот на цигари. Од направените контроли на управата за јавни приходи, утврдено е дека нема дозволи за извоз, нема банкарски гаранции, неплатени се акцизите, цигарите се извезуваат без бандероли.

На крајот, сепак, сите овие трансакции, целиот овој бизнис со цигарите за Владата е како нешто најнормално, никој не е одговорен, никој не е казнет, а очигледно некои џебови останаа полни, касите на државата останаа празни, а шверцот со цигарите и натаму цути. Еден ден кога оваа страница нашироко ќе се отвори народот, особено тутунопроизводителите ќе имаат прилика да дознаат кој всушност, навистина им го девалвирал нивниот труд и кој ги ограбил. И, никако овој хаос со цигарите, некако да запре. Од ден на ден слушаме се нови и нови бисери. Европската Унија упати тешки обвинувања до Македонија за шверцот со цигари. Македонија е третирана како крстосница и база од каде што тргнува шверцот со цигари кон Европа. Но, Владата од тоа абер нема, барем да се засрами. Одеднаш се спушти во корекција на изјавите од претставниците на ЕУ, а не пропушти да ги нападне домашните медиуми. Да ви кажам право и јас би ги нападнал домашните медиуми кога велат дека Македонија е швајцарско сирење за шверцерски камиони. Овие медиуми употребуваат странски производи. Па, нели и ние имаме шарпланинско сирење, мариовско сирење, кое за оваа пригода е далеку подобро, има поголеми дупки.

На крајот не требаше да помине ниту еден ден кога премиерот ја обвинуваше претходната Влада за случувањата во"Македонија табак", сега пак да пукне тиквата. Неговата роднинска фирма "Македонија табак 2000" поведена од претходно најавени атрактивни нови цигари, упаѓа во сопственоста на лиценцата на еден од нашите најголеми откупувачи на тутун Филип Морис од Македонија откупува повеќе од десетина илјади тони годишно , со што во Македонија се слеваат повеќе од 30 милиони германски марки и е под нејзин патронат производството на цигарите "Партнер". Што би се случило ако сето ова секне? Катастрофални последици како за тутуно производството, така и во целина за тутунската индустрија.

Владата се уште се оглушува од оваа тутунска војна.

Очигледно е дека не е спремна да ги сопре менаџерите од"Македонија табак 2000", да уништат добар дел од тутуно производството, а и од тутунските комбинати.

Со земјоделците е друга приказна, тука нормално се и тутуно производителите. Колку ли средби ќе треба да одржи односно, да се одржат помеѓу Владата и Сојузот на земјоделците и од средба на средба само лажни ветувања, лаги до лаги. На земјоделците им се ветуваше дека ќе им се дава нафта по цена од 15 ден. за литар. Но, како што оди на секој втор ден, како што поскапува нафтата и нафтените деривати, тешко дека земјоделците ќе се израдуваат со некаква нафта по цена од 15 ден. за литар. Нафта, наводно, добија земјоделците, но на тоа ќе се израдуваат само 30% од нив. Условите, нафтата да се дава само на осигурениците земјоделци, отфрли од игра 70% од нив. Ниеден тутунопроизводител нема да добие нафта, а со истата судбина се лозари, градинари и др. На земјоделците им се ветуваше укинување на ДДВ за земјоделството, враќање на премиите, корекција на откупните цени на тутунот и на пченицата, но сето тоа е само нивна пуста желба. Каква контрадикторност, би се рекло, лага им нуди Владата на тутунопроизводителите. Од една страна сугерира, па дури и стимулира тутунопроизводителите да ги намалат количините на тутун што ги произведуваат, па да се преориентираат на други земјоделски култури. А, од друга страна преговара со Сојузот на земјоделците дека ќе врши корекција на откупните цени на тутунот и со тоа наводно тутунот ќе има повисоки откупни цени. Таква демагогија е повеќе пати видена, барем во однос на тутунот, земјоделците не можат да бидат повеќе лажени. Како што рековонние од 7 до 9 германски марки по кг. тутун што ги ветуваше за време на парламентарните избори, земјоделците нема никогаш да ви го заборават.

На шеќераните со месеци им се ветуваше дека ќе можат да ја откупат фабриката за шеќер во Битола, за да другиот ден Владата ја продаде шеќераната на стратешки инвеститор по нивна мерка и по пониски цени. На крајот, наводно, поништување на договорот, но со непознат епилог и долги судски постапки. Земјоделците имаат за што да бидат незадоволни.

Отворени се прашањата што ги предизвикува ДДВ, со што се оптоварија со нови цени, репроматеријалите, а цените на

земјоделските производи се намалуваат и на оние за кои државата ги определува заштитните цени, пазарните цени дури се и пониски од заштитните. Очигледно, Владата не само што не води доволна, туку не води никаква грижа за земјоделското производство. Дури и примерите на профитирање на сметка со земјоделците, како што тоа беше со набавката на крави преку Агенцијата ја потврдува ориентацијата на Владата. Да се направи профит од се, па и од потта на земјоделците. Поради тоа, оваа Влада не ја заслужува довербата од земјоделците Тие овој пат ќе го кренат својот глас повисоко и тоа им е единствената шанса за опстанок.

Сега ќе се префрлам на една друга област. Кога изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ за парламентарните избори во 1998 година, слушавме податоци какви активности се нудат во станбената политика, човек ќе си помислеше дека навистина е можно. Дали тоа е можно? Но, на големи тапани се најавуваше дека државата ќе ја има грижата да инвестира во изградба на станови за социјално загрозени и изнемоштени лица, евтини станови. Коалицијата ветуваше дури и инвестиционен циклус од по 8000 станови годишно. Планираната цена од 1000 до 1100 германски марки, предвидувавте дури и да се намали и дека ќе му се даде можност на обичниот граѓанин полесно да дојде до стан и до сопствен покрив на главата. Се отиде дури дотаму што изјавите на Владата на владините министри не можеа да се споредат ниту со научната фантастика. Во текот на една година во Македонија ќе се граделе по 7000 станови, од кои 3000 станови само во Скопје. Становите ќе биле само за социјално загрозени и хендикепирани лица, за млади брачни двојки и лица што досега не можеле да купат стан. Цената која ја промовираше оваа Влада, исто така ја надминуваше фантастиката. Се пропагираше цена од 800 германски марки по квадрат, дека ќе се даваат долгорочни кредити од 10 до 30 години, со мал процент на учество. Дури и на граѓаните што имаат сопствено земјиште, им се кажуваше дека ќе добиваат кредити за изградба на куќи. И, при сето ова се најавуваше дека Владата ќе ја финансира изградбата на становите со буџетски пари, а банките, кредитите што ќе ги дадат, ќе бидат на комерцијална основа и со поволни камати. Дури и Агенцијата за обнова и развој бомбашко најави, па и потпиша пред договор за 8000 станови со турски конзорциум и замислете тие станови ќе се продавале по 625 германски марки од квадрат. Ќе се граделе по 2000 станови годишно, а изградбата ќе ја вршеле македонските градежници.

Понатаму се редат бомбаши најави дека со австралиска помош во Македонија ќе се градат 10.000 станови. Тоа потоа се најави зделка за изградба на станови со помош на Канада, па тајландски фирми за 8000 станови и т.н.

Се доби впечаток дека во изградбата на станови, Македонија ја очекува неверојатна иднина, па како што Владата се впушти во вакви авантуристички најави и вакви неверојатни бројки, човек ќе си помисли дека ќе има и по 2 стана на едно семејство. Ценам дека има голема потреба од изградба на станови, но при тоа ваквите бројки треба да бидат поткрепени со реални можности. Се разбира, прво, со куповната моќ на граѓанинот, а потоа што Владата ќе обезбеди таа куповна моќ да ја поправи. Како што досега оди во овие две години, Владата направи тотално промашување како по однос на предвидувањата, а уште повеќе во однос на подобрување на куповната моќ на граѓаните. И, не само тоа. За оваа динамика од по 10.000 станови годишно треба да се обезбедат 600 милиони германски марки годишно. Фантастично. И, што од сето ова, што оваа Влада го вети, го предвиде и на големо го промовира за овие две години, оствари во станбената изградба.

Програмата за станбена изградба што ја донесува Владата за овие две години ни од далеку не личи на изборната програма, а уште помалку личи на она што и денес секојдневно ни се сервира. Се се сведува на отпочнати станови од пред 1999 година, најмногу за подготвителни работи во 1999-2000 година, односно на планирани станови. Но, едно е изградба, друго е подготвителни работи, трето е планирање, а сосема е друго кога и дали ќе се изградат становите. Долго најавуваната кампања, која се градеше врз најзагрозената општествена група, социјалата, самохраните мајки, децата без родители, младите брачни двојки, остана неостварлива. Овие категории на граѓани останаа излажани. Условите тие да дојдат до стан, останаа недофатливи. И не само тие , останаа излажани и сите категории на граѓани кои што немаат покрив над главата. Владата заборави дека граѓаните се со слаба куповна моќ. Заборави дека на граѓаните им вети поволни долгорочни кредити, а од тоа ниту трага. Голем број од граѓаните денес верува дека никогаш не ќе бидат во можност да купат сопствен стан. Очигледно,

државата не прави ништо за да им овозможи на граѓаните некакви поволности за купување на стан.

Денес дефинитивно е јасно дека најавите за динамична изградба на евтини станови отстаплив за сите граѓани, беа само политички маркетинг, предизборен маркетинг, само за една употреба. Многу брзо се изостави дека она што го предвидуваше оваа Влада во областа на станбената изградба, нема никакви шанси да се оствари. Најавите на Владата дека ќе се градат евтини станови, евидентно, се крајно несериозни и нереални. Залагањата за изградба на евтинии станови, за млади брачни двојки, за социјални случаи, во секој случај е за поздравување. Но, условите под кои тие се градат и се продаваат се прифатливи само за ограничен број на граѓани. Само учеството од 50% од вредноста на станот е недостижна, а илузорно е да се мисли дека просечниот македонски граѓанин успешно ќе може за 10 години да го отплата станот.

Од сите бомбашки најави за интензивна станбена изградба пред малку, за прв пат во овие две години, имавме прилика да се објави конкурс за само 369 станови, што е далеку под ветувањата и програмирањата на оваа Влада. Нема никакви ни теоретски шанси бројката да се заокружи барем на онаа цифра од 4000 станови, што за овие две години требаше да бидат готови. Цената на овие станови се движи од 1400 до 1600 германски марки по квадрат. Замислете Владата нуди евтини станови за категории, како што кажав претходно, но според цената овие станови се далеку од евтини, а незамисливо е тие по цената да бидат и социјални. Замислете , сега, при вакви цени каква ли ќе биде цената на становите кога од почетокот на идната година треба да се применува ДДВ, што оваа Влада го наметна и за станбената изградба. Цената, тогаш, сигурно ќе биде 2000 германски марки по квадрат.

Да се навратам на сите станови за кои беше распишан конкурс. Се распиша конкурс за купување на станови, се објави кои категории ќе можат да ги добиваат и купуваат, а не беа познати критериумите за продажба на становите. Значи, прво, ќе се соберат барањата, па потоа ќе се сочинуваат критериумите. Очигледно критериумите ќе се изготвуваат во зависност од барањата. Додека некои собираат десетици формулари за да конкурираат, други имаат само еден формулар, партиската книшка. Со право револтираните граѓани, гласно реагираат, дека доделувањето на становите ќе се врши по непишани критериуми.

Еве, каква станбена политика им нуди Владата на преку 70.000 семејства во Македонија, кои го немаат решено станбеното прашање. Бројка што треба да не загрижува и да не обврзува. Но, со ваква политика на Владата проблемот со семејствата без решено станбено прашање, проблемот на овие 70.000 семејства, нема шанса, нема перспектива, нема иднина за овие семејства.

И, не само тоа, денес под секојдневен страв живеат дури околу 8000 семејства. Овие семејства, денес живеат во станови од државна сопственост, но со нерешен статус, диво вселени со временски решенија, со неопределено станарско право, неоткупени, според постојните критериуми. Владата, за овие категории на граѓани, ги стопира сите активности на службите за решавање на нивниот статус. Тоа значи дека судбината на овие 8000 семејства е неизвесна. Тие во секое време можат да станат идни бездомници. А, ако се има сознание дека , главно, тоа се работници со ниски лични примаша во семејството, стечајци, пензионери со ниски пензии, тешки социјални случаи, тогаш можете само да замислите колкава катастрофа приредува оваа Влада. Никој за овие семејства не се грижи, поради нивната лоша финансиска состојба. Тие не успеаја ниту да ги купат становите на 40 години, а сега Владата со стопирањето на регулирањето на нивниот статус, практично ги фрла на улица овие семејства.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ**: (Продолжение)

На крајот уште нешто. Со доаѓањето на оваа Влада, на оваа власт, за брзо време сметката на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор се префрли во АЛМАКО банка. На сите ви е познато дека за само една година после тоа АЛМАКО банка е ликвидирана. Отидоа во неврат 6,5 милиони ДМ од ова претпријатие. Прашање е зошто Јавното претпријатие не градеше станови, зошто ги депонираше средствата во банката? Отидоа во неврат, отидоа курбан повеќе од стотина станови. За тоа никому не фали ни влакно од глава. А, социјалните случаи,а самохраните мајки, а децата без родители, младите брачни парови ќе почекаат некои подобри времиња.

Нешто блиску до станбената изградба. Градежништвото, што како индустриска гранка некогаш имаше солидно место, според остварениот национален доход, од година во година навлегува во се

поголем колапс. Владата, како и во предизборието, така и по преземањето на власта, на големо најави финансиска инспекција за градежниците. Таа најави и парична помош, дека ќе ги засили градежните фирми со кредити или со вложувања од странски инвеститори. Беше најавувано дека без обезбедување на изградба на огромен број станови ќе се активира и целокупната градежна индустрија: индустријата за бела техника, потоа финални производи од дрво, текстилната индустрија и други гранки. На големо се најави дека со интензивната изградба на огромен број станови ќе се отвори простор за нови вработувања во градежништвото, за околу нови 40 илјади вработувања. Владата ги охрабри градежниците дека има стратегија за нивен организиран настап во обновата на Косово, дека настапот нема да биде со банкарски гаранции, што е голема поволности за нас и најголем предизвик за нас.

Владата најави дека договори ќе може да се реализираат за една милијарда долари и дека таму има работа за 7-8 милијарди долари. Но, како што излегоа работите на чистина, на Косово единствено одеше испораката на градежни материјали и тоа поединечно, кој како ќе се снајдеше.

Владата најави дека од ОН ќе се добијат 100 милиони долари за изградба на станови. Од кои дури 80 милиони долари ќе биле донации. Целокупниот прега ќе го изведуваат наши градежници. Беше најавено дека грчки фирми се заинтересирани за изградба на автоматот Демир Капија - грчка граница, дека Светска банка ќе одобрела 35 милиони долари за пругата кон Бугарија, па потоа дека Алијансата ќе даде 60 милиони марки за реконструкција на патиштата и мостовите што таа ги оштети, а да не зборуваме за Транс балканскиот нафтовод кој ќе обезбеди грди пари. И, со сето тоа Владата ги тешеше градежниците дека имаат поголема перспектива, па дури и малку ќе им бидат 24 илјади вработени во градежништвото.

Не може ни да се замисли колку е далеку реализацијата од тоа што Владата им ветуваше на градежниците. Ниту трага од изградба на голем број станови, најавата од Владата дека становите ќе се градат по многу ниски цени за градежниците беше крајно несериозна и нереална. Тоа, кај купувачите, само создаде мислење дека некој наплатува повеќе отколку што е цената на чинењето. Најавите дека државата ќе откупува станови од оперативата се само форма таа да си ги наплати побарувањата од фирмите, а не да им се помогне на фирмите. Градежниците бараат парите да им бидат исплатени веднаш за да се расчистат со банките од каде земаат исклучително неповолни кредити.

На ваков начин, Владата, очигледно, само го држи во неизвесност градежништвото и ја усложнува исклучително тешката и сложена ситуација во која се наоѓаат градежниците. Тие се судираат со непремостливи потешкотии и голема несигурност. За да ги ангажираат своите капаците, градежниците се принудени сами да ја инвестираат изградбата, а во услови на немање доволно обртни средства тие се насочени кон банкарски кредити со високи камати и неповолно, поприлично ја оптоваруваат, особено крајната цена на чинењето на м2 стан.

Што веќе од сигурно е дека се помалку се купува градежен објект со готови пари. Отсуствуваат поволни кредити, особено за станбената изградба, а фирмите се потешко сами инвестираат. На тој начин тешко може да се затвори кругот на комплетната инвестиција, па со не продавање на објектите и со високите камати, расте и цената на 1м2 и на пазарот тешко се прифаќа.

Поради тоа што во државата има многу недоречени работи во поглед на градежништвото, условите за градба се многу отежнати. Владата воопшто не се грижи да ги подобри тие услови и само се занесува со некакви инвестиции кои, очигледно се нереални. Покрај тоа, на домашниот пазар владее и крајно нелојална конкуренција, што државата не се ангажира да ја анулира. А, од друга страна, големите градежни фирми го носат товарот на социјалата. Редовно ги намируваат трошоците кон државата, а располагаат со голем потенцијал на работна рака, што најчесто е недоволно ангажирана.

Од таму, се почесто се поставува прашањето и кажува е иднината на фирмите со основна дејност - градежништво? За да се учествува на поголеми тендери во странство, се бараат гаранции од нашите банки и градежниците сами да кредитираат дел од работите и тоа е голем ограничувајќи фактор, затоа што финансиската положба на градежниците е очајна. Оваа Влада не се ангажира да го санира градежништвото онака како што ветуваше кога дојде на власт.

Збор два, повторно ќе нагласам за патната мрежа. Косовската криза, покрај многубројните катастрофи што ги донесе во Република Македонија, предизвика големи штети и на патната инфраструктура. Како резултат на повеќемесечното крстарење на тешките транспортни возила на Алијансата, предизвикани се воочливи деформации на многу патишта во Македонија. Градежниот факултет и Републичкиот фонд за магистрални и регионални патишта направија анализи, при што се констатирани деформации на 700 км патна мрежа на коловозите ленти и долните слоеви, а особено на мостовите конструкции, што се најоштетени. Формирани се бранови по должините на коловозите поради големите оптоварувања на тешките влечни возила што превезуваат 60-тонски оклопни возила, а нашата патна мрежа не е димензионирана да трпи големи осни оптоварувања.

Утврдено е дека само за санирање на мостовите потребни се 20-тина милиони германски марки, а процената за поправка на патиштата изнесува 30 милиони германски марки. Пореметувањето на патната мрежа ја има и на локалните патишта. За нивна санација потребни се нови 3,5 милиони ДМ.

Гледано во целина, во Македонија е потребна комплексна реконструкција на најголемиот дел на патната инфраструктура. Таа реконструкција не смееше да се одложува уште од минатата есен. Не смее да се одложува ни во оваа есен што доаѓа, уште помалку, затоа што доаѓа зимата. Тогаш уште повеќе се оштетуваат патиштата поради деформациите во долните строеви.

Кога на овие состојби се реагираше, Владата најави дека жестоко ќе се заложи од Алијансата да ги добие потребните средства и дека Македонија ќе стане големо градилиште. Патиштата ќе ги реконструираат македонски градежни претпријатија.

Но, што се случи? Се сведе само на презентација од страна на Владата на штетите. Нема ниту договор, ниту одговор кој сето тоа ќе го плати? Произлезе дека Македонија самата ќе треба да ги реконструира штетите,на патната инфраструктура, што ги направија сосема други. А, како што произлегува, тие штети не се мали. Македонија ќе ја чинат околу 60 милиони ДМ.

Навистина, Алијансата закрпи нешто од патиштата. А, Владата ќе го закрпи сопствениот народ за да вложи сопствени средства и да ги реконструира оштетените мостови и патишта. Добро е тоа, на грбот на народот што побрзо да се направи, затоа што колку времето одминува, толку е поголема опасноста од распаѓањето на патиштата, а особено на мостовите. Македонија ќе треба да вложи сопствени средства во висина од 60 милиони марки за реконструкција на патиштата што ги оштети НАТО со своите тешки возила, крстарејќи низ државата со месеци, само заради тоа што оваа Влада, како и во многу други работи не направи договор со НАТО пред да се даде нашата територија за користеше од страна на НАТО силите. Сите пазари Владата требаше да ги заврши пред НАТО силите да стапат на нашата почва. Но, ете, оваа Влада тоа го пропушти.

За утеха, оваа Влада секогаш ќе ни нагласува дека Македонија е во срцата на западниот свет, дека сме одиграле клучна улога во косовската мисија, дека сме добри домаќини. Сега, од како за нас заврши Косовската Одисеја, од овие штети што ни ги направија на патната инфраструктура, треба да извлечеме само поука. Оваа Влада треба да си даде оставка, не е способна да ја води оваа држава, затоа што само во областа на инфраструктурата не закрпи сите нас со околу 60 милиони германски марки. Ако и понатаму оваа Влада остане да ја води оваа држава, секогаш ќе се закрпуваме самите себе и ќе имаме само крпеници.

Кога сум кај инфраструктурата ќе кажам уште неколку зборови. За Македонија, ако е нешто важно за нејзиниот просперитет тогаш секако дека тоа е нејзиното инфраструктурана поврзувавме со Европа, со нејзиното опкружување, а понатаму и со светот.

Поради тоа, во изминатите 10-тина години, најголемо внимание се посветуваше на патното, железничкото, телекомуникациското и енергетското поврзуваше на Македонија. Резултат на тоа беше утврдувањето и прифаќањето на Коридорот 8 што на две Пан - европски конференции доби приоритет за изградба. Важноста на Коридорот 8 е уште поголема ако се знае дека тој ги сече трите вертикални коридори: Софија -Дрезден, Јадранската магистрала и Атина - Германија, а преку пократок на овој коридор магистралниот пат Велес – Прилеп - Битола, овој коридор ја поврзува нашата држава со јужниот сосед. Кога пред нешто од една година претседателите на Македонија, Албанија и Бугарија го поддржаа овој коридор, разговараа за неговата брза реализација, со сознанијата дека овие комуникациски

врски ќе придонесат за побрзо интегрирање на балканските земји во ЕУ, сите поверувавме во нивната изјава дека со денешните потписи ќе почнат да го реализираат Коридорот но, што од сето тоа се направи за овој Коридор? Од најавите дека пругата кон Бугарија може да се изгради за една година и дека за тоа Германската Влада ќе даде 30 милиони ДМ, не се оствари ништо. Повеќе од 1,5 години оваа Влада ја игнорира понудата на Француската компанија "СИСТРА" за вклучување на изградбата на пругата кон Бугарија.

Во рамките на Пактот за стабилност не се направени доволни напори да се цврстата во повисока категорија и со подобри изгледи, објектите во Коридорот 8, а особено е заборавен магистралниот пат Велес Прилеп – Битола - граница со Грција. Во Буџетот на државата се одвојуваат минимални средства за овој Коридор, а минатата година не се даде ниту денар. Во Владината програма за јавни инвестиции за следните две години, сумата за сообраќајната инфраструктура во целина е намалена.

Од сето тоа може да се заклучи, дека оваа Влада е пасивна во однос на изградбата на Коридорот 8 и повеќе од една година не направила ништо. Сето тоа дава на знаење дека Владата се откажува од изградбата на Коридорот Исток - Запад, односно дека свесно оваа Влада Коридорот 8 го отстапува на Грција. Владата се откажа и потклекна на силното лоби од страна на Грција и свесно се откажува од Коридорот Исток - Запад, заслепена од досегашните инвестиции и ветувањата за нови инвестиции од страна на Грција. На таков начин Коридорот 8, што ќе ја заобиколи Македонија и ќе поминува низ Северна Грција, низ Егејскиот дел на Македонија, а со тоа Република Македонија ќе остане слепо црево на Балканот. Тоа секој може да го потврди, а најмногу стручњаците.

Најголемата потврда за тоа, покрај севкупната незаинтересираност за овој Коридор, е Одлуката на Владата да се гради нафтоводот Скопје - Солун што директно го загрозува веќе изработениот проект на трабалканскиот нафтовод АМБО. За нафтоводот АМБО пред скоро една година оваа Влада потпиша договор за изработка на физибилити студија. Значењето на овој нафтовод е огромен поради потребата за транспорт на нафта со големи количини од земјите на поранешниот СССР кон земјите на Европа и Атлантикот. Овој нафтовод има широка меѓународна поддршка, а неговата важност е уште поголема, бидејќи АМБО ќе биде поврзан со нафтените трансверзали во Азербејџан и во Турција.

Владата, на големо, зaговараше дека на околу 200 км на нафтоводот АМБО низ Македонија ќе бидат ангажирани домашни градежни фирми. Демек, дека Македонија нема да вложува сопствени средства, дека ОКТА ќе добива далеку поевтина нафта, дека ќе има вработувања во одржувањето на нафтоводот, дека ќе има добри такси за премин на нафтоводот низ нашата територија. Крајно, ваква голема инвестиција ќе беше и гаранција за мир во регионот.

И, уште нешто. Транспортот на суровата нафта низ нафтоводот АМБО би чинел околу 9 долари за тон, а нафтоводот Скопје - Солун ќе чини 25 долари по тон. Тоа е три пати покус пат, а крајната цена 9 пати поевтин транспорт преку нафтоводот АМБО. И, сето тоа беше добро и на најдобар пат да се оствари. Владите на Албанија и Бугарија дадоа согласност за изградба на овој нафтовод, а Владата на Македонија се уште размислува.

И, навистина, Владата има за што да размислува. Таа претходно зеде обврска, со продажбата на ОКТА, дека 20 години Македонија ќе користи нафта само од "Еленик петролеум". "Еленик петролеум" е сопственик на ОКТА, се заканува дека ќе го раскине договорот ако Владата дозволи снабдуваше со нафта од трансбалканскиот нафтовод. Значи, дека Македонија е доведена во ситуација "да поминуваш низ река а да не се наводниш".

Од друга страна, Грција интензивно лобира за изградба на нафтоводот Бургас - Александрополис кој е директен конкурент на АМБО, а на големо се кажува дека нафтоводот Скопје - Солун не му конкурира на нафтоводот АМБО.

Ете тоа го прави оваа Влада за реализација на Коридорот 8, во целина и ја изразува тоталната неподготвеност

да го реализира овој многу битен коридор за Македонија. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Настески Кирил.

Има збор господинот пратеник Тодоров Ристо.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, и покрај лошото читање на нашата иницијатива, која иницијатива упорно се нарекува интерпелација, што како инструмент за контрола на работата на носителите на јавни функции, поединечно или во целина.

Уставот на Република Македонија, во својот член 72 ја дал на располагање на Собранието. Во овој случај, сепак се работи за момент даден во членот 92 од Уставот и сите ние сме исправени пред јавноста на Македонија за да се изјасниме за доверба на Владата. Разликата, ќе се согласите е голема.

Денешнава точка на дневен ред не е само парламентарна можност петмина парламентарци да побараат краток прекин во нормалната работа на Парламентот за да се расправа за работата на некој носител на јавна функција. Ова е многу посериозно прашање.

За да му се наметне на Собранието, потребна е согласност од најмалку 1/6 од вкупниот негов состав. Така е по прашањето на формалната страна.

Суштината на прашањето, неговото фактичко значење во себе содржи поголема тежина. Владата на Република Македонија, според Уставот ја избира овој Парламент и за нејзината работа сме одговорни ние. На никој друг во оваа држава не може да му се стави на совеста товарот на одговорноста за работата на Владата. Оваа или било која друга, сеедно. туку само на 120 избраници на народот кои ја имаат привилегијата да уживаат во удобностите на овие сини фотелји. Тоа е нивна основна задача, да создаваат рамки и правила за однесуваше во оваа држава и да контролираат колку и како поставените рамки и правила се почитуваат.

Почитувани колеги во образложениeто што е приложено со барањето за гласање на доверба на Владата, генерално се наведени сите моменти што придонесоа за да се пристапи кон ваков чекор. Генерализацијата на моментите пак е предизвикано од непрегледното мноштво примери за пропусти и грешки на Владата.

Изборната единица што ме испрати да ја претставувам во овој пратенички дом, по дефиниција има аграрна ориентација. И јас, пред да дојдам во овие редови, професионално се бавев со проблемите на аграрот. Затоа во моето барање ќе се задржам на прашањата сврзани со него.

Ниту сега, ниту било кога во историјата на човештвото, од времето кога човекот сфатил дека својата егзистенција не смее да ја потпира само на условите со кои се карактеризира моментот, туку мора самиот да си создава услови, земјоделството не било оставено само на себе.

Од праисторијата досега земјоделството со се она што го опфаќа овој поим било сместувано во корпусот на стратешки важни ресори, не го изборните политички програми, туку во реалниот живот. И што можеме во тој контекст да кажеме за Македонија односно за нејзините југоисточни краишта.

Во годинашнава сезона досега зад нас се останати есенската сеидба и поголемиот дел на жетвата на таа сеидба, оранжериско рано градинарско производство, есенско, зимско и пролетно рано градинарско производство на отворено, фолијана рано градинарско производство, тутуно производството и резултатите од сточарството. Во тек се активностите на производството и пласманот на сезонските култури, а следува производство и пласман на производите од овоштарството и лозарството. Кога ќе се повлече линијата под резултатите од веќе завршените земјоделски активности можеме да извлечеме резиме дека земјоделците ни се многу задоволни. Поскоро ќе биде обратното. Зошто? Затоа што со оваа цена на нафтените деривати сметката кажува дека многу операции што се прават со механизација нужна за обработка на земјата ќе се избегнуваат да се прават. Тоа значи веднаш помалку приноси по единица површина и послаб квалитет на производите. Есенска, тој мотив беше главен при носењето на одлука многу површини да не бидат посеани со жито. А и кога да бидат посеани кога едно одење и бранување на еден декар земја ни чини најмалку 700 денари. Такви се барем кај нас цените. Но, со едно орање не бива. Треба да се ора најмалку двапати. Тоа се веќе 1200 денари. За еден декар површина треба 30 килограми семенски материјал, кој според информацијата на Министерството за земјоделие, а и според малопродажната

цена чини по 26 денари за килограм. За таа потреба се потребни 700 - 800 денари. За потхранување и заштита треба уште околу 500 денари, жетвата не може да помине без 500 денари по декар. Кога ќе се собере сето тоа потребни се околу 3000 денари готови пари за да се посее еден декар таканаречено старо жито, Математиката вели дека на полјоделецот му се потребни 300 килограми жито да собере од еден декар за да може да си ги врати готовите пари вложени во есенската сеидба. Никој во салава не е толку неук за математика и земјоделство за да не може да сфати дека таа работа не бива. Не бива еден литар нафта да чини четири килограми пченица. Затоа, земјоделците кои имаат механизација или обични запреги уште некое време ќе сеат по навика, но во прашање е само денот кога ќе го баталат сеењето жито и ќе се надеваат грандовите американска пченка со која ќе се задолжува државата, а полињата ќе ни стојат не изорани.

Во серијалот добро производство без можност за пласман понатаму следуваат епизодите со кромидот, доматите, компирот, краставиците и други не толку важни, но многу значајни за семејните буџети култури. И, како не би било така, кога сета стратегија на Владата и Владините повереници во врска со пласманот на рано градинарските производи се потпира на потенцијалите на кванташкиот пазар и на расположението и волјата на зелената мафија. Се разбира и на лоцираната моќ на Косово. Од таква стратегија никој нема погуста. Но, понатаму и таа има свои есапи заради кои деновиве за жалење станаа производителите на бостанот. Тутунарите го кажаа веќе своето. Тие не се спремни да садат тутун кој ќе им биде откупуван по цена еден килограм тутун за еден килограм бензин. тие што ќе си дозволат да го прекинат ова нека ми покажат со пример каде е тоа во нормални земји 1 кг високо квалитетен тутун да биде колку еден литар бензин. На прагот стои сезоната кога лозарите треба да го валоризираат својот труд. Никој не може да м убеди дека нивната надеж е оправдана.

Градот од каде што доаѓам со децении во својот развој и во својот гол егзистенционализам се потпира на комбинатот Анска река. После сите премрежија на првите транзициони случувања со кои комбинатот Анска река Валандово и самото подрачје се соочија луѓето кои раководеа со комбинатот успеваа некако да се снајдат во ново настанатата ситуација. Се бара и се наоѓа алтернативни пазари. Се бара и се наоѓаа нови патишта за заобиколување на териториите каде што се спојуваше и териториите кои беа изолирани со одлука на меѓународната заедница. И тогаш во тие услови 95% од производството на комбинатот се пласираше на надворешните пазари. Резултат на тоа беше редовното исплаќање на платите, плаќањето на надоместоците и на даноците и обезбедување сопствени средства за обрт и нови вложувања. Којзнае што ќе се случуваше последните две години. Се знае што се случи. Се смени власта во државата. Новата власт покрај своите изборни ветувања сруши се што беше создадено дотогаш.

Сиот раководен тим на Анска река беше избркан од комбинатот. На негово место беа доведени нови луѓе. Во комбинатот Агенцијата за приватизација како свој повереник на општествениот дел од 24% го донесе некој си Ванчо Таковски од Струмица. Се зборува дека човекот бил шура на премиерот. Тоа што премиерот ми е зет не е страшно за комбинатот. тоа може да биде дури и адут. Страшно е што човекот е затечен од ситуацијата и се уште не знае што треба да се прави. Можеби човекот е бистар и ќе научи ама вработените и акционерите во Анска река се веќе нервозни и не можат да си дозволат експерименти на Владата да продолжат и понатаму. Последните неколку месеци немаат примено плата, придонеси даноци воопшто не се плаќаат, Се што се работи се работи на црно бидејќи жиро сметката на комбинатот непрестајно е блокирана. Затоа 700 вработени го кренаа својот глас и се погласно велат дека така повеќе не може. Нив не ги интересира мисијата на Ванчо Таковски и неговото знаење во редовите на владеачката партија. Вработените во Анска река, нејзините акционери и граѓаните на Валандово единствено ги интересира само како може комбинатот повторно да застане на нозе и да биде сигурен извор на нивната егзистенција. Ова не е изолирана приказна за Анска река Слични приказни можат да се раскажат и за Изворски, Млаз, Дојранско Езеро и за многу фирми, различни се само нивните повереници и раководните луѓе. Ако веќе некој таму во центрите на моќ бил недоветен и одлучил некадарни луѓе да бидат кадар ние овде кои сме се колнеле пред оваа држава и пред нејзиниот народ не смееме да бидеме слепи, глуви, неми и во нашата немоќ да не знаеме што правиме. Особено тоа го правиме за да покриваме некои кои сето тоа го прават на своја рака.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Ристо Тодоров.

Предлагам сега да прекинеме со работа и да дадам пауза до 18,00 часот, што е по барање на Унијата на жени од ВМРО-ДПМНЕ, кои имаат годишно собрание.

(Пауза од 17,00 часот). (По пауза).

(Седницата продолжи со работа во 18,30 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да продолжиме со расправата.

Има збор г-ѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе на Собранието дами и господа пртеници.

После тромесечното доста бомбашот и помпезно најавување на прашањето за доверба на Владата, кое што од страна на опозицијата беше преферирано како прашање на денот Д, кога ќе се проговори во името на совеста особено на оние пратеници кои што ја поддржуваат Владата, кога ќе треба секој од нас малку потемелно да размисли дали треба или не треба да го поддржува актуелниот состав на оваа Влада морам да кажам дека денеска сум прилично разочарана од причина што во материјалот кој што го добивме очекував многу табели, многу бројки, многу факти, многу споредби на тие што предлагаат денеска Владата да не ја добие довербата на ова Собрание ќе го направат во наредниот период. Меѓутоа, особено ни е драго што поднесувачот на оваа интерпелација, целокупниот така бомбашко најавуван текст комплетно го прочита пред целата македонска јавност така да верувам дека со мене добар дел од јавноста ќе остане неподелено мислењето дека сепак се работи за еден многу нестручно направен многу шпекулативен и со изобилство полувистините материјал.

Веројатно, добар дел од нас читајќи го овој материјал ќе помислат дека читаат извадени цели стории од поедини весници самите пропагирани дека се независни, опозиционо настроени така да кај мене недојдено се наметнува дилемата дали нашите политичари ги пласираат своите ставови во форма на новинарски ставови во денешниот опозиционен печат или, што е може би пореално политичките ставови ан нашите политичари произлегуваат од перото на бројни новинари кои што денес се присутни во нашиот опозиционен печат. Изгледа за жал е така. Притоа, се извинувам на бројните новинари кои што не спаѓаат во оваа група на новинарската елита или светла, кои што чесно и професионално си го заработуваат својот таканаречен леб, меѓутоа, за жал тој број е мал и кој што може да се спореди со капки во еден океан или во едно море.

Деновиве како хит тема која што беше многу дискутирана во јавноста и во сите наши редови беше веќе поминатиот дуел помеѓу актуелниот премиер на Владата на Република Македонија, г-динот Љубчо Георгиевски и екс премиер г-динот Бранко Црвенковски. Притоа, се наметна едно сериозно прашање во јавноста - дали репер за владеењето на блиска која власт, па и на власта на ВМРО ДПМНЕ треба да претставува владеењето на СДСМ. Многу сериозно прашање и јас ќе мора да се приклучам веројатно кон поголемиот број на групата граѓани или на јавноста кои што велат дека апсолутно не може да претставува никаков репер дека не е добро споредбата СДСМ, затоа што тој во време на шестгодишното владеење направи толку многу пустош во оваа држава, направи толку многу талкање во сите сфери на политичкиот живот што едноставно не може и не смее да претставува еталон за тоа како треба да се владее. Тогаш доаѓате во состојба да се споредите со нешто што било многу лошо и да дојдете во состојба да кажете дали вие сте повеќе или помалку лош од таа власт која што била, а не дали сте навистина добар. Меѓутоа, споредувањето за жал е наша реалност, бидејќи на мојата лева страна ние немаме нова политичка сила која досега не била присутна во политичкиот живот на Република Македонија. Ние немаме нови луѓе кои што имаат ново што да понудат на целокупната јавност, туку за само 18-то месечно дружење со народот или договор со народот, како што повеќе преферира тоа да го каже нашата опозиција, имаме чувство на популизам, чувство на зголемена доза на агресивност и желба по секоја цена пред поранешниот премиер и оваа гарнитура која што шест години владееше да се врати повторно на политичката сцена.

Единствен аргумент кој што притоа се истакнува е ова. Ние ја разбравме пораката на народот а сега сме спремни повторно да ја преземеме власта. Што значи ја разбравме пораката на народот. истото тоа можеше да се каже за само три месеци, за само шест месеци или сега после 18 месеци. Меѓутоа, што е тоа што господинот Црвенковски и што Владата во сенка, која што за жал не успеа да ја огрее сонце, бидејќи успеа само да стане предмет на

шпекулации кои се лежи и кој се ќе биде во таа Влада, од причина што ќе се понуди само една козметичка измена на таканаречениот Дрим тим, кој што играше добро во шесте години и сега повторно треба да се врати на политичката сцена не нуди апсолутно ништо освен својата агресивност и чесниот пионерски збор пред овој народ дека треба да биде амнестиран заради лошото владеење и дека сепак ќе биде подобар од оваа елита односно од оваа Влада, од ова политичко мнозинство кое што изборите ги доби на еден најчесен, најрегуларен и најдемократски начин.

Впрочем, скокањето преку трупа или земањето на власта насилно не е нов елемент кој што Владата на СДСМ го протежира сега и во овој момент. Тоа е тукуречи правило на владеењето на СДСМ. Ќе ве потсетам на настаните хронолошки.

За време на 10 годишниот плуралистички тренд на владеење во Република Македонија власта на СДСМ ниту еднаш н е го доби мандатот директно од народот. Ќе потсетам 1990 година и првите повеќе партиски избори СДСМ имаше 27 или 28 пратеници додека пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ имаше 39 пратеници. Со помош на голем притисок и голема сила, со популистички улични методи беше избран првиот претседател на државата Република Македонија, г-динот Киро Глигоров. Повторно со притисок.

Меѓутоа, она што беше најдемократска и најрегуларна постапка претседателот Киро Глигоров да и го даде мандатот на партијата која што го освои најголемиот број на гласови во тој момент изостана. Веројатно поради политичката опција на тогашниот претседател на државата дека во редовите на ВМРО-ДПМНЕ нема актуелен лидер кој што би можел да биде мандатор на нова Влада па истиот мандат го понуди на таканаречена та и од себе си измислена експертска Влада, иако дури во времето на владеењето на оваа Влада точно се знаеше кој ќе биде идниот мандатор, без оглед на тоа без оглед на тоа што за кратко време го доби господинот "човек партија" Петар Гошев. Се знаеше дека мандатор на новата Влада ќе биде и воедно водач на оваа држава за наредните четири години г-динот Бранко Црвенковски.

1994 година се случи класичниот изборен фалсификат, жалам што господинот Стојан Андов не е тука, но морам да го прозивам и да го потсетам на неговите неодамна дадени изјави дека, со оглед на тоа што и тој беше учесник во тој изборен фалсификат, изборите беа фалсификат и дека комплетно народот не му го даде мандатот на г-динот Црвенковски, туку дека тој комотно владееше во четирите години, до 1998 година без присуство на опозиција, со самопрогласена опозиција од незадоволниците во сопствените редови од Сојузот на Македонија.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА**: (Продолжение)

1997 година власта на слободни фер и демократски избори ја доби ВМРО-ДПМНЕ од која што произлегува и денешниот премиер и денес и ова коалиционо мнозинство на општо задоволство кои што тогаш гласаа. Така што целиот овој изборен циклус ниту еднаш не се случи народот како награда на оние кои што владееја добро да им го додели мандатот на владеење. Тоа може само да се случи со сила, со притисок, со примена на вонредни мерки или со апелирање на совеста како што тоа сега милува да го нарече нашата опозиција.

Меѓутоа, ако веќе треба да проговори мојата совест и совеста на сите нас овде присутни, очекуваме тоа да не биде преку паушални вистини, преку голем број на полу лаги и полувистини што претставуваат начин на пишување на медиумите, начин на тоа како треба да изгледа постоечката власт или како треба да изгледа новата власт, туку за тоа треба да бидат присутни бројки, аргументи и ако сакате имиња и презимања на оние кои што се огрешиле за законот и кои што не треба да бидат во постоечката Влада, или пак ако сакате и во постоечкиот парламентарно мнозинство. Она што во целокупниот материјал што успеавме да го добиеме освен генералната оценка дека е направена врз основа на многу шпекулации и многу полувистини е прашањето за безбедноста на државата и генерално прашањето за партизацијата во сите сфери, а особено во доменот на одбраната и во доменот на органите на Министерството за внатрешни работи. Морам да кажам дека не бев среќна како граѓанин на оваа држава, како пратеник кој што треба да ја земе одговорноста врз себе во врска со граничните инциденти кога истите се случија на нашата северна граница. За жал, инциденти се случувале порано, можеби ќе се случуваат и покасно, меѓутоа, оваа Влада мора да ги зајакне безбедносните мерки кои што се на нашата северна граница. Прво, не херметички да ја затвори границата, како што тоа го предлагаа поедини претставници на опозицијата од причина што ние на таа граница не можеме да бидеме затворени спрема оној со кој што во моментот имаме

најдобра трговска размена, тоа е Косово. Меѓутоа, мора да ги зајакнеме нашите позиции во смисла на присуство на професионални војници, во присуство на хермелини, во присуство на оклопни транспортери, БТР и ред други, немојте да ми забележите ако нешто погрешам, бидејќи оваа проблематика во врска со техниката не ми е многу позната, со цел границата да биде добро чувана и со цел да докажеме дека имаме комплетна територија, комплетна контрола на нашиот територијален суверенитет и интегритет. Меѓутоа, она што беше овде заговарано од страна на поедини партии, исто така претставници на опозицијата дека нашата граница ќе биде безбедна само доколку во неа се најдат српски војници, апсолутно сметам дека не претставува проблем на ова Собрание, на оваа Влада. Тоа претставува проблем на ООН, претставува проблем на Меѓународната заедница и конечно претставува проблем на нашиот сосед СР Југославија, бидејќи дали на соседната граница ќе бидат војници кои што ќе бидат Југословени, дали ќе бидат Албанци, дали ќе бидат претставници на Умник или на КФОР, тоа не е наш проблем. Наш проблем е границата да биде чувана не само од едната страна, туку да биде чувана од двете страни и за тоа да добиеме доволни гаранции од оној кој е присутен на другата страна, во овој случај припадниците на КФОР и на Умник за што сметам дека следуваше сериозен демарш од страна на претседателот на државата, од страна на Владата за да се зајакнат сите безбедносни мерки границата да биде комплетно чувана. Велам дека ова е необично тешко од причина што нашата граница како државен проблем од минатата Влада, меѓутоа и од Владата во овој состав остана не до крај исцртана и отворена. Тоа прашање останува да се реши и од минатата Влада како нерешено и како отворено прашање.

Она што овде особено исто така повеќе преовладува е таканаречената партизација. Почитувани господа од СДСМ, мене ми е жал што сите вие велите: нашите кадри кои што беа вработени се отпуштени од работа, нашите кадри се заменети со нови кадри, тоа се кадри кои што припаѓаат на владеачката коалиција. А зошто вие кои толку многу сакавте да ги заштитите вашите кадри, не го донесовте Законот за државната администрација, впрочем во тоа никој не ве спречуваше и да кажете до кој домен се работи во оваа држава, што е државен чиновник, а што понатаму претставува функционер. Заради тоа што оваа Влада буквално дури и до крај не ги смени сите државни функционери кои што беа избрани од страна на ова Собрание, или од страна на поранешната Влада. Така што не станува збор за партизација. Жално е што истите луѓе кои вие ги именувавте буквално и со истите дипломи, туку и со истиот идентитет во ваше време за советници, па дури некои за министри, односно за високи функционери особено во МВР, тогаш беа професионалци. Во времето кога го прифатија мандатот од г. Љубчо Георгиевски да бидат министри, истите станаа партиски обоени. Тогаш кога почнаа максимално да процутуваат информации од страна на МВР која фирма ќе биде под надзор на државната безбедност, истите господа повторно станаа професионалци кои стојат на бедемот на одбраната на професионалните интереси на МВР. За да не зборувам вака во завиткана форма, станува збор за најпознатиот во овој период таканаречен опозиционер поранешниот екс министер за внатрешни работи за кој што вие се повикувате во оваа интерпелација г. Павле Трајанов за кој што велите дека во своите изјави ама сега зборува дека криминалот во Република Македонија допира до врвот на владејачките партии. За да му веруваме на овој поскорашен опозиционер, бидејќи истиот седеше 13, или 14 месеци во Владата на ВМРО-ДПМНЕ, односно во Владата на коалицијата со ДА и ДПА, истиот господин ако беше доволно со чувство на морал и одговорност веројатно со податоци со кои што располага ако истиот ги има, а верувам ги има, требаше да даде оставка и требаше истите да ги образложи на една прес конференција како еден искусен политичар, односно искусен професионалец како што вие милувате да кажете. Меѓутоа, очигледно нему во Владата му беше сосема добро, никој како министер за внатрешни работи, бидејќи сите знаеме кои се тие помоќни министерства во оваа држава не можеше да го сопре, сега дава вакви демагошки и слободни изјави од типот: криминалот допира до владејачките партиски врвови, а тоа за вас претставува крунски доказ. Ваквите изјави треба да бидат поткрепени господа пратеници со факти, со аргументи, или ако сакате со имиња и презимиња. Никој што седи на оваа десна страна, а особено јас не можам да проговорам но против својата совест, против своите начела да штитам криминалци без оглед дали се тоа од редовите на СДСМ, од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, од редовите од ДПА, или од редовите на ДА. Инаку, се друго спаѓа во доменот на ширење на демагогија, создавање на сопствен рејтинг

пред луѓето кои очигледно треба да направат корективна амнезија што и како се случувало во периодот пред 6 години, или уште подобро во периодот на 15-те месеци кога овој опозиционер беше присутен во власта.

Она што исто така овде беше пошироко елаборирано е надворешната политика на РМ, односно една интересна изјава од тоа од типот: дури и дипломатијата не успеа да го пополни авторитетот и белегот кој што на оваа држава и го остави господинот Киро Глигоров. Не сакам да зборувам за дејноста на г. Киро Глигоров, тој не е тука, несомнено човекот можеби и направи авторитет, меѓутоа не треба да заборавиме дека и во негово време и во времето на владеењето на СДСМ Македонија буквално не постоеше во Европа. Само да ви спомнам дека документот Агенда 2000 Македонија не беше на картата на Европа, веројатно некаде во Африка, или не знам каде, дека името БЈРМ можеби од прагматични причини за цел да се примиме во ООН како оправдан потег, меѓутоа дали доволно е транспарентен господа пратеници. Јас седев токму во тие редови во кои што седат тие и за мене беше буквално фрапантно претседателот на државата и Владата да го дадат својот благослов за прием на РМ под името БЈРМ, а за тоа да биде заобиколен највисокиот законодавен дом во оваа држава, а тоа е Парламентот на РМ. Меѓутоа, тоа за жал се случи. Сега се наоѓаме во време кога РМ треба да влезе во Европската унија. Морам со задоволство само да ги парафразирам, бидејќи ги немам кај мене цитатите од дневниот печат во кој што при неодамнешната посета, односно во петокот на господинот Крис Патен евро комесар на ЕУ кој што рече: "Изненадувачки брзо е вашето зачленување, односно преговорите со какво темпо одат со ЕУ, дури и за мене и многу ми е драго што до крајот на јули ќе ги привршиме разговорите комплетни, а веќе до крајот на годината ќе направиме и комплетен договор".

Господа пратеници, ако вие имавте ваков договор во рака, а не она што велите дека ние сме западен Балкан, па дали сме западен Балкан, или не, географски веројатно сме, меѓутоа факт е дека ние сме лидер на промените во Југоисточна Европа, не во Западен Балкан. Факт е дека ние ќе бидеме членка на ЕУ. Во времето на владеењето на СДСМ беше прашање на минута, прашање на секунда кога ќе станеме членка на НАТО, бидејќи така беше најавувано дека тоа мора да се случи во најитно време за да потоа со ладен туш нам ни објаснат дека тоа не е можно за следните 10 до 15 години. Не знам што ќе се случеше ако ваква изјава добиевте вие тогаш, изјава зад која што стојат сериозни политичари. Меѓутоа, во време на искривување на фактите во нашава држава е се можно. Така ако добиете изјава од г-ѓата државен секретар на САД Медлин Олбрајт, која што ќе каже дека Македонија навистина чекори со брзи чекори во реформите, дека е задоволна од тоа што е остварена посетата на г. Љубчо Георгиевски на Косово, задоволна од тоа што ние бараме соработка како и на кој начин што побрзо да се реши состојбата со Косово на најдобар можен пат, за жал нашата демократска новинарска јавност, меѓутоа и нашите политичари не ги толкуваат зборовите онака како што се кажани, туку во стилот на некој не знам би бил лош збор да кажам, јасновидци, или толкувачи, сакаат да протолкуваат што тоа г-ѓата Медлин Олбрајт сакала да каже не барем се работи за недоветна жена која не знае да се изразува, или која нема доволен политички вокабулар па рекла нешто што не мислела и дајте да видиме што мислела во тоа време. Не се работи дали некој ќе ја коментира изјавата на вака сериозен политичар, право на коментар имаат сите.

Меѓутоа, правото на тоа некој да ги толкува нејзините зборови дали навистина мислела тоа да го каже, или кажала нешто друго, па ние треба да ја разбереме, пораката навистина е смешно. Ако за вас врв на целокупната дипломатија и на целокупната поддршка што треба да ја имаме од САД беше посетата не баре случајна на бившиот амбасадор на САД г. Хил, на пуштањето на некои од водоводите во Старавина, па велевте дека зад вас со најголема поддршка стојат САД, не знам што треба да каже ова коалиционо мнозинство, ако тоа нај директно го каже оној кој што е овластен тоа да го каже г-ѓата Медлин Олбрајт. Меѓутоа, она што е загрижувачко во доменот на надворешната политика, а кое што јас во рамките на моите скромни познавања од оваа област успеав од изјавата на г. Крис Патен така да го прочитам, можеби и не сум во право е дека тој знае дека постои вербален договор, или вербален национален консензус по основните прашања за влез во ЕУ и за Евроатланските интеграции, односно за влезот во НАТО. Меѓутоа, дека особено меѓу политичките партии бидејќи тој имаше разговор и со опозиционите лидери постои некоја неусогласеност за која што тој смета дека треба да биде истакната јавно, односно

во медиумите бидејќи колку што тој успеал да процени, сепак кај нас постои демократија, односно слободна можност за искажувања на се она што го мислите, односно не е казнив вербалниот деликт. Што тоа значи? Дека господата од надвор без оглед на нашиот декларативен став дека сите сме за влез во ЕУ, дека сите сакаме Македонија да биде членка на НАТО го гледаат подривањето на тој национален интерес заради тоа што едно вербално зборуваме, а друго правиме и друго им изнесуваме на оние со кои што разговараме во врска со овие прашања. Така што би било добро овие ставови да не бидат редефинирани, туку дека националниот и државен интерес на РМ е тој, дека не е битно дали тоа ќе го спроведува Владата на ВМРО-ДПМНЕ, на ДА или некоја друга Влада, туку дека тој интерес РМ за доброто на сите нас и за доброто на идните генерации не може да се отстапува.

Она што сакам малку поопширно да го образложам, со оглед на тоа што од тоа имам малку повеќе познавања е доменот на здравството. Морам да ви кажам дека здравството претставува сериозна карика по политичкиот систем на оваа држава, се соочува со сериозни проблеми, меѓутоа, вакви паушални изјави кои што за да бидат дадени како такви реков треба да бидат поткрепени со факти, не очекував дека ќе наидат. Јас воедно му благодарам на текстописецот на овие редови кој што веројатно произлегува од опозицијата кој што нам на претставниците на позицијата ни дава доволно простор да го кажеме своето мислење во врска со ставовите кои што се овде истакнати. Не знам дали текстописецот на овие редови кога зборува: министерот за здравство не си ги знае здравствените институции освен ако не биде поканет на некоја свеченост и не си ги познава установите, партиските директори кои што се на списокот на г-ѓата Доста Димовска. Не знам дали е тоа жалење на господинот министер. Дали сметате дека треба да му помогнете, или пак сметате дека неговиот капацитет на професор доктор на највисоката врвна установа Медицинскиот факултет е недоволна да луѓето за кои што тој става потпис дека треба да бидат началници, директори, или водители во одредена област, не може да ги запознае.

Навистина немам збор, освен да кажам смешна изјава. Или пак во делот на личните доходи на здравствените работници опаднати се за цели 40% со натамошна тенденција на топење под дејство на инфлаторните движења.

Господа пратеници, оваа Влада колку што се сеќавам, колку што ги гледам макро економските показатели, апсолутно не станува збор за никаква инфлација, па дури гувернерот неодамна во своето обраќање изјави дека повеќе од едноцифрена инфлација до крајот на годината не очекува. Од каде ви се овие 40%, навистина не знам? Факт е дека личните доходи на лекарите се многу мали, факт е дека тоа насекаде го зборувам и насекаде ќе го бранам тој став како што е и факт дека платите на лекарите кои што во минатиот период ги примаа на 1-ви, на 15-ти, или 20-ти, во зависност од волјата на оние кои што треба тоа да го направат се со цел да се избегне на крајот на годината да се подели една, или две плати. Во овој момент се делат од 1-ви до 5-ти, односно од 1-ви до 5-ти во тековниот месец, што значи дека сепак има подобрување. Подобрувањето за жал не е во материјалната сфера да се вреднува трудот, меѓутоа тоа и не може да биде. А зошто е тоа така?

Прво, се вели дека хаотична состојба владее и агонија на здравството. Агонија, овде има и лекари, е многу сериозен термин, веројатно добар дел од политичарите не го разбираат, ама тоа е состојба пред смрт, најчесто. Многу е редок бројот на оние кои што се извлекле од агонија. "Опаѓа квалитетот на здравствената заштита и има еден непроверен квалитет од непознат производител на вакцини што прават тешки последици кај децата". Јас морам да ви кажам дека ова е за мене аргумент кој што факт ако се потврди дека е така, јас ве молам господа пратеници, ако имате такви податоци, овие податоци вие јавно да ги објавите бидејќи ова претставува тешко кривично дело. Меѓу децата нема деца од позиција и опозиција. Јас сум мајка на две малолетни деца кои што треба да се имунизираат, кои што примаат се уште вакцини и вашата квалификација дека во РМ се дистрибуираат вакцини со несоодветен квалитет кои што прават тешки последици. А тоа е точно дека можат доколку има такви да направат тешки последици, јас ве молам тој список да го објавите. Познато е дека со оглед на тоа дека се е исцрпено од дневниот печат, дека вакво нешто се појави во дневниот печат, дека со целата своја одговорност министерот за здравство и сите одговорни тоа максимално го демантираа.

Меѓутоа, дали ние после ваквата изјава која е од сериозна партија, од партија која што претендира повторно да

дојде на власт, ќе го оправдате господа пратеници, ќе го оправдате стравот кај сите оние мајки кои што сега мене ме слушаат, ги слушаат вашите ставови да не ги однесат своите деца на имунизација и на вакцина и на сериозниот здравствен проблем со кој што РМ ќе се соочи доколку тие деца понатаму заболат со најтешки клинички слики на здравствени заразни болести кои што веќе во РМ се искоренети, или во добар дел се со најблага клиничка форма кога истите се манифестираат. Тоа се паушални изјави за кои што некој овде треба да одговара. Ако вие ги имате тие податоци, тогаш јас од ова место ќе го повикам министерот за здравство да си даде комплетна оставка, да ние им се извиниме на тие луѓе и максимално брзо да ги лечиме последиците кај тие деца. Меѓутоа, во спротивно некој ако го објави тој податок, или ако не го објави очигледно има еден член ми се чини во Кривичниот закон, овде има повеќе правници можат и да ме поправат, дека ќе треба да одговара заради сеење на страв и заблуда кај сопствената македонска јавност.

**ЃИЛИСТАНА МАРКОВСКА:** (Продолжение)

И на крајот нешто можеби лично кое беше многу присутно во јавноста во сите средства за јавно информирање, веројатно објавено по два пати , објавено во голем дел на дневни информативни весници, не знам дали и во електронските медиуми. Меѓутоа , се воздржав од коментар, бидејќи во оваа наша држава буквално можат да ве прогласат и за мртов, а вие ако немате друга работа докажувајте дека сте жив. Ако најголемиот грев на оваа Влада која треба да падне заради тоа и кој сериозен проблем во здравството, е молчењето на надлежниот министер што за директор на Клиника на Медицинскиот факултет носи партиски доктор со три години специјалистички стаж покрај тројца професори, што се анулира Статутот на Клиничкиот центар кој е потврден од Собранието на РМ, а претседателот на Управниот одбор на врвната медицинска институција е пратеник од партијата на власт и во роднинска врска од прв ред- не знаев дека сопругот и сопругата се роднини од прв ред со вон статутарно криво поставениот директор на Инфективната клиника. Јас ви благодарам г-да пратеници што ми овозможивте вака јавно да дадам еден не демант туку да го образложам ова, да ги демантирам потписниците на вашите редови, да ги демантирам оние кои пишуваат за здравство а не се потрудиле да го причинат законот за здравствена заштита и да го кажам следното.

Согласно Законот со кој е обврзано Министерството да работи, основно е за директор на јавна здравствена установа да може да се постави човек кој има завршено VII - 1 образование. Согласно овој член од Законот, беше распишан конкурсот за избор на директор на Клиничкиот центар. Меѓутоа, бидејќи постојниот Правилник за систематизација за работа на институцијата Клинички центар при Медицинскиот факултет вели, воопшто не познаваше категорија дека може да се конкурира со завршен VII-! степен, туку прави веројатно според партиските потреби на голем број таму присутни, најголемиот број со професорски титули па вели дека треба да биде наставник, треба да биде професор, треба да има толку години стаж, Управниот одбор како и Правно нормативната комисија која постои во рамките на Клиничкиот центар се сретна со сериозна неусогласеност на Правилникот или систематизација за работ со постојниот Закон. Истото беше на една од седниците на Управниот одбор најрегуларно со гласање сменето, од причина што не сакавме да се најдеме во состојба , ако некој сака да конкурира на овој конкурс ќе се послужи' основниот законски акт, а тоа е Законот за здравство, го тужи утре Клиничкиот центар затоа што не му ги овозможил основните пред услови кои се законски, а воедно, почитувајќи ја и желбата и визијата на министерот за здравство сегашен, кој што рече дека ќе настојува на врвовите на сите институции во здравството да доаѓаат менаџери, бидејќи раководењето е еден дел, а научната настава е сосема друг дел. И што се случи? Прво имаме став во кој што велам потписникот на овие редови вели сменет е Статутот на постојната организација. За да го смените Статутот, треба да гласа ова Собрание! Најодговорно ви тврдам, тука е присутен претседателот на Комисијата за здравство, овој Статут воопшто не беше присутен ниту на нашата расправа, ниту пак ќе дојде овде. Не гледам како може да се прекрши нешто што воедно воопшто не е нарушено. А ако веќе станува збор за работата на Управниот одбор, во кој што членува и претставник на опозицијата од моја страна доста респектиран или актуелен пратеник во ова Собрание, г-динот Никола Поповски, тогаш тој самиот може да каже како работи овој Управен одбор. Меѓутоа, за жал, добро е што е ставена работата на еден од управните одбори во оваа интерпелација, затоа што грешката на

овој Управен одбор е знаете во што? Што во времето кога назначи нов директор министерот, не ја анализираше работата на претходниот директор, не ја анализираше големата финансиска криза во која беше и се уште е Клиничкиот центар при Медицинскиот факултет. Не ги анализираше - дозволете да покажам, се надевам дека и камерата тоа ќе го регистрира - Договорот за непосредна набавка склучен на ден 23.VI.1998 год, со компанијата "Д-р Пановски" со Клиничкиот центар - Скопје, претставуван од страна на генералниот директор проф.-д-р Илија Џонов, активен член на СДСМ, не суден министер за здравство, еден од кандидатите сметам. Предмет на овој договор односно на оваа непосредна набавка е непосредна набавка на материјал потребен за дополнување на постојната гастроскопска опрема набавена од фирмата "БМЕ ЗИМЕР" чија што вредност е 2.538.600. денари и покрај тоа што според Законот за јавните набавки во која висина треба да биде максимум предмет на непосредна соработка од 5.000 германски марки, еве го тој договор. Вториот договор исто така е склучен на 23.VI.1998 год, меѓу "Д-р Пановски" и повторно генералниот директор Проф. д-р Илија Џонов за набавка на Кодак - ласер камера 1.120, чија вредност преминува 3.348.000 денари, договор во кој што - не би сакала да ве замарам, меѓутоа, еве може јавноста да види.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-ѓа Марковска, рековме овде едно правило постои, личности што не се во Парламентот да не ги спомнуваме. Тие се предмет на обработка на Комисијата за јавни набавки, па таму ќе ги погледнат. Дајте да видиме, ќе ве молам.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Се извинувам.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Ќе ве молам, или говорете генерално, личности да не спомнуваме.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, јас не знам зошто сте вие погодени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме Комисија за јавни набавки, ова ќе го погледне.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Не, не. Набавките во јавните претпријатија воопшто не се предмет на работа на Анкетната комисија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе и се сервира и ќе го добие од надлежна наша Комисија.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Не, не, ве молам. Овде е буквално цитиран Управниот одбор на врвната здравствена установа и јас ве молам дозволете ми мое демократско право е, овде не го оспорувавме никому, тоа да го покажам на овие пратеници и на јавноста што тоа се разбира ја интересира.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Нека се упати тоа до надлежните органи, нека го гледаат тоа.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Благодарам, само ќе ги прочитам, меѓутоа, дозволете ми го тоа право.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Немојте да ги читате, во тоа е работата.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Да, да, ќе ги прочитам.

Договор повторно за непосредна спогодба склучен меѓу "Д-р Пановски" во вредност од 2.170.000 и Проф. д-р Илија Џонов, Договор за непосредна спогодба повторно склучена на 23.VI.1998 год., за 20 комплети инфузионата, 20 комплети пер фурор што стојат на одредена количина и потрошен материјал, за Институтот на радиотерапија и онкологија при Клиничкиот центар. Договор за деловна соработка-замислете склучен на 22.XII.1998 год., кога веќе се знаеше дека ќе престои измена на клиничкиот центар и во кој што нема апсолутно никакви цени, во кој што нема апсолутно никакви обврски спрема оној кој што го потпишува договорот, меѓутоа, има обврска: доколку се промени курсот на марката, цената да не остане таа, а понатаму да се продолжи со истата набавка.

Потоа договор склучен со проф. д-р Димитар Димитриев и Златко Пановски за користење на биохемиски апарат "Витос" 250 со вредност од 150 илјади германски марки, меѓутоа замислете со каков член: "Купувачот се обврзува да го набавува потрошениот материјални тестови за горе спомнатиот материјал од страна на добавувачот во вредност од 400.000 германски марки за секоја година од четирите наредни". Замислете, 1.600.000 германски марки, некој на 22.XII.98 год, ја задолжува оваа Влада во наредните четири години тоа да го прави и Фондот неисцрпно од него и понатаму да црпи пари, ама без при тоа да има апсолутно никаква одговорност на фирмата добавувач, во овој

случај на д-р Златко Пановски. Зошто? Затоа што нему тоа му било овозможено благодарение веројатно на добрата рентабилност што ја имал во тој добар ексклузивитет - за жал, не успеав да ви ги прочитам сите, еве, го почитуван г-динот претседател, - е она што овде се вели "се поништуваат тендери во здравството и се распишуваат нови", а јас имам еден договор кој е направен случајно од г-динот Милчо Пановски и д-р Златко Пановски се во роднинска врска од прв степен се работи за двајца браќа, па склучуваат договор меѓу хируршките клиники, со цел да се отстапи биохемискиот анализатор се додека траат реагенсите на истиот, па понатаму да се набавуваат нови, а од фирмата "Бристол Маерс Скрип", дистрибутерот д-р Златко Пановски треба да донесе 300.000 долари годишно цитостатици. Еве зошто новиот тендер кој што го распишува Министерството за здравство или постојниот фонд се неисправни цитостатици. Затоа што нечиј комодитет кој што успешно работел во сите овие четири години, кој што заработувал само од еден договор 300.000 германски марки треба да се наруши. Тоа е причината, г-да пратеници што овој фонд за кој велите дека успеал да штеди бедни 40.000.000 марки успеал да штеди многу. Можеби за штета некогаш на оние што навистина заслужуваат да отидат во странство да се оперираат или кои што навистина заслужуваат во тој момент да го набават лекот, и покрај тоа што овде е присутен еден параграф во кој вие велите - имате приватни аптеки, одете и купете си го. Меѓутоа, тие ќе го купат и повторно ќе си ги повратат парите од фондот. Што се случува со овие неповратни средства? Како можете да кажете дека Програмата на ВМРО-ДПМНЕ не може да се реализира? Па вратете ги г-да пратеници 120.000.000 марки како дефицит што вие ги направивте за време на владеењето на вашата гарнитура благодарение на вакви и којзнае уште 100-цо договори , кои мене сосема случајно ми се овде при рака, веројатно има добар дел кои не ги знам, верувајте дека ние нашата програма ќе ја реализираме и дека голем дел од она што го ветивме, ако не и се, комплетно на задоволство на граѓаните ќе можеме да кажеме: ние ветивме и можеме да реализираме. Меѓутоа, во услови во кои ние мораме да плаќаме за жал и камати заради кои што е оштетен евидентно Клиничкиот центар, бидејќи овие договори не биле предмет на работа на Управниот одбор, а знам еден од вашите активисти и конкурсната одлука за објавување на конкурс за избор на директор ја има ожалено на суд, што мене особено ми е драго бидејќи конечно вашиот политички суд нема да вреди, туку судот ќе си го каже својот збор дали се работи за исправна правна процедура или не, како и воедно работата на она што требало да го направи можеби Управниот одбор, а не успеал да го заврши, јавно од оваа говорница го повикувам јавниот обвинител на РМ, г-динот Ставре Џиков да ги проследи овие договори и сите останати што постојат во рамките на Клиничкиот центар, за да се види по колку основи и за колку средства во здравството оваа врвна здравствена установа ја оштетува државата во тоа време и оневозможила на сите оние кои што сакаат да дадат придонес да работат и од сето тоа да имаат корист и граѓаните и лекарите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-ѓата Ѓулистана Марковска.

(Пратеникот Благоја Ханџиски бара реплика).

Полека, ќе добиете реплика, само да кажам неколку работи.

Да завршам јас, па ќе добиете право на реплика.

Дами и г-да пратеници, овде имам еден список на 63 пратеници кои сакаат да говорат. Ве молам, бидејќи на почетокот на седницата не сме се договориле за времетраењето на дискусијата, сега веќе не можеме тоа да го менуваме, освен да апелирам до вас да бидете поконцентрирани и да речеме вакви дискусии, долготрајни дискусии, не велам дека не се содржајни, но да бидат пократки за да дадете можност колегијално на секој од вас да се обрати. Времето ни е одбројано, до 23,30 часот ќе имате право на збор, а уште малку ако одиме со репликите јас не верувам дека уште пет мина ќе поминат овде според списокот што го имаме. Јас ќе го почитувам овој список така како што е даден и така ќе оди распоредот. Ве молам сега барем во репликите да бидеме пократки и да не одиме со реплики на реплики и итн. Репликата е според Деловникот и морам тоа да го направам, а веќе имало и во текот на седницата реплики. Значи правилото постои.

Има збор г-динот пратеник Благој Ханџиски во вид на реплика.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитуван г-дин претседателе, членови на Владата, почитувани колеги, барем вие сте сведоци дека во сите реплики сум настојувал да бидам што пократок и да дадам аргументи за тоа зошто во врска со

некоја расправа, дискусија или искази барам реплика.

Колешката Марковска во еден дел од својата дискусија се осврна на надворешната политика и резултатите на надворешно политички план на претходната Влада, а исто така да не кажам прилично еуфорично зборуваше и за надворешната политика и постигнатите резултати на актуелната Влада. Таа и самата призна на говорницата дека нејзините познавања цитирам, од оваа област се прилично скромни и еден дел од тие искази кои не кореспондираат со вистината може да се отпише на самото признание дека пратеничката навистина нема доволно познавања од таа област. Затоа, чувствувам потреба сосема накратко да се осврнам или да дадам неколку појаснувања на еден дел од таа дискусија.

Имено, колешката Марковска е член на Парламентот од првиот состав и многу добро знае дека Република Македонија која се осамостои по мирен пат, водејќи од првите денови на осамостојувањето конструктивна внатрешна и надворешна политика, затоа што се двете меѓусебно поврзани, не само што успеа да го зачува внатрешниот мир и стабилност и да не произведува конфликти и тензии во регионот, туку цело време произведуваше мир и стабилност во регионот и не по наши оценки и признанија, да не повторувам, за целата меѓународна заедница важеше како фактор на мирот и стабилноста во регионот. РМ за кратко време постигна извонреден меѓународен углед, изгради извонредно добри односи со земјите членки на ЕУ, со постојаните членки на Советот за безбедност и РМ, туркајќи ги реформите, со сопствени цели со оглед на тоа што не беше вклучена во пред пристапната стратегија на ЕУ за подигнување на нивото на односите, по потпишувањето на Спогодбата на трговска и економска соработка и отпочнаа преговори по донесената стратегија за подигнување на нивото на односи, односно за потпишувањето на вистинскиот Европски договор и стекнувањето со вистинскиот статус на асоцијативна членка. Во таа смисла, сакам само да потсетам, заради тоа што се спомена во наводници некаквата поддршка на САД, дека имавме најискрена и силна поддршка токму од САД заради тоа што претседател Клинтон во февруари 1998 год, ја однароди т.н. - (реакција од страна на пратениците) дозволете, гледам на часовникот, репликата е пет минути и ќе прекинам без оглед дали ќе се искажам или не точно на пет минути ја однароди стратегијата на САД за забрзувањето на процесите на интеграција на земјите од Југоисточна Европа, во која беа вклучени Словени Романија, Бугарија и Македонија.

Во меѓувреме се случија големи промени во нашата околина, пред се мислам на кризата во Косово, меѓутоа и промени на внатрешен план, заради тоа што реформите до скоро во оваа држава беа целосно загорчени, се направија тешки удари врз правната држава, се случија промени што настапите коалиционата Влада надвор од процедура во многу области. Ние се доведовме во ситуација Меѓународната заедница да ја проценува стабилноста на оваа држава и да бидеме вклучени во т.н. Западен Балкан, во кој државите прво треба да се стабилизираат, па потоа и да асоцираат со ЕУ. Според тоа станува збор за сосема различна ситуација во која се наоѓаше РМ до 1998 год, и денес.

Жалам што РМ сега единствената шанса, која што навистина е единствена, за фаќање врска со евроатланските структури, посебно со Унијата ја гледа во Пактот за стабилност. Меѓутоа, жалам и заради тоа што мораше преку Пактот за стабилност да го изодиме тој пат кој што прво подразбира стабилизираше на државата, а после асоцирање, а не оној вистинскиот по кој што одевме 1998 година. Благодарам, точно пет минути.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Амди Бајрам, реплика, но само кратко.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиер, почитувани министри и колеги пратеници, јас пред малку излегов на говорница и нешто добро предложив, но претседателот можеби не беше тука, но без оглед на се, претседателот почна со тоа истото. Не би сакал сега затоа. Сакам нешто друго да кажам односно да реплицирам.

Со Америка знаете дека САД е светска сила. Кој се спротивставил на Америка, знаете дека пепел станал од нив. Ние сега како Парламент, како една законодавна власт тука, денес треба за Владата да гласаме, а ова го следат сите амбасадори, можеби и на сателитската програма се пренесува моментално, ние сега да зборуваме против Америка и против некои работи, јас со тоа не се согласувам. Г-дата не се во право кои го говорат тоа и мислам дека не треба другите држави околу Македонија кои треба да и помогнат на Македонија и кога треба да одиме во светот и во Европа држави од кои зависиме, кога

сме една мала држава, која се наоѓа во една тешка економска криза 10 години, гледаме да се извлечеме од таа криза.

Да гледаме да се извлечеме од таа криза. Мислам дека не би требало ни Америка ни други држави да мешаме, тие што помагаат на Република Македонија и што сакаат да не извлечат од кал затоа што најнормално Америка си е Америка. Господа ова не е за смеење. Лесно е да се напаѓаме и да напаѓаме туѓи држави. Америка ја спомнуваме. Господинот Ханџиски ја спомна Америка и против Америка дискутира тука во Парламентот. Јас како пратеник не дозволувам....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Амди ми се чини дека[1] не провејуваа такви тонови во неговото излагање, во однос на тоа спрема што треба да....

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе, јас се извинувам, ако грешно сум слушнам, мислам дека пратениците грешно не слушнале. Сите добро слушнаа, има стенографски белешки, можеме да ги прочитаме и да видиме што и каква беше изјавата на господинот. Јас сум за тоа да не биде апсолутно Америка нападната, со разговор од Парламентот на Република Македонија затоа што господинот Ханџиски токму околу тоа разговараше и мислат не би требало такви работи, да земе тек Собранието на Република Македонија, да влегуваме во таква тема затоа што овде треба поддршка на Влада да дадеме или Влада да паѓа. Сега тие работи оставете ги на страна. Кој како ќе гласа нека гласа,но не треба да напаѓаме страни држави. Америка не треба да ја спомнуваме. Зошто? Ќе дојдете и вие на власт, можеби, па ќе ви треба утре. Треба и понатаму да живееме.

Оваа држава ни треба за понатаму, за внуци и правнуци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика бара господинот Благој Ханџиски, и да завршиме со ова за да можеме да дадеме збор на другите.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, најкрајно што можам да кажам.

Јас сум вознемирен, навистина, од многу работи и не можам да бидам блажен како господинот Амди Бајрам во своето незнаење. Меѓутоа не мешан со Соединетите Американски Држави и САД или садови, тенџерења и грнења и не може да се помеша на оваа говорница, да се зборува за соработка и поддршка на САД, а да се толкува дека некој зборувал против таквата соработка. И вие претседателе требаше да интервенирате. Во тој случај немаше да има потреба од ваква реплика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не знам дали ме слушнавте. Напротив, јас интервенирав.

Процедурално господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе. Јас мислам господинот добро се изјасни во Парламентот. Јас не сум му крив што он сега сака да дојде на власт, што поради него СДСМ, ќе ви ги кажам сите карти, изгуби, што беше многу груб и сега сака да дојде на власт. Касно му е Марко на Косово. Е сега тенџерето јас го отворив.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиер почитувани колеги пратеници, некои работи веќе беа кажани во дискусиите на поголем број колеги.

Јас ќе се обидам тие работи, иако ги имам забележано, да ги прескокнам, но само да ги спомнам. Меѓутоа на некои работи ќе се задржам.

Во образложението зошто би требало да гласаме за недоверба на оваа Влада покрај другото поголем дел е оставен и за меѓународната политика и јас од таму би почнал. Тезата е следна. Македонија го губи меѓународниот рејтинг. Значи тоа е тезата и таа теза се образлага на 6-7 страници. Меѓутоа, таа теза не држи затоа што фактите ја побиваат. Ако сме го изгубиле меѓународниот рејтинг, како тоа затворената Агенда 2000 беше на некој начин отворена, со тоа што не понудија ниту на една друга земја досега. Нас ни понудија да стапиме во преговори за стабилизација и асоцијација. Ако сме го изгубиле меѓународниот рејтинг како тоа ни го укинаа мониторингот во Советот на Европа. Има уште неколку земји што чекаат да им го укинат, На последната сесија на Советот на Европа, беше обид на Албанија да им го укинат мониторингот, требаше се укина. Има уште некои други земји кои што чекаат. На нас ни е укинат тој мониторинг.

Ако ни е опаднат меѓународниот рејтинг како тоа секојдневно стигаат писма на поддршка и изјави на врвни политичари. Значи тезата не држи. Едноставно таа е обид, затоа што можеби еден од појаките

акценти во промоцијата на Програмата на оваа влада е и успехот за меѓународната политика. Вие само ја исфрлате антитезата дека опадна меѓутоа нема факти за тоа. Фактите обратно говорат. Фактите говорат дека навистина се потврдува меѓународниот рејтинг на РМ, со потезите што ги направила оваа Влада.

Има обвинувања дека не сме се приближиле кон НАТО. И тука фактите обратно говорат. Имено, акциониот план веќе работи, се реорганизираат и се избира нов генералштаб, промовирана е гранична бригада се работи на новиот закон за одбрана, се работи за новиот закон за цивилно служење во АРМ, самиот однос на НАТО кон нашата земја или нивото, од времето кога вие бевте на власт тотално е различно и во корист на нашата земја во овие моменти.

Меѓутоа, кога станува збор за меѓународниот рејтинг, тука би сакал едно политичко видување да кажам по однос на оние кои најмногу обвинуваат, Тоа се СДСМ.

Навистина е голема иронија вие да обвинувате за меѓународниот рејтинг во моменти кога вашиот меѓународен рејтинг е катастрофално низок. Се случи врвни политичари, просто отворено до медиумите да ве прозиваат или да ве демантираат. Значи во моментот кога вашиот меѓународен рејтинг е катастрофален, во моменти кога веќе важите за анти реформска, анти европска, анти НАТО, со сомнителни врски со северниот режим на господинот Милошевиќ, со сомнителни врски, со веќе воспоставениот октопод, вашиот меѓународен рејтинг е катастрофално низок. Значи иронијата е во тоа, некој што го има толку катастрофален тој меѓународен рејтинг да ја обвинува државата дека и паднал меѓународниот рејтинг. Значи фактите на некој начин се изместени. Толку околу меѓународната политика.

Исто така во образложението се критикува укинувањето на Законот за стимулирање на вработувањето, така наречениот Банков закон за оваа работа би сакал да спомнам јавно пред македонската јавност еден факт и би сакал целокупната македонска јавност поточно вработените за кои се плаќаат пензиски,инвалидски и секакви придонеси да се обидат да сфатат каква работа им направивте, каква лоша работа им направивте со тој закон. Четириесетина илјади други вработени, фиктивно што беа пријавени, всушност ги изедначивте со тие за кои" редовно се плаќаат издатоци. Таквиот потег не само што е, да речеме од релевантна поврзаноста е уште позастрашувачка, затоа што овие радикални елементи се поврзани со шверц на дрога, на оружје. Имате Извештај на Републиканскиот политички комитет, на Американскиот сенат, од 15-тина страници, ќе ви ги прочитам само насловите: во врска со акцијата на Косово,"Резултати од првите денови на бомбардирањето". Втор наслов за УЧК "Од терористи до партнери". Трет наслов "Канали на дрога - исламски тероризам и белешки за изборите". Бидејќи групите што се во Македонија се поврзани и под директно водство на сегашното раководство на УЧК "Извештај за учеството на УЧК во дрогата и криминалните врски". Ова е од Американскиот сенат,не од Македонскиот Парламент, не се тревожете. Тука имате после, има уште "Извештај за исламските терористички врски", зборуваме за УЧК. (Реакции во салата).

Тука имате после извештаи на угледни новинари, весници безбедносни прегледи и разузнавачки прегледи. Тоа се јавни публикации, ако некого интересира, ќе му ја дадам ВЕП страницата, слободно нека погледне. Сакам да ви објаснам зошто имаше толку народ на нашите митинзи. Тоа сакам да го сфатите.

Партизација на безбедносните структури што делува погубно врз РМ, имаа многу случаи кога се запрени истражни дејствија, затоа што некои господа во меѓувреме се именувани како функционери. Луѓето сега не знаат што да прават, ги блокираат акциите. А, тие се навикнати да работат по автоматизам. Штом дојде информација ја проследуваат до претпоставениот, се прави план и се продолжува со акцијата. Тоа е застрашувачки.

Се прават партиски отстапки на коалиционите партнери. Државата ни е безбедносно поделена исто така на два дела. Неодговорна добивме дури и опомена, не сте си го платиле членството, не можете да влечете пари. Значи прв пат оваа Влада некако го издејствува и во септември, се надевам според динамиката како што е закажана, ќе има повторно конкурс. Тоа сигурно е недоволно, 835 станови, меѓутоа сепак тоа е нешто што прв пат се случува во Македонија.

Има исто така обвинување дека не сме се вклучиле во изградбата на Косово како и во регионот, Пактот за стабилност и т.н. Мислам дека тој што го пишувал тој дел од ова образложение бил поведен од информациите што се појавија во некои дневни гласила, меѓутоа заборавил да го прочита, можеби следниот ден изданието во

кое самите тие се извинија и демантираа. Таму имаше една помпезна изјава дека еве Македонија ништо не добила да гради на Косово. Меѓутоа, следниот ден веќе со конкретно писмо беше кажано, не, не било така, сепак Маврово добил една делница од 22 километри која што вреди 18 милиони долари. Не било така како што тврдевте. Сега тој што го подготвувал овој дел од образложението бил поведен токму од оној помпезен наслов дека ништо не сме добиле затоа што тоа оди на рака на кравањето на тензии или ширење на некаква паника или негативно расположение кон НАТО, арно ама воопшто не го видел демантот на самиот тој весник  дека заправо не било баш така, сепак Македонија добила нешто, башка што во Албанија две наши фирми градат патишта. Значи Маврово во Косово, а Маврово и Гранит градат во Албанија. Во рамките на пактот за стабилност добиени се средства за патиштата Неготино -Демир Капија, обиколката околу Скопје во висина од 83 милиони. Значи едноставно не држат овие работи. Работата е да се набие една силна тензија или некакво негативно расположение, арно ама фактите поинаку говорат и заради тоа не држи ова образложение.

Ми падна во очи едно тврдење од образложението што го читав на страна 24. Се поништуваат, како што се вели тендери. Нешто околу тоа госпоѓата Марковска спомна меѓутоа јас сакам и да образложам некои работи. Се вели:"- Се поништуваат тендери во здравството и се распишуваат нови се додека не се наместат оние фирми кои плаќаат рекет во партијата на власт".

Еве еден пример. Јас имам колеги од мојата област од информатиката, кои многу ги почитувам. Тие на некој начин се вклучени во бизниси околу правење на компјутерски програми, изградба на компјутерски програми и одржување на компјутерски системи.

Фондот за здравство месечно плаќал на фирми блиски до поранешната власт месечно, за одржување за одреден тип на програми, неколку се по 50 илјади марки месечно. Сега, не би сакал, од респект што еснафот го почитувам да ги спомнам и да ги именувам лицата. Меѓутоа тоа се факти. Месечно по 5 0 илјади марки за одржување. Ве молам.

Со доаѓањето на новиот директор на фондот се распишува тендер на кој се бара цената за одржување да биде помала. Истите тие фирми се пријавиле и истите фирми го добиле тој тендер. Арно ама сега понудиле цена, можеле за 15 илјади марки месечно да го одржуваат. Можете да проверите. Мислите тие фирми го држат одржувањето, ама можело не за 50 илјади марки месечно да се одржува тој систем, туку можело за 15 илјади марки. Се чудите како тоа долгот во Фондот одеднаш се намали за 40 милиони марки. Дури таа работа со потценување ја спомнувате. Еве вака се намалува долгот. Значи истите тие фирми ако понудат реална цена да не го смукаат фондот можат да го одржуваат компјутерскиот систем и за помали пари.

Понатаму во образложението има обид да се поврзе една опасна општествена појава. Од прилика пред година и пол се случи таа генерално го отстапуваат воздушниот простор и секоја членка се изјаснува дали го прифаќа тоа прелетување. Ова не е НАТО, ние сме претворени во губернија, заради тоа не ценат. Воздушниот простор претставува дел од суверенитетот на Република Македонија, читајте во Уставот и законите.

Да ви кажам уше една интересна работа: "операции и одржување". Да ви кажам како по ова нестручни луѓе работат, како ни се смеат во Брисел. Операции и одржување предвидени во милиони денари искажани или во долари, сеедно, 29 милиони 689 илјади долари и ставени се ставките 1 милион и 35 илјади, останати операции и одржување 24 милиони. Ве молам, од 29 милиони, 5 милиони се предвидени, значи 24 милиони. Пет помножено со пет е еднакво 25, пет пати е ставена ставка "операции и одржување". Никој не знае за што е тоа и тоа значи цивилна контрола врз Армијата на РМ. Тоа е нешто неверојатно. Тоа ви е како да планирате во семејството 1.000 денари за домашни потреби, а остатокот ако имате 10.000 за други потреби, но никој не знае за што.

Мене ми е жал што оваа опструкција која ја направивте за да не слушне македонската јавност всушност за што зборуваме, ви беше успешна, но јас го разбирам вашиот шок после ТВ дуелот, после митинзите.

Всушност, само ќе се осврнам на Пактот за стабилност. Таму има три работни маси. Демократија, во демократијата за медиумите еве што вели Пактот: Генерална цел е развиток и целосно слободни независни медиуми". Значи, тоа треба да се спомне, значи нема исклучување на струја ако не ви се допаѓа програмата, нема на МТВ и Нова Македонија да се појави опозицијата само ако сака премиерот на владеачката партија, а господинот

Георгиевски знае колку пати бил на МТВ за време на СДСМ и колку пати дал интервју за "Нова Македонија". Можеби почесто отколку премиерот на Владата. Нема Гебелсови новинари, се јави кај нас гебелштина, меѓутоа, се јави на другата страна од тие што мислат да го воспостават тоа.

Ако јас организирам некаква трампа за мене, за да избегам зошто тогаш има да се појавувам пред судот. Таа работа логички не се вклопува во целото тврдење дека имало некакво киднапирање и трампа, се игнорира таа работа. Не знам кое би било логичкото објаснување. Ако веќе организирам нешто за да избегам со киднапирање и со трампа, зошто тогаш пак да се вратам и уште и да ме судат.

Исто така во документот, еве цитирам уште еден момент, тоа е на првата страница. Вели: "Се уште не се откриени виновниците на тројцата убиени полицајци во селото Арачиново". Ние добивме една информација до каде е текот и како се одвива истрагата и во неа фактите го говорат следното: - Повеќе луѓе се осомничени. За нив обвинителството води истрага. Судот веќе издал налог за да бидат во притвор. Значи одеднаш некој овде во Македонија прејудицира дека тие што се осомничени во моментот дека се во притвор, не се тие виновниците. Јас го поставувам јавно прашањето можеби тие не се виновниците ама вие толку сте сигурни и тврдите дека тие не се виновниците. Да не ги знаете случајно кои се вистинските виновници. Тоа се случи во Арачиново. Арачиново, се вели дека било центар на организираниот криминал. Организиран криминал не се создава за два три дена за една година. Организиран криминал се создава со години. Шест седум. години се случува тој организирал криминал во Арачиново. Сега ќе кажете дали тоа е така или не е така. Може некој да спори и контра од тоа да тврди, меѓутоа, имаме многу едноставен параметар. Уште од 1993 година постоја поплаки на граѓани на Албанци што живеат во тоа село, кои уште од JS93 година тврделе дека главните организатори на криминалот таму ги тепале, ги затворале во гепек по цела ноќ, ги малтретирале и што се не им правеле. Значи уште од тогаш постоеле константни поплаки.

Меѓутоа, уште еден факт постои.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ**: (Продолжение)

До пред некое време, до пред 5-6 месеци полицаец таму воопшто не проверувал што и како се случува. Едноставно замижување. Организиран криминал не се прави само од криминалци, организиран криминал се прави ако има некој што го штити, што воопшто ќе забрани полицијата таму да проверува. Тоа се 2-3 глави, да не им ги спомнувам имињата на тие инкриминирани луѓе кои се организатори на тој октопод.

Во текстот некаде, а и во контекст на ова се споменува "Македонија табак". Би ве прашал како "Македонија табак" ја загуби, односно отиде во загуба 180 милиони ДМ. Преку Арачиново и преку организираниот криминал. Тој криминал не се создаде за 5-6 дена, за 6 месеци.

Една друга работа која можеби подоцна пак ќе се навратам, а тоа е тврдењето, повторно цитирам "ни се случи да се откријат штабови на ОВК и складишта со оружје на територија на РМ, но за овие случаи до сега од страна на државните органи нема резултати за откривањето на сторителите".

На некој начин има една контрадикција во целото образложение. Идејата била што подраматично да се пренесе, меѓутоа, во еден момент велите дека ништо не се работи во Македонија, за потоа по неколку реченици да кажете се откри, значи самото откривање е многу голем факт, самото откривање значи дека ДБК и МВР работеле. Понатаму се изместува работата, добро сте откриле, ама ги нема сторителите. Фактот дека тоа складиште е на граница многу говори, дали можете многу лесно да ги најдете сторителите? Башка за фатени сторители односно, за нефатени сторители може многу јасно да се види од претходниот дискутант г-дин Спанчевски, кој спомна долу непознати извршители останаа во вашиот период.

На втората страница од образложението, таа почнува со наведување дека дури меѓународниот фактор го потврдил тешкиот изборен фалсификат за претседател на државата. Навистина не знам кој меѓународен фактор овде сте мислеле, затоа што дали за вас се меѓународен фактор Советот на Европа, ОБСЕ, во документот 8604 во Анексот 3 едно од тврдењата на ОБСЕ во кое се кажува дека имало пропусти, дека тие пропусти треба во наредните избори да се поправат. Арно ама вели врз основа на сите наоди на меѓународната мисија за набљудување на изборите, претседателските избори 1999 година се чини дека се спроведени во глобала, според барањата на ОБСЕ и стандардите на Советот на Европа. Значи, има забелешки, не велиме дека нема, треба да се работи на тие забелешки, но тој меѓународен фактор, не знам за кој

меѓународен фактор велите во образложението дека го потврдил тешкиот изборен фалсификат.

На крајот, би сакал со уште една теза да полемизирам, а тоа е во образложението од 4 до 6 страница, обвинето е МВР, затоа што на местото на врвни професионалци, дошле аматери и не професионалци. Со доаѓањето на министерката Доста Димовска беа заменети околу 20-тина вработени началници во Министерството во разни ресори, со други. Прв факт кој говори дека воопшто не сте во право е тоа дека беа заменети со луѓе кои веќе работеле во тоа Министерство, работеле по 10,15,18 години.

Би сакал во оваа прилика да наведам еден карактеристичен пример за таквото тврдење, не знам дали е единствен, меѓутоа, го побива ова тврдење, дека тие луѓе, вашите луѓе биле професионалци, ама биле заменети со не професионалци, аматери.

Беше сменет началник на управата за криминалистичка техника. Господинот има завршено 0Т0 или ПТО. Нејасно е дали тоа високо или вишо образование за сите пишува за факултетот, за него не е баш многу јасно меѓутоа, беше заменет со г-дин кој има завршено применета физика, 18 години работи во МВР, се докажал. Значи, сега заменетиот е не професионалец аматер, а овој е професионалец што беше заменет. До тука може и да застане работата. Една работа е покарактеристична или полоша во целата констатација. Имено, г-динот професионалец и експерт по 0Т0 комплетно со своето семејство бил вклучен во активности неспоиви со функција што ја објавувал во МВР а тоа е сопственост на телефони за жешки секс линии добиени од бившото раководство "Телеком". Сега, што правел човекот. Си имал дома фирма каде многу чинело тоа вртење на телефон. Вртел од службените телефони и правел огромни сметки. Башка што на поинаков начин заработувал. Таа негова функција, тој огромен професионалец го оштетил МВР околу 50-тина илјади марки месечно. Тоа се огромни пари. Се вклучувал и слушал жешки линии.

Во контекст на ова би сакал да спомнам дека всушност тој господин не е изолиран случајно. Тој е всушност една шема, таа шема постоела неколку години за време на вашето владеење, а почна од 1996 година кога диво се појавија жешки телефонски линии во РМ. Се сеќавате во весниците свртете 99 и во Филипини, Суринам, Холандски Антили и не знам каде постојат Македонки кои ги нудат своите гласовни и еротски доживувања. Проблемот е што тие воопшто не биле во Суринам или Холандските Антили. Кругот се затворал овде во Македонија, за тоа што постојат докази, постојат дописи од Интерпол. Работеле некој полицајци во МВР, ги провериле тие телефони. Одговорот е такви телефони во Суринам, во Холадски Антили не постојат. Тоа е внатрешен сообраќај. Провериле и нешто друго, тој меѓународен број, отишле од Атина, Белград, Софија, Лондон и бидејќи е меѓународен број го свртеле, не можеле, само од Македонија можел тој карактеристичен број да се добие, не можело да се добие од надвор. Меѓутоа, што се случува?

Јас сум член на Управниот одбор на Македонски телекомуникации и би сакал од финансискиот извештај на крајот на годината од 1997, 1998 и 1999 година еден податок кој би требало логично да го поврземе со ова што досега го зборував. Во 1997 година во Заводот за платен промет е пријавеа профит, тоа е документирано, 50 милиони ДМ. Македонски телекомуникации пријавиле толку профит. Во 1998 година до Заводот за платен промет се пријавени 62 мил ДМ, значи имало раст се отворија мобилни телефони, менаџментот работел нешто. Меѓутоа, во 1999 година е пријавен профит во Заводот за платен промет од 120 и неколку мил. ДМ. Толку многу работеше овој менаџмент, јас им давам почит и имам респект кон новиот менаџмент кој работеше на отворање на нови мобилни линии, но замислете за цели 60 и кусур мил. да се зголеми профитот. Не е тоа, некој го крадел профитот на Македонски телекомуникации со жешки линии и тие фактури што ги плаќале на фирмите "Сачи енд Сачи", кој го правеше спотот? СВРСА и т.н., преку Кипарски банки, преку Телеком сето тоа е документирано, јас се надевам дека еднаш ќе излезе пред суд, можеби тука е забелешката, можеби споро работиме, не изнесовме ни еден пред суд, но 60 и кусур милиони профит од еднаш, тоа говори за нешто друго, говори дека душмански било крадено. Јас повеќе нема да зборувам, би завршил со зборовите и со констатација дека ова образложение комплетно го отфрлам како неосновано. Благодарам.

(Дискусијата беше пропратена со аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Данило Глигоровски за учество во расправата.

Пред да му дадам збор на г-динот пратеник Михајло Георгиевски, јас би сакал да го поздравам присуството на г-динот Претседател на Република Борис Трајковски, за присуство на седницата. (Аплауз).

Има збор г-динот пратеник Михајло Георгиевски.

**МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, со длабоко чувство на. негодување, револт од некоректниот и би рекол душмански што се ближи до цинизам, однос кон Владата на РМ од страна на неконструктивната опозиција, т.е. СДСМ ја доживувам оваа Интерпелација или како што е насловена - Доверба на Владата на Република Македонија.

Почитувани дами и господа, за да се добие поцелосна и објективна слика за владеењето на Владата што е предмет на оваа Интерпелација потребно е да се осврнеме на неколку битни елементи и тоа:

Што затече сегашната Влада од Владата на СДСМ, пред само година и пол.

Второ, општествено - политичкиот прилики, т.е. времето во кое владееше сегашната Влада од ноември 1998 година до денес.

Трето, што успеа да направи сегашната Влада по одредени области?

На првото прашање, што затече сегашната Влада во ноември 1998 година, може со три збора да се одговори, економски и духовен хаос и пустош.

Во поглед на економијата што е столб на општеството битно е да се истакне дека бившата Влада имаше неконзистентен стопански систем и економска политика водена спротивно на интересите на македонската држава што се гледа преку уништениот реален сектор со состојба на крајот на 1998 година со илјадници претпријатија со блокирани жиро сметки, со над 100 илјади вработени, над 10.000 претпријатија што чекаат отворање на стечајна постапка, над 320.000 невработени граѓани на РМ. Згора на тоа економскиот хаос да биде поголем го следеше и неадекватниот банкарски и даночен систем. Секако на прво место би ги истакнал пирамидалните штедилници како што се "ТАТ", "Алфа С", "Македонија реклам" и други кои беа ограбени над 200 мил. ДМ штедени влогови на граѓаните од Македонија. Таа економска катастрофа на граѓаните бившата Влада ги допушти преку лошо водената монетарна политика која водеше сметка само за угледот на Народната банка не водејќи грижа за ништо друго. Така каматните стапки во 1992 година и 1993 година достигнаа над 1000% на годишно ниво што ја дестабилизира и дефакто ја уништи економската перспектива на претпријатијата, а тој проблем не може и ден денеска да се реши. Значи, толкава е штетата од тој непромислен акт на монетарната политика.

Битно за економскиот хаос е да се истакне отсутноста на национална програма за заштита на домашните производи поради тоа се направени огромни трговски дефицити со над 500 мил.$ негатива секоја година при што се увезуваат производи со несоодветен квалитет од сомнително потекло и без никаква контрола се пуштаат во промет со дампинг цени со што се уништуваше домашното производство. Така се уништени капацитетите во текстилната индустрија, како што се на пример "Македонка", "Струмичанка", "Битола текс", во прехранбената индустрија "Вино југ", "Сковин", "Црвена Ѕвезда", во машинско производствена индустрија, "МЗТ", "Енергоинвест", "Микрон", "Метална Штип", во дрвната индустрија "Треска", "Црн Бор", "Страшо Пинџур", и стотици други.

Тоа беше почитувани дами и господа во најкратки црти да се каже за економскиот хаос што го затече оваа Влада пред само година и половина. Како може сега преку ноќ да се поправи? Уште пожесток е хаосот во духовната сфера. Тука на преден план треба да се истакне вреднувањето на вообичаените системи за комунистичкото општество како и продолжување на про југословенската опција како единствена за постојувале на РМ.

Сега почитувани дами и господа да кажам збор два и за безбедносната положба во РМ во времето на бившата Влада, т.е. што затече оваа Влада од оваа област.

Прво, незаштитени граници, над 10-тици гранични инциденти со Република Албанија и СР Југославија, со паднати човечки жртви од македонска страна. Упади на територијата на РМ од криминални банди и терористи со загрозување на нивната безбедност на граѓаните на пограничните места, повреда на воздушниот простор на РМ од страна на СР Југославија, Грција. Повредна на територијалниот интегритет на РМ како што е случајот Чупино Брдо и други локалитети на Македонско Југословенската граница. Освен незаштитените граници беше загрозена и внатрешната безбедност. Овде на прв план да го истакнам атентатот на тогашниот Претседател на Македонската

држава Киро Глигоров, за кој ништо не се откри.

Големи раздори има и во меѓуетничките судири. Бит Пазар, Радолишта, Мала Речица, Гостивар и др. Страотни беа судирите и тепањата на земјоделците во Куклиш и граѓаните од Горче Петров од страна на македонската полиција, само заради тоа бараа право што им следува. Освен тоа беше загрозена и личната безбедност на граѓаните и различни нерасветлени убиства во Скопје, Струмица, Битола и други градови, без откривање на виновниците и не спроведување на суд како што беше случајот со Мудинови од Струмица, Аце Циганот од Скопје и многу други.

Сепак, почитувани дами и господа за крај од она што го именував како затечена положба на оваа Влада од страна на бившата се загрозените државни интереси. Сите знаеме дека старата Влада т.е. Владата на СДСМ ја прифати промената на името на државата под срамното и капитулантско име БЈРМ што секој Македонец од него се срами и гнаси. Веднаш по промената на името оди кон промената на знамето на РМ без притисок на друга држава што исто така е срамен чин.

Од старата Влада оваа Влада затече нерешени државни граници со СР Југославија иако имаше доволно време во нејзиното шест годишно владеење.

Овде ќе подвлечеме и издејствувањето на не постоечкиот јазичен спор со Република Бугарија што се рефлектираше во создавање непријателски однос кон оваа соседна држава.

Тоа беше во кратки црти по првата точка каква положба затече оваа Влада од претходната,

Вториот битен елемент почитувани дами и господа е како што истакнав во уводот општествено - политичкиот прилики т.е. времето во кое владееше оваа Влада од ноември 1998 година до денеска. Овде хронолошки на прво место ќе ја ставиме воената инвазија на НАТО на Косово. За таа цел без никаква вина на РМ во неа престојуваа над 50.000 војници на НАТО Алијансата при што создадоа големи тешкотии од материјален и безбедносен аспект при нивното прифаќање. Веднаш потоа доаѓа воената криза на Косово која бараше максимални напори на Македонската Армија и Полиција за зачувување на македонскиот суверенитет и територијален интегритет притоа не е забележана ниту една жртва од македонска страна. За огромните парични средства потрошени за тоа не можеме ни да говориме Секако најтешка положба во која се најде Македонската Влада е инвазијата на над 350.000 бегалци од Косово и нивно згрижување на територијата на РМ при што не беше загрозена безбедноста, редот и правниот поредок во државата. По неколкумесечниот престој на огромниот број бегалци, Владата на РМ со помош на меѓународни хуманитарни организации успеа да организира безбедно враќање на големиот број бегалци на Косово во кус временски период без поголеми инциденти.

**МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Сите овие активности беа анализирани со огромен труд, знаење и големи материјални и парични средства. Во создадените воени услови, каде што Република Македонија беше во непосредна близина на воените активности, беа замрзнати меѓународните аранжмани на Светската банка, ММФ и беше забележано отсуство на странски директни инвестиции.

Третиот елемент, почитувани дами и господа, што сакам да го изнесам овде е што направи сегашната Влада во текот на нејзиното кратко владеење од само една ипол година во области, кои што претходната Влада не успеа да го направи за нејзиното шест годишно владеење.

Прво, ќе се осврнам на внатрешната политика, што е битен фактор за опстанокот на државата. Не може никој да ги негира релаксираните етнички односи, за што е добиена верификација од сите надлежни меѓународни институции. Главна задача на внатрешната политика е перманентната грижа за откривањето и прекинувањето на нарко каналите, кои минуваат низ Република Македонија и борбата против шверцот со оружје и друг вид материјал, при што се забележани големи успеси, како што е запленувањето на големи количини дрога, оружје и други видови материјали.

За одбележување е и донесениот корпус системски закони како предуслов за прием во Европската Унија и пошироко во меѓународните институции и организации.

Во надворешната политика, може да се истакне тоа што по заслуга на претходната Влада, Република Македонија не беше ставена во Агендата 2000 како основен документ за достигнатото ниво на држави, кои чекорат по патот на европското интегрирање. Но, актуелната Влада со добро конципирана стратегија, реално очекува до крајот на оваа година да се потпише Договорот за стабилизација и

асоцијација на Република Македонија со Европската Унија.

За одбележување е и фактот што е усвоен и потпишан Акциониот план за приспособување на Македонската армија во стандардите на НАТО алијансата. Во надворешната политика за одбележување е и зацврстување на добрососедските односи со Република Бугарија, Република Албанија и Република Грција.

Меѓу најзначајните елементи што актуелната Влада за овој кус временски период успеа да ги направи се во сферата на економската политика и развојот. Овде ќе ги спомениме следните факти. Пораст на бруто општествениот производ за 2,7% во 1999 година, што е рамно на најдобрата година од владеењето на поранешната Влада во 1998 година. Одржување на инфлацијата на едноцифрено ниво со Светската банка и ММФ и стабилност на македонскиот денар. Зголемување на девизните резерви на околу 500 милиони американски долари и создавање макроекономски услови за натамошно зголемување на девизните резерви. Успешно зацврстување на преговорите со Светската банка и Монетарниот фонд за нов аранжман, останува да се формализира потпишувањето на договорот во Вашингтон во септември о.г. Водење на конзистентна економска политика, што овозможува создавање, имич на стабилна и пазарно ориентирана економија, погодна за влез на странски капитал, што се организира со придружба на најголемата банка на Република Македонија - Стопанска банка, при што поранешната Влада не успеа да ја направи.

Овде треба да се спомене и влезот на странски англо - австралиски капитал на АДОР МАКЕДОНИЈА, грчки капитал АД Кредитна банка - Скопје, словенечки капитал, Тутунски комбинат Скопје, Конзекс - Скопје и др. Успешно решавање на нерешените задачи дадени на поранешната Влада за продажба на 12-те загубари. Листа утврдена на седница на поранешната Влада од 04.04.1998 година. Усвоена Стратегија за развој на македонската економија до 2003 година и многу друго.

Почитувани дами и господа, од особен интерес за Република Македонија е земјоделството. Затоа, Владата на Република Македонија му посветува достојно внимание. Овде би ги истакнал следните нејзини активности.

Во доменот на стратешките правци на развојот на македонското земјоделство, донесена е Стратегија за развојот усогласена со експерти на ФАРЕ програмата, на Европската Унија и експерти од Светската банка и ММФ. Предвидени се голем број на мерки, инструменти на економската политика, со чија што примена се овозможува секојдневно усогласување на понудата и потрошувачката на земјоделските производи, перманентна контрола на квалитетот на земјоделските производи, поттикнувачки мерки за извоз на ориентација на нашиот аграр.

Обезбедување стабилен пласман на земјоделските производи, не само во земјите на поранешната Југославија, туку пред се, ориентација од европските земји, кои учествуваат со 52% од вкупниот извоз на македонското земјоделство.

Направена е хармонизација на законските прописи со прописите на Европската Унија, при што перманентно правно се регулираат сите области во агро комплексот. Семе производството, заштитата на растенијата, сточарството, контрола на готовите производи, ветеринарството, водостопанството и шумарството.

Во владина процедура се Законите за земјоделска дејност и Законот за структурен аграрен фонд, со кој што за првпат во Република Македонија се дефинира професијата земјоделец, со што се изедначува земјоделството со другите стопански дејности, а на земјоделецот ќе му се овозможат исти социјални и пензиски инвалидски права, како и на останатите индустриски и други работници. Овде, почитувани дами и господа, сакам да истакнам дека претходната Влада за шест години не се ни спомна дека земјоделецот е битен фактор во државата и не разреши ниту еден проблем, а денес е најголем гласноговорник за интересите на земјоделците.

Битен фактор во земјоделството е заштитата на домашните земјоделски производи, така што со перманентна заштита на домашното земјоделско производство, намален е негативниот резултат, последица од не еквивалентните разлики во земјоделските производи во Република Македонија со странство и тоа од 120 милиони американски долари негативен резултат во 1998 година, на само 20 милиони американски долари во 1999 година. А, во идната година се оди на урамнотежена размена на земјоделските производи со странство.

Овде треба да се истакне и фактот дека за првпат во 1996 година, после забраната на извоз на јагнешко месо со

Европската Унија извезени се 1700 тони јагнешко месо во вредност од околу 20 милиони германски марки, а се бара и поголема квота за 2001 година за извоз на поголеми количини на јагнешко месо во Европа. Истовремено, се пререгистрирани и сите кланични капацитети и добиени се извозни броеви од Европската Унија.

Во врска со тутунот, почитувани дами и господа, треба да се истакне дека, иако на светската берза има огромен застој во пласманот на ориенталниот тутун на 360 илјади тони непродаден тутун од Грција, Турција, Бугарија, Романија и други, Владата на Република Македонија со внатрешни резерви го откупи сиот тутун од реколтата од 1999 година по цена која не отстапува од просечната цена во изминатите 10 години во Република Македонија. А, пак, во врска со рано градинарските производи, Владата на Република Македонија, како никогаш досега води грижа за нивен пласман и со директна парична помош од десетици милиони денари преку македонската агро берза, го решава пазарниот одвишок на рано градинарските производи и постигнува задоволителни цени за земјоделските производи. Не само земјоделието како најважна стопанска гранка во Македонија, Владата на Република Македонија скоро во сите области бележи видни резултати. Овде, на пример, би ги спомените градежништвото, каде што после 15 години имаме организирана изградба на станови во Република Македонија, а за првпат социјални станови. Цената на становите по квадрат во внатрешноста на Република Македонија се движи од 600 до 850 германски марки, а во Скопје од 990 до 1300 германски марки, а социјалните се без пари.

Почитувани дами и господа, дозволете ми вашето ценето внимание да го задржам уште кон еден многу битен елемент во општеството, а тоа е културата и образованието. Можам со достоинство да кажам дека во областа на културата за првпат во Република Македонија, се направи национална програма, која што во септември о.г. ќе биде обзнанена, обнародена. Во неа се изнесени битните елементи што ја карактеризираат нашата култура, нејзините развојни процеси.

Овде треба да се истакнат и големите достигнувања, што оваа Влада успеа да ги направи на полето на афирмацијата на културните вредности во земјата и странство, а не го занемари и заштитувањето на културното наследство на Македонија.

Во образованието за првпат почна да се зборува за македонски патриотизам, наспроти југословенството и социјалистичкиот патриотизам, идеологија, што беше главна карактеристика на поранешните режими. За првпат, почитувани дами и господа, се прозбори за верска поука и се направи првиот чекор, верски благослов, се означи почетокот на школската година. А, што има лошо во тоа? Зошто опозицијата, т.е. СДСМ го пречека со страшно негодување.

Почитувани дами и господа, јас овде силно ќе го дигнам гласот против оние што се бунат, против верата и верските достоинства, а тоа е моралот и традицијата. До кога ќе бидеме безверници и уништувачи на долговековната и културно - верска традиција. Со укинувањето на верската поука, се отфрла и културно - просветната традиција наследена од минатото на Македонија и Македонскиот народ. Ете, господа, произнесените мои видувања за состојбите во сите области од нашето живеење, ми даваат за право да кажам дека Интерпелацијата на СДСМ нема никаква основа, особено кога сите знаеме каква Влада имаа тие и каков пустош направија во сите области од нашето општество. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Михајло Георгиевски за учество во расправата.

За реплика се јави господинот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван премиер, почитувани пратеници, следејќи ги дискусиите, немојте да се лутите, меѓутоа, добив впечаток дека се наоѓам на XX конгрес на Комунистичката партија на Советскиот Сојуз. Па, мислам навистина, јас го советувам премиерот воопшто тогаш да не ја распушта Владата и да си ги врати министрите назад. Па, барем малку критика. Ве разбирам, сте членови на владеачката партија, меѓутоа, од вашите контакти со вас што сум разговарал, знаете дека добар дел од вас сте разочарани во некои луѓе, еве, барем како членови на ВМРО, од ваши колеги, министри и т.н. Еден збор не чувме, па не беа толку идеални сите.

Затоа сметам дека, следете го мојот пример, пред една година напишав една книга каде самокритички се осврнав и врз мојата партија, барем малку да видиме дали

има такви здрави сили меѓу вас, да кажете малку критика за партијата, ако не на Владата. Затоа, ви препорачувам, нема смисла, бидејќи XXI век е, па сметам дека премиерот ќе го поздрави тоа, некој со малку критика излезе. Нема смисла ова што се прави овде. Мислам, не сме мали деца, веќе не е ова времето на комунизмот, еволуиравме. Малку самокритика, малку критика, мислам дека повеќе го цени, дали е така господине премиере, кажете?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, пред да ви дадам збор, навистина, пред да и дадам збор на шармантната дама која ќе внесе свежина веќе во овие наши излагања, сакам да кажам едно. Ако не се потрудевте, навистина, да ни дадевте таков огромен материјал, кој што личи на реферат на поранешниот ЦК СКМ и т.н., не може да ги инспирирате луѓето вака да дискутираат. Да бевте по инспиративни, можеби ќе беше подруго.

Збор има госпоѓицата Божиновска Валентина.

**БОЖИНОВСКА ВАЛЕНТИНА:**

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на Владата, уважени колеги пратеници, по некоја логика, само пред еден ипол месец господинот Нано Ружин, ако добро се сеќавам од оваа говорница искажа, сите ние имаме во нас по нешто малку комунистички. Така беше господине Нано Ружин. Вашата реторика беше жива сила, комунизам и т.н. Јас не ви се лутам што вашиот жаргон не е променет. Проблемот е што тоа е Гогољевска ситуација. Проблемот е што Гогољ вика "Кај си се заакала татковино", вие не знаете дека всушност не можете да излезете од комунистичките клупи и од неосоцијализмот.

Меѓутоа, некаде изборите во 1998 година на еден ваш дуел, изговоривте ваква работа, за мене, мене постојано ми наликувате на некој французин кој е дојден случајно во македонските клупи, во македонскиот Парламент. И, тоа е добро. Јас вас не ви се лутам. Меѓутоа, знаете кога ви се налутив? Ви се налутив кога рековте, за мене гласаат луѓето со пеперушките и со вратоврските, а за ВМРО-ДПМНЕ гласаат селаните, уличарите и т.н. Помина тоа. Но, добро книгата ќе ја прочитаме.

Ви благодарам што ја напишавте таа книга и јас во оптек на времето и во се она што е време за моите колеги, кои мислам дека се многубројни и кои се јавија, ќе бидам многу кратка. Веднаш ќе започнам со критика. Бидејќи рековте критика, јас ќе започнам со критика.

Критиката која ја упатувам со доаѓањето на власта на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, на Демократска алтернатива и на ДПА беше следна. Зошто, оваа власт не излезе со списоци и со извештаи со она што требаше вие да го направите, односно отчетот кој не го дадовте ни во 1994 година, ни 1996 година, ниту кога изгубивте. Значи, ние ја имавме таа шанса тоа да го направиме, но ние не го направивме. Факт е.

Според тоа, на почетокот кога изговоривте дека не е во ред да се прави паралелата на вашето владеење и на нашето, од само една ипол година, значи само една работа. Дека вам сега или ви недостига трпението или едноставно влегувате во познатата теорија на растојание на осип мандештмен, кој всушност е еднаква на теоријата на Марсел Пруст. Господине Нано вие тука знаете. Што значи Прустовата конфигурација или Прустовата теорија. Прустовата теорија е вака, ако некогаш во животот се погледнете пред огледало и се огледате, пред вас ќе се појави некоја конфигурација, која всушност е вашиот вистински лик.

Господинот Бранко Црвенковски на вашите митинзи вели вака, ние веќе не сме СДСМ. Ние веќе не сме тие што го направија пустошот, треба да се заборави се, ние не направивме отчет, добро е што не направивме отчет и сега ние сме доктор Џекл и мистер Хајден. Ние се претворивме во нови ликови, од сега можеме да ја примениме власта и можеме да се вратиме повторно да бидам премиер на нова Влада. Дали е така господине Ружин. Точно така. Но, добро, продолжуваме понатаму.

Мислам дека тоа што го видовме на дуелот на Македонската телевизија, меѓу екс премиерот Црвенковски и меѓу господинот Георгиевски, мислам дека повлекува на една неверојатно точна анализа. А, всушност, сето тоа се претвори во интерпелација во тоа што е напишано и дадено во тие 30 страни од ваша страна. Дали се извинивте пред македонската јавност. Дали за оваа една ипол година кога се дрзнавте да ги правите митинзите во Македонија, меѓутоа, кога се дрзнавте да го повикувате Македонскиот народ и да му го збркувате умот, бидејќи ние не сме само политички субјекти, почитувани, ние сме и луѓе кои го едуцираме Македонскиот народ. Дали за миг не помисливте ваква работа, дека го изгубивте албанскиот електорат. Не. Тоа не го помисливте. Тука и на дуелот

господинот Црвенковски, можам слободно да кажам дека му беше најголемата грешка што навистина крајно арогантно и крајно тенденциозно во лоша конотација се однесуваше кон албанскиот електорат.

Втора работа, ајде да направиме една паралела, ова сега го говорам точно за македонската јавност, за митинзите на ВМРО од 1990 година, се извинувам од 1991 година, до сега и митинзите на СДСМ. Дали, всушност, со едуцирање на Македонскиот народ, со тоа како по 2000 година тие ќе пресудуваат, кој и што направил во оваа земја. Бидејќи, Македонија е над државна категорија. Македонскиот народ е над државен сегмент. Ние не можеме сега да ги делиме наеднаш на СДСМ, како што кажа господинот Црвенковски на дуелот доаѓаат домаќини луѓе, а на ВМРО-ДПМНЕ доаѓаат уличарите, доаѓаат селаните и доаѓаат земјоделците. Според она што е ваша професија, господине Ружин, е голема работа. Тоа е рушење на кредибилитетот на еден народ, кој е над државна функција.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:** (Продолжение)

Е сега, сакам да поразговараме малку за реториката на митинзите.

Митинзите се демократски процес на една држава и колку ги има повеќе тоа е подобро. 1991 година 2000, дали некогаш, некој на митинзите на ВМРО -ДПМНЕ излегол со една единствена реченица, изговори лична навреда на поединци на СДСМ, внимавајте што говорам, дали изговорил нешто што би значело жаргон на прегазувања, на столчувања, на смачкување и на правење на списоци? Никогаш.

Дали лидерот на ВМРО - ДПМНЕ ги повикал некогаш луѓето, дали всушност не доаѓаме до едно многу значајно прашање дека во 2000 година. Вашиот лидер на СДСМ, г-динот Бранко Црвенковски прави една голема омашка кон сопствениот народ? Дека всушност, неговата реторика е реторика на вашата мисла, е реторика на вашата лоша енергија во Македонија. Дали всушност не се дрзнавте, само за момент да помислите една ваква работа, дали оние поединци кои седат тука, во вашите клупи, не се виновни за сето она што го направил СДСМ? За сето она што го направил премиерот Бранко Црвенковски? Дали, всушност, не помислувате пред граѓаните и пред македонската јавност да кажете да, можеби требаше доблесно, како во сите европски земји да го промениме лидерот.

Бранко Црвенковски, според она што сега го повикувате во интерпелацијата, во довербата е еднакво на тој момент. Ќе бевте доблесни, јас ќе ја прифатев аргументацијата на интерпелацијата, само ако еден миг му кажевте на г-динот Црвенковски дека треба да си замине, дека тоа што го направил е лошо.

Тука ќе застанам во анализата на дуелот, бидејќи навистина, сето тоа што е напишано во интерпелацијата е практично она што го говореа на настапот на дуелот. Сега би требало да се заборави тоа што е уништено во македонското стопанство!?

Се согласувам. Да се заборават десетината модели на приватизација, од комисиите на Владата до Агенцијата за приватизација, да се заборават сите ваши полтронски институции што ги кочеа директните странски инвестиции, да се заборави долгот, да се заборави 1998 година, 200 милиони долари што ги направи г-динот Црвенковски, да се заборави тоа дека само точно три месеци пред изборите не беше направена "Бела книга" за странските инвестиции, точно преку вашите полтронски институции го кочевте доаѓањето на директните странски инвестиции!? И, да се заборави податокот 1992 година, во "Вашингтон Пост" и "финансиски вести" кои беа публикувани вакви податоци - Македонија има државен капитал од 12,2 милијарди долари, едвај оваа Влада со наплатени долари имаше 500 милиони долари и останаа уште 900 долари за доплатување од менаџерските тимови. (Дофрлање од место).

Така беше. Говоревте за, така е г-дине Гештаковски, говоревте за пазарно стопанство. (Дофрлање од место). Милиони, така.

Говоревте за пазарно стопанство, значи цело време алудиравте дека во Македонија ќе биде потребно да се случува пазар и стопанство.

Ајде да ја заборавиме 1992 и 1993 година кога го фиксиравте курсот на денарот и сега каматите за некои што незнаат, всушност беше тенденциозно прикриена дека беа некаде над 2 илјади проценти годишно, за да едногодишниот замрзнат курс на денарот биде 200%. Не се сфати пазарното стопанство, не се сфати дека постои пазар и стопанство, не го сфативте комунизмот, не го сфативте капитализмот.

Првиот збор во капитализмот значи трупање повеќе капитал во сопствената земја.

Поентата на дуелот, главната поента на дуелот меѓу екс премиерот Црвенковски - Георгиевски беше следниот:

200 милиони марки заминати од Македонија без никакви фактури на резидентни сметки во Србија или во Црна Гора, од "Македонија Табак". Дали тоа не значи дека за цело време на вашето владеење макдонскиот капитал, македонскиот денар заминувал во Србија, господа?

Дали тоа всушнсот не ја подвлекува вашата сопствена закана дека не е значајно Мелбрин Олбрајт што зборува, дека значајно е Петар Гошев што зборува! Дека е значајно Петар Гошев сега мафта со хартијата и вели - не е важно што премиерот оди во Косово, важно е што ќе ни се налутат нам милиони Срби. Дали всушност тоа не е продолжување на реториката на вашиот Црвенковски кој, навистина, влегува од грешки во грешки?

Мене ми е жал за 200 милиони долари од "Македонија Табак". Меѓутоа, повикате во интерпелацијата. Знаете сега дека е направена, пишувате дека е направена "Македонија Табак 2000"? Знаете што значи "Македонија Табак 2000"? Всушност, како што постои ДОЕЛ за цигари, како што постои ДОЕЛ за развој и т.н., се појави ДОЕЛ 2000. А, знаете што значи? Тоа значи дека ги преземаме, дека Македонија Табак ги презема сите обврски и долгови направени.

Е сега, јас тука ќе го повикам г-динот Џиков да размисли и ќе ги повикам одговорните во "Македонија Табак" да размислат дали е важно еднаш пред овој Македонски народ, да знаат каде им се одлевале парите и уште поголемо прашање, во чии џебови заминале и кого сме финансирале? Дали Србија или Македонија? Нека остане прашањето да виси.

Уште една забелешка на нашето владеење во добрината и во доблеста.

Дали премиерот не ве повикуваше да го вратите капиталот? Дали во три наврати не велеше дека сите оние пари што се излезени од Македонија, дека можат да се вратат на сметките? Или остана едната опција, да останат во швајцарските конта? Одлучивте да останат во швајцарските конта. Исто тако во системот на Чаушеску. Чешката Република сега е некаде пред портите на ЕУ, а влезе во НАТО. Знаете зошто? Затоа што чесите сфатија дека се чеси. Го вратија капиталот.

Еве еден мал пример, бидејќи постојано зборувате за приватизација, како се приватизираше во ваше време. Една фирма што имаше бакарен и железен лим, имот во концентрација на бакар и железен лим имаше некаде над 200 илјади германски марки. Во машини имаше некаде околу 2 милиони марки, салите беа околу 4.500 м2 земја над 2000 хектари. Сето тоа беше проценето од вашите менаџерски тимови на 5 милиони марки. 5 милиони марки за на крајот, некаде ја сведете сумата на 570 илјади марки за да можете да го купите со заробени девизи за 270 илјади марки и понатаму, да се измислат непостоечки акции од тогашниот популарен Закон на г-динот Анте Марковиќ и да се купи таква фирма само за 150 илјади марки.

Математиката, она што го изговорив на почетокот е обична: 12 милијарди долари, ако ставиме " - X" , можеме да дојдеме и ако е наплатено некаде 500 милиони долари, тоа значи дека некаде во Македонија, а 2 милијарди долари што треба да се до капитализираат, 9 милијарди долари се исчезнати од Македонија. И за тоа молчите. И добро. Сега се сведуваме на прашањето дека сето тоа треба да го заборавиме. И ги заборавивме.

Ние вас ве амнестиравме. Вие сами се рехабилитиравте.

Вие сами, сега, со оваа денешна седница, правите дека ви е вратен вашиот политички кредибилитет.

Уште еден момент, дали за миг посакавме да имаме, зошто всушност не си одговорите на следново прашање. Зошто немаме печатени медиуми, како власт би можеле да имаме, зошто немаме електронски медиуми? Македонската телевизија редуцирано ги кажува резултатите на сегашнава Влада. Сите 9 електронски медиуми имате и 4-5 печатени медиуми. Ние не ги тепавме со касети новинарите. Ние не се дрзнавме да им дадеме станови. Ние не им даваме хартија од чудни сметки од Германија и т.н. И, тие не даваат лажни фактури за хартијата што ја добиваат. И, нема ни да го направиме тоа. До крајот на владеењето, колку јас ја познавам доблеста на премиерот и на коалицијата, нема да се направи.

Или овој народ има да го дознае точниот суд за политиката на Македонија или не мора да го дознае.

Или Македонија ќе ја има, или не мора да постои. Или, нека си одлучи народот.

Цело време провејуваше една работа во дуелот на г-динот Георгиевски и г-динот Црвенковски, а тоа е дека нема

проблем, дека воопшто никогаш не станало проблем да издржите уште две ипол години и да видиме на парламентарните избори. Вагата ќе покаже кој што направил. Ниту за миг не се фалиме со Законот за денационализација. Ние не се пофаливме со Законот аз ДДВ. Вие не дозволувате да се пофалиме зошто е толку голем Буџетот. Вас, г-динот Георгиевски кога ви спомна дека 36% од Западна Македонија се наплаќаат долговите во Буџетот, не ве интересира. Не ве интересира само за еден ден, по ревизија во Градот Тетово направени се 100 решенија за вработувања. Дека за едно попладне направена ревизија од 135 дуќани и фирми внесено е, ми се чини за три часа милион марки во Буџетот.

Јас, навистина би сакала дури и да ја повикам сегашната власт, дека не е проблемот во медиумите. Проблемот е во вистинољубивоста. Проблемот е во судот на Македонскиот народ. Проблемот е во сето тоа што му е правено.

За мене, револуционерен чекор е донесувањето на Законот за досиејата. Дали всушност ние имаме задача да размислуваме за милион луѓе кои, кои го видоа својот егзил. Егзилот не ги побара. Духовната сила на Македонскиот народ замина некаде во Австралија. Ние имаме податоци дека токму во вашето владеење е заминато. Каде е таа духовна сила во Македонија? Од каде ние можевме да ја издигнеме културната и научната мисла во Македонија, како можевме кога се правеја досиеја за сегашните актуелни лидери на партиите на_власта. Фала му на Господа што е донесен Законот и што мислам дека конечно, она што е психологија на толпата, она што е психологија на Македонскиот народ, генетичката вертикала на достоинството на Илинденците ќе ја вратиме. Точно така. Од каде имавме потреба да ги запишуваме големите Македонци за нивните продуктивни идеи?

Мислам дека сега е време дека ќе доаѓа интелектуалната сила во политиката. Кога ние велиме дека не достигаат интелектуалци, воопшто и кај вас и кај нас, тоа е всушност стравот од досиејата. Не може г-динот Црвенковски да не одговори дека нема интелектуалци во вашите редови. Па ги нема, ги изгуби. Ги изгуби, точно така. Јас не ви се лутам вам, не се лутам на г-ѓа Илинка, на Шеќеринска, на Никола Поповски. Јас не и се лутев на г-ѓа Шеќеринска кога трепереше 1998 година, кога ги добиваа резултатите. Требаше да му се налутите на г-динот Црвенковски.

Понатаму, тезата за партизацијата. Ќе бидам многу кратка, бидејќи одолжив. Тезата за партизацијата е тезата што ја кажавте за вашиот народ. Кај вас доаѓаат аристократијата и бирократите на митинзите, а кај нас доаѓаат (дофрлање од место) така е, како што вие не нарекувавте со вашиот речник - терористи, кољачи 1996 година на митингот во Штип, г-динот Црвенковски пред локалните избори, селанчињата и незнам, просто не сакам да ги изговорам.

Дали всушност, историски, тој народ кој припаѓал 9 години на оваа партија, имал право по победата на својата партија, ако не друго да тропне за вработување? Кажете, дали ние ги испуштивме 3 илјади луѓе, кои беа вработени во вториот круг? Не. 4.300, сеедно. Дали ние ги повикавме, дали нешто им се случи? Не. Еве, еден пример во културата. Директорот на Битолскиот театар, ваш пратеник, директорот на Детскиот театар, ваш пратеник. Од каде една жестока анализа во Македонскиот народ дека ние кој знае што правиме, партизација по установите, по јавните претпријатија, не е точно. Ние само направивме тие луѓе кои можеле да влезат, да влезат. Па, нели е тоа еден тажен дел на Македонија кои не смееле да помислат, точно заради вашата измислена реченица морална подобност на партиите. Тоа нема да постои. Тоа нема да постои заради психологијата на нашиот лидер. Само заради тоа. А, вие самите се нарековте сериозна партија и сериозни луѓе.

Хипокризија на критиката и критичарите, реков дека се сепак на ваша страна, дека медиумите се на ваша страна. Јас само ќе ги повика новинарите, бидејќи сепак мислам дека најжестокиот леб го заработуваат, барем во мигот кога ќе се дрзнат да напишат нешто негативно за владеењето, да помислат дали воопшто има да напишат нешто доблесно и сепак малку да го анализираат времето на вашето владеење.

Имав запишано за шверцот со наркотици во вашето владеење, за непотизмот, за акцизните стоки, за се она што одеше на Север со камиони, со железничките композиции, не без акцизи, туку без редовна царина, за шверцерските зделки во вашето време кои заминуваа, за жал не во вашата партија, туку едноставно во индивидуалните џебови.

Зошто му се налути г-динот Црвенковски на г-динот Георгиевски кога рече "од вашите спонзори"? Зошто беше бесен? Па тоа се ваши спонзори. Знаете што

велат вашите спонзори? Велат – "дававме ние за СДСМ, само одеа во џебовите". Значи, вие немате сметки каде ви оделе парите. Значи вашиот секретар бил допирлив, а нашиот секретар бил недопирлив.

За изборните фалсификати не би сакала да зборувам, бидејќи да го прочитаме само извештајот на Бутрос Гали и текстот што го поднесе, мислам дека спомна и г-ѓата Ѓулистана Марковска, текстот, Извештајот што го даде г-динот Стојан Андов. За мене тоа беше едно, наавистина, морално и етичко однесување на еден политичар кога г-динот Црвенковски 1996 година го одмина г-динот Киро Глигоров. Тој, функцијата претседател ја одмина. Така беше. Нели? Тоа беше Сојузот за Македонија. Тој заборави и си направи своја сопствена коалиција. Го имам тука Извештајот и од г-динот Стојан Андов, многу децидно, бидејќи беше претседател на Собранието, многу точно говореше за фалсификатот 1994-1996 година. И тоа е, еве не мораме ние да кажуваме кажа г-динот Стојан Андов. Значи, нема да говорам за изборниот фалсификат, нема да кажам за вашето рекетирање, за се она што се случуваше за "ТАТ" за октоподот, за луѓето кои умираа по улиците, за тероризмот кој владееше и т.н., за паравоените формации што вие ги признававте и т.н.

Една суптилна тема што длабоко допира до македонската јавност, а сепак е сентиментална, е секако здравството. Мислам дека, вашето најголемо инвестирање во вашите партии, доаѓаше токму од здравството.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:** (Продолжение)

Најодговорно тврдам дека ниту еден од поставените директори на клиниките во Клиничкиот центар, не е во родбинска врска со генералниот директор на Клиничкиот центар.

За прв пат, го спомена госпоѓата Марковска тоа е усогласено со членот 32, така што за директор на Клиничкиот центар, се именува лице со завршено високо образование. Со тоа беше прекината долгогодишната практика за директор да се именува постојано едни исти личности, кои го толерираат криминалот во здравството. Постои документација во Клиничкиот центар од која може да се види дека, одредени клиники биле под водство на едни исти личности веќе 10 - 15 години. Значи, го спомна тоа Марковска, зет, вујна, каша и попара.

Она што сакам да го кажам како доблесност во Клиничкиот центар и во контекст на здравството, е Клиниката за неурохирургија каде, за прв пат во Македонија е отворен кома центарот и тоа две хируршки сали се отворени за Клиниката неурохирургија, за Клиниката на нефрологија, која чини 500 илјади германски марки. Реновирани се две хируршки сали на Клиниката за трауматологија. Во процес е комплетно реновирање на Галентската лабораторија на Клиничкиот центар од 300 илјади германски марки. Во тек е реновирање на две хируршки сали на Клиниката за оторинголарингологија. Набавена е комплетна ендоскопска апаратура за Клиниката на урологија од 200 илјади германски марки и за прв пат на Клиниката за детски болести е набавен гастроскоп. Во тек се набавките на многубројни други неопходни инструменти.

Клиничкиот центар на крајот нема никаков комерцијален долг за 1998 година, а комерцијалниот долг за 1999 година е во рамките на склучените договори, Фондот пред се.

Забелешката која одеше во медиумите беше за цитостатската терапија, повеќе од неопходна и толку честа во оваа дискусија. Тоа се заболените од рак. Тоа се заболените кои во вашиот период ги перевте парите за жал од најтешката болест.

Во изминатиот период во Република Македонија за време на владеењето на СДСМ, беа регистрирани 18 цитостатици, а се користеа околу стотина, за прв пат во владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, Фондот за здравство распишува тендер за набавка на цитостатици, а притоа сите учесници на тендерот беа побарани во рок од два месеца да достават комплетна и оригинална документација, регистрација на секој понуден цитостатик. Сигурно на познатите големи веледрогерии не им одеше во прилог, бидејќи падот на цените од 80% на поодделни цитостатици се постигна на тендерско работење, во однос на оние срушени тендери не се работи за шпекулации со нереални цени и нивна корекција од страна на самите набавувачи при следното распишување на тендерот.

За прв пат во Република Македонија се постигнати реални цени на лекови, што опозицијата ги смета за лошо работење. Уште еден интересен податок. Цитостатиците кои беа купувани со поминат рок за 10% од нивната реална вредност продавани кај нас двојно и тројно поскапи, потоа едноставно беа исфрлени од употреба затоа што им

беше поминат рокот. Веледрогериите, нивните сопственици, ваши роднини се богатеа врз грбот на најтешките заболени. Хуманитарната помош делумно се распродаваше и се продаваше по медицинските центри.

Што се однесува до 40 милиони фиктивна заштита на Фондот за здравство, зошто тоа да се пренабрегна. Зошто ние не излеговме да се пофалиме. Пласиравте во јавноста дека Фондот нема фиктивна заштеда. Фондот оваа година има реална добивка од 10 милиони германски марки, со што вкупниот дефицит на Фондот во однос на минатата година е намален од 3 милијарди и 650 милиони денари, а тоа е фактот што оваа добивка не можеше да ја оствари вашата, туку ја оствари нашата партија. И тоа треба да се нагласи дека набавеното количество на лекови е споменато за 50% во однос на изминатите години, со што е намален постојаниот дефицит на лекови кај граѓаните, кои беа дистрибуирани по аптеките. Вистината е дека платите на докторите ретроактивно опаѓаат 10 години наназад, дека не се покачени долго време, но вистината е дека со доаѓањето на оваа власт се плаќаат односно го примаат својот личен доход не на рати туку целосно.

Случајот кој го нарековте Жан Митрев, воопшто не е точно дека Република Македонија прави паралелни кардиохирурзи и воопшто не е точно дека на Македонија не и требаше кардиохирургија. Огромни беа сумите на пари кои во вашето време заминуваа во Белград и во Сремска Каменица. Знаете што се требаше за да се појде на хируршки зафат во Сремска Каменица? Ако се викате Нано Ружин требаше да се викате Стоиле Стошиќ, таму не ве запишуваа со вашето име. Таму ве запишуваат дека сте Србин и тогаш парите од нашето здравство заминуваа во тоа здравство.

Меѓутоа, никогаш не се враќале сметките да се знае колкави биле сумите. Тоа никогаш не се постави како прашање, а тоа е најатрактивното прашање кое навистина би требало да се одговори. Господинот Жан Митрев е наш кадар, човекот кој работел во Германија, кој имал добар статус, човек кој бил добро платен во Германија, кој не би му било толку значајно да ја напушти за да дојде тука да работи. Решил да се врати во сопствената татковина и решил заради тоа да има врска и со Министерството за здравство и со Фондот. Фондот не му е гајле како ги троши парите, така вие велите. Не е точно. Фондот, всушност ги исплаќа услугите кои ги прави г-динот Жан Митрев. Има два типа на операции, таа и таа операција вреди толку и Фондот ги распределува парите. Друго е како ги дели кардиохирургијата парите на г-динот Жан Митрев.

Да не заборавиме уште една работа. Во таа кардиохирургија работат 70 вработени значи 70 семејства живеат од работата на таа кардиохирургија. Основен проблем тука е проблемот на парите, кои преку Белград и Сремска Каменица се слеваа во приватни џебови на одреден број луѓе.

И бидејќи доаѓам од областа на културата, она што го говорете за ренесансата во културата, г-динот Љубен Пауновски навистина е така. Во Македонија за прв пат може би е вратена духовната културно научна мисла на начин и на ниво кое е потребно. Споменувате за долгогодишната писателска асоцијација. Јас се согласувам, писателите се секогаш коментар на општеството, меѓутоа, поранешниот претседател на друштвото на писателите, не сакаше да соработува со Министерството за култура и никогаш не ги потпиша договорите, но затоа сега тоа е направено.

Во неполн месец е доделен извонредниот простор на "Чифте амам", направена е националната постапка на националната галерија во Македонија, вистинската улога на културните институции - Републичкиот и Градскиот Завод за заштита, етнолошка поставка на музеите, доделувањето на "Чифте амам" и секако тој треба да се изгради, донесена е Националната програма. Таа за четири пет дена ќе се најде во јавна расправа. Воведена Археолошка полиција, проширен е просторот на Музејот на Македонија со средства двојно помали од бараните и така натаму.

Не е точно дека не се доделуваат пари од културата на оние градоначалници кои и припаѓаат на СДСМ. Само да споменам, дека дадени се пари, стигнати се на сметките кај градоначалникот во Битола во Охрид, во Кратово, во Охрид се реновира Античкиот театар, големата Самоилова тврдина, куќата на Уранија, во Кратово се стигнати парите за Радниот мост, во Битола се прави Хераклеа, сцената на Античкиот театар, Лабараторија за заштита и т.н., и т.н.

Јас навистина не сакав толку многу да говорам, но ете излезе така. Една работа е многу значајна, може би е лесно да се игра на тапан на галичка свадба, меѓутоа

значително е тешко да се наведне главата. Обично тоа го прават во христијанството, го прават луѓето кои веруваат во бога и во христијанството. Вие и тоа не верувате, бидејќи го оспорувате молитвениот час, според тоа ве молам, ви препорачувам утрешниот ден сепак да појдете на утринска литургија.

**САВО КЛИМОСКИ:**

Благодарам на г-ѓицата Валентина Божиновска за учество во расправата.

Господинот Нано Ружин бара збор за реплика.

**НАНО РУЖИН:**

Значи бев спомнат и од претседателот кога рече дека СДСМ поднел еден таков текст, кој што го потсеќал на извештај на ЦК СКЈ.

Јас мислам дека илузии правевме на комунистичката партија на СССР, а не на ЦК СКЈ, меѓутоа ни тоа не е битно.

Прво, би сакал да кажам неколку збора за дискусијата на Валентина, која што ја ценам како добар актер, всушност она е најдобриот актер меѓу сите актери овде што се наоѓаат, дури не потсеќате на Фара Бернар.

Бевте малку малициозни кога рековте дека за мене гласале оние со машни, а сиромашните не. За мене гласаше Крњево, Пролет, Маџир Маало и Дел од Гази Баба, меѓутоа верувајте ми во општеството во транзиција тие решаваат, битен е сиромашниот. Одете прашајте го. Верувајте ми на зборовите се одделивте од сиромашните. Станавте многу само бендисани. Ги повторувате грешките.

Второ, Македонскиот народ не е едуциран. Тој е едуциран.

Во врска со комунизмот, знаете комунизмот беше една филозофија, која што е многу блиска до христијанството, меѓутоа во СССР тој беше практикуван на мошне лош начин и затоа влезе во една тежуративна смисла и во останатите земји на еднопартискиот систем. Затоа, кога велам кај секој кај нас постои малку круг на комунизам, на мислам на Советскиот комунизам, мислев на ова што го зборувате. Секој од нас малку е на пример хуманист, може би и идеалист и затоа мислам дека на крај не останавте доследна, бидејќи ветивте дека нешто ќе критикувате. Ништо не критикувавте од Владата, бидејќи знам ова е Влада на едно пост комунистичка општество, дури и да не ја критикувате. Дури и да не ја критикувате таа самата е свесна дека греши. И, народот, сиромаштијата, пак ќе реши, пак ќе реши на следните избори.

Знаете ли што е оценката на едни многу значајни луѓе, не е битно кои, луѓе кои што ги знаат добро работите овде, велат на следните избори ќе победите вие, а на тие пак избори вие може би ќе изгубите па други ќе дојдат.

Затоа, сметам дека треба да бидеме само пореални, да не правиме магии на народот што е тука, бидејќи на крај краишта не постои народот заради нас, народот пред се постои во оваа држава, во смисла на тоа, дека ние постоиме заради него и треба да бидеме во функција на истиот.

Затоа мислам, ако политички гледаме на работите многу поголема услуга ќе направиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Нано Ружин.

(Господинот Амди Бајрам без да добие збор излегува на говорница}.

Господине Амди, бидете џентламен сака да одговори тој што е споменат.

Не излегувајте вие. Спомната е госпоѓицата Валентина Божиновска.

Збор има г-ѓица Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Бидејќи сакам да ги исчистам сите примеси кои биле наметнати за време на комунизмот, а единствено доблесно верувам на Моисиевите закони, верувам на христијанството, господине Нано Ружин, доблесно ви простувам.

(Господинот Амди Бајрам упорно бара збор).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да завршиме господине Бајрам.

Јас незнам кое право го користите сега. Процедурално ли е, реплика ли е.

**АМБДИ БАЈРАМ:**

Процедурално.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, процедурално две минути.

**АМБДИ БАЈРАМ:**

Почитувани дами и господа пратеници, почитуван господине претседател на држава, Борис Трајковски. Јас мислам дека во овој законодавен дом секој како пратеник си имаме свое право, затоа што ние сме бирани од граѓаните, секој како пратеник си имаме свое право и никој на никого не може да му прети овде и никој ако излезе овде на говорница во

ходник да му запретува и да му се заканува. Барам лично извинување затоа што имам двајца сведоци кои слушнаа во ходникот, Никола Поповски, ми се закани...

(Реакција на пратениците).

Да, да, извинете ова е многу озбилно.

Никола Поповски ми се закани...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Бајрам, па не беше воопшто предмет на расправа тоа.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не, не, ова е голема работа, затоа што пред врата ќе го испружам. Дозволете да кажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам завршете со тоа.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Дозволете ми да се искажам г-дине претседател.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не може сега повеќе.

**АМБДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе ќе ве молам пуштете ме да се искажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со Никола Поповски ќе се расправате надвор...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ќе стане инцидент во Собрание, морам да кажам ...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ајде, да не правиме сега театар од ова. Нема смисла.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе, господа пратеници, дали ни дозволувате да говорам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не, доволно е.

(Некои пратеници ја напуштаат Собраниската сала).

**АМДИ БАЈРАМ:**

Идете си слободно, нормално.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, прекинете.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господа пратеници јас по моето излагање преескa овде на говорница излегов надвор. Имам сведоци кои слушнаа...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Амди Бајрам исклучени сте од говорницата, ќе ве молам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Претседателе ве молам пуштете ме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ве молам, претседавам.

Ќе ве молам не е предмет на расправа...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ама ќе стане инцидент во Собранието.

Ако го тепам тука пред врата тогаш ќе реагирате.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, говорницата оставете ја.

Одиме понатаму.

Господине Бајрам немате повеќе збор...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Имам збор претседателе.

**САВО КИМОВСКИ:**

Немате збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ама морам да се искажам уште половина минута господине претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не е предмет на расправа тоа.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ама немојте г-дине претседателе.

Случаен инцидент е во Собрание морам да го кажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ама немојте на говорница...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ама ќе стане инцидент во Собранието.

Сега во ходник ќе стане тепаница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ама нема да биде тоа сигурно.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ќе биде сигурно, затоа ви кажувам, барам извинување и пуштите ме подобро да ви кажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Нека ви се извини таму каде што е направено.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не таму, тука на говорница, сакам сите пратеници да знаат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, еве разбраа и ќе ве молам...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господа пратеници, господине претседателе, господин потпремиере, господине претседателе дали треба некој, ако јас како пратеник овде има претседател на Собрание претседател на сите нас пратеници и може претседателот да покрене и сакам сите пратеници да покренете, дали има некоја кривична пријава против мене, што господинот Никола Поповски во ходникот ми се закани, ми вели делата никогаш не застаруваат.

Затоа барам или да се извини или ќе му поднесам кривична пријава со сведоци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Има збор господинот пратеник Чедомир Кралевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, членови на Влада, колеги пратеници, интерпелацијата воопшто, па во тој контекст и оваа интерпелација за доверба на Владата секако претставува демократско право на опозицијата во рамките на механизмите за контрола на власта од страна на Парламентот.

Под претпоставка кога се поднесуваат од конструктивни и искрени побуди, интерпелациите можат да претставуваат значен коректив во пректицирањето на власта, но и низ конструктивен дијалог помеѓу власта и опозицијата да се посочат нови идеи за разрешување на проблемите во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Меѓутоа, интерпелацијата што е пред нас, според мене нема ништо заедничко со ваквиот карактер на овој демократски институт и тоа од повеќе причини. Таа е преполна со констатации, полувистини и извртени факти, со кои се сака да се докаже дека безбедносната состојба во државата е катастрофална, дека се гушиме во шверц и криминал, дека државата се разградува, дека институциите на системот се распаѓаат или пак не функционираат, дека се распродаваат националните интереси и т.н. Интерпелацијата скоро во целата своја целост има форма на сувопарна декларација и наликува на предизборен опозиционен маркетиншки памфлет со нафрлени претпоставки и обвинувања, зад кои не се нуди никаква аргументација и доказ. Ако при тоа е имаат предвид и митинзите што во организација на опозицијата се одржаа во повеќе градови во државата за кои да не бидам погрешно сфатен се нејзино демократско право и се анализираат констатациите и пораките што на нив беа промовирани, мошне лесно може да се дојде до констатација дека единствен мотив во сите овие активности на опозицијата е желбата одново да се приграби власта. Тоа исто така е демократско право на опозицијата, настојувањето да се дојде на власт.

Проблемот е само во стилот, начинот и средствата со кои тоа се чини. Во случајов се соочуваме со еден макијавелистички пристап во кој не се бираат начини и средства за да се оствари целта. Постојано и со сите средства според добро познатиот манир на претходниот систем, се настојува да се создаде чувство на безизлезност, опасност од катастрофа на државата, сметајќи при тоа на краткото паметење на народот и сметајќи можеби на можноста дека со исплашени поединци полесно може да се манипулира.

При тоа, бескрајната ароганција на лидерот на СДСМ, не му дозволува на истиот да си го постави сам на себе прашањето: можно ли е некој нему да му поверува, а при тоа да не се потсети на периодот во кој тој речиси неограничено владееше и остави вистински пустош во државата.

Не е ништо ново дека претежно кај Македонците завладува понекогаш кусото паметење, дека ефектот од дневните настани го потиснува сеќавањето на оставениот пустош во државата, во наследство на новата власт, на коалицијата за промени. Зборовите на лидерот на опозицијата, сега ќе бидеме подобри од она што бевме, се бесмислени, ако се тргне од искуството на 7-годишното владеење на СДСМ и ако за лидерот на СДСМ се суди според неговото однесување, а за човекот само така може да се суди, а не според сликата што се обидува сам за себе да ја создаде кај другите.

За тоа време, не само што тој и СДСМ ништо не направи за својот народ, не само што го потценуваше како фактор во политичкиот живот, карактеристичен за повеќе партиските системи, туку заедно со своите приврзаници го малтретираше, го ограбуваше, го тепаше на улиците, го осиромашуваше и му ја одземаше единствената можна, единствената животна поткрепа, достоинството, од општо, до поединечно ниво, од продажба на заедничкото име,

до полициската репресија врз индивидуата, која што се спротивставуваше на неговото разбирање за практикувањето на власта. Во тоа време всушност и се создадоа основите на растурањето на општествениот и индивидуалниот живот во државата и дојде до уништување до етичкиот систем, без кој не може да функционираат односите меѓу луѓето на микро и на општ план.

Тогаш се утврдени принципите на рекетарство како појава, не одговорноста пред судските органи, дури и за правно утврдени и разјаснети убиства и се она за што денес на митинзите зборува лидерот на СДСМ. Играта на картата на колективната амнезија на граѓаните е сепак со краткорочен ефект, а незнам какви агенции за спроведување на анкети да го подигаат рејтингот на опозицијата на површина сепак ќе исплива судот на народот, на кој опозицијата деновиве патетично се повикува. Со бес крупулозните напади на легално избраната власт, опозицијата наместо да биде конструктивна, конструктивен чинител во процесите на општествениот и економскиот живот, објективно се промовира како генератор на криза во државата.

За таква нејзина улога говорат и непобитните факти дека, опозицијата одбива секаква соработка со актуелната власт, па дури и за прашања што се од витално значење за државата, како што се понудата да учествува во преговорите со Европската Унија и разговорите кај претседателот на државата за безбедносната состојба на земјата.

Лично, пратејќи ги искуствата во земјите со подолга парламентарна традиција, можев да констатирам дека во дејствувањето на опозицијата во овие земји, сепак се води сметка за црвената линија над која не смее да се оди, имајќи ги во предвид државните и националните интереси. Во нашиов случај сме сведоци на фактот дека во својата бескруполозна борба за власт, опозицијата на големо ја преминува таа црвена линија и нанесува огромна штета на меѓународниот углед и позицијата на нашата земја. Со констатациите за состојбите во меѓуетничките односи во државата, во интерпелацијата исто така се надминува црвената линија со тенденција да се влошат инаку релаксираните односи меѓу националностите, со што не одговорно се посегнува на еден од најзначајните столбови за стабилноста и безбедноста на државата. Овде само по себе се наметнува едно потсетување за начинот на 7-годишното партиципирање на власта од страна на СДСМ.

Имено, во тој период, оваа партија се одржуваше на власт, вешто користејќи го стравот од двојни судири и еквилибристички или со игра на топло и студено во меѓунационалните односи и создавање страв од нивното влошување во сите консеквенции од тоа влошување. Како инаку да се сфати дека владите на СДСМ во чие време се случија Илирида, паравојската, вклучувањето на креаторите на таа паравојска на високи позиции на власта, Арачиново како контраверзен ентитет, бомбашките напади, тетовскиот пара Универзитет и слично, сега се главни критичари за наводни остапки и издајство на националните интереси.

Кон владеењето на СДСМ може да се додаде и практиката не бранувај, со цел што подолго да се остане на власт, за разлика од Владата, на коалицијата за промени која иако е на власт година и половина, се зафати со разрешување на мошне тешкото наследство од власта на СДСМ. Можеби за оваа интерпелација би требало и да и заблагодариме на опозицијата што пружи шанса да ги истакнеме добрите работи што Владата на Георгиевски ги направи во овој едно ипол годишен период и продолжува да ги прави, бидејќи е ова несекојдневна можност, ако се има предвид перманентната ангажираност на Владата во расчистувањето на наследените проблеми и решавањето на тековните задачи.

Оваа Влада имаше доблест, храброст и решителност да се зафати со реализација на реформите во сите области на општественото живеење и во таа функција и цел предложи донесување на голем број закони, меѓу кои би ги истакнал: Законот за денационализација, Законот за слободни економски зони, Законот за данокот за додадена вредност, Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за здравствено осигурување, Закон со кој се ефектуира враќањето на заробената стара девизна заштеда на граѓаните, Закон за отворање на личните досиеја, Законите во функција на реформа на банкарскиот систем, Законот за високо образование, што наскоро треба да се донесе и решавањето на високото образование на Албанците, реформските

закони во сферата на јавната администрација и т.н. Кога сме кај набројувањето кај овие законски проекти, би сакал да се задржам само на некои прашања од спроведувањето на реформите.

Имено, ќе забележите почитувани колеги, дека во интерпелацијата не им се посветува на овие особено значајни законски проекти, кои го потврдуваат несомнениот реформски курс на Владата на коалицијата за промени. Со донесувањето на Законот за денационализација, кој патем речено, безуспешно 7 години се крчкаше во Владите на СДСМ, конечно се исправи една голема историска неправда. Истото тоа се однесува и на законскиот проект за личните досиеја со кој се исправаат многу неправди нанесени на поединци заради нивните идеолошки убедувања.

Законот за високото образование, кој исто така со години собираше прав во фиоките на министрите на СДСМ, доби високи меѓународни верификации. Несомнената реформска ориентација на Владата на коалицијата за промени, без амбиција да ги споменам сите потези и законски проекти, се гледа и низ реформите во здравството, во пензискиот систем, во економската сфера и слично.

Сите овие реформи го следат духот на развиените држави во Европа, во чие семејство и ние сме цврсто ориентирани да влеземе секако, при тоа водејќи сметка за нивото на развојот и материјалните можности на нашата држава и материјалната издржливост на населението. Интерпелацијата за жал ги содржи само најцрните аспекти на овие реформи. Имено, на изготвувачите на интерпелацијата им е многу добро познато дека патот на реформите е тежок и не може да се оствари без определени жртви, кои особено се изразуваат во социјалната сфера. Тие исто така добро ги знаат материјалните можности на државата. Но, за жал и во овој сегмент тие се заробеници на партиципирањето на власта во текот на 7 години кога пред се, заради зачувувањето на власта се одржуваше еден привиден социјален мир и се бегаше од реформите кои можеа да го нарушат тој мир. Поважно беше зачувувањето на рејтингот на партијата, отколку енергично ориентирање кон реформите.

Почитувани колеги, го носам чувството дека Владата на коалицијата за промени, особено внимание посветува на социјалната положба на населението, во услови на засилено спроведување на реформите. Не верувам дека постои некои во оваа сала на кого не му е важно како живеат денес нашите луѓе и со какви егзистенционални проблеми се соочуваат. Покрај мерките што така да се каже дневно се преземаат, секако треба уште поинтензивно да се дејствува.

Верувам дека стратегијата за социјален развој што неодамна беше промовирано од страна на Министерството за развој, на еден сеопфатен и долгорочен начин ќе го трасира патот за разрешување на повеќе од овие проблеми. Определбата за влез во европските интеграции во НАТО структурите, спроведувањето на реформите кои треба да ни отворат патот за остварување на тие цели е инкомпатибилност, што така да речам партискиот егоизам и водење грижа единствено за својот рејтинг, а запоставувајќи ги долгорочните интереси на државата.

Уверен сум дека во времето што доаѓа, а се надевам дека тоа ќе започне да се случува веќе за некоја година, резултатите од реформите ќе бидат најдобрата потврда за ваквата ориентација. Од цврстата определба за реформи на Владата на коалицијата за промени произлегува и широката меѓународна поддршка, углед и признание на нашата држава, дијаметрално спротивно од тврдењето на опозицијата за наводно влошената меѓународна положба на нашата држава.

Договорите со меѓународните финансиски институции се во завршна фаза, а според моите сознанија такви перспективи отвораат и досегашните преговори со ЕУ во рамките на Договорот за стабилизација и асоцијација.

Деновиве имавме прилика лично од устата на евро комесарот Крис Патен да чуеме дека, Договорот со ЕУ за асоцијација во ЕУ ќе биде потпишан пред крајот на годината. Патем да споменам дека евро комесарот, кој е всушност министер за надворешни работи на ЕУ, кога зборуваше за РМ ја ословуваше со нејзиното Уставно име и воедно го негираше постоењето на шверцот во РМ, за кој што опозицијата и во оваа интерпелација се инсинуации и невистини.

Сведоци сме исто така на еден нов дух во политиката со соседите, што исто така не приближува на европскиот дух и соработка и добро соседство. Политиката на претходната власт, на

постојано продуцирање на непријатели во односите со соседите, се настојува да се замени со дух на соработка и разбирање. Во таква атмосфера е многу полесно да се решаваат отворените прашања и рецидивите од минатото. При тоа, сето тоа се чини во име, а не на штета на националните интереси, како што се сака да се импутира во интерпелацијата.

Почитувани колеги, би сакал да резимирам во овој дел на моево излагање, дека широката меѓународна поддршка Владата ја стекна не поради нејзината инфериорност или послушност како што тврди опозицијата, туку поради нејзината цврста определба за реформи, спремност за соработка и промовирање на дух на меѓусебно разбирање и решавање на отворените прашања низ дијалог. Во овој контекст, верувам дека ќе се согласите со мене дека е многу анахроно и штетно за државните интереси се пораките кои неодамна беа искажани на некои митинзи на опозицијата, а особено од страна на нејзиниот лидер, во кој се минимизира значењето на писмото на поддршка на државниот секретар на САД, а и поддршките кои секојдневно пристигнуваат од ЕУ и НАТО. Ваквите изјави потсетуваат на нешто веќе видено - митинзите на владеачката партија на северниот сосед. Иако се работи за ставови на опозицијата, таквите оценки се штетни за интересите на земјата, за меѓународниот и воопшто за севкупниот рејтинг, па во врска со така изречените ставови на лидерот на СДСМ, останатите членови на СДСМ, 6и требало како единствено компетентни критичари, критички да ги преоценат така искажаните ставови на нивниот лидер.

Во интерпелацијата посебно внимание е посветено на наводната партизација на државната администрација и јавните служби. Не би сакал да одземам многу од вашето време на ова прашање, само би сакал да нагласам дека за време на владите на СДСМ беше извршена толку масовна партизација, што и во тек на повеќе влади на ВМРО-ДПМНЕ не можат ни приближно да се отвори барем некоја рамнотежа. Мене особено ме загрижуваат како пратеник и граѓанин на оваа земја неодамнешните изјави на лидерот на опозицијата за водење евиденција и списоци на наши и ваши или изјави од типот сите морате да се определите, кои изјави не можат поинаку да се сфатат освен како опасност во една хипотетичка ситуација, кога опозицијата би дошла на власт за отворање пат за реваншизам и продолжување на континуитетот на партизацијата што ја спроведуваше СДСМ во текот на своето владеење, што е голема опасност за демократијата во државата.

Прашањето на партизацијата најдобро единствено можно ќе биде разрешено со донесување на пакет Закони за реформа на јавната администрација, со кои ќе се организира мала ефикасна, стручна и департизирана јавна администрација. За мене, во најмала рака претставува дрскост од партијата во чие владеење се етаблираат криминогените појави, митото и корупцијата и слично, да ја обвинува Владата која е кратко време на власт, за генерирање на вакви појави. Сеуште ни се свежи во сеќавањата изјавите на високи функционери од тогашната власт за постоење на организиран криминал кој досега, до институциите на власта, патетичните изјави за постоењето на октоподот и сечењето на неговите пипци, кои за жал тогаш не беа ниту допрени, кога огромни суми на пари се слеваа во џебовите на тогашната политичка и стопанска елита и т.н.

Би можело да се констатира дека сегашната власт е ставена во неблагодарна сложена и тешка улога на лечењето на последиците од ноншалантниот однос на претходната власт кон овие појави.

Бележиме бројни примери на успешно справување со повеќе од овие криминални активности. Да ја споменам само дрогата, која наместо да завршува во сефовите на одделни министерства за оттаму мистериозно да исчезнува, сега речиси дневно се открива на нашите граници најразлични видови дрога која потоа целосно се уништува. Актуелната политичко безбедносна состојба не може да се оценува без да се земе во предвид географското опкружување на РМ, како и настаните во нејзиното најблиско соседство. Тука мислам на кризата во Република Албанија, Косовската криза и друго, поради што РМ се соочува со долготрајно присуство на одредени негативни влијанија од нестабилните безбедносни услови во непосредното опкружување. Ако ја погледнеме ситуацијата со граничните инциденти, ќе забележиме дека во текот на сите години од осамостојувањето на РМ ги имало баш поради горе наведените причини, па тогашната власт не сметаше дека е

загрозена безбедносната ситуација, ниту безбедноста воопшто на државата.

Така во 1992 година, имало 252 гранични инциденти. Во 1993 година 121, во 1994 -122, во 1995 - 77, во 1996 - 56, во 1997 - 142, при што во 1997 година во три гранични инциденти животот го загуби еден работник на полицијата и 1 албански државјанин, а 2 припадника на АРМ и МВР беа потешко повредени, а исто така беше пронајдена и поголема количина на складирано оружје. Поради таквото опкружување имало и има обиди за дестабилизација на РМ.

Имено, ако сте заборавиле господо од СДСМ пред зградата на УВР - Куманово, на 14 јануари 1998 година експлодира експлозивна направа, но сторителот не го откривте. На 25 мај 1998 година пред објектот на полициската станица Бит пазар исто така експлодира експлозивна направа, но и во овој случај сторителот не го откривте, а тогаш во полицијата беа тие професионалци и стручни кадри за кои сега тврдите дека не се мотивирани да работат, бидејќи ги раководат "аматери". За жал, во борбата против криминалот имало жртви и во 1997 година, кога во два случаи животот го загубија 3 припадници на МВР, а во 1998 - 2.

И најважното, атентатот на господинот Глигоров, тогаш претседател на РМ кој остана нерасветлен, а никој од вашата Влада не поднесе одговорност за тоа.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Исто така во периодот од 1993 год., заклучно со 1998 год., нерасветлени останале девет кривични дела убиство, 1999 год., три од кои едно кривично дело убиство е извршено во 1998 год., а во 2000 год., заклучно со месец јуни нема такви случаи, нерасветлени останале и три кривични дела разбојништво со мртви последици од 1996 и 1997 год, додека во 1999 год., само едно, а во 2000 год., нема такви случаи.

Што се однесува до состојбата со недозволена трговија со наркотични дроги, ова е зло со кое тешко се справуваат и многу поразвиените држави од нас, па сепак се прашувам зошто чекавте злоупотребата на наркотични дроги да добие размери на епидемија, па дури тогаш во 1996 год., да донесете Национална програма за сузбивање на злоупотребата на дрогата и недозволената трговија со дрога, која за жал и на штета на многу млади животи не заживеа, па наместо да се мобилизираат сите фактори во борба против ова зло, меѓу кои и МВР и да расте процентот на откриваше на овие кривични дела, тој во ваше време се намалуваше па така во 1997 год., беа откриени 202 кривични дела сврзани со дрогата, во 1998 год., 186, додека во 1999 год., беа откриени 282 кривични дела, а само во првото полугодие од оваа година 175 кривични дела по член 215 и 216 од КЗ.

Листајќи по оваа интерпелација, на страница 6 во вториот пасус се зборува за фалсификат на претседателските избори и се апострофира тепањето на пратеници за време на тие избори. На ова место не можам да пренебрегнам дека на претходната седница, кога расправавме за претходната интерпелација против Републичкиот јавен обвинител, еден од наводно натепаните пратеници патетично крикна. Немојте ова прашање да го актуелизирате, бидејќи душата ме боли и не би сакал повторно да се потсетувам ниту да ме потсетувате на тие работи. И замислете почитувани колеги, дали барањето на пратеникот има смисол и е во ред, ако таквата негова желба и барање не му ја уважи неговата политичка странка, па во два наврати му го актуелизира тоа болно прашање на својот пратеник, тогаш каква смисла има апелот на овој пратеник упатен до позицијата, а уште повеќе ако се има предвид и самиот факт што овој пратеник е потписник и на двете интерпелации, односно и на интерпелацијата упатена против Републичкиот јавен обвинител и на оваа денешнава за доверба на Владата, за која денес расправаме. Пратеникот имаше морално право да го бара ова од позицијата, ако истиот активно учествуваше во расветлувањето на овој случај во кривичната постапка што е поведена пред Основниот суд во Струга, каде што е вистинското место за расчистување на ваквите случаи, хипотези, нагаѓања и разноразни озборувања.

Меѓутоа, пројавениот игнорантски однос кон оваа конкретна судска постапка од страна на пратеникот, тој однос недвосмислено се докажува со пасивност и неучество во доказната истражна постапка пред овој суд, ми дава за право на мене во службена коресподенција преку оваа говорница да ги употребувам термините од типот на "наводна повреда". Имено, релевантна е само вистината утврдена во судот и се дотогаш никој нема право некому да каже дека лаже, а се дотогаш некој има право да каже дека некој е наводно повреден. Но и покрај употребата на

термините "лажеш" и таква слична реторика, истите можат да се толерираат, бидејќи истите се употребуваат во службена коресподенција меѓу припадниците на разни политички опции и структури и се во функција на службен политички дијалог.

При ова, употребата на ваквата реторика зависи од сопствениот осет за мерка, кој пак осет за мерка е прашање на културата на секој индивидуален пратеник, но сепак истата може да се сведе во рамките на толерантното. Проблемот настанува во моментот кога кај поединци ќе надвладеат анималните црти од сопствениот карактер и ќе се премине во коресподенција од службената сфера во личната сфера. Таквите екцеси на поедини пратеници зачинети со простаклак и пцовки што ги потресуваат коските на родител кој веќе неколку години не е меѓу живите, го чинат дотичниот пратеник недостоен за функцијата, за граѓаните чиј репрезент е, а во крајна линија и за соодветна реципрочна реакција, како што на децата и на луѓето со болна душа не треба да им се возвраќа.

Да продолжам понатаму. Законот за приватизација што го донесе Владата на СДСМ, кој требаше да предизвика промени во сопственичката структура, но и промени во свеста на новите сопственици за жал не ги даде потребните резултати. 100-тина илјади граѓани кои на свој начин цел живот работеле и придонесувале за подобро утре, со овој Закон беа изневерени, не добија ниту ронка од целиот тој општествен капитал кој се продаваше.

За бројните манипулации, притисоци и флагрантни кршења на Законот, при спроведувањето на законот во времето на СДСМ, најверојатно ќе биде потребно многу време и зборови. И сите помпезни изјави, финансиските ефекти од приватизацијата беа повеќе од минимални. Претходната Влада си дозволи 1998 год., за година со најголеми странски вложувања во Македонија, а општопознато е дека во таа година се продадоа двете најдобро стоечки фирми во државата, Скопската пиварница и Цементарницата "Усје". Последната од нив беше продадена за износ помал од збирот на нејзината залиха и нејзините наплатливи побарувања.

Ги прашувам претставниците на СДСМ која од фирмите загубари тие успеаја да ја продадат.

Сега би се навратил со неколку зборови на приватизацијата на ОКТА. Многу солзи беа пролеани за судбината на ОКТА во оваа просторија и во претходниот собраниски состав, па и сега. ОКТА ја имаше судбината да добие производна технологија, која беше застарена уште во времето на нејзината градба. Технологијата која е споредена со петрохемиски комбинати е обична работилница за дестилација и одамна е прегазена од времето. За да се набројат производите на ОКТА, потребни се прстите од една рака, а за самиот квалитет на тие производи не е потребно да се консултираат врвни технолози. Доволно бевме и сме ние граѓаните преку секојдневно купување на нејзините производи. Не случајно светската банка побара ОКТА да биде ставена прва на листата на загубарите. Добро им е познато на стручњаците од меѓународните финансиски институции, што значи показателот загубата да ја надмине вредноста на основните средства. ОКТА немаше основни средства да купи репроматеријал ни за пет цистерни нафта, а камо ли танкер. Ако се прашуваше СДСМ, ваквата агонија ќе траеше се до ликвидацијата на ОКТА, а во меѓувреме секои 7-8 месеци ќе се отпишуваше по некој милион марки ненаплатени акцизи и други неплатени давачи кон државата.

Се прашувам, зарем е толку богата Македонија за да можеше сама да инвестира во модернизацијата на ОКТА. ОКТА нам ни е потребна, но не така каква што беше. Задачата на државата не е да се фали со нафтен бизнис, тој бизнис нека го работи тој што веќе се докажал на тоа поле.

Со продажбата на ОКТА на грчките партнери, нафтоводот Скопје - Солун секој ден е се подолг и поблиску до сопственото функционирање, се работи на реконструкцијата и технолошкото унапредување на технолошко - производниот процес, што значи ќе имаме поквалитетни светски стандардизирани производи, а постигнавме и социјален ефект, кога над 1000 фамилии нема да чукнат на бирото за вработуваше како стечајни работници, туку и понатаму ги остваруваат добивките од својот работен однос во ОКТА, вклучувајќи го овде и задоволството на фирмите кооперанти на ОКТА и вработените на тие фирми, кои повеќе не мораат да чекаат со месеци и години за да си наплатат својата услуга и производ од ОКТА.

Опозицијата зборува дека бензинот поскапел за 50% и нешто повеќе %. Бензинот ќе поскапеше секако, бидејќи неговото поскапување не произлегува од желбата да се зголеми профитот на ОКТА. ОКТА не го поскапи бензинот во Германија на повеќе од 2 германски марки за литар

или во Грција на повеќе од 250 драхми за литар, а знаеме дека претходно цената на бензинот во Грција беше 180 драхми за литар. Ширењето на ваквите дезинформации е со цел да се манипулираат луѓето со цел на постигнување политички ефекти. Граѓаните не се должни да ги знаат движењата на цените на светската берза. Старата Влада ја проектираше цената на дериватите според износот од 9 долари за барел, но во меѓувреме цената на нафтата на светската берза достигна астрономски износ од 31 долар за барел. Ако се применеше овој сооднос, тогаш оваа Влада требаше да ја зголеми цената за три пати, но тоа не го стори. Другите работи околу оваа математика ги оставам да ги анализира опозицијата, но само би напоменал, тешко на луѓето што од дрвото не ја гледаат шумата.

Луѓето со подобро паметење се сеќаваат на еден напис во "Њујорк Тајмс", каде стоеше дека министрите на тогашната Влада на РМ, тежеле околу 700 милиони марки. Верувам дека секој од вас добро знае што значи дебелата ладовина на Кипарските банки, а швајцарските не се подалеку од солунските.

Колку е погубно ова за една држава може само да се замисли. Наводите во интерпелацијата за корупцијата многу личат на народната "држете го крадецот, за да ме заборавите мене" но да се надеваме на добрата меморија на оние што треба да паметат. Оваа Влада не го создаде октоподот, а целата среќа е ако октоподот не беше стонога, но чинам дека беше стонога.

Зборувајќи за корупцијата, неодминлива точка на дневниот ред доаѓаат и цигарите, толку омилената тема на опозицијата во последно време. Сепак, јас би се корегирал и би рекол дека ова е нивна тема барем 5-6 години наназад, промотори, босови и кумови на шверцот со цигари беа тие. Во немоќта да се справат со оваа појава го промовираа Бит пазар, каде што имаше човечка жртва. Заради одвлекувањето на вниманието на јавноста се бркаа по улици ситните препродавачи, а во исто време шверцувани цигари немаше само уште во аптеките. Главните газди босови на шверцот беа дел од октоподот, односно стоногата. Години поминаа додека не се отворија даночни канцеларии во тутунските комбинати, а полициската придружба да стане обврска за секој направен извоз. Дотогаш само се шетаа царинските декларации до граница и назад, а цигарите сите знаете каде завршуваа.

Сега би кажал неколку зборови за Законот за ДДВ или како сакаат да го наречат западните економисти, Закон на даночната правда. Со овој закон подеднакво од сите даночни обврзници данокот и до максимум ќе ја намали даночната евазија. Владата на СДСМ немаше знаење и храброст да го донесе веќе изготвениот закон. Можеби и за добро, бидејќи веќе имаа предвидено ставки од 24 наместо сегашните 19% и 7% наместо сегашните 5%.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партнери покажа дека земениот данок на додадена вредност, може и треба да се врати. Прогнозата на опозицијата дека ДДВ нема да им се враќа на фирмите падна во вода. Благодарение на оваа Влада во процедура се и неколку многу важни закони, чие донесување доцни најмалку 5-6 години, Законот за банки, Законот за стечај, Законот за хипотека, Законот за залог, се закони со чие донесување ќе се создадат сите потребни услови за нормален развој на стопанството. Нема стопански развој без добар банкарски систем, а кој банкарски систем може да функционира без добар Закон за хипотека, без постоење на заложен регистер. Како може да функционира една банка, кога не е во состојба да ги знае нивните промени на нејзината жиро сметка.

Сите овие закони Владата на ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партнери ги донесе и ќе ги донесе во најскоро време. За да ја сфатиме важноста на банкарскиот систем ќе ви кажам два примери, еден од Запад од некогашните социјалистички земји. Шпанија за санација на банкарскиот систем потроши цели 20 милијарди долари и сега таа го ужива рејтингот на угледна членка на ЕУ.

Другиот пример е со Унгарија која потроши 4% од бруто домашниот производ и сега Унгарија е земја во првата група земји кандидати за влез во ЕУ.

Од тие причини ова Влада ги презеде сите потребни чекори за продажба на нашата најголема банка, Стопанската банка. Времето на делење на кредити во принципот на пријателство заврши. Поделивте 220 милиони марки на 4-5 фирми, кои скоро да нема шанса некогаш да бидат вратени. Дали некога се запрашавте кој ќе ги врати парите.

Оваа Влада има храброст и знаење да ја прекине оваа лоша практика. Оваа Влада ги создава сите потребни услови за повторно враќање на довербата на штедачите. На сите добро ни е познато како оваа доверба беше изгубена, а чувството на недоверба се мултиплицира со

промовирањето на пирамидалните штедилници во времето на СДСМ. Нај песимистичките проценки се дека во перници се чуваат заштеди во износ од 700 до 800 милиони марки. Оваа Влада е свесна колку е тешко да се поврати повторно изгубената доверба, да започне еден процес на изградба на цврст и стабилен банкарски систем за добро на сите, за наше добро. За наше добро е кампањата која е направи оваа Влада, кампања која ги доби највисоките оценки. За прв пат нашите потрошувачи влегуваа во продавници со мислата за наше добро. Ефектот беше одличен. Потрошувачката на домашните производи се зголеми за повеќе од 20%. Во тек е и кампањата да создадеме производи со светски квалитет, кој исто така веќе ги дава своите резултати.

На крај, само накратко би се задржал на вечна тема, а тоа е бројот на невработените. Во предизборната кампања 1998 год., ВМРО-ДПМНЕ тврдеше дека бројот на незапослени лица ја надминува бројката од 340.000. Ова бројка и ова тврдење се покажа дека е точно.

Наспроти ова тврдење, СДСМ тогаш велеше дека бројката на невработени лица изнесува 260.000 според податоци од Заводот за вработување. Се покажа дека за шестгодишното владеење на СДСМ, бројот на невработените лица се зголемил за само нови 120.000 невработени, а разликата од 80.000 во однос на тврдењето на ВМРО-ДПМНЕ се губеше некаде во ходниците на Заводот за вработување. И денеска се користи цифрата од 240.000 невработени во нивното време за да се импутира како неуспех на оваа Влада, зголемувањето на цифрата на невработени за 80.000. Но дали е ова можно. Ако секоја година од средните училишта излегуваат 23-24 илјади ученици, од кои да не заборавиме 5.000 се запишуваат на факултети па на таа цифра да ги додадеме и новите полнолетници, кои не поминале низ средно образование со коректив со вкупниот број на починати вработени лица, пак нема да може да дојдеме до цифрата од 110.000 нови невработени за време на едно ипол годишното владеење на оваа власт.

И на крајот да резимирам, сметам дека оваа Влада е на добар пат за добро на сите граѓани, за наше добро и затоа да и оставиме време и простор да го спроведе започнатото. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Чедомир Кралевски за учество во расправата .

Реплика прво побара г-динот Чифлиганец, па после вие г-дине Ханџиски.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Иако се имам пријавено за дискусија под реден број 35, претседателот на Собранието доколку ни дава можност сите да се пријавиме за дискусија, да бидат скратени дискусиите, како би можеле и останатите 27 кои се останати, а и повеќе да дискутираме.

Јас му се заблагодарувам на претходниот дискутант, координаторот Чедомир Кралевски, што на крајот после едночасовна реторика, ја дигна главата по гласот и по лицето да го препознаеме, бидејќи рефератот дословно ни дел од секундата не можеше да ја крене главата, го читаше.

Мислам дека со неговиот цинизам како координатор на најбројната партија на власт на ВМРО-ДПМНЕ, треба што помалку да биде присутен односно да биде отстранет. А сега, бидејќи зборуваме сите македонски јазик би сакал пред оваа говорница како колега пратеник, како координатор на најбројната партија на власт ВМРО-ДПМНЕ, да ми го објасни на мене и на целокупната јавност зборот, што е тоа патетично и "крикна".

Го молам г-динот Кралевски да го објасни зборот што значи "крикна", бидејќи некој негов колега пратеник, без разлика на позиција - опозиција "крикнал". Го молам да каже што значи тоа.

Во македонскиот речникот "крикна" не сум го сретнал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика има г-динот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги, како што знаете дури идната година ќе ја одбележиме 10 годишнината од независноста и самостојноста на РМ, што ќе рече дека како држава нашите државни традиции во споредба со многу други држави се краткотрајни.

Меѓутоа и покрај тоа, за ова кратко време нашите граѓани сфатија дека стабилноста и безбедноста е иднината на секоја држава, мала или голема пред се и над се зависи од стабилноста и функциите на институциите на системот, од тоа дали функционираат во полн капацитет и како функционираат.

Во претходното јавување ја споделив загриженоста со мнозинството на граѓаните, токму заради тоа што знам дека таа загриженост произлегува од нивното

чувство, инстикт, сознанија дека многу од институциите на македонската држава се или разнишани или не работат со полн капацитет.

Денес кога во највисокиот законодавен дом расправаме за вакви сериозни прашања, а во врска со гласањето за доверба на Владата, на моменти Парламентот се претвораше во театар, на моментот Парламентот се претвораше во циркус.

Се поставува прашањето, ако народот е загрижен за тоа дали нашите институции се функционални, работат со полн капацитет или не, каква порака од денешната расправа и начинот на кој што расправаме, а кој работи највисокиот законодавен дом, оваа институција, ќе му испратиме на тој народ.

Ние овде зборувавме за христијанството, зборувавме за Мојсие, зборувавме за десетте заповеди. Колегата Краљевски кажа и една народна поговорка. Во врска со тоа можеме ли да се потсетиме на поговорката "не си играј со судбината, не си играј со здравјето, не ја предизвикувај судбината, заради тоа што тоа нешто што е најскапо за човекот, можеш да го загубиш и за тоа да жалиш потоа цел живот". "Не копај му другому гроб, затоа што можеш самиот да пропаднеш во него" или "Не прави го другому, тоа што тебе не сакаш да ти го прават".

Колегата Краљевски во еден дел од својата дискусија кажа дека СДСМ или целосно опозицијата, ако се сеќавам добро применува Макијавелистички методи и претставува генератор на кризи во РМ.

Повикувајќи се на тоа, го повикувам на народната поговорка "Не прави го тоа другому, што тебе не сакаш да ти го прават", заради тоа што сакам да го потсетам дека во моментот кога се создадоа најповолни услови во оваа држава да се реши на пример прашањето за образование на националностите во РМ, на Албанците, се дигнаа протести во РМ, се дигнаа студентските процеси и се испушти тој историски момент, за сега да се доживее, тие што ги предизвикаа тие протести да ги решаваат тие прашања по многу повисоки цени. Се дигнаа протестите против изградбата на населбата за бегалците од БИХ во Горче Петров, проектирана за потоа да се користи како студентски дом, за денес да се доживее, народот да станува против изградбата на такви населби.

И конечно реплика побарав заради тоа што, ја предизвикуваме судбината со следната изјава. Беше кажано дека СДСМ во изминатите години постојано го плашел Македонскиот народ со војни и дека сеејќи таков страв се задржувал на власт, а војната минатата година затропа на нашите врати, предизвикувајќи ја судбината и овој пат.

Кога Балканот не е стабилизиран не треба да се играме со вакви тешки прашања. Затоа голема е мудроста денес кога расправаме, па и способност, кога расправаме за вакви прашања колку е можно да се заузда зборот, да не се разгоруваат ниските страсти на сите тие што не гледаат и слушаат.

Треба се да направиме да не се доразниша угледот и на таа институција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви благодарам што се придржувате за времето при репликата.

Јас се согласувам со вас дека, ако нешто на овој Парламент му е потребно, потребни му се зборовите на Блаже Конески, за зборот, да не ги повторувам и сите ние треба да внимаваме, како може тој збор во која глава и што да предизвика.

За реплика се јави по истото тоа излагање, господинот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас ќе реплицирам на тројца дискутанти, без оглед на тоа дали стојат зад довербата на Владата или од другата страна.

Искрено ќе кажам јас ќе бев пресреќен ако имаше, според моја проценка објективност за да ја поддржам оваа Влада. Меѓутоа, убеден сум, според сите критериуми и компоненти дека не постојат такви причини и објективи, барем не постојат дури ни минимални објективни причини за да можам јас да ја поддржам оваа Влада, дури и да сакам да ја исклучам сопствената партиска припадност.

Значи да поаѓам од интересите на граѓаните немав морално право тоа да го сторам. Тие објективи се, нормално, од економска, социјална, културна, образовна природа, корпусот на правата на човекот, на националните заедници и т.н. и сувишно е секој да ги коментира овие прашања, од причина што е јасно дека ние имаме таква економска состојба, такви цени, инфлација, пад на стандардот, плати, што секој коментар е сувишен.

Многу е важно што од неколкумина дискутанти, па и од предлагачите, за доверба на Владата, сепак се употребува тој што јас го нарекувам резервен тапан, а тоа

е сегментот на меѓunационалните односи, ако е чувствителен сегмент за постоењето на нашата држава.

Меѓутоа, некој си пресметал дека многу поважно е да се профитираат политички поени отколку долгорочни интереси на државата, па ако сакате и на граѓаните и националните заедници. Јас да ви кажам дека дури и од ТВ дуелот помеѓу двајцата лидери Љубчо Георгиевски и Црвенковски, според моето убедување тие се такмичат, кој подобро или најдобро ги надитрил Албанците во водењето на политиката.

Мислам дека тука работата е сосема јасна.

(Реакции во салата).

Ве молам дали вие оценувате што е реплика или претседателот на Собранието Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Спомнати беа и меѓунационалните односи и сето ова, во излагањето и јас сега не можам да оценам каде е репликата, каде е делот на излагањето.

Но, 5 минути имате право за реплика.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Друг сегмент за кој не би можел да се определам за поддршка на оваа Влада е сегментот на информирањето, што е доста чувствителен сегмент и за жал ние состојбата, посебно на албански јазик имаме, што слободно може да каже дека се врши шешелизам или милошевизам во таа чувствителна сфера. Дури некои се осудуваат на првата страница да кажат дека дипломите што ќе ги земат студентите, идни, се многу посилни од нивните професори во Тетовскиот Универзитет. Таква ступидна работа немам слушнато во последните 30 години.

Друго што сакам да кажам е сферата како постапува Владата по однос на решавање на Тетовскиот Универзитет. Тоа е трагикомика. И самиот факт што веќе народот ни се догаѓа, покажува дека нешто круцијално не е во ред, од самиот факт што ниедна партија, дури и нај националистичките партии во Македонија не го оспоруваат проектот на Штул, тоа зборува само за себе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Деловнички се јавува господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Јас сметам дека не е фер да си зема сега, се гледа дека нема да стигнат да го кажат своето излагање во врска со интерпелацијата, бидејќи има 40-40 дискутанти јавено пред тоа и сега сакаат да се искористи времето и на некој процедурален начин тоа да се искаже. Јас би сакал да се држиме на праксата.

Што се однесува до некои зборови, што сега беа искажани во врска со ТВ дуелот. Вие не го сфативте ТВ дуелот. Таму во ТВ дуелот беше колку вас ве зафркнаа, во строга смисла на зборот. Тоа беше едно натпреварување што ви го нафрлија.

А што се однесува до медиумите, ако вие сега тврдите дека медиумите не се либерални, не знам кој би се согласил со таа тема. Вие можете да бидете во медиумите, да земате повеќе време во нив, ако имате некаква опција. Ако немате никаква опција тогаш ни медиумите нема да се заинтересираат за вакви работи.

Би сакал господине претседателе кога ќе бидат спомнати одделни пратеници, тогаш да им се даде реплика. Инаку вака можеме да ја одолговлечиме расправата, процедурално, па реплика на реплика и само ќе ја злоупотребуваме говорницата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред што ми укажувате на овие работи, но дел е на парламентарна и процедура и демократија да се користат и репликите да се користат процедуралните прашања, да се изнесе одреден став и мислење. Јас не можам однапред да знам кој зошто и како ќе реплицира.

Но исто така, не можам да ви го одземам и зборот. Според тоа, да бидеме малку трпеливи и да имаме и разбирање еден према друг. А во репликите и во процедуралните прашања да бидеме на нивото на Парламентот, односно да имаме едно достоинство и култура во взаемното почитување.

Има збор господинот пратеник Илија Пемов.

**ИЛИЈА ПЕМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани дами и господа пратеници, опозиционата СДСМ уште пред три месеци го најави гласањето за доверба на Владата. Затоа јас очекував дека за оваа точка ќе добиеме некој добро подготвен материјал. Но, изгледа толку се брзале да ја надитрат Владата пред реконструкцијата, што добивме едно многу неквалитетно и на брзина составено

образложение, кое едноставно не може да се чита, бидејќи изобилува со премногу печатни грешки. На повеќе места се повторуваат исти, веќе кажани, познати работи и во него навистина нема, ама баш ништо ново. Се добива впечаток дека едноставно ги собрале насловите од весниците, последните месеци, без притоа да ги систематизираат, образложат или аргументираат и воопшто, барем малку да навлезат во нивната суштина.

Образложението кое го добивме, покажува навистина една неодговорност кон еден ваков сериозен чин, како што е гласање за доверба на Владата. Значи немале доволно време, а веќе одамна се спремаат за ова, или не веруваат во ефектот од сето тоа, па не се ни потрудиле многу или пак едноставно во овој момент тие толку знаат и може да понудат. Но, еве, го добивме тоа и такво образложение кое претставува една црна книга, во кое се наброени само напади и критики на сегашната Влада. Реков црна книга во нивниот стил, бидејќи ме потсетува на нивните црни сценарија од почетокот на војната во Југославија, а од кои, нели не испадна ништо. Но, лесно е да се пишуваат црни книги во кои се содржани само критики. Многу потешко е да се напишат бели книги, во кои ќе пишува што треба да се прави. Многу подобро и за нив и за сите ќе беше, наместо црна книга луѓето од СДСМ да напишале бела книга, на пример како побрзо да се влезе во ЕУ или во НАТО, па бела книга за развојот на Македонија и за реформите во некоја област и т.н., каде најпосле би кажале како тие би ги решавале проблемите со кои се соочуваме. На тој начин повеќе би придонеле за подобрување на состојбите. Со тоа би покажале дека се конструктивна опозиција. Но, пишување бели книги ним очигледно не им оди. Тоа го докажаа додека беа на власт, ниту тогаш не пишуваа бели книги. Цели 6,5 години не им беа доволни да ја напишат на пример белата книга за одбраната на РМ.

За сите тие години ние живеевме во веројатно единствената држава во светот, која имаше армија, а воопшто немаше стратегија и бела книга за одбрана. Сега гледаме колку се загрижени токму за безбедноста за државата. Но таа загриженост наместо сега со зборови, мораше да ја покажат многу порано и тоа со бела, уште пред 1998 година кога беа на власт, а не отпосле да зборуваат за безбедноста или за реформите, за зачленувањето во ЕУ и НАТО, за пензискиот, здравствениот или ВАТ системот, за приватизацијата и загубарите, за денационализацијата и враќањето на девизите и т.н.

Многу од тие проблеми самите ги создадоа, а не ги решија. Многу од тие проблеми не ги ни решаваа, туку само им ги оставија на оваа Влада, а сега се трудат да покажат оти тие знаат како тие треба да се решаваат.

Повеќе пати досега слушавме како тие знаеле да ги решат проблемите, дека некој реформски проект веќе го имале изработено, но не успеале еве да го реализираат. Просто човек да зажали што прерано си заминале од власта после само 6,5 години владеење и тоа токму во моментот кога еве ги знаеле или имале решенија за сите проблеми, што ни ги оставија нерешени. Незнам кого залажуваат сега кога говорат за реформи, а 6,5 години не преземаа ништо. Дури сега одат дотаму што, ги омаловажуваат реформите што ги прави оваа Влада, дека не сме биле спремни, како за пензискиот или ВАТ системот, дека тоа не биле вистински реформи, за реформите во администрацијата и Владата, дека немало да започнат веднаш, како за денационализацијата и враќањето на девизите и т.н. Или не можат да се помират со фактот што конечно оваа Влада почна да спроведува реформи или не сакаат да признаат дека, заради тоа што тие не ги спроведуваат Македонија изгуби драгоцено време и многу заостана зад другите земји во транзиција, а заради тоа тие и ги изгубија парламентарните избори во 1998 година, тогаш кога добивме ние од коалицијата за промени, заради тоа што ние на граѓаните

Им ветивме промени. Од ова место би сакал да кажам што значи самиот збор реформа.

Погледнете во некој речник или лексикон на пример лексиконот од Вујаклија, ќе видите дека зборот реформа е латински збор и значи промена. Затоа нашата изборна програма, која имаше наслов промени најмногу се среќава зборот реформа. Тогаш се сеќавам бројот дури 60 пати. На различни места во сите области. Значи ние 1998 година ветивме промени, за нив гласаа граѓаните и тогаш добивме мандат од четири години, да ги спроведеме тие промени или ако сакате реформи. Реформи кои требаа да започнат уште минатата година, но косовската криза и претседателските избори ги одложија за една година. Голем проблем е мора да признаеме што по правило реформите во почетокот се болни. А наследивме такви

тешки состојби што секоја дополнителна тешкотија со воведувањето на некоја реформа претставува навистина голем терет за граѓаните. Тоа добро го знае и опозицијата и вешто го користи за напади врз Владата. Симптоматично е што во образложението за денешниот предлог ги споменуваат реформите само онаму каде се зборува за социјалните проблеми.

И замислете на ниедно друго место. А и самите знаат дека реформи се неопходни во сите сфери, бидејќи навистина не постои никаков друг начин да се излезе од тешката состојба да се излезе од тешката состојба во која се наоѓаме. Излезот единствено со промени со реформи. Затоа сме решени да истраеме да ги спроведеме сите промени или реформи. А за да се осетат ефекти од нив се разбира потребно е извесно време. За тоа е свесна и самата опозиција, па веројатно затоа СДСМ го избра овој момент на само два месеци пред локалните избори.

Знаат дека на локалните избори не се добива републичка власт, исплашени од претстојните ефекти од реформите се однесуваат како да им е сега последната шанса да се вратат на власт.

Затоа според сите овие реформи гледаме како луѓето од СДСМ, жестоко се борат сега да се вратат на власт. Божем загрижени сега за граѓаните и за иднината на Македонија.

**ИЛИЈА ПЕМОВ:** (Продолжение)

Обидувајќи се да докажат дека оваа Влада не е реформска, туку само тие, се разбира, ако се вратат на власт, но најинтересно во сето тоа е што тоа го велат истите луѓе, кои владееја шест ипол години и не направија ништо од тоа.

Како може сега да им се верува на истите тие луѓе дека тие толку се промениле што сега одеднаш станале реформатори, демек загрижени за иднината на Македонија. Мислам дека е тоа само демагогија провиден маркетинг или вешто глумење пред јавноста, зад која се крие нивниот единствен интерес да се вратат повторно да владеат со Македонија на нивниот ист, на сите нам многу добро познат начин.

Затоа јас нема да ја поддржам оваа нивна иницијатива. Благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Илија Пемов, за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, дами и господа пратеници, прашањето за гласање на доверба на Владата е демократски чин, предвиден со Уставот на РМ и оваа Влада во која учествува и ВМРО-ДПМНЕ, секогаш била и е подготвена да биде ставена на испит, да застане пред пратениците на Собранието на РМ и да даде одговор за својата работа.

Тоа е чин кој оваа Влада не го одбегнува, ниту некогаш имала намера тоа да го стори.

Што се однесува до самото барање за гласање на доверба на Владата, сметам дека нема никаква основа оваа Влада и овој пат да не ја добие довербата на Собранието на РМ. Во барањето за гласање на доверба на Владата изнесени се неколку области од нејзината работа, особено што се однесуваат на прашањата за безбедноста и заштитата на граѓаните од криминални и други дејствија и воопшто прашањето за криминалитетот во државата.

Барањето за доверба на Владата отпочнува со прашањето за безбедноста и сигурноста на граѓаните, посебно загрозеноста на уставниот поредок од криминални и други недозволени дејствија, со кои се нарушувала стабилноста и се губела довербата на граѓаните, при што се наведува дека Владата и безбедносните структури не само што не ги преземале неопходните мерки и активности во борбата против криминалот, туку Владата водела неодговорна и конфузна безбедносна политика, а безбедносните структури биле партизирани и во својата работа правеле отстапки на коалиционите партнери на штета на ефикасноста во кривичниот прогон.

Според моја оцена ваквата констатација во барањето за доверба на Владата во однос на безбедносната состојба на државата, заштитата на слободите и правата на граѓаните и борбата против криминалот е неоснована, од причини што Владата води одговорна, програмирана, конзистентна и синхронизирана безбедносна политика. Неопходните кадровски промени во безбедносните структури во државата се иманентни на плуралната демократија и не можат да се третираат како партизација на тие органи, а неосновани се и приговорите дека коалиционите партнери на Владата правеле отстапки во однос на амнестирањето на одделни свои кадри од кривичната одговорност.

Напротив, Владата на г-динот Георгиевски во рамките на своите уставни и законски овластувања и својата програма за работа, а во функција на надминување на неповолните состојби во борбата против криминалот наследени од Владата на г-динот Црвенковски, ја координираат активноста на органите за кривичен прогон, за преземање енергични мерки и активности за откривање и спречување на сторителите на кривични дела. Посебно на организираните облици на криминал со тешки последици, како што се недозволена трговија со дрога, оружје и муниција, економскиот и финансискиот криминал и корупцијата, перењето на пари, проституцијата и продажбата на жени и други бројни активности за обезбедување на целосна примена на законите и прописите и етаблирањето и спроведувањето на мерките на меѓународната заедница за сузбивање на организираниот криминал при што се постигнати значително подобри резултати во однос на претходните години.

Притоа да не заборавиме дека МВР и Министерството за одбрана, како и другите надлежни органи својата функција од 1999 година наваму ја остваруваат во сложени безбедносни услови, како последица од транзиционите процеси, приватизација и невработеност и етаблирањето на пазарната економија, проблемите со ефикасноста на судството и рефлектирачките проблеми од Косовската криза.

И покрај вонредно ангажирање на голем број полициски и други сили околу длабинско обезбедување на државната граница спрема Косово и РМ и преземените мерки околу прифаќање пред се на бегалците од Косово во такви тешки и сложени околности од страна на МВР се преземаат енергични активности на планот на сузбивање на криминалот, особено на тешките и сложени облици на организиран криминал.

При спроведувањето на своите активности насочени кон извршување на својата надлежност, МВР покажува позитивни резултати ако се има предвид фактот дека криминалитетот како најизразена социјална патологија е неизбежна појава во секоја држава, а успешноста на активноста на органите за кривичен прогон, органите на внатрешни работи, инспекциските органи и Јавното обвинителство треба да се мери според организираноста, соработката и ефикасноста на овие органи во спречувањето, откривањето и фаќањето на сторителите на кривичните дела и нивно предавање на пресудување на надлежните судови.

Најсложеното и многу тешко прашање што го остави претходната на оваа Влада е прашањето на криминалот на државата кој добиваше се по изразени облици на потежок вид на криминал и елементи на организираност, особено изразен преку недозволената трговија со дрога, шверцот со оружје, цигари и други стоки и сивата економија. Финансискиот криминал и корупцијата, проституцијата и трговијата со жени, тешки злостори на убиства и разбојништва кои останале неоткриени, инциденти на границите и други видови на криминални и противзаконски дејствија.

Сакам и во оваа прилика да ве потсетам на тоа кој ги создаде пирамидалните штедилници "ТАТ", "Лавци", "Македонија реклам" и други со кои голем број на граѓани беа оштетени и беше нанесен удар на државата, а тие последици ги чувствуваме и сега и посебно каква одговорност понесовте вие лично и сторителите што ги ограбија граѓаните?

Да ве потсетам и на разбиената скопска дискотека од вашите активисти и редари на тогашниот изборен процес, сето тоа што во тој период на вашето владение се создаде во оваа сфера нема никаква основа сега да го припишувате на оваа Влада и да говорите за неподготвеноста и неодговорноста во преземањето на потребните мерки и активности за сузбивање на криминалитетот со тоа правите неуспешен обид.

Сето тоа што неколку години од владеењето на СДСМ остави најцрна дамка во државата, да го префрлите на оваа Влада за само една ипол година владеење, дали ова не е прашање на вашата совест и со каква доблест се обидувате тоа да го припишете на оваа Влада, одбегнувајќи ја вашата одговорност.

Повеќе пати и во многу прилики наведувате дека за тоа што така сте работеле сте ги изгубиле изборите, меѓутоа, немој да заборавите дека покрај политичката одговорност што ја понесовте со губењето на изборите не можете да бидете амнестирани од моралната и лична одговорност, затоа што не презедовте ефикасни и енергични мерки за сузбивање и спречување на криминалитетот и за изведување пред лицето на правдата на сторителите на најтешки облици на криминалот и особено на криминалот со елементи на организираност.

Во барањето за доверба се повикувате на изјава на екс министерот за внатрешни работи г-динот Павле Трајанов, за инволвираноста на власта во криминалот.

Дали случајно заборавивте дека тој ист господин вршејќи одговорна функција во МВР во 1995 година во времето на вашето владеење, укажа на тешки и организирани облици на криминал со инволвираност на власта во него и наместо да го приведете и преземете потребни мерки, едноставно Владата на г-динот Црвенковски го разреши од функција. Само заради споредба такви мерки презема надлежниот орган за внатрешни работи во откривање, спречување и гонење на криминалот и каква состојба затекна во врска со спречување, откривање и гонење на сторителите на тешки злосторства, ќе наведам со бројки неколку податоци.

Во времето од 1993 година до 1998 година во РМ се лишени од живот 19 лица, а сторителите на тие убиства повеќе години останаа неоткриени. Само да споменам тројното убиство во Струмица, убиство на двајца лекари во атарот на с. Бразда - Скопско и други лица за дела сторени од 1993 до 1998 година.

Бевме сведоци на тешко злосторство во центарот на Скопје, а сторителот на делото од необјаснети околности по изрекувањето на казна од страна на судот од казната не издржа ниту еден единствен ден. Слична е состојбата и со нерасветлени тешки разбојништва со тешки последици. Имено, од 1996 до 1998 година останале нерасветлени разбојништва, кои за последица имале убиство на четири лица. Спрема само едно нерасветлено разбојништво во 1999 година до 2000 година заклучно со месец јуни нерегистрирани такви случаи на неоткриени тешки разбојништва. Не се никаква појава инцидентите на граница, бидејќи во 1993 година биле регистрирани, повторно ќе набројам со бројки, 124 гранични инциденти. Во 1994 година 122 гранични инциденти. Во 1995 година 77 гранични инциденти, во 1996 година 56 повреди на граничниот режим. Во 1997 година се регистрирани 142 гранични инциденти од кои само 118 на македонско -албанската граница. Во 1998 година се регистрирани 46 инциденти и во 1999 година се регистрирани 60 гранични инциденти. Во првото тромесечие од 2000 година, регистрирани се само 4 гранични инциденти.

Само да потсетам за време на владеењето на г-динот Црвенковски, поради тоа што во Кривичниот законик донесен во 1996 година не беше предвидена одговорност за одговорни лица во работни и други организации за злоупотреба на положба, замислете, против повеќе од 700 одговорни лица во стопанството, општествените и јавни организации во времето од 1997 - 1999 година беа отфрлени кривичните дела или беше забранета личната постапка. На таков начин ги рехабилитиравте тие сторители на доста тешки кривични дела, нанесовте удар врз имотот на државата што доведе до осиромашување на имотот на државата и до неосновано збогатување на лица што ја злоупотребија својата службена функција.

Повторно го наведувате случајот за киднапирање на четворица граничари припадници на АРМ. Колку што се сеќавам за тоа прашање ова Собрание расправаше, јас не можам ништо повеќе да кажам од она што веќе беше заклучено во ова Собрание.

Исто така го наведувате и прашањето за убиство на тројца полицајци во с. Арачиново за што исто така ова Собрание, да ве потсетам, беше расправано, поднесена иницијатива од Владата на РМ, при што донесе и соодветни заклучоци.

Произволни се наводите дека не се откриени виновниците на тројцата убиени полицајци во с. Арачиново, бидејќи по барање на Јавниот обвинител надлежниот истражен судија спроведува истрага против повеќе осомничени, седум се на број сторители на убиство на полицајците и се очекува на тоа прашање одговор да даде надлежната судска власт.

Само пред неколку дена во ова Собрание, Јавниот обвинител на РМ даде одговор на прашањето што се презема за кражбата на легитимациите во Тетово и Гостивар и во врска со физичките напади со телесни повреди. Но, и овој пат упорно настојувате една кафеанска тепачка да се прикаже како дел од изборен процес, иако тоа не може да се доведе во врска.

Го наведувате порастот на шверцот со наркотици и акцизни стоки. Само да ве потсетам на некои податоци за тоа што преземаат надлежните органи, а пред се МВР, Министерството за финансии, Царинската управа и други надлежни органи, во борба против недозволената трговија со дроги и шверц.

Само во 1999 година откриени се и пријавени до надлежните јавни обвинители 349 сторители на кривични дела недозволена трговија со дроги, што претставува 61% повеќе отколку од претходната година. Надлежните органи

поднеле обвинение против 207 лица, спрема 84 од 1994 година. Да направам споредба со другите години, 119 во 1995 година, 117 во 1996 година што скоро двојно повеќе во однос на поднесените обвиненија во 1999 година. Дали при сето ова може едноставно да кажете дека не се преземаат потребните мерки за спречување на недозволена трговија со дроги, што очигледно не е точно.

Покрај поднесените кривични пријави и обвинети лица во 1999 година за сторените кривични дела недозволена трговија со дрога поднесени се 660 барања за поведување на прекршочна постапка против 722 лица кои користат наркотична дрога, одземени се 698 кгр. марихуана, 16 кгр. хероин, 3 кгр. кокаин, 12 кгр. суров опиум, 6 тони и 540 литри анхидрит на оцетната киселина, што е значително поголема бројка од минатата година како во однос на кривичните дела така и во однос на нивните сторители. Тој тренд продолжува и во првите 6 месеци од оваа година.

Владата на РМ во 1999 година согледувајќи ја опасноста од поголем број на уживатели на наркотични дроги во државата, регистрирани се околу 3500 зависници, формира меѓу ресорска државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги, која донесе своја Програма за работа во правец на превентивно дејствување и сузбивање на наркотичната дрога.

Неповолните политички и економски состојби на некои земји од нашето опкружување, географската положба на нашата земја, сообраќајната поврзаност со другите земји, а особено ескалираната и сложена состојба на Косово, беа причина за интензивно зголемување на илегалната трговија со оружје, муниција и експлозивни материјали, така што минатата година откриени се 157 случаи на шверц со оружје, во кои учествувале околу 240 сторители, при што се одземени 2610 парчиња оружје и повеќе од 10 тони експлозив.

МВР преку интензивна соработка со АРМ и со царинските служби, како и со Интерпол и полициските служби на соседните земји презема интензивни мерки и активности за спречување и откривање на овој вид на криминал, што доведе до значително намалување на илегалната трговија на оружје, муниција и експлозивни материјали во првите 6 месеци од оваа година, при што се откриени 87 лица кои сториле 45 кривични дела недозволено држење оружје и распрскувачки материјал, а биле запленети 84 парчиња оружје, 2277 парчиња муниција.

Во периодот од 1996 година завршно со месец јуни 2000 година, извршени се 7 терористички акции врз полициски станици во државата, а од 1997 година заклучно со јуни 2000 година се извршени 8 убиства на припадници во МВР.

Терористички акции врз полициските станици, кога го кажувам тоа да не речете дека само сега имало терористички акции, се извршени во 1998 година и тоа 4 на зградите на УВР Куманово и Прилеп и на зградата на УВР Кичево и на објект на Полициската станица Бит Пазар - Скопје. Во 2000 година се извршени 3 такви акции на полициските станици Осломеј, Кичево, на зградата на УВР Куманово и УВР Тетово, треба да се истакне дека повредени лица нема, но нанесена е материјална штета на полициските станици.

Од вкупниот број на терористички акции 2 се расветлени и тоа од 1998 година, а другите 5 се нерасветлени на чие расветлување и понатаму интензивно се работи.

Убиства на припадници на МВР се извршени и во минатите години. Сега ќе ги набројам кои убиства се направени. Како што спомнав направени се 8 убиства и тоа: на 30 август 1997 година во с. Деблиште, кога Албански државјанин го лиши од животот Стојковски Јордан, командир на Полициската станица Галабе, потоа 1997 година во септември во с. Долно Палчиште – Тетовско, кога Акуту Бесник од с. Долно Палчиште со автоматско оружје го лиши од живот Дано Петрески раководител на отсекот за криминалистика и Жута Имет самостоен инспектор по кладишки криминалитет од Управата на МВР од Тетово.

Потоа на 1 мај 1998 година во Гевгелија кога Тони Гечев со пиштол го лиши од слобода полицаецот Лазо Мицовски, полицаец од УВР Гевгелија. На 5.09.1998 година пред Трговскиот Центар "Беверли Хилс" во Скопје, кога нарко дилери лишија со огнено оружје од живот Љупчо Милчовски инспектор во МВР. И последното нели, на 11.01.2000 година, кога навлегоа во с. Арачиново Скопско, беа убиени тројцата полицајци, Ерол Готак, Кирил Петрушевски и Ацо Ангеловски.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:** (Продолжение)

Не сакам да кажам дека МВР постигнале се во борбата против криминалот. Нити овие податоци што ги кажав пред тоа се само ради тоа. Или дека на тој план нема проблем. Но, битно е да истакнеме дека оваа Влада, безрезервно е

определена и натаму ќе превзема засилени мерки и активности за сузбивање на криминалот, со активно дејство на сите надлежни органи во државата. Тоа ќе се постигне со соодветни промени во Кривичниот законик, Законот за кривична постапка, со што ќе се предвидат нови облици на кривични дела. Ќе се создаде правна рамка за поефикасно водење на кривичната постапка, едукација и специјализација на кадрите на органот на прогонот и судството за добивање на знаење во борбата против најтешките облици на криминал. Далеку поголема соработка и координација на МВР, инспекциските органи и Јавното обвинителство во борба за спречување, откривање и гонење на криминалот, а особено на најтешкиот, со елементи на организиран криминал и подобрување на квалитетот и ефикасноста во пресудување од страна на судиите.

Тоа што се повикувате или цитирате одредени изјави во барањето за доверба, очигледно губите од предвид дека само Република Македонија, туку и други земји во транзиција се соочуваат со феноменот на криминал и притоа не заборавајте на изјавата на господинот Крис Патен дадена пред неколку дена, Евро комесарот за надворешни работи на ЕУ дека, состојбата во Република Македонија на овој план е далеку подобра, отколку во другите земји во транзиција.

Тука би завршил. После сето искажано, јас се задржав само на делот од безбедноста што го напаѓавте, па после сето искажано не гледам причини зошто, повторно ќе кажам, да не гласам за доверба на Владата и да и дадам мандат и понатаму да ја тера работата, како што мислам дека ја обавува. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Александар Пандов.

Има збор господинот пратеник Александар Флоровски.

Пратеникот Наќе Стојановски, побара деловничка интервенција.

Има збор господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господо пратеници, очигледно дека се приближува крајот на расправата, уште некаде час и половина по сценариото, како што е познато и што е дефинирано во Уставот на РМ.

Очигледно, дека нешто не е во ред со оваа седница, господине претседателе, од следни причини:

Прво, правните основи за овој институт за доверба на Владата во Уставот се сосема јасни. Јасни се интенциите на уставните решенија дека, треба пратеници, група пратеници, најмалку 20, кои се овде евидентни потписници, а јас сум еден од нив, ја имаат предизвикано оваа седница. Вие ја имате свикано оваа седница по сила на Уставот, по барање на 20 и повеќе пратеници. Јас морам да кажам, како еден од потписниците, ценејќи ја расправата до сега и времето што е останато за понатамошна расправа, дека очигледно огромен дел од потписниците, со исклучок на двајца или тројца не ќе можат да ги кажат причините зошто го ставиле потписот на овој лист.

Втора работа, исто така не ќе можат да го кажат својот став по ова прашање ниту другите пратеници од другите парламентарни групи, затоа што во прилог ни е доставен извод од листот на пријавени дискутанти. Така на пример, првиот дискутант пријавен од ДА е некаде на 25-то место. А, со оглед дека последниот дискутант кој говореше, господинот Пандов е 11-ти, нема ниту теоретска шанса; да го чуеме ставот на ДА. Нема шанси и ДПА на Албанците, затоа што првиот дискутант овде по брзината на пријавување е пријавен на 47-мо место. Значи, очигледно фактите зборуваат дека добар дел од политичките сили претставени во Парламентот овде, на начинот на кој се води седницата се "исфрлени од игра".

Јасна е уставната одредба. На крајот се дава можност на премиерот, во последните 30 минути ги искористи во врска со наводите во Интерпелацијата и во обраќањето. Овде, како што оди расправата дека, тие 30 минути треба да ги искористи господинот Бранко Црвенковски, евентуално, затоа што добар дел од претходните десетина дискутанти се осврнаа на работата на старата Влада. Ете уште една причина дека нешто не е во ред со оваа седница.

Господине претседателе јас ниту сметам дека понатамошниот период што ни останува од еден час дека може оваа работа да се исправи. Јас би апелирал на вас и од оваа седница заеднички да извлечеме искуство, а посебно вие господине претседателе, со оглед дека сте должен по Деловникот и по Уставот да водите сметка за организацијата и работата и водењето на седниците, да се запази духот на

парламентарното работење, да се запазат правата и обврските на пратениците и пратеничките групи. Во случајов имаме целосна изместеност на позиција на тоа што е институтот доверба, на тоа што е институт интерпелација. Мислам дека тоа нема да ни служи на чест заеднички, на сите, ни на Република Македонија, ни на парламентарниот живот, дека сме постигнале еден чекор во демократијата и дека овие институти ги практикуваме во демократска смисла, во онаа во која се предвидени во Уставот. Општо е познато дека за тоа можеме да бараме вина во Деловникот, кој не кореспондира со новите уставни решенија. Но тоа е факт кој постои.

Од таму, мислам дека требаше малку поголем напор и во иднина ќе треба малку поголем напор, седниците да се организираат, за ваквите ситуации, во духот на уставните решенија на Република Македонија. Благодарам.

Само нешто, не барам одговор господине претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Па, немојте сега, цело време вие кажувате.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Или, дозволете, одговорот доставете го во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Слушајте господине Стојановски...

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Не би сакал да им одземам време на пратениците, ниту да ја оптоварувам и јас понатаму...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие веќе одземавте доста време.

Само една работа да ви кажам. Навистина сакам да ви кажам.

Кога ја подготвував оваа седница, јас бев непријатно изненаден од еден факт, а фактот беше следниот, мислев дека разговарам со одговорни луѓе, шефови на парламентарни групи.

И, тогаш се договоривме дека, со оглед дека Владата треба да ги доработи Законите за државна управа, ние ќе одиме оваа недела и ќе говориме за тоа прашање.

Во меѓувреме, господинот Никола Поповски го задржа правото да ја консултира пратеничката група и да излезат со интерпелација, односно со прашање на доверба. Во петокот го добив тоа.

Немав можност повторно да ги викнам.

Моја идеја беше не да малтретираме сега овие 12 часа овде, да чекаме полноќ. Не мора да чекаме полноќ. Мојата идеја беше, што немав време да ја реализирам, сабота и недела дојдоа, а тоа беше секој шеф на парламентарна група да излезе овде, да го изнесе ставот и понатаму да гласаме. Во гласањето нема што посебно да се убедуваме.

И затоа, ќе ве молам барањето сите 25 или 20, колку се потпишани таму во интерпелацијата, тие го кажале своето на 38 страници. Тие предизвикале реакција. Реакцијата ја имаме овде. Ја имаме на екранот.

Се согласувам што ова господинот Црвенковски го кажа сега да не правам рокади, да не отстапувам место и ќе си терам по списокот како што е овде до времето предвидено. Но, лично сметам дека во иднина ако има, се разбира, како да ви кажам, договор меѓу луѓето, во прашање е договор, не е во прашање норма, нормата е јасна, ако има договор, во тој случај договорот треба да се почитува.

Сега, немој да ме обвинувате мене за нешто што не било почитувано во тој разговор што го имавме тогаш. Само толку сакам да ви кажам. А јас ниту го кршам Деловникот, ниту пак сакам да се придржувам кон некакви морални норми, па некому да одземам право. Сите сме овде еднакви, рамноправни и секој по ред ќе го читам овде.

Значи, нема отстапување место за дискусија.

На ред е, читам овде, збор има господинот Караџовски Жарко.

(Пратеникот Александар Флоровски бара да добие збор).

Вие сакавте да направите замена, а тоа не е можно. Ќе ве молам.

(Пратеникот Александар Флоровски бара процедурално).

Ако барате процедурално, повелете.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Се извинувам господине претседателе, но веќе еднаш ако ми дадовте збор не ли е лошо пред целата македонска јавност да го повлекувате она што го кажавте еднаш.

Господинот Караџовски, од здравствени причини не е во можност да излезе, ми го отстапува местото мене. Јас сум пријавен. Сметам дека треба да ми дадете шанса да кажам она што сметам дека треба да го кажам.

(Реакции во салата).

На крај, што толку страв господо од СДСМ?

Ќе настапам како секој пратеник од ВМРО-ДПМНЕ.

Ќе се трудам да бидам конструктивен максимално и во интерес на времето и во интерес на демократијата, и на крајот, во интерес на вистината.

Мислам дека не треба да постои став.

Впрочем, во иднина би ве замолил сите вас, да можам да настапам од говорницава на Македонскиот Парламент.

Незнам дали Деловникот воопшто дозволува такви работи, но сметам дека нема пречки во тој правец, па еве, вие сте прв човек на Собранието па да го слушнам вашето мислење дали постојат такви институции на рокада. Еве, употребив шаховски термин.

Чекам ваше мислење господине претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Флоровски правиме еден многу лош преседан.

Во тој случај, господинот Караџовски Жарко има збор.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, колеги пратеници, конечно, по дола најава, еве, пред нас се најде барањето за гласање доверба на Владата на РМ, поднесена од пратеничката група на СДСМ.

Веднаш на почетокот да кажам, уште вакво чудо во Парламентот ми се нема случено. Мислам за овој состав иако до сега сме виделе и сме се изнаслушале на разни работи, почнувајќи од разни интерпелации, разни информации и т.н.

Но, ова барање за доверба сега прв пат ни се случува во период за неполни две години. Но добро и тоа е деловничко право, нормално го ужива секоја пратеничка група, па и опозицијата. Тоа не смее да се оспорува.

Само јас не можам да ја сфатам целисходноста потребата од едно вакво барање, да го наречам интерпелација кога се изнаслушавме еден куп интерпелации, да не кажам скоро за половина состав на министрите од господинот претседател на Владата, Љубчо Георгиевски. Слушнавме, гледавме, учествувавме во дискусијата по интерпелацијата и за претседателот на Собранието на РМ, господинот Саво Климовски, па ни се случи преседан, прв пат во историјата на РМ по основ на интерпелација да го слушнеме и да расправаме по таква интерпелација и за Јавниот обвинител на РМ, господинот Ставре Џиков. Искрено да кажам, како е тргнато незнам ни до каде ќе стаса. Ако постои деловничка можност, можеби интерпелации ќе се поднесат и за нас како пратеници.

На ред доаѓаат информации. Незнам, не сум бил пратеник во претходните состави, меѓутоа во овој состав ми се чини дека нема точка, нема седница, кога на дневен ред нема разни информации. И тоа, обично барани од страна на опозицијата, за што се не. Што се случило, што не се случило, што ќе се случи, иако, искрено да кажам, ме чуди зошто фактички опозицијата и бара вакви информации кога голем број работи ги знае. Обично нам ни ги кажува овде, ни ги чита, а од каде ги знае, најверојатно од "жолти весници", по разни други канали и т.н.

Но, очигледна е целта на опозицијата, на овој начин, како прво, да ја парализира работата на самиот Парламент. Како да друга работа овој Парламент и нема, а фактички основната за која сме дојдени овде, да носиме закони, во целост изостанува. Мора да се расправаме со разни теми, а меѓу другото и овие.

Како второ, опозицијата можеби и друга можност нема да настапи маркетиншки, па максимално ја користи оваа говорница на вакви теми, а се со цел да го сврти вниманието на јавноста на нејзините мислења и нејзините ставови преточени како исклучиви вистини. И, се се сведува на едно дека единствен виновник во РМ, за се што се случува во оваа држава, почнувајќи од нејзиното основање, до осамостојувањето, до денеска, дека единствен виновник е исклучиво ВМРО-ДПМНЕ и никој друг.

Но, убеден сум дека народот не е болен од амнезија, за да го заборави минатото, во кое активна улога имаше тогашната позиција, сега опозиција.

Како трето, целта на ваквите интерпелации, можеби е најадекватно тоа што целта е да се спречи реформскиот курс што го постави оваа Влада. Нормално, со што повеќе одолговлекувања, самите закони што треба да ги донесе овој Парламент го губат тајмингот и стануваат бескорисни.

Но добро, еве, како шлаг на торта, денеска, само еден ипол месец пред локалните избори, а по претходно митингување на опозицијата низ Републиката, шетајќи го народот од еден

во друг град, подгревајќи ги тензиите кај истиот, за да се прикаже масовност, нормално, се најде и оваа точка на дневен ред по претходно барање, чие образложение е составено, не повеќе, ниту помалку на цели 35 страници. Ако го читавме и експозето на координаторот, можеби се повеќе страници, што искрено да кажам се повеќе пати репризирани, доста познати. Текстот мене ми наликува како овие сапунски опери што ги гледаме секојдневно и на МТВ и на другите приватни телевизии, така што доста работи знаеме на памет.

Последна таква реприза гледавме на ТВ дуелот. Јас лично ништо ново не видов. Инаку, еден дел од причините поради кои што се јавувам иако, искрено можеби немав некоја намера е токму митингувањето на СДСМ или да го кажам почетокот на неговата изборна кампања по пат на митинзите, а посебен повод ни е токму еден од првите митинзи што опозицијата го одржа во Прилеп. Мислам дека беше прв после Скопје.

Таму, лично бев изненаден што Прилеп се одбра како град или како место каде што митингот, не ги следев скоро сите, меѓутоа исклучиво во Прилеп, во настапот на лидерот на СДСМ, бевме прозвани и повикани како пратеници, по име и презиме, со нормална овација од народот, со едно прашање или една сугестија до нас кога ќе дојде овој денешен ден, значи гласањето за довербата на Владата, да се повикаме или да зборувам во мое име, да се повикам на мојата совест кога ќе гласам за довербата на Владата и добро да размислам како ќе гласам. Ми се чини дека така беше.

Токму ова и ми даде повод да ја искористам оваа прилика и јавно да му одговорам на господинот Бранко Црвенковски за она за што пред толку луѓе ме прозва.

Господине Црвенковски, верувајте дека вашите зборови ми дадоа стимул добро да размислам и проучам добро некои работи сврзани со политичкиот живот во РМ и периодот на вашето и сега нашето владеење. Бидејќи, само на тој начин може да се дојде до вистински заклучок и до негов некаков реален став.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:** (Продолжение)

Сакам јавно да ви кажам дека пред се сум човечен човек, таков сум бил и да бидам пратеник, таков сум и сега како пратеник, а се надевам дека таков ќе бидам и во иднина. Тоа воопшто не ми преставува пречка да кажам и сега јавно дека кога ќе гласам за довербата на Владата вечерва секако дека ќе се повикам на мојата совест. Но за да ми биде чиста совеста добро го изанализирав времето во кое живееме од осамостојувањето на РМ, па до ден денес со сите влади и политички структури, кои се менувале за целото тоа време. Знаете ли до каков заклучок дојдов?

Предолг е периодот во кој што вие ги влечевте главните конци во оваа држава, кој што период остави длабоки последици врз целокупниот иден развој на Републиката во сите нејзини сегменти. Предолг беше период на вашата апсолутна моќ во оваа држава со сите персонални промени и со сите експерементирања кои ги воведовте во тековниот живот на граѓаните на РМ, а зад тоа да не стојат ама баш никакви резултати. Како што знаете и вие самиот направивте се само не нормален живот на нашиот граѓанин. Далеку од она што истиот го посакува.

Можеби оваа Влада и не е најдобра, како впрочем и многу други влади во светот особено ако се земе во предвид дека истата е коалициона, но сепак премногу мал е временскиот период за да можеме сега во овој временски период да и пресудуваме од проста причина што истата скоро цела година истроши во Косовската криза, за која што ни најмалку не беше виновна, за да оваа година се зафати сериозно и интензивно со бараните и посакувани реформи, кои никаде по ниту една логика не можат да дадат резултати на почетокот. Сепак потребно е извесно време да помине за да можеме да ги оцениме ефектите од истите. Но, една работа е сигурна. Вашето 6-7 годишно владеење во РМ ја покажа и вашата способност и тоа е доволен показател за да некој може да ве оценува и суди. Впрочем, вас народот ви пресуди на изборите 1998 година и тоа доста убедливо. И тоа не заради којзнае што, туку токму заради вашата способност, да не речам неспособност и како Влада и како партија на власт да излезете на крај со предизвиците на времето кое немилосрдно не гази. Одтаму малку е за очекување, скоро неверbegin невероватно според сите логични заклучоци дека токму сега, токму пред истиот овој народ преземајќи ја повторно палката на прв човек во РМ, како евентуален иден премиер со сите структури кои што ќе ги шлепате кај вас ќе можете да ги исправите сите работи за кои цели 7 години грешевте или немавте идеи за решавање. На основа на што сега народот би ви поверувал. Што ли сега му нудите како излезно решение, за колку време, како

и многу други прашања кои најсериозно си ги поставува секој од вас, па и јас како пратеник пред кого денеска стои една одговорна задача да го дадам гласот за или против вашето барање.

Г-дине Црвенковски јас сум лично убеден во една работа, а за која мислам дека не е мал бројот на граѓани кој го делат моето мислење. Најслаба и најлоша алтернатива на оваа Влада би била Влада на која вие би биле пак премиер и која вие би ја составувале. Во ова нешто сум убеден и токму заради тоа мојата совест не е на чисто кога сте во прашање вие и вашата партија како излезно решение за РМ.

На крајот на краиштата дозволете му на народот да си го каже своето мислење со оглед да е тој и единствен меродавен да суди и пресудува на изборите. Земете си го вие тоа право самостојно, ќе дојдат нови избори па тогаш ќе си ги одмериме силите, а последното ќе биде на народот.

Од овој аспект би сакал да се осврнам на некои наводи во интерпелацијата.

Анализирајќи ја интерпелацијата или барањето за доверба на Владата очигледно е дека најголемото влијание го посветувате на грижата за сопствената, лична безбедност на граѓаните и безбедноста на државата во целина и меѓународната политика на оваа Влада, за кое што во образложението на барањето потрошивте буквално околу 17-18 страници.

Кога сме кај безбедноста упорно тврдите дека истата е загрозена како последица на владеењето на оваа Влада. Тука наведувате доста примери со кои сакате да го потврдите вашето мислење. Ќе наведам некои: Киднапирањето на четирите граничари и нивната размена, убиен припадник на АРМ и ранети двајца други, терористички напади врз нашите караули, појава на паравоени фармации, неоткриени виновници на двајцата убиени полицајци во село Арачиново, ракетирана полициска станица, подметнување на бомба во Куманово, пораст на шверц и слично. Тоа се аргументите на кои што се заснива барањето. Има и други, но да не ги читам сите.

Не дека вакви работи не постојат се случуваат. Факт е дека исти и слични работи ни се случувале, се случуваат и денеска, а ќе се случуваат и во иднина имајќи го во предвид времето во кое живееме и регионот кој не опкружува и тензиите на истиот кои се неспорни, неспоредливи на времето во кое вие владеете. И тогаш, колку за потсетување ни се случија на прво место атентатот на претседателот на државата г-динот Киро Глигоров, за кој што ни до ден денес не се знае многу. Тогашната Влада ако и малку имаше доблест требаше под хитно да си даде оставка ако ги земеме во предвид сите слабости врзани со тие настани особено Министерството за внатрешни работи, службите за обезбедување и сл. А, како, пак, се одвиваше истрагата тоа е посебна прикаска за која народот добро знае.

Второ, случајот на мистериозните убиства на 10 полицајци, особено кога истите беа на трагите на недозволените дијанија во кои редовно беа инволвирани имиња и луѓе од тогашната власт. Случајот со наводното самоубиство и извршено со неколку куршуми на припадник на ДБК Татијана Павловска, која што според извештајот од ресорот на тогашниот министер Чокревски, откако се прострелала во главата се покрила со јакната. Чудно зарем не. Запаметени ќе останат и случаите Илирида и албанската паравојска чии што иницијатори беа вашите коалициони партнери тогаш. Повеќето бомбардирања на градови во Републиката од припадниците на албанските терористи, Прилеп, Куманово, Скопје и т.н. Повеќе од 120 гранични инциденти на границата со Албанија за време на граѓанската војна во таа земја. Случајот на основање и функционирање на таканаречениот тетовски Универзитет, основан и управуван од министри кои седеа во вашата Влада. Сите случаи на пирамидални штедилници со сите последици од таквото штедење, а како нај очигледен пример штедилницата "ТАТ" последица за што не мал број извршија самоубиство. Разни грозоморни убиства извршени од разни терористички групи кои доаѓаат од СРЈ, денешна Југославија, како нај еклатантен пример случајот со убиството на директорот на ПТТ во Охрид и неговата сопруга. Случаите на Гостивар, Тетово, Бит Пазар, случајот со украдените пари од касата на МВР во Прилеп или украдениот запленет хероин од просториите на МВР и тоа цели 28 килограми и директно инволвирање на луѓе од МВР во тој случај. Воведувањето и утврдувањето на правилата и принципите на рекетарството во РМ како појава. Поставувањето на базата на трговија со дрога во РМ и што ли уште не.

Не ми е јасно за која несигурност на граѓаните зборува СДСМ, од причина што во споредба со овие настани што ги наброив очигледна е разликата во кое време се живеело во несигурно на овие простори.

За волја на вистината не треба да се потцени фактот што овие две години наназад кога започна војната во СРЈ и Косовската криза беа најтешките во историјата на овој регион по Втората Светска војна и нормално е при таков развој на настаните да се случуваат и несакани дејанија. Прашањето е само колку Владата се справува со ваквите дејанија и колку истата може сама да се справи без поцелосна поддршка од надворешниот фактор.

РМ и оваа Влада покажа дека умее да се справи со сите овие дејанија, преземајќи навреме разни дејствија во правец на сузбивање на истите, но факт е дека никој не може да предвиди што ќе се случи во иднина. Зарем не се најде простор за ниту еден пофален збор за заслугите на оваа Влада по однос на безбедноста во РМ во време на Косовската криза, кога истата згрижи преку 360 илјади бегалци и покрај сите девијантни појави, сепак успеа да го зачува мирот и стабилноста на државата која како ретко која успеаја да се извлече од сите кризи без ниту една капка крв и покрај сите навестувања на опозицијата - црните облаци кои надвиснале и т.н.

Секако дека појави од најразличен вид ќе се јавуваат во РМ, особено ако се земе во предвид и фактот дека истите имаат и подлога како последица на претходниот режим, претходното владеење на СДСМ, но со нив треба решително да се справува, кое нешто оваа Влада го чини нормално во рамките на своите можности.

Во делот на надворешната политика за вас господо од СДСМ, РМ е држава која има нелегално избран претседател. Од правен аспект нелогична работа со оглед дека сами си ги повлековте сите можни приговори, сами ја прекинавте правната процедура. Од каде пак сега зборувате дека некој е нелегално избран. За сите ваши тврдења во смисла на лажирани избори истите треба за да бидат нај адекватни, за да бидат веродостојни, треба да се докажат во рамките на една судска процедура, која нормално завршува со пресуда и т.н. Ова поучено од вас нормално кога ние се повикувавме преку анкетните комисии и т.н. Вие стално не поучувавте дека за да се повикуваме на некои факти треба да бидат подржани со судски пресуди во рамките на третата власт.

Исто така за вас РМ е држава која има партиски човек за директор на МРТВ. Тоа е точно, мислам за тоа сме потрошиле доста време, но прашањето е каква врска има тоа со надворешната политика. Држава која наводно го изгубила угледот кај ММФ и Светската банка. Држава која не успеала да ги надокнади штетите од НАТО и слично.

Колку за споредба што од вас наследивме.

Република Македонија држава без уставно име во светските заедници и Обединетите нации со прифаќањето на кратеницата БЈРМ. За прво време за време од 6 месеци за да трае до ден денес, цели 10 години. Продажба на знамето на РМ и неговото заменување со промена во Уставот со уставните амандмани, преку кои се откажавте од македонското малцинство и грижата за истото. Замрзнати односи со Грција, нерасчистени односи со Бугарија, со не потпишување на билатерални договори. Шверц и нелегална трговија со СРЈ во услови на ембарго од меѓународната заедница кон СРЈ, која континуирано нон стоп беше прекршувана, за што како сатисфакција на истото ја добивме агендата 2000, со која Македонија дефинитивно беше избришана од европската карта и кој знае кога ќе биде и копирана.

За време на оваа Влада, сепак, се случија одредени позитивни работи што вие не сакате да ги видите или не ги ни гледате. Како на пример, Република Македонија, како никогаш досега е во интензивна дипломатска активност. Нештото го укажуваат посетите на разни делегации што секојдневно ја посетуваат РМ, меѓу кои и претседателот на САД г-динот Бил Клинтон.

За прв пат во историјата на РМ на праг сме да се потпише Договорот со ЕУ, па нека тој и се вика Договор за стабилизација и асоцијација. Во споредба со Агендата 2000, сепак значеше чекор понапред.

Република Македонија е рамноправен учесник и субјект во Пактот за стабилност, од каде што многу очекуваме, а за кое нешто е голем придонесот што Република Македонија го даде на ова поле. Над РМ е укинат мониторингот од страна на Советот на Европа, што е доказ дека реформите се одвиваат во добра насока, а не како што вие тврдите. Некњашната изјава на комесарот на ЕУ, г-динот Крис Патен, кој позитивно ги оцени преговорите со РМ на полето на асоцијација и на полето на реформите во државава и изрази уверување дека тоа и ќе продолжи.

Што е најбитно, најави потпишување на Договорот за асоцијација до крајот на оваа година.

Господо пратеници од СДСМ, за се што е наведено во вашата интерпелација, затоа што за тоа ќе ни треба сигурно повеќе време, и ќе го пречекориме цајтнотот, а имајќи предвид колку е тесна вашата интерпелација да ја наречам условно, но верувајте дека нема поле за кое што нема што да се каже. Нормално, да се спореди континуитетот, да се спореди времето во кое вие владеевте со ова време во кое што ние сега владееме.

За да оставам простор и на други пратеници, сакам да истакнам дека и останатите сегменти, за што зборувате во интерпелацијата, се крајно лицемерно прикажани, за кое нешто вие најмалку имате право да зборувате.

За која економска политика и развој можете Вие да зборувате За која социјална политика и да не редам понатаму? Па, ние не ја измисливме социјалната политика. Сигурно дека нешто наследивме. А, фактите зборуваат. За сега сите говорници кажаа. Да не повторувам, затоа што многу работи ќе ги научам напамет.

Во сите полиња, господо од СДСМ, вие се докажавте. А, пред оваа Влада, допрва се трасира патот на реформите што ќе го дадат резултатот. Во тој контекст, оваа Влада е таа што го донесе односно ги донесе измените на Законот за денационализација.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:** (Продолжение)

Факт е дека вие го донесовте тој закон, факт е и дека тој закон беше само мртво слово на хартија. Измените за кое нешто се доби висока оценка и од Здружението на граѓаните, чиј имот е национализиран и од Светската заедница. Исто така за ваше потсетување оваа Влада за прв пат почна реформи во здравството, во пензиското осигурување и ред други области од кое нешто допрва и ќе следат резултатите. Рано е сега да се анализира со оглед што сега се носат истите и сепак треба време за нивна имплементација.

На крајот, оваа Влада имаше доблест која вие ја немавте, да се зафати со реформи и во државната администрација. А какви ќе бидат истите, сепак сега е рано да се каже. Заради тоа да не ви беше потребен маркетингот за локалните избори сигурен сум дека ова бараше за доверба на Владата не ќе го поставевте. Од проста причина што и вие сте свесни дека сеуште е рано да се оценат резултатите на оваа Влада споредно со вас. А исто така сте свесни и како истата ќе помине овде на гласање. Нормално дека треба да се користи секое средство кое ви стои на располагање за да дојдете на власт. Но, господа од СДСМ немојте да го изигрувате народот и да ги извртувате работите. Да оставам простор и за некој друг.

Само да кажам дека јас ќе гласам за доверба на оваа Влада.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас се надевам дека последниот говорник пред да му дадеме збор на премиерот ќе биде господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, претставници на Владата, господа министри, конечно дојде на ред да зборува и еден пратеник од опозицијата од СДСМ. Вашата опструкција беше сосема успешна со напишани реферати повторувани по повеќе пати едни исти од страв да не ги чуете критиките кон оваа Влада и да не ги слушне македонската јавност. Но, јавноста добро знае за што се работи, а и вие добро знаете затоа што од вашите дискусии заклучувам дека ве болат три работи и тоа многу ве болат.

Прво, цело време зборувате за ТВ дуелот меѓу господата Црвенковски и Георгиевски.

Второ зборувавте за митинзите на СДСМ.

Трето, интересно, никој не ја бранеше оваа Влада, сопствената Влада. Цело време зборувате за Владата на СДСМ. Тоа со други зборови се вели бегство од стварноста. Учените, овде има многу учени, или мислат дека се учени, знаат на кои автори мислам.

Прво, околу дуелот. Многу ве заболе што премиерот делуваше навистина како ученик спрема својот противник. Призна дека постои договорена трампа меѓу еден обвинет и четири припадници на армијата на Република Македонија. призна дека големи суми пари незаконски се влеваат во ВМР0-ДПМНЕ, не одговори на многу прашања, делуваше збунето, конфузно и нормално дека тоа вас сите ве боли и јас ве разбирам.

Второ, околу митинзите. Вие бевте фрапирани од огромното присуство, насилно присуство на граѓаните на РМ, но тоа да не ве чуди. Ако вас ве чуди, граѓаните не ги чуди. Тие се загрижени. Каде оди Македонија, каква судбина ја очекува, што се случува со Македонија, дали Македонија е некоја проклета земја, таман ќе и тргне историскиот развој во правец кој сите го посакуваат и ќе ни се случи една малерозна

Влада, која ќе не врати назад од асоцирање од сигурни чекори кон Европа, враќање во западен Балкан и тоа враќање кон најцрната дупка на Западен Балкан. Јас немам време, бидејќи вие правевте опструкција да ви го покажам документот на Пактот за стабилност за западен Балкан, да видите што се треба да се направи, а Владата прави спротивно на тоа што се бара и ова најниско ниво, најниско цивилизациско ниво кое го пропишала Европа за една група на земји.

Вие велите дека не постои загриженост за безбедноста на граѓаните. Очигледно дека оваа Влада освен кабинетите нема комуникации со граѓаните. Може би беше добро еден претставник на Владата да доаѓаше на митинзите па да види народот какво расположение има. Инаку седејќи во кабинетот и со презирани извештаи, сигурно дека тоа не можете да го забележите.

Кај нас се случуваат киднапирање на граѓани на сред патишта, каде што е Дебар. Имаме пара полиција во Пороj. Не зборувам дали се Македонци, или Албанци, тоа се граѓани на Република Македонија, ги киднапираат, ги испрашуваат паравоени формации, ги претепуваат. Во Министерството за внатрешни работи има снимки за тоа. Нека ги покаже госпоѓата министерка тие снимки како се претепани во случајот граѓани Албанци од албанска пара полиција. Јас ќе морам во скратена форма за да опфатам се што мислев да зборувам.

Затоа ќе поентирам само на оние точки за да видите зошто имаше толку масовно присуство на митинзите на СДСМ. И оваа интерпелација произлезе од нивната волја, затоа што навистина се загрижени. Зборувавме за киднапирањата. Премиерот призна во ТВ дуелот. Сега моментално имаме на Шар Планина 120 припадници на УЧК, кои таму вежбаат и се одмараат, тоа им е како рекреативен центар. Ако бидат искрени властите нека кажат дека границата спрема Југославија, делот спрема Албанија не е целиот покриен. Покриен е до Радуша, Шар Планина е оставена во постоечката состојба. Таму е корзо. Има планинари кои нашле 10 килограми експлозив, ќебиња. Полицијата не реагира по директна наредба на подрачниот министер во Тетово. Направете анкета помеѓу вработените во МВР. Ни се случи Арачиново. Нема резултати покрај другото, затоа што не се фатени вистинските виновници, затоа што еден од клучните сведоци, за што се зборуваше меѓу службите, меѓу дипломатите дека умрел со насилна смрт при транспортот од Маврово до Скопје. Тоа конечно го објави Амнести интернешенел во својот последен извештај, дека има сериозни индиции дека кај него има насилна смрт. И велите дека се најдени виновниците. Целата операција беше направена така да се скријат доказите па потоа специјалната единица да влезе во Арачиново и на еден брутален начин практично да ја упропасти целата акција и да има реакции од граѓаните на селото Арачиново. Да не зборувам за познатите случаи на шверц на барут, дрога, цигари. Но, треба да сфатите дека самите ваши вработени самите ваши функционери, кои вие ги поставивте пред очите на целата македонска јавност едни со други се обвинуваат за криминал. Ако нам не ни верувате, да речеме расправиите меѓу министерот Павле Трајанов со својот потчинет, обвинувања дека едниот односно другиот е криминалец. Судирот меѓу министерот за финансии Борис Стојменов и тогашниот директор Сашо Станинов. Господинот Груевски изјави дека никој ништо не ни верува, бидејќи постојано ги лажеме тоа самиот го кажа, ваш министер.

И, на крајот, капак со шверцот со цигари и инволвираноста на власта во тој шверц, од официјални органи. Само да ве потсетам на изјавата на потсекретарот Томас Пикерник на САД за неговата загриженост за криминалот во регионот, тоа значи и во РМ. Извештај од Институтот на Америка за мир, Меѓународната кризна група. Престој на единици на УЧК, признаен од ваш министер, на територијата на РМ, заради регрутација на Македонци.

Јас незнам, има толку министри за одбрана, за внатрешни, за правда, земете го Кривичниот законик, по нашиот закон забрането е паравоено формирање или пак учество во било какви единици освен единиците кои се регулирани.... (Реакции во салата).

Има, има, ќе најдете таму, кои се во надлежност на надлежните министерства.

Поврзаноста е уште позастрашувачка, затоа што овие радикални елементи се поврзани со шверц на дрога, на оружје. Имате Извештај на Републиканскиот политички комитет, на Американскиот сенат, од 15-тина страници, ќе ви ги прочитам само насловите: во врска со акцијата на Косово, "Резултати од првите денови на бомбардирањето". Втор наслов за УЧК "Од терористи до партнери". Трет наслов "Канали на дрога - исламски тероризам и белешки за изборите".

Бидејќи групите што се во Македонија се поврзани и под директно водство на сегашното раководство на УЧК "Извештај за учеството на УЧК во дрогата и криминалните врски". Ова е од Американскиот Сенат, не од Македонскиот Парламент, не се тревожете. Тука имате после, има уште "Извештај за исламските терористички врски", зборуваме за УЧК. (Реакции во салата).

Тука имате после извештаи на угледни новинари, весници безбедносни прегледи и разузнувачки прегледи. Тоа се јавни публикации, ако некого интересира, ќе му ја дадам ВЕП страницата, слободно нека погледне.

Сакам да ви објаснам зошто имаше толку народ на нашите митинзи. Тоа сакам да го сфатите.

Партизација на безбедносните структури што делува погубно врз РМ, имаа многу случаи кога се запрени истражни дејствија, затоа што некои господа во меѓувреме се именувани како функционери. Луѓето сега не знаат што да прават, ги блокираат акциите. А, тие се навикнати да работат по автоматизам. Штом дојде информација ја проследуваат до претпоставениот, се прави план и се продолжува со акцијата. Тоа е застрашувачки.

Се прават партиски отстапки на коалиционите партнери. Државата ни е безбедносно поделена исто така на два дела. Неодговорна и конфузна безбедносна политика на извршната власт. Штом нешто се случи, првата реакција е дека никој ништо не знае. Бидејќи зборуваме за Владата премиерот не знае, министерот за одбрана не знае, не знае за внатрешни работи. После ќе се испостави дека нешто се знае, меѓутоа дека не е така, дека документот не постои. Па после, кога ќе се види дека документот, Извештајот постои, како што беше грабнувањето на војниците, како беше Извештајот на господинот Костовски, дека тоа не е баш така, дека има друга димензија.

Во секој случај, ако тој тип на извештај не е доставен до министерот, тогаш господинот Костески, треба да биде разрешен. Ако министерот не го доставил до премиерот на Владата и до граѓанинот Трајковски, треба министерот да биде разрешен. Една држава мора да функционира по закони и по стандарди. Инаку, ќе настане конфузија и тоа веднаш се чувствува, не само во службите, се чувствува и кај радикалните елементи и кај терористичките групи и кај криминалните групи. Тие имаат одлично чувство да проценат дали една држава функционира. Не се разочарувајте, има уште работи.

Во времето на СДСМ, границата се бранеше по сите правила и процедури на воената и полициската тактика, со три зони на одбрана, што функционираа. Затоа ние имавме толку инциденти на границата. Денеска, само формално е издадена некаква наредба за борбена готовност, а таа не се протега на целата територија, туку после Јажинце целиот тој дел е оставен слободен. А, токму таму се движат терористичките групи и доаѓаат на вежбање во Македонија. Ги имате имињата на селата, само да ги прочитам: Пороj, Лешница, Вешела и Гермо. Ако некого го интересира нека прошета, нека види. (Реакции во салата).

Во истото тоа време, загрижувачко е недомаќинското работење на Владата. Верувам дека ова не сте го знаеле, иако ќе биде демантирано. Ние, заради финансиските можности имавме само 4 хеликоптери во Армијата. Сите 4 хеликоптери на Армијата се приземјени, затоа што не се обезбедени средства за редовно сервисирање. А, има пари да се купуваат "мерцедеси", "Кордоби", "Фолсфагени", 5 џипа "Сузуки", 20 "Кордоби" и сега се нарачани уште 20 други патнички возила. Постои принцип, тоа е традиција, се наследува, во Буџетот се предвидени елементите за неопходна борбена готовност во кое спаѓа и редовно сервисирање на хеликоптерите. Секоја година тие средства одат по автоматизам.

Овде, многу зборувате, интересно, за вашата желба кон приклучување кон НАТО, ЕУ или Евроатланските структури, но она што се случуваше во овие два столба, одбрана и внатрешни работи, со отстранување на професионалците кои не биле членови на СДСМ, дури ние сме инсистирале тие службеници да не припаѓаат на ниту една партија, ни се случуваат смешни работи. Затоа, Акциониот план беше вратен.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:** (Продолжение)

Сега ќе ви кажам, во работната верзија која е вратена, "Сили за брзи реакции, овие сили се составени од активни резервни бригади".

Внимавајте, сили за брзи реакции со резервни бригади, тоа го нема никаде во светот и за тоа ние се смееле сигурно. Од првиот корпус, граничната бригада се прогласува за сили за брзи реакции, тоа е повеќе од смешно. И, внимавајте, во светот сили за брзи реакции имаат само

две држави на корпус, тоа е САД и Руската федерација. Тоа е ЕРБОР корпусот, тоа се околу 84.000 војници. Така е кога аматери, луѓе кои не си ја знаат струката, кои се поставени во министерството, кога го подготвувале целиот Акционен план.

Инаку, тие побркале, ние имавме во Стратегијата на РМ во Белата книга, сили за брзи реакции, но тие се на ниво на бригади, а не на ниво на корпуси. Јас сум просто фрапиран што луѓе кои пишувале таков документ, не разликуваат корпус од бригада. Работната верзија која ви е вратена од Брисел, има и нешто што не го забележале (дофрлање на некои од пратениците) - сега ќе ви кажам штом ме провоцирате. Отстапен е воздушниот простор на Република Македонија без меѓудржавен договор и без одлука на ова Собрание.

Точка три: "како инфраструктурна поддршка на НАТО и Партнерството за мир, на земјите членки на располагање се става еден центар за обука на копнените сили, тоа е Криволак".

Тоа е во ред, секоја држава отстапува нешто заради соработка и вежбање. Еден полигон за обука на ридско-планински трупи, Шар Планина, и тоа е во ред, тоа се подразбира. Внимавајте сега, "еден аеродром во Скопје", а ние имаме само еден аеродром во Скопје, бидејќи на овој другиот беа бегалците и ако не го сметате дека е аеродром, овој спортскиот, тој не постои повеќе. "Еден аеродром во Охрид" во Охрид имаме еден аеродром и "воздушниот простор за надлетување на територијата на Република Македонија за операции предводени од НАТО".

Ве молам, единствено земјите членки на НАТО и тоа ако стават во договорот, генерално го отстапуваат воздушниот простор и секоја членка се изјаснува дали го прифаќа тоа прелетување. Ова не е НАТО, ние сме претворени во губернија, заради тоа не не ценат. Воздушниот простор претставува дел од суверенитетот на Република Македонија, читајте во Уставот и законите.

Да ви кажам уше една интересна работа: "операции и одржување". Да ви кажам како по ова нестручни луѓе работат, како ни се смеат во Брисел. Операции и одржување предвидени во милиони денари искажани или во долари, сеедно, 29 милиони 689 илјади долари и ставени се ставките 1 милион и 35 илјади, останати операции и одржување 24 милиони. Ве молам, од 29 милиони, 5 милиони се предвидени, значи 24 милиони. Пет помножено со пет е еднакво 25, пет пати е ставена ставка "операции и одржување".

Никој не знае за што е тоа и тоа значи цивилна контрола врз Армијата на РМ. Тоа е нешто неверојатно. Тоа ви е како да планирате во семејството 1.000 денари за домашни потреби, а остатокот ако имате 10.000 за други потреби, но никој не знае за што.

Мене ми е жал што оваа опструкција која ја направивте за да не слушне македонската јавност всушност за што зборуваме, ви беше успешна, но јас го разбирам вашиот шок после ТВ дуелот, после митинзите.

Всушност, само ќе се осврнам на Пактот за стабилност. Таму има три работни маси. Демократија, во демократијата за медиумите еве што вели Пактот: “Генерална цел е развиток и целосно слободни независни медиуми". Значи, тоа треба да се спомне, значи нема исклучување на струја ако не ви се допаѓа програмата, нема на МТВ и Нова Македонија да се појави опозицијата само ако сака премиерот на владеачката партија, а господинот Георгиевски знае колку пати бил на МТВ за време на СДСМ и колку пати дал интервју за "Нова Македонија". Можеби почесто отколку премиерот на Владата. Нема Гебелсови новинари, се јави кај нас гебелштина, меѓутоа, се јави на другата страна од тие што мислат да го воспостават тоа.

Економија - еве од прилика што се вели. Вели, економија, професионално образование и доквалификација. Во услови на пораст на невработеност, која кај нас е апсурдна од 270.000, бројката е зголемена на 340.000, односно 100.000 повеќе со оваа Влада, а ние треба да вложуваме -ова е елементарно за Пактот за стабилност, социјален развој и пишува што треба да се направи, а кај нас имаме осиромашување.

Ќе земам за пример две точки од безбедноста - "Контрола на вооружувањето, не зголемување на вооружувањето, воена контрола". Внимавајте, се вели "воена контрола спрема армиите и државата мора да има контрола", бидејќи тука има еден следен пасус "мали оружја и полесна муниција", тој поднаслов го носи - "натамошно прибирање на истите заради акумулација и отсуство на контролата што влијае врз

дестабилизација на регионот". Тоа значи спречување на паравоени формации од било која националност, значи, државата мора да ги спречи и да го собере целокупното оружје. Тоа е елементарен услови во тој Западен Балкан, каде сме сместени.

Потоа, антикорупција, криминал - веќе да не зборувам што се случува во Македонија, организиран криминал и т.н.

Антикорупција - во групата спаѓаат сите земји од таканаречен Западен Балкан. Значи, и Македонија. Наместо ова да го исполниме, затоа рековме не Западен Балкан, ние сме во "ѓаволовата дупка" на Западен Балкан, со овие потези што ги прави Владата имавме едно ретерирање, од движење кон асоцијација кон Западен Балкан, а сега сме уште подолу, бидејќи со ова што е овде пропишано оваа Влада оди спротивно на тоа, дури ни овие елементарни услови не прави обиди да ги исполни.

Господа пратеници, вистината е непријатна. Јас ви препорачувам малку да поразговарате со народот. Еве, ви понудив една ваша експертска група нека дојде на нашите митинзи, веројатно ќе имаме и следни митинзи, некој од вас нека се појави да зборува за успешноста на Владата. Нека го направи тој ризик, па ќе ги видиме резултатите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Лазар Китановски.

Со оглед на фактот што е веќе 23,30 часот, јас го молам господинот премиер Љубчо Георгиевски да ги искористи своите 30 минути, за да можеме потоа да пристапиме кон гласање.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници.

Најнапред сакам уште еднаш да ја оценам оваа интерпелација како навистина еден нов придонес и богатство на македонската демократија, затоа што тоа е дел од демократската процедура и навистина посакуваме многу интерпелации во овие 4 години, кога верувам дека оваа коалициона Влада ќе владее со Македонија.

Едноставно, добро е што опозицијата сепак знае да ја почитува и процедурата и за разлика од некои агресивни настапи кои ги гледаме и обидите на воспоставување на улична демократија, овој пат имаме работа со демократската процедура.

Жал ми е што во моите одговори, она на што ќе обрнам внимание, ќе повторам некои работи, кои овие 15-тина дена наназад ги давам во различи интервјуа, коментари или дуели, меѓутоа, за жал, што да правиме кога и во писмениот документ кој го имаме добиено за интерпелација на Владата, истите напади се повторуваат. Впрочем, имаше некои инспирации кои можевме да ги добиеме од некои пратеници на опозицијата и од некои нивни настапи, меѓутоа, сепак скелетот на мојот одговор во најголем дел ќе биде, она што се нарекува формален напад, односно формални обвинувања во документот односно материјалот со кој е поднесена интерпелацијата.

Она што можеме да го видиме во самиот документ, меѓутоа и она што гледам дека посебно ги инспирира пратениците на опозицијата, тоа е безбедноста. Дури, чинам дека и најголем дел од она што е неформален напад надвор од овој Парламент, повторно се сведува на безбедноста, сврзана со меѓуетничките односи, безбедноста сврзана со се она што може да се нарече безбедност.

Јас можам слободно да кажам дека денес ретко можете да најдете држава во светот, каде што безбедноста на еден толку дневно политички начин се експлоатира на една држава. Ако ги погледнете државите, нормалните демократски држави во светот, ќе видите дека тие навистина се напаѓаат за се и сешто меѓу власта и опозицијата. Меѓутоа, ретко кој си дозволува да си игра како со луксуз со својата безбедност, со безбедноста на државата. За жал, тоа не се случува и ние мораме да кажеме дека очигледно, губејќи го полето од критики и напади да речеме на економијата или на демократијата, главната острица на напади е безбедноста па безбедноста, загрозеноста, небезбедноста, опасност таква или ваква. И повторно гледаме, на индивидуални случаи, каде навистина се генерира и се прави генерална оценка и тоа во повеќе насоки.

Прво, во насока кој ги направил тие злосторства и постојано тоа виси и во материјалот и во говорите дека зад сите овие инциденти стои албанскиот екстремизам, при што најмалку не правејќи никакви дистинкции, ако е албански екстремизам од кој тип е тој албански екстремизам, дали е од аспект

на шверц, дали е од аспект на криминал, организиран криминал, дали е од аспект на свесно политичко организирање или на несвесно политичко организирање или пак на она, како што претходникот јасно зборуваше за многу извештаи во САД, меѓутоа, за работи кои се однесуваа за Косово и за она што се нарекуваше поранешна УЧК.

Меѓутоа, да се генерира една оценка пред да се знае виновникот, пред да има судска завршница, пред да има откриени или откриени па во процес случаи, да се генерализираат состојбите во Македонија, навистина мислам дека тоа е дел од пропагандата која ја гледавме кај еден наш сосед и која на крајот освен што направи многу меѓуетничка омраза доведе и до катастрофа на таа држава, која генерираше ваков тип на политика.

И она што посебно мене ми е интересно, како во ниту еден случај опозицијата не се посомнева дека еден од тие безбедносни случаи односно инциденти кои се случија во Македонија да не е организиран од некоја трета страна која едноставно има интерес да се дестабилизира Македонија.

Едноставно, во овие 10 години постојано само пронаоѓаме или бугарски шпиони во оваа држава или сега албански шпиони. Како опозицијата ниту еднаш не успеа да пронајде ниту еден југословенски шпион во Република Македонија. Навистина не можам да ја објаснам таа страст да се генерализираат појавите, иако имаме конкретни инциденти случаи. Сите овие случаи што ги набројуваме како инциденти ние не ги негираме дека не се случени. Проблемот како ги оценуваме, од каде доаѓаат, како доаѓаат и конечно, додека не се откријат и не се утврдат не можеме ништо да кажеме, при што она што многу тесно се игра повторно со безбедноста, постојано се алудира дека оваа Влада заради свој коалиционен интерес не презема ништо, ги бојкотира истрагите, нема никакви резултати, им забранува на стручните луѓе да работат.

Ве молам, ние имаме десетици случаи, посебно на шверцот со оружје, ми се чини досега 12 конкретни случаи на различен шверц на оружје во поголеми количини се откриени во РМ. Кој ги забранил истрагите, кој ги забранил пронаоѓањата на сите тие дела каде што имаме такви случаи. Едноставно, ако некаде не е успеано да се заврши не мораме никого да обвиниме, затоа што постојано потенцираме дека имаме многу примери и во светот, па и од претходната Влада, каде имаше десетина пати повеќе инциденти, многу од нив не беа ниту расветлени, ниту откриени, па ниту никој не сака да се обидува да анализира дека од таму произлегуваат, од ваму произлегуваат, или од онаму произлегуваат.

Меѓутоа, она што сакам да го спомнам повторно како генерална оценка не е игри со дневна политика на поединечни инциденти, дали оваа Влада и колку е одговорна за безбедноста на оваа држава.

Дами и господа, јас ќе ве потсетам дека претходната Влада во Република Македонија владееше два мандати со една тивка и смислена, меѓутоа агресивна секојдневна пропаганда дека таа го чува мирот во Македонија. Тоа беше главната одлика на претходната Влада и на претходниот претседател, дека е тоа клучот на мирот во регионот и посебно за Македонија, и тоа внимавајте, војната кога се случуваше на стотици километри далеку од Македонија.

Кога зборуваме за безбедноста, кога зборуваме за сите теории за безбедноста, јас само можам да кажам дека оваа Влада недоволно во својата пропаганда и во своите настапи го експлоатира она што го направи за Македонија.

Имено, сакам да потсетам дека оваа држава беше на работ на своето распаѓање, оваа држава беше на работ на меѓуетничките односи, на комплетната дестабилизација ако не се однесуваше и не ја водеше политиката што ја водеше за време на Косовската криза. Во сите овие инциденти, кои вие ги набројувате од гранични па до внатре во Македонија, се заборава генералната политика, дека оваа Влада на начинот на кој работеше со своите министри во целиот тој состав, успеа РМ да ја задржи без некоја посериозна дестабилизација, во времето кога на нашата северна граница се водеше најжестокиот судир после Втората светска војна. Примивме 360 или 370 илјади бегалци и експресно брзо заедно повторно, во соработка со сите активни субјекти во оваа Влада, ги вративме луѓето назад, при што правејќи го и хуманитарниот чин, правејќи ја и својата соработка со меѓународната заедница, а при тоа еве ја Македонија која ја имаме денес со одвај 10-тина илјади бегалци од таа Косовска криза и верувам

дека и тие 10-тина илјади бегалци ќе најдеме начин како да ги вратиме назад на Косово. Кој оправдувања понатаму, кои понатаму одговорности, кои понатаму образложувања да ги даваме колку оваа Влада се поставила објективно одговорно и субјективно со своите кадри во спасувањето и енергичната политика за безбедноста на Република Македонија. Можеби имаме малку погрешен пристап кон таа филозофија, можеби сеуште некој смета дека безбедноста и патриотизмот се сочувува со онаа реторика, која ја гледавме кај нашиот северен сосед.

Меѓутоа, јас само ќе кажам дека, реториката која ја покажуваше нашиот северен сосед ја доведе токму на тоа место каде што е, како што спомна еден пратеник пред малку во својата дискусија. Да се разбереме, патриотизмот не е во тоа колку ќе викаме и колку ќе пишуваме, туку колку ќе направиме конкретни дела и резултатот да го видиме на дело, затоа што навистина на овие простори на Балканот многу високи патриоти гледавме во последниве 10 години и сите тие што зборуваа во името на тој висок патриотизам гледаме сега како завршуваат.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Веднаш со безбедноста беше она што е моја порака. Навистина, опозицијата има право да ја критикува власта. Меѓутоа, да се игра дневно политички со безбедноста на РМ и секој ден да се драматизира безбедноста на една држава, верувајте дека е најмалку сериозно во односот спрема сопствените граѓани и во односот спрема сопствената држава. Сигурно дека превентивната дипломатија секогаш е добро дојдена. Меѓутоа, немојте да мислите дека во превентивната дипломатија, само затоа што вие ќе ни кажете работиме и дека во оваа Влада и во оваа државна структура нема луѓе кои дневно се занимаваат со превентивната дипломатија и дневно не носат резултати, туку е истата таа превентивна дипломатија. Јас само ќе ви укажам и ќе ве потсетам.

Пред три месеци беше актуелно можно востание во Јужна Србија. Ве уверувам ако тоа востание се случеше, ние денес ќе бевме во многу потешка ситуација отколку што беше во Косовската криза. Благодарејќи на меѓународната превентивна дипломатија, на целиот свет, затоа што светот не е група на заговорници како вие сакате да го претставите, туку тоа сепак се група на држави, кои имаат меѓународна одговорност. Таа напната ситуација во јужна Србија се изелемизира и денес слободно можеме да констатираме дека сме далеку од опасноста од некое ново воено жариште на нашите северни граници.

Да одиме со надворешната политика.

Еден голем дел во текстот повторно за надворешната политика, при што има една многу интересна теза, каде не се кажуваат конкретните слабости на надворешната политика, туку по старото дипломатско правило се вели дека, надворешната политика е отсликување на внатрешната. Се зборуваше само за внатрешните слабости за да се демонстрира кои се нашите надворешни слабости, при што јас можам да кажам една работа и за безбедноста и за надворешната политика и за демократијата и за економијата и за сосема некои парцијални работи.

Ние во РМ можеме да слушаме разни оценки. Можеме да слушаме оценки и коментари од опозиционите лидери. Можеме да слушаме оценки и коментари од било која политичка партија, од било кој политички новинар и било каде да седнеме на маса да си разговараме што сметам и како сметам.

Меѓутоа има нешто што како оценка нам ни е валидно и важно. Тоа е оценката на Меѓународната заедница. Тоа е оценката на Америка, тоа е оценката на ЕУ, тоа е оценката на оние структури, кон кои ние се стремиме и од чиј свет ние сакаме да станеме. Тие оценки за сите тие настани кои се напишани како негативни во РМ, исто така можат многу лесно да се прочитаат, многу лесно можат да се видат во сите извештаи, нормално, освен оној кој смета дека повторно тоа нешто е некомпетентно. Јас само ќе спомнам дека оние кои не се придржуваат на тие меѓународни оценки и констатации, денес многу малку може да се пофалат дека се и воена сила и државна сила и многу малку можат да се пофалат дека имаат нешто од својот суверенитет, тие кои се спротивставуваат на меѓународните оценки, кои велеа, тоа што го кажува Америка не ме интересира, она што го кажува ЕУ исто така не ме интересира, ние си имаме своја политика.

Тие кои си имаат своја политика денес имаат најмалку своја политика. Не треба да правиме многу дебели анализи за да дојдеме до тој заклучок, затоа што категориите за кои денес се разговара овде, навистина се категории кои можеби биле актуелни до падот на комунизмот, меѓутоа денес и под поимот сувереност и под поимот суверена економија и национална економија

и поимот суверенитет на небото, суверенитет на земјата е малку со друг поглед на работите.

И пак ќе кажам, оние кои најмногу зборуваа за својот суверенитет, денес најмалку го имаат.

Кога сме кај надворешната политика, повторно добиваме негативни оценки.

Дами и господа, се враќа во игра терминот Западен Балкан. Западен Балкан е поим кој 1997 год., беше објавен и во кој поим уште тогаш РМ стана член. Поимот Западен Балкан ги опфаќа земјите кои во 1997 год., не влегоа во Агендата 2000, а јас ќе ве потсетам дека Македонија не влезе во агендата 2000. И во тоа време вие од опозицијата доживеавте многу жестока критика, каде е Македонија.

Денес РМ може да се пофали со една работа. Македонија е единствена држава на која после Агендата 2000 и се отвори железната врата на ЕУ. Преговорите можете да ги следите секојдневно. Последната констатација на г-динот Крис Патен од пред пет дена. Јас сум изненаден. Во март ги почнавме разговорите, за три месеци каде е отидена Македонија со тие преговори. Исто така и констатацијата дека во септември или октомври ќе биде парафиран, за до крајот на оваа година да биде заклучен Договорот за асоцирање на РМ. Повторно шпекулации дали е тој ист или не е ист со останатите договори на земјите, кои веќе имаат асоцијација.

Јас само ќе спомнам, единствениот момент каде што се гледа дали е ист или не е ист е еволутивната клаузула. Еволутивната клаузула односно моментот дали со асоцијацијата Македонија завршува со својот пат или со тоа почнува со својот влез во Европа. Еволутивната клаузула веќе е решено прашање. Нашите преговарачи го расчистија тоа прашање. Последниот самит во Португалија, исто така со декларација се расчисти тој проблем и тука немаме веќе простор да дискутираме.

Ист ли е тој договор или не е ист? Ист е и имаме малку повеќе од тоа, затоа што во економскиот дел РМ ќе добие многу посериозни отстапки, одколку земјите што веќе имаат асоцијација, ги имаат договорено со ЕУ.

Така што манипулациите и шпекулациите, мене ми е жал што опозицијата не сака да признае една голема победа на РМ, затоа што овде има и поранешни министри за надворешни работи и сигурно многу добро знаат колкава е маката да се дојде до асоцијација, асоцијација во која ние одиме со брзи чекори напред.

Кога стана збор за надворешната политика овде се спомна НАТО, при што јас морам да кажам, дека жалам за една работа.

Во настапите што опозицијата се повеќе и повеќе ги има во својата агресивност и жестокост, дел од медиумите исто така. Ние не можеме а да не констатираме една работа. Во гневот према Владата и блискоста на таа Влада со меѓународните институции, ние се почесто и почесто можеме да забележиме еден анти европски однос, еден анти американски однос и еден анти Нато однос. Сакале тоа да го признаеме или не, тоа е конкретна констатација која можете вие многу да ја елаборирате и можеме многу лесно да ја потврдиме, вклучувајќи го и говорот на мојот претходник. Мене ми е жал, затоа што кога зборуваме за безбедноста на една држава и како гледа опозицијата на тоа, тука е тој минус на кој сите ние можеме да паднеме и како граѓани на оваа држава и како позиција и опозиција. Секоја држава однадвор се гледа како една целина и секоја држава се гледа колку е зрела власта во таа држава и колку е зрела опозицијата во таа држава. Ако вие имате опозиција која е анти натовски настроена, анти американски настроена, јас ве уверувам дека дури тогаш паѓа имиџот на државата. Независно какви чекори да прави власта, тоа е пад и севкупен минус на државата. И ако некој зборува за загрозување на безбедноста и глобалната позиција на РМ, ве уверувам, тоа е единственото прашање на кое можеме заеднички да работиме, а тоа е тој заеднички одговор кој, мислам дека го имавме кога ние бевме опозиција.

Дали ние сме свесно и јасно определени за евроатланската ориентација, која е клуч и на стабилноста и на безбедноста и нашата иднина и иднината на генерациите кои доаѓаат после нас.

Тука беше коментиран акциониот план на НАТО. Јас незнам што да кажам освен да кажам дека ние имаме супер оценки од Брисел. Баша екипа беше во Брисел, акциониот план беше разгледан, добивме одлични оценки и сега работиме на конкретизирање на акциониот план. Јас незнам, можеби некоја работна верзија имал претходниот говорник овде, можеби уште од негово време и сега си прави коментари по таа работна верзија. Ние имаме прекрасни оценки за акциониот план на нашето Министерство за одбрана. Незнам каков друг коментар да дадам, освен да се јавите

во Брисел и да прашате дали ве лажеме, дали ве дезинформираме или не ве дезинформираме.

Конечно доаѓаме на економијата. Јас ќе се задржам само на неколку моменти.

Дами и г-да оваа Влада постојано велам и пак ќе повторам во нејзината економска работа мора да се цени, поаѓајќи од позицијата, што е тоа што во 1998 год., го наследивме од претходната Влада, какви беа надолните трендови во оваа држава и плус шест до седум месечната комплетна блокада со Косовската криза.

Што ние имаме после таа ситуација? Имаме пораст од 2,7% на бруто националниот доход во 1999 год. Во првиот квартал на оваа година, заедно со холандските експерти имаме пресметано пораст од 14,3%, дефинитивен податок на националниот доход на РМ, бројка која навистина е своевиден рекорд во рамките на цела источна Европа и бројка која навистина од Македонија прави надежна земја. Во оваа бројка е изразено се она што се нарекува економија: индустриското производство, земјоделското производство, трговскиот обрт, услугите, сервисите, туризмот. Значи тоа е бројката со која гледаме дали Македонија се движи напред или не се движи.

Јас гарантирам пред овој Парламент дека ние до крајот на оваа година ќе го оствариме со најголема гаранција 6% пораст на националниот доход што ќе значи дека за две години во економијата имаме направено она што претходната структура го има направено за 8 години. И сега имаме нов предизвик, не 6% туку 8,5%. За една година за економијата на Македонија да направиме толку колку што претходната Влада има направено, односно од 1990 до 1998 год., се има направено за РМ. Јас ве уверувам дека на крајот од оваа година ние ќе ја имаме таа бројка.

Ќе се задржам само на еден момент. Тоа е приватизацијата.

Оваа Влада се има исприватизирано, продадено и незнам што.

Дами и господа, имаме бројки кои се многу цврсти во својата аргументација.

Во моментот кога претходната Влада ја напушти Македонија со својата власт, до тој момент таа имаше приватизирано 1450 фирми. Оваа Влада за 15 или 16 месеци, колку што владее има приватизирано 130 фирми и има уште останато уште 150 фирми.

Дами и господа, да се зборува дека некој ја распродал Македонија, дека некој ја разнел Македонија, еве ги бројките. Тоа се бројки кои се многу јасни и многу аргументирани.

Претходната структура има приватизирано 90% од фирмите во РМ, а оваа Влада се занимава со приватизација на одвај 10% од она што не успеале нашите претходници да го приватизираат. Списокот на фирмите кои ние ги приватизираме лесно може да се види. Тоа се сите оние што се со најголеми загуби.

Тука ќе спомнам уште еден момент, не транспарентна приватизација. Јасен податок.

Со директна спогодба во РМ, оваа Влада има приватизирано само три фирми и тоа: ОКТА, која беше прва на списокот за ликвидација или приватизација, аранжманот потпишан од претходната Влада со 124 милиони марки долг во моментот кога се приватизираше. Понатаму скијачкиот центар во Маврово и трето Битолската пиварница, на барање на самите работници. Значи само три фирми. Сите други се отидени на берза. Затоа, да повторам уште еднаш, 90% од македонските фирми се приватизирани од претходната структура, 10% се во тек на приватизација или во идната година ние треба да ги приватизираме.

На крајот ќе се задржам само на уште еден момент, иако за економијата може да се зборува уште многу. Тоа е партизацијата. Слатка тема која опозицијата постојано ни ја изнесува и ни зборува за неа. Јас само ќе спомна нешто дами и г-да, затоа што мислам дека малку претерувате со своите критики овде.

Прво, оваа власт во државната администрација има вработено околу 2.500 луѓе. Јас ќе потсетам дека вие толку ако не и повеќе, не се сеќавам точно на бројката, имате вработено само во предизборната кампања во 1998 год. Големината на оваа Влада што тие луѓе не ги отпушти од работа, заради нив ние денес мораме да пензионираме 5.000 работници од државната администрација.

Второ, дали во претходната Влада можете да се сетите на некој член или симпатизер на опозицијата во тоа време. Јас можам да ви кажам дека денес такви има многу. Ако денес г-динот екс премиер дојде на кафе во мојот кабинет ќе забележи една многу интересна слика. Личната секретарка е негова, келнерите се негови, телохранителите се негови. И ако дојде на седница на Влада, освен секретарот, од администрацијата сите се оние како во времето на кабинетот на Црвенковски.

Зошто тоа го спомнувам. Го спомнувам за да ја разбијам токму таа димензија, која постојано се повторува, партизација, вулгарна партизација и незнам што. Точно дека министрите не се од СДСМ. Точно е дека ни директорите на јавните претпријатија не се од СДСМ. Меѓутоа што да правам. Тоа е демократијата г-да опозиционери. Тоа е демократија и во Франција и во Германија, а во Турција, во Турција има демократија, затоа што се до портир ги менуваат. Така функционира демократијата. Меѓутоа, да одиме еден чекор понатаму.

Денес, дами и г-да јас можам слободно да ви кажам дека 90% од судската власт во РМ е истата онаа која е поставена од претходната структура. Има ли поголема гаранција по вас дека сте безбедни. Можам да ви кажам следното дека 100% од финансиската структура на РМ е структура поставена од вас, од Народната банка на РМ, практично до сите комерцијални банки во РМ. Така што јас можам слободно да ви кажам, денес во финансиската сфера, во кредитната политика, сеуште владее опозицијата во РМ. Тоа треба да го цените, не заради вас, туку заради тие луѓе што работат во тие институции.

И мислам дека е крајно време да се престане со политиката на партизирана држава или незнам што. Можеби тоа е причината што во овој момент во банките на РМ имаме 380 милиони долари, кои банките никако не сакаат да ги пуштат за кредитирање на македонската економија, 380 милиони долари, имаме околу 540 милиони долари девизни резерви. 380 милиони долари кои утре ако се пуштат во македонската економија не 14% ЦДП, ќе имаме 34% ЦДП. Меѓутоа, за жал, очигледно финансиско - монетарната политика која е контролирана од опозицијата во РМ ги држи банките зауздани со сеуште релативно високи камати и со политика која не дозволува тие пари да се пласираат во нашата економија.

Меѓутоа, еве гледам дека е три минути до 24,00 часот, се задржав на оние моменти кои сметам дека беше потребно да се одговорат и верувам дека опозицијата ќе најде добра инспирација и добар начин, како понатаму да ја продолжи битката за своите цели во Македонската демократија.

(Бурен аплауз од страна на коалиционите партнери).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Владата на РМ, г-динот Љубчо Георгиевски за учество во расправат.

Согласно деловникот преминување на гласање.

Предлогот од група на 25 пратеници, на Владата на РМ да и се изгласа недоверба, го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Деловнички се јавува г-динот Радомир Карангелески.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Деловнички бара збор господинот Карангелевски.

Карангелевски има збор.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, користам деловничко право да се изјасниме како ќе гласаме. Со оглед дека немавме прилика да дискутираме, мислам дека деловнички имам право да кажам во име на Пратеничката група како ќе се изјасни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да, само ова е ситуација кога се изнесува нормална процедура на закон.

Времето ни истече, нам ни останува само чинот на гласање.

Не можеме да го коментираме кој како ќе гласа, во тој случај го пречекоруваме времето.

Според тоа, мислам дека деловнички не сте во право колега Карангелески по ова прашаше.

Ве молам уште еднаш ќе го прочитам јасно и гласно прашањето за кое треба да се произнесеме.

Предлогот на група од 25 пратеници на Владата на Република Македонија да и се изгласа недоверба, го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 23 пратеници, 9 се воздржани и 72 пратеници се против.

Според тоа, констатирам дека Собранието не и изгласа недоверба на Владата на Република Македонија. (Аплауз).

Ја затворам седницата.

(Седницата заврши во 00,05 часот).